МОНОГРАФИЈА ✹ MONOGRAPH

# ВОЕНИ ГЕНЕРАЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

## (1943 - 2017)

*-второ издание-*

# MILITARY GENERALS FROM MACEDONIA

## (1943 - 2017)

*-second edition-*

СКОПЈЕ ▫ SKOPJE
2017

**Издавач:**
Клуб на генерали на Република Македонија

**Уредувачки одбор:**
Драган Андрески, генерал-потполковник во пензија
Мирослав Стојановски, генерал-потполковник во пензија
Сокол Митровски, генерал-потполковник во пнзија
Филип Котели, генерал-потполковник во пензија
Зехедин Туши, генерал-потполковник во пензија
Борис Стојаноски, генерал-мајор во пензија
Зоран Димов, генерал-мајор во пензија
Саве Јанев, генерал-мајор во пензија
Миле Манолев, бригаден генерал во пензија

**Главен и одговорен уредник:**
Мирослав Стојановски, генерал-потполковник во пензија

**Автори:**
Мирослав Стојановски, генерал-потполковник во пензија
Борис Стојаноски, генерал-мајор во пензија

**Коавтори, воедно и прибирање и обработка на податоци:**
Јован Арсоски, потполковник на АРМ
Тони Петрески, помлад водник на АРМ

**Лектор:**
Анета Јовановска

**Технички дизајн:**
Тони Петрески, помлад водник на АРМ

**Превод:**
Снежана Меновска
Рози Гроздановска - Велеска
Мартина Кимовска

**Печатење:**
Печатница „ЕВРОПА 92" - Кочани

**Тираж:**
500 (петстотини) примероци

ISBN 978-608-65955-2-4

**Publisher:**
Club of Generals of the Republic of Macedonia

**Editorial Board:**
Dragan Andreski, Lieutenant General, retired
Miroslav Stojanovski, Lieutenant General, retired
Sokol Mitrovski, Lieutenant General, retired
Filip Koteli, Lieutenant General, retired
Zehedin Tushi, Lieutenant General, retired
Boris Stojanoski, Major General, retired
Zoran Dimov, Major General, retired
Save Janev, Major General, retired
Mile Manolev, Brigadier General, retired

**Editor-in-chief:**
Miroslav Stojanovski, Lieutenant General, retired

**Authors:**
Miroslav Stojanovski, Lieutenant General, retired
Boris Stojanoski, Major General, retired

**Co-authors, and collection and processing of data:**
Jovan Arsoski, Lieutenant Colonel in the ARM
Toni Petreski, Junior Sergeant in the ARM

**Proofreader:**
Aneta Jovanovska

**Technical design:**
Toni Petreski, Junior Sergeant of the Army

**Translation:**
MA Snezana Menovska
Rozi Grozdanovska - Veleska
Martina Kimovska

**Printing:**
Printing house "EUROPE 92" - Kochani

**Circulation:**
500 (five hundred) samples.

*Ја изразуваме нашата голема благодарност до почитуваните Атанасоски Џо Јосиф и Атанасоски Џорџ Ѓорѓија за нивната несебична поддршка за печатењето на второто издание на монографијата „Воени генерали од Македонија (1943 - 2017)“*

*Од авторите*

*With tremendous honor and pleasure, we express our great appreciation and respect to Josif Atanasoski and George Atanasoski for their generous support for printing the second edition of the monograph „Military Generals from Macedonia (1943 - 2017)“.*

*From Authors*

*Монографијата*
*„Воени генерали од Македонија"*
*ја посветуваме на 25 годишниот*
*јубилеј на армијата на Република*
*Македонија*

*Monograph*
*"Military Generals from Macedonia"*
*dedicated to the 25th anniversary of the*
*Army of the Republic of Macedonia.*

## ПРЕДГОВОР

Во 2017 година се навршуваат 25 години од формирањето на Армијата на Република Македонија. Во изминатиот период, АРМ несомнено даде голем и значаен придонес во изградбата на одбранбениот систем, но што е уште поважно, и во изградбата на самостојна и независна Република Македонија. Членовите на Клубот на генерали, почитувајќи ги достигнувањата и резултатите на армијата, дојдоа на идеја и донесоа одлука, со конкретен проект, преку подготовка, изработка и издавање на Монографија за македонските воени генерали за периодот од 1943 до 2017 година, да учествува во одбележувањето на големиот јубилеј. Монографијата претставува една збирка на биографски и други податоци за личности кои преку својот лик и дела претставувале и претставуваат нераскинлив дел од воената организација, како атрибут на суверенoста и независноста на државата. Тие припаѓале и биле дел од институција која е препознатлива по цврстината, дисциплината, одлучноста и навременоста во извршувањето на поставените цели и задачи. Нив пак, како офицери-генерали ги красат високи командни и раководни вредности, вештини и уникатно искуство по својата природа и карактер. Преку оваа монографија, истовремено им оддаваме и искажуваме должна почит, но и благодарност на македонските воени генерали кои учествувале во создавањето на современата македонска историја.

Со анализата која беше спроведена, за жал, дојдовме до заклучок дека во изминатите години не е направен обид, на едно место, во едно издание (публикација, научен труд, монографија) да се соберат и објават податоци за македонските воени генерали во периодот од 1943 до 2017 година, кои во различни временски периоди, историски гледано, дале значаен придонес во одредени општествени и институционални области на делување. Сите тие, индивидуално, во својата професионална кариера се соочувале со предизвици од различна природа, некои со поголем, некои со помал ризик, во зависност од историскиот момент, но секако, активно учествувале во актуелните збиднувања.

За изработката на оваа Монографија за македонските воени генерали е спроведено историографско-емпириско и интердисциплинарно истражување. Во рамките на теоретските истражувања обработувани се персоналните досиеја на македонските воени генерали, архивските документи и литературата во врска со нивната воено-политичка дејност и професионална кариера. Спроведени се и теренски истражувања преку разговор со конкретни лица или со членови на нивните семејства.

## *PREFACE*

2017 marks 25 years since the establishment of the Army of the Republic of Macedonia. In the past, the ARM undoubtedly provided a great and important contribution to building the defense system, but more importantly to building the independent and sovereign Republic of Macedonia. The members of the Club of Generals, respecting the achievements and results of the army, came up with the idea and decided to participate in the celebration of great jubilee with a specific project, i.e. through preparing, manufacturing and publishing this Monograph on the Macedonian Military Generals from 1943 to 2017. The monograph is a collection of biographical and other data on people who, through their character and deeds, constitute and represent an inseparable part of the military organization, as an attribute of sovereignty and independence of the country. They belonged and were part of an institution that is recognized by the strength, discipline, determination and timeliness in the execution of the set goals. They, as officers and generals, have been blessed with high command and leadership values and skills, and unique experience in nature and character. Through this monograph, we pay and express due respect, and appreciation to the Macedonian military generals who participated in the creation of the contemporary Macedonian history.

The conducted analysis, unfortunately, led us to the conclusion that in the past years no attempt has been made to collect and publish data on the Macedonian army generals in the period from 1943 by 2017, which at different times historically significantly contributed to certain social and institutional areas of action, in one place, in one edition (publication scientific paper, book). All of them individually in their professional careers were faced with challenges of a different nature, some more, some less risky, depending on the historical moment, but of course, they were actively involved in the current events.

In the preparation of this monograph for the Macedonian military generals, we conducted a historiography-empirical and interdisciplinary research. Within the theoretical research we elaborated the personal records of the Macedonian military generals, archive documents and literature related to their military-political activity and professional career. The field research was conducted by talking to specific individuals or members of their families.

Given that a number of Macedonian military generals remained to live on the territory of the former republics of Yugoslavia after their retirement, the research had to be realized abroad.

Со оглед на тоа дека одреден број македонски воени генерали по пензионирањето останале да живеат на територијата на поранешните републики на СФРЈ, тоа налагаше, дел од истражувањата да се реализираат во странство. Покрај тоа, многумина од македонските воени генерали од поранешните периоди се веќе починати, за некои од нив не постојат персонални досиеја, што е причина, дел од содржините на монографијата за одредени генерали да не бидат целосни или да отсуствуваат биографски податоци и покрај обидите да се стапи во контакт со нивните семејства за добивање автентични податоци.

Во истражувањето, вниманието го задржавме на три карактеристични периоди. **Првиот**, од 1943 до 1945 година, период на Народноослободителната и антифашистичка војна, во која дел од македонските воени генерали дале особен придонес со својата храброст, способност, воена изграденост, дисциплина и одлучност, целосно посветувајќи ги своите животи на оргнизацијата и раководењето со воените состави на НОВ и ПОМ, со што се врежале длабоко во историјата, не само на Македонија, туку и на сите Балкански народи.

**Вториот** период, од 1945 до 1992 година, е период во кој се градела и опстојувала новата поствоена државна заедница на Југославија, во која сосема природно, по сопствено изразена волја на народот, по учеството и победата во народноослободителната и антифашистичка војна, влегува по прв пат, новосоздадената македонска држава, како рамноправна членка со сите други Југословенски републики. Во овој период, воените генерали од Македонија со својата стручност и професионалност учествуваат, не само во создавањето и развојот на Југословенската армија (подоцна ЈНА), туку и во воениот и во општествено-политичкиот живот на новоформираната држава (СФРЈ). Покрај нив, во поствоениот период се раѓа и промовира новата генерација македонски воени генерали.

И, **третиот** период, од 1992 до 2017 година, во кој Македонија, по распадот на СФРЈ, постои како независна и суверена држава. Еден мал број на македонски воени генерали ја напуштаат ЈНА и користејќи го своето знаење, стручен потенцијал и професионален капацитет раководат со процесите на создавањето на современата македонска армија. Така, со многу ентузијазам, труд, непоколебливост, чесност, цврста волја, несебичност и верба во сопствените човечки капацитети, од речиси ништо, се создаде армија која низ годините, преку успешни реформски процеси, стана успешна институција со најголема доверба кај граѓаните на Република Македонија. АРМ, со својот квалитет, пред се на нејзините припадници стана препознатлив и посакуван партнер во военото меѓународно опкружување. На тој начин, припадниците на АРМ станаа најдобрите амбасадори на нашата држава, кои преку учевствата во меѓународните мисии, на најдобар можен начин ја претставуваат и афирмираат македонската армија и држава. Целиот тој процес е раководен од воените генерали на АРМ, од кои, најголемиот

In addition, many of the Macedonian military generals from the former periods are deceased, for some of them there are no personal files, which is why part of the contents of the monograph for certain generals are not complete or certain biographical data is absent, despite attempts to contact with their families in obtaining authentic information.

In the survey, attention was focused on three specific periods. **The first period**, from 1943 to 1945, a period of National Liberation and Anti-Fascist War, in which part of the Macedonian military generals have given significant contribution with their courage, ability, military construction, discipline and determination, fully devoting their lives to organization and management of the military together NLW and PDM, which are carved deeply into history, not only in Macedonia, but into the history of all Balkan people.

**The second period**, from 1945 to 1992, a period in which the new postwar state union of Yugoslavia existed, which quite naturally, expressed the will of the people, by participation and victory in the national liberation and anti-fascist war, for the first time , newly created Macedonian state enters as a full member in all other Yugoslav republics. During this period, the Macedonian military generals with their expertise and professionalism participated not only in the creation and development of the Yugoslav Army (YNA later), but also in the military and in social and political life of the newly formed state (SFRY). In addition, in the postwar period the new generation of Macedonian military generals was born and promoted.

And **the third period**, from 1992 to 2017, in which Macedonia, after the breakup of Yugoslavia, exists as an independent and sovereign state. A small number of Macedonian military generals leave the YNA and by using their knowledge, professional potential and professional capacity manage the process of creation of the Macedonian army. Thus, with much enthusiasm, effort, steadfastness, integrity, strong will, selflessness and belief in their own human capacities of almost nothing, create an army that over the years, through successful reforms, has become a successful institution most trusted by the citizens of the Republic of Macedonia. The ARM, with its quality, first and foremost of its members, became a familiar and trustworthy partner in the international military environment. Thus, the ARM became the best ambassador of our country, which through participation in international missions in the best possible way represents and promotes the Macedonian army and the country. The entire process is managed by the military generals of the Army, of which most have acquired the highest military education in foreign countries and institutions.

Also, it is necessary to underline that, during the preparation of the content of the monograph, we were faced with certain problems, such as lack of information not recorded or stored, the lack of sources (material and financial) for serious and comprehensive research, difficulties in determining the authenticity of certain data and hence, there might be certain errors for which we apologize. In preparing this monograph and retrieving data, there has been cooperation with certain institutions, namely, the General Staff, the Military Museum and Archive of the Republic of Macedonia, as deemed appropriate to assist in the collection of

број се со стекнато највисоко воено образование во странските држави и институции.

Исто така, потребно е да се истакне дека, за време на подготовката на содржината за монографијата, се соочивме и со одредени проблеми, како што се, недостатокот на информации кои не се забележани или не се сочувани, немањето на можности (материјални и финансиски) за посериозно и посеопфатно истражување, потешкотии во утврдувањето на веродостојноста на одредени податоци и оттаму, можно е да се поткраднале и одредени грешки за кои се извинуваме. Во подготовката на оваа монографија и прибирањето на податоците, остварена е соработка и со одредени институции, и тоа, Генералштабот на АРМ, Воениот музеј и Архивот на Република Македонија кои ги сметавме за соодветни за помош во прибирањето на точни и соодветни податоци. Во подготовките користена е соодветна расположлива литература (Воена енциклопедија, лексикони, интернет и други книги). Но, по целокупниот активен процес при изработката на оваа монографија, мора да констатираме и истакнеме дека, кога се работи за оставнината (било каква да е), не е водена доволна грижа за збогатување и зачувување на истата од страна на надлежните институции, пред се, матичните и оние кои имаат обврска тоа да го сторат.

Нашите очекувања се, дека со овој проект ќе иницираме посериозна и по сеопфатна акивност на собирање и архивирање на постоечките податоци, но и за истражување на нови податоци, со што би се сочувале од заборав имињата и делата на една посебна општествена група на луѓе - воени генерали, кои одиграле историска улога во општествено - политичкиот живот. Тие имаат постигнато конкретни професионални и општествени достигнувања и резултати и оставиле траги во воената историја преку својот ангажман. Воените генерали од Македонија биле, се и ќе бидат инспирација за новите генерации македонски граѓани во негувањето на воените традиции, вредностите на македонскиот народ и чувствата за државна припадност, како и потребата за зачувување на независноста и суверенитетот.

На крајот, во името на авторите и издавачкиот одбор, им искажуваме голема благодарност, најнапред на сите воени генерали за соработката и поддршката, но и на сите оние кои на посветен и професионален начин пројавија интерес и дадоа несебичен придонес во подготовката и издавањето на ова значајно дело.

*генерал-потполковник во пензија*
*Мирослав Стојановски*

accurate and relevant data. In the preparation we used appropriate available literature (Military Encyclopedia, lexicons, Internet and other books). However, in the overall active process during the preparation of this monograph, we have to note and emphasize that when it comes to legacy, the institutions have not showed enough concern to enrich and preserve the afore-stated, notably, the registrars and those who have an obligation to do so.

Our expectation is that this project will initiate a serious and comprehensive activity provided the collection and archiving of existing data and research of new data, which would thus preserve from oblivion the names and deeds of this particular social group of people - military generals who played a historic role in the socio - political life. They have achieved specific professional and social achievements and results and left traces in the military history through their engagement. Macedonian military generals have been, are and will be an inspiration to new generations of Macedonian citizens in fostering military traditions, the values of the Macedonian people and the sense of patriotism, and the need to preserve its independence and sovereignty.

Finally, on behalf of the authors and the editorial board, we express our gratitude, first of all to the military generals for their cooperation and support, and to all those who gave a dedication and professional interest and made generous contributions in the preparation and release of this important work.

*Lieutenant General, retired*
*Miroslav Stojanovski*

# ВОВЕД

Воената историја на Македонија е исполнета со бројни буни, битки, востанија и војни, кои покрај останатото ги одбележале и македонските војсководци и воените генерали од Македонија, кои пак, во различни периоди напоредно ги создавале и македонската војска и македонската држава. Во услови кога не постоела современа македонска држава, многумина македонски дејци се школувале во туѓи воени училишта за подоцна да се вклучат и раководат при организацијата и кревањето на востанија во Македонија и да се борат за нејзината слобода и самостојност. Меѓу најпознатите се Димитар Поп Георгиев-Беровски, кој во Белград го завршил военото училиште, а потоа водел две востанија и Гоце Делчев кој во Софија го завршил военото училиште, а потоа ги организирал вооружените сили на ТМОРО што се бореле во Илинденското востание.

Во поновата македонска историја, првиот воен генерал од Македонија, Михаило Апостолски, исто така завршил Воена академија и Генералштабна академија на Кралската југословенска војска во Белград. Тој, од 1941 година се вклучил во Народноослободителното движење и низ четиригодишната борба го раководел процесот на формирање на македонската народноослободителна војска, почнувајќи од диверзантски групи, преку партизански одреди до дивизии и корпуси. Како резултат на борбите кои ги водела новоформираната македонска народноослободителна војска се создавале слободни територии, се развивала народната власт, за потоа, на првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), на 2 август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчињски, да биде создадена македонската држава. АСНОМ е прогласен за врховно, законодавно и извршно тело со свој Президиум како највисоко раководно тело. Македонската народноослободителна војска, откако се изборила за поставување на темелите на македонската држава, станала орган, односно вооружена сила потчинета на Президиумот на АСНОМ.

Истовремено, со создавањето на македонската народноослободителна војска се развивало и военото школство и се создавал сопствен старешински кадар. Во училишниот систем на ЈНА е вклучен и старешинскиот кадар од Македонија, па во тој заеднички воен образовен систем се создавала македонската воена интелигенција која имала голем придонес во изградбата на тогашните вооружени сили. Во воено-школскиот систем на ЈНА се школувале многубројни воени старешини од Македонија, а најспособните се стекнале и со генералски чинови во ранг од генерал-мајор до генерал-полковник.

## *INTRODUCTION*

The Military history of Macedonia abounds in many rebellions, battles, uprisings and wars which, among other things, have marked the Macedonian leaders and Macedonian military generals who created the Macedonian army and the Macedonian state in different periods of time. In circumstances when there was no modern Macedonian state, many Macedonian activists were educated in foreign military schools later to engage and operate in organizing and provoking the uprisings in Macedonia and to fight for its freedom and for an independent state. Among the most famous are Dimitar Pop Georgiev Berovski, who finished military school in Belgrade and then led two uprisings and Goce Delchev who finished military school in Sofia and then organized the armed forces of TMORO (Secret Macedonian Adrianopolitan Revolutionary Organisation) that fought in the Ilinden Uprising.

In recent Macedonian history, the first Macedonian army general Michael Apostolski, also completed the Military Academy and the Command Staff Academy of the Royal Yugoslav Army in Belgrade. He joined the National Liberation Movement in 1941 and he led the process of formation of the Macedonian National Liberation Army through a four-year fight, starting from a leader of raid groups, through the partisan squads, to divisions and corps. As a result of the fights led by the newly formed Macedonian National Liberation Army, free territories were created, the national government was developed, and then, the Macedonian state was created at the first session of Anti-Fascist Assembly of the National Liberation of Macedonia (ASNOM) on 2 August 1944 in the monastery Prohor Pchinjski. ASNOM was declared as the supreme legislative and executive body with its Presidium, as the highest governing body. The Macedonian National Liberation Army, having fought for laying the foundations of the Macedonian state, became an authority or armed force subordinated to the Presidium of ASNOM.

Simultaneously with the creation of the Macedonian National Liberation Army, the military education was developed and our own military personnel was created. The officer staff from Macedonia was included in the school system of the YNA, and the joint military education system produced the Macedonian military intelligence that contributed greatly to the development of the then armed forces. Numerous military officers from Macedonia were educated in the military school system YNA and the most capable acquired generals ranks ranging from the rank of Lieutenant General to Colonel General.

По осамостојувањето на Република Македонија, во 1991 година и по создавањето на Армијата на Република Македонија во 1992 година, еден дел од генералите на ЈНА, со македонско потекло, ја напуштаат таа армија и активно учествуваат во формирањето и изградбата на македонските вооружени сили. Всушност, тие ја преземаа раководната улога во развојот на Армијата на Република Македонија (АРМ) и заедно со останатите старешини дадоа огромен придонес во развојот на армијата, следствено и на државата. Во меѓувреме, во 1995 година, се формираше и Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во која се школува и усовршува старешинскиот кадар на АРМ, а одреден број старешини завршија генералски школи во армиите на земјите членки на НАТО.

Сегашноста полесно може да се разбере со помош на минатото, а проучувањето на минатото честопати се прогласува за врата која води кон иднината. Со оглед на тоа дека досега не се правени збирни истражувања за воените генерали од Македонија, а имајќи предвид дека чинот генерал е највисоко признание за секој старешина и дека секој генерал е претставник на највисоката воена интелигенција, целосно се оправдани настојувањата токму за тие лица да се изработи монографија со цел идните генерации да се запознаат со тој трнлив пат, чесна должност и висока одговорност.

По повод 25-годишниот јубилеј од формирањето на Армијата на Република Македонија за прв пат пред јавноста се објавува монографија за воените генерали од Македонија, кои ја создавале македонската народноослободителна војска во Народно-ослободителната и антифашистичка војна (НОАВМ) од 1941 до 1945 година, кои ја изучувале и усовршувале воената теорија и практика во Југословенската народна армија (ЈНА) и оние кои ја формирале и ја развиваат Армијата на Република Македонија.

Предмет на монографијата е животот и делото на лицата родени во Македонија кои се определиле за воена служба и кои како воени старешини на ЈНА и на АРМ биле унапредени во чин генерал. Поради тоа, монографијата го носи насловот „Воени генерали од Македонија". Во монографијата се опфатени сите воени старешини со потекло од Македонија, без оглед на национална припадност, што биле унапредени во чин генерал и што се бореле за создавање и развој на македонската војска и македонската држава, почнувајќи од НОАВМ, преку ЈНА и генералите од АРМ.

Под поимот „Воени генерали од Македонија", во оваа монографија се подразбираат оние генерали што ѝ припаѓале на војската што израснала од македонскиот народ и другите етнички заедници и генералите што се бореле за создавање и опстојување на современа македонска држава. Во овој труд се опфатени нивните основни биографски податоци, професионалниот старешински развој, нивните командни и раководни должности, политички и други функции, научна дејност, научно творештво, награди и признанија. Истражувањата на оваа тема го опфаќаат периодот од 1943 година до најново време, односно од унапредувањето во чин генерал на командантот на Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските

After the Republic of Macedonia gained its independence in 1991 and after the creation of the Army of the Republic of Macedonia in 1992, part of the Macedonians Generals of the YNA left that army and actively participated in the establishment and building of the Macedonian armed forces. Indeed, they have assumed the leading role in the development of the Army and together with the other officers made a huge contribution to the development of the army, and consequently the state. Meanwhile, in 1995, the Military Academy "General Mihailo Apostolski" was formed which educates and improves the officer of the ARM, and a number of officers completed schools for generals in the armies of NATO member countries.

The present is easier to understand by understanding the past, and the study of the past is often declared as a door that leads to the future. Given the fact that so far no cumulative research has been made regarding the Macedonian military generals, and having in mind that the rank of general is the highest recognition for every officer and every general represents the highest military intelligence, it is fully justified to design a monograph precisely about these people so that the future generations can learn about their arduous road, honest duty and high responsibility.

On the occasion of the 25th anniversary of the establishment of the Army of Republic of Macedonia, we publish for the first time The Monograph on the Macedonian military generals who have created the Macedonian National Liberation Army during the National Liberation and Anti-Fascist War (NLAFW) from 1941 to 1945, who studied and improved military theory and practice in the Yugoslav National Army (YNA) and who formed and developed the Army of the Republic of Macedonia (ARM). The subject of the Monograph is the life and work of the persons born in Macedonia who opted for military service and who as military officers of the YNA were promoted to the rank of General. Therefore, the Monograph is entitled "Military Generals from Macedonia". The Monograph covers all military officers of Macedonian origin, regardless of their nationality, who were promoted to the rank of General and who fought for the creation and development of the Macedonian army and the Macedonian state, starting from the NLAFW, through the YNA to the ARM Generals.

The term "Military Generals from Macedonia" in this Monograph encompasses those Generals who belonged to the army that raised from the Macedonian people and other ethnic communities and the Generals who fought for the creation and existence of modern Macedonian state. This paper covers their basic biographical data, professional development, their command and lead duties, political and other functions, scientific work and creativity, awards and decorations. The research on this topic covers the period from 1943 to date, that is, from the promotion into the rank of General of the Commander of the HQ of the National Liberation Army and the Partisan Units of Macedonia, Mihalilo Apostolski, to 2017. The publication of the biography details and the information about the Macedonian military generals, summarized in a Monograph, is a contribution to science at the level of scientific description, that is, a description of the military career and work of the Macedonian military

одреди на Македонија (НОВ и ПОМ), Михаило Апостолски, до 2017 година. Објавување на биографските податоци и сознанијата за успехот на македонските воени генерали, синтетизирани во монографија, претставува придонес во науката на ниво на научна дескрипција, односно опис на воената кариера и животното дело на воените генерали од Македонија. Од друга страна, исто така, истата претставува и збогатување на македонската воена теорија.

Оваа монографија опфаќа еден период, мошне значаен за создавањето, опстанокот и развојот на македонското општество и армијата како негов составен дел. Несомнено е дека македонските воени генерали во сите периоди од општествениот развој дале мошне силен придонес. На овој начин се изразува почит кон нив, но во исто време, откривајќи ги и изучувајќи ги нивните дела, доаѓаме до нови сознанија кои би можеле да имаат придонес во развојот на македонската современа воена теорија и практика. На теоретски план се земаат предвид сите пишувани трудови што ги изработувале македонските воени генерали како што се: студии, монографии, статии, сеќавања, мемоари, прикази и други пишувани творби што претставуваат културно и научно богатство.

Собирањето на пишуваните трудови и нивната појава во монографијата претставува обид да се прикаже придонесот на македонските воени генерали во развојот на македонската воена теорија. На практичен план, со анализирањето на многубројните наредби, одлуки, решенија, упатства, правила и други акти се осознава на кој начин македонските воени генерали придонеле во формирањето, организирањето и во развојот на македонската народноослободителна војска, на кој начин давале придонес во развојот на ЈНА и какви се нивната улога, значењето и придонесот при формирањето и развојот на АРМ како вооружена сила на македонските граѓани која го штити суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

Несомнено е дека генералите имаат силен придонес при реформирањето и трансформирањето на АРМ како главен општествен двигател на патот на Република Македонија кон зачленувањето во НАТО.

*проф. д-р Александар Стојчев*

generals. On the other hand, it also enriches Macedonian military theory.

This Monograph covers a period which has been considered very significant for the creation, survival and development of Macedonian society and the army as its integral part. There is no doubt that the Macedonian military generals in all times of social development provided a very strong contribution. In this way, by honoring them, but at the same time, revealing them and studying their work, we come to new insights that may contribute to the development of modern Macedonian military theory and practice. The theoretical plan takes into account all written papers that were created by Macedonian military generals, such as studies, monographs, articles, recollections, memoirs, stories and other written works that constitute the cultural and scientific heritage.

The collection of written works and their inclusion in the monograph is an attempt to present the contribution of the Macedonian military generals in the development of Macedonian military theory. In terms of the practical aspect, the analysis of the numerous orders, decisions, solutions, guidelines, standards, rules and other regulations depicts the way in which the Macedonian military generals have contributed to the formation, organization and development of the Macedonian National Liberation Army, how they contributed to the development of the YNA and what is their role, significance and contribution to the formation and development of the ARM as an armed force of the Macedonian citizens that protects the sovereignty and territorial integrity of the Republic of Macedonia.

There is no doubt that the generals have a strong contribution to the reformation and transformation of the ARM as a major social driver on the road of the Republic of Macedonia toward NATO membership.

*Aleksandar Stojchev, Ph.D.*



# ВОЕНИ ГЕНЕРАЛИ од МАКЕДОНИЈА

# MILITARY GENERALS FROM MACEDONIA

**генерал-потполковник**
**АНДРЕВСКИ ЈОВАН**



Роден е на 14 јануари 1942 година во село Турје, Охридско, Р. Македонија. Оженет е со сопругата Цара, и во брак се од 1968 година. Татко е на две деца, ќерка Биљана (1969) и син Марјан (1972).

Основното образование го завршил во село Врбјани. Инженериска подофицерска школа завршил во 1962 година, а Воена академија на Копнената војска на ЈНА во 1967 година. Командно-штабна академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1978 година, а завршил и Школа за национална одбрана.



Во чин инженериски потпоручник е произведен во 1967 година, а во чин поручник е унапреден во 1970 година. Во чин капетан во 1972 година, а во чин капетан 1 класа во 1975 година. Во чин мајор е унапреден во 1979 година, во чин потполковник во 1984 година, а во чин полковник во 1989 година. Шест години подоцна, во 1995 година е унапреден во чин генерал-мајор, а во чин генерал-потполковник во 2000 година.

Долгогодишната офицерска служба, претходно како припадник на Југословенската народна армија (ЈНА), а потоа и како офицер на Армијата на Р. Македонија (АРМ), ја извршувал во четири гарнизони, и тоа: Охрид (1967 - 1973), Струмица (1974 - 1979), Скопје (1979 – 1995 и 2000 - 2001) и Куманово (1995 - 2000), извршувајќи ги следните должности:

- Командир на вод (1967 - 1972);
- Командир на чета (1972 - 1974);
- Командант на баталјон (1974 - 1978);
- Началник на инженерија во 168. пешадиска бригада на 3. Армија (1978 - 1979);
- Заменик командант на инжинериски полк (1979 - 1982);
- Референт во органот „инженерија” во командата на 3. Армија (1982 - 1983);
- Командант на инженериски полк (1983 - 1988);
- Началник на органот за инженерија во командата на 3. Армија (1988 - 1992);
- Началник на Управата за инженерија во Генералштабот на АРМ (1992 - 1993);
- Командант на 3. Корпус на АРМ (1994 - 1996);
- Командант на 1. Корпус на АРМ (1996 - 2000);
- Началник на Генералштабот на АРМ (2000 - 2001);
- Советник за воени прашања во Кабинетот на Претседателот на Р. Македонија (2001 - 2002).

**Lieutenant General**
**ANDREVSKI JOVAN**

He was born on January 14, 1942 in the village Turje, Ohrid, the Republic of Macedonia. He has been married to his wife Cara since 1968, and is the father of two children, daughter Biljana (1969) and son Marjan (1972).

He finished his primary education in the village Vrbjani. He graduated from the Engineers NCO School in 1962, and from the Military Academy of the Yugoslav National Army (YNA) Land Forces (KoV) in 1967. He finished the Command and Staff Academy of the YNA Land Forces in 1978.

He was promoted in the rank of Second Lieutenant Engineer in 1967 and in the rank Lieutenant in 1970. In 1972 he was promoted to the rank of Captain and subsequently in the rank of Captain 1st Class in 1975. In 1979 he was promoted to the rank of Major, and in 1984 he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel, after which he became Colonel in 1989. Six years later, in 1995, he was promoted to the rank of , and in 2000 he was promoted to the rank of Lieutenant General.

- As a longstanding service officer, previously as a member of the Yugoslav National Army (YNA) and then as an officer of the Army of the Republic Macedonia (ARM), he performed his duty in four garrisons, including: Ohrid (1967-1973), Strumica (1974-1979), Skopje (1979-1995 and 2000-2001) and Kumanovo (1995-2000), executing the following duties :
  - Platoon Commander (1967 - 1972);
  - Company Commander (1972 - 1974);
  - Battalion Commander (1974 - 1978);
  - Chief of Engineers in the 168th Infantry Brigade of the 3rd Army (1978-1979);
  - Deputy Commander of Engineer Regiment (1979 - 1982);
  - Officer in the "Engineer" body in the command of the 3rd Army (1982-1983);
  - Commander of the Engineer Regiment (1983 - 1988);
  - Chief of the Engineer body in the command of the 3rd Army (1988-1992);
  - Chief of the Engineers Staff in the ARM General Staff (1992 - 1993)
  - Commander of the 3rd Corps of the ARM (1994-1996);
  - Commander of the 1st Corps of the ARM (1996-2000)
  - Chief of the ARM General Staff (2000 - 2001)
  - Advisor for Military Affairs to the President of the Republic of Macedonia (2001-2002).

Во текот на својата кариера, повеќепати добивал признанија и награди за својот професионален ангажман и придонесот во развојот и афирмацијата на армијата како значаен одбранбен и безбедносен фактор во одбраната на државата, а меѓу другото е одликуван и со:

- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1975 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1975 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1980 година;
- Орден на трудот со сребрен венец во 1984 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1989 година.



Пензиониран е во мај 2002 година и денес живее во Скопје со своето семејство.

- During his career, on many occasion, he received recognitions and awards for his professional commitment and contribution to the development and promotion of the army as an important defense and security factor in the defense of the country, and among other, he was decorated with:
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1975;
    - Order of the National Army with Silver Star in 1975;
    - Order of Military Merit with Golden Swords in 1980;
    - Order of Labor with Silver Wreath in 1984;
    - Order of the National Army with a Golden Star in 1989.
- He retired in May 2002 and currently lives in Skopje with his family.

**генерал-потполковник**
**АНДРЕСКИ ДРАГАН**





Роден е во 1950 година во село Обршани, Прилепско, Р.Македонија, во повеќедетно смејство, од мајка Митра и татко Ванчо. Со сопругата Натка се во долгогодишен брак, а татко е и на две деца, ќерката Мимоза (1976) и синот Александар (1978), од кои пак има четири внуки, Александра, Мона, Каја и Саша.

Основното образование го завршил во родното Обршани, во 1965 година, Гимназија во 1969 година во Битола, а Воена академија, насока артилерија завршил во Белград и Задар во 1973 година. Испит за чин мајор положил во 1982 година, а потоа, во 1985 година завршил и Командно-штабна академија на Копнената војска на ЈНА во Белград. Исто така, завршил и Висока воена академија (генералска школа) во Истанбул, Турција, во 1995 година.

Во чин потпоручник е произведен во 1973 година, а во чин поручник е унапреден во 1974 година (предвремено). Во 1976 година бил унапреден во чин капетан, во чин капетан 1 класа во 1979 година (предвремено), а во чин мајор во 1983 година. Четири години подоцна, во 1987 година е унапреден во чин потполковник, а предвремено е унапреден и во чин полковник, во 1993 година. Во чин бригаден генерал е унапреден во 2000 година, во чин генерал-мајор во 2003 година и во 2006 година е унапреден во чин генерал-потполковник.

- Во својата кариера како армиски офицер, службувал во пет различни гарнизони, Струмица (1973 - 1975), Скопје (1975 - 1988, 1995 - 2004 и 2008 - 2009), Приштина (1988 - 1990), Врање (1990 - 1992) и Куманово (1992 - 1995), извршувајќи повеќе должности:
  - Командир на вод (1973 - 1974);
  - Командир на батерија (1974 - 1975);
  - Заменик и командант на дивизион (1975 - 1988);
  - Референт и заменик-началник на артилерија во корпус (1988 - 1990);
  - Началник на Штаб на артилериска бригада, воедно и заменик на командантот на бригада (1990 - 1991);
  - Командант на пешадиска бригада, воедно и командант на касарна и гарнизон Куманово (1992 - 1994);
  - Началник на одделението за оперативни работи во 1.Армиски корпус (1994 - 1995);
  - Командант на гардиска бригада, воедно и командант на касарна Илинден - Скопје (1995 - 1996);
  - Началник на одделението за оперативни работи, воедно и заменик на помошникот на началникот на Генералштабот на АРМ за борбена готовност и оперативни работи (1996);
  - Воен претставник на Р.Македонија во Турција, во периодот од 1996 година до 2000 година (прв воен претставник на Р.Македонија во странство);
  - Командант на гранична бригада (2000 - 2001);
  - Началник на Г-3 во Генералштабот на АРМ (2001 - 2004);

**Lieutenant General**
**ANDRESKI DRAGAN**

He was born in 1950 in the village Obrshani, Prilep, Macedonia, in a multiple-child family, mother Mitra and father Vancho. He has been married to his wife Natka for a long time, and he is the father of two children, daughter Mimoza (1976) and son Aleksandar (1978), and four granddaughters, Aleksandra, Mona, Kaya and Sasha.

He finished his primary education in his native Obrshani in 1965, after which he completed his secondary education in Bitola, in 1969, and continued to the Military Academy, Artillery Branch, in Belgrade and Zadar, graduating in 1973. He passed the exam for Major in 1982, then in 1985 he finished the Command and Staff Academy of the YNA Land Forces in Belgrade. In addition, he graduated from the Military Academy for Senior Officers (General's School) in Istanbul, Turkey, in 1995.

He was promoted in the rank of Second Lieutenant in 1973, and to the rank of Lieutenant in 1974 (early). In 1976, he was promoted to the rank of Captain, and in 1979 (early) in the rank of Captain 1st Class. In 1983 he was promoted to the rank of Major. Four years later, in 1987 he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel and to the rank of Colonel (early), in 1993. In 2000, he was promoted in the rank of Brigadier General, and in 2003 he was promoted to the rank of . In 2006, he was promoted to the rank of Lieutenant General.

- In his career as an army officer, he performed his duty in five different garrisons, Strumica (1973 - 1975), Skopje (1975 - 1988, 1995 - 2004 and 2008 - 2009), Prishtina (1988 - 1990), Vranje (1990 - 1992) and Kumanovo (1992 - 1995), performing several duties:
  - Platoon Commander (1973 - 1974);
  - Battery Commander (1974 - 1975);
  - Deputy Commander of Division (1975 - 1988);
  - Officer and Deputy Chief of the Artillery Corps (1988 - 1990);
  - Chief of Staff of the Artillery Brigade, also Deputy Commander of the Brigade (1990 - 1991);
  - Infantry Brigade Commander, also the Commander of the Barracks and Garrison Kumanovo (1992 - 1994);
  - Head of the Department of Operations in the 1st Army Corps (1994-1995);
  - Commander of the Guards Brigade, also the Commander of the Barracks Ilinden - Skopje (1995 - 1996);
  - Head of the Department of Operations, also the Deputy Assistant Chief of Staff for Combat Readiness and Operation Matters (1996);
  - Military Representative of the Republic of Macedonia to Turkey, from 1996 to 2000 (the first military official of the Republic of Macedonia abroad);
  - Commander of the Border Brigade (2000 - 2001);
  - Chief of G-3 in the General Staff (2001-2004);
  - Military Representative of the Republic of Macedonia to Croatia, Slovenia and Italy, from 2004 to 2008 (the doyen of the military diplomatic corps in Croatia).

- Воен претставник на Р.Македонија во Р.Хрватска, Р.Словенија и Италија, во периодот од 2004 до 2008 година (Доајен на воено-дипломатскиот кор во Р.Хрватска).

- По пензионирањето, ангажиран е за советник на министерот за одбрана на Р.Македонија за воена дипломатија (2014 - 2015), а од 2015 година е актуелен претседател на здружението „Клуб на генерали на Р.Македонија”.

- Повеќепати во својата долгогодишна служба добивал стимулативни мерки и бројни признанија за својата посветеност во работата, а одликуван е со:
    - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1975 година;
    - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1975 година;
    - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1980 година;
    - Орденна трудот со сребрен венец во 1984 година;
    - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1989 година;
    - Орден „Редом хрватског тролиста”, доделен од врховниот командант на претседателот на Р.Хрватска во 2008 година;
    - Медал за придонес во одбраната, доделен од министерот за одбрана на Р.Словенија, во 2008 година;
    - Награден е со Златна значка на АРМ за партнерство, координација и соработка, доделена од НГШ на АРМ.




- Во својата професионална кариера, од позиција на висок армиски офицер со значајни раководни функции,учествува и носител е на одредени значајни проекти за реформи и развој на Армијата на Р.Македонија во приближувањето кон стандардите на НАТО. Како исклучително стручен и искусен во својата област, честопати е автор на статии и писанија во списанието „Одбрана”, а повеќепати гостувал како аналитичар и воен експерт на дебатни ТВ емисии со стручни излагања и анализи за состојбите на Блискиот Исток и Турција.

- Автор е на два стручно-специјалистички труда, „Пешадиска бригада во напад, општи, посебни и заеднички дејства и посебна проценка на артилериска и инженериска поддршка”, труд кој воедно е и дипломска работа за КША и „Положбата на македонскиот народ во Егејска Македонија меѓу двете светски војни и егзодусот по Втората светска војна”, дипломска работа во ВВА на ВС на Р.Турција (генералска школа).

- Пензиониран е во 2009 година и денес живее во Скопје со сопругата.

- After his retirement, he was engaged as Advisor to the Minister of Defense of the Republic of Macedonia for Military Diplomacy (2014 - 2015), and since 2015 he is the acting president of the "Club of Generals of Macedonia".

- On several occasions in his long service, he has received incentives and numerous awards for his dedication and was decorated with:

  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1975;
  - Order of the National Army with Silver Star in 1975;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1980;
  - Order of Labor with Silver Wreath in 1984;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1989;
  - Order of the Croatian trefoil given by the Commander-in-chief, the President of the Republic of Croatia in 2008;
  - Medal for contribution to the defense, presented by the Minister of Defense of Slovenia, in 2008;
  - ARM Golden Badge for partnership, coordination and cooperation, awarded by the ARM Chief of the General Staff.

- In his professional career, as a senior army officer with significant managerial functions, he participated and coordinated many significant projects related to the reform and development of the Army of Republic of Macedonia towards attaining the NATO standards. Exceptionally skilled and experienced in his field, he often wrote articles and text for the magazine "Defense" and has had several guest appearances as an analyst and military expert on debate TV shows with expert presentations and analysis of the situation in the Middle East and Turkey.

- He is author of two expert-specialized papers, "Infantry Brigade attack, goals, objectives and joint actions and special assessment of the artillery and engineering support", a paper which was also his graduation thesis at the CSA and "The position of the Macedonian people in Aegean Macedonia between the two world wars and the exodus after the Second World War", graduate work at the Military Academy for Senior Officers of the Armed Forces of the Republic of Turkey (General's School).

- He retired in 2009 and currently lives in Skopje with his wife.

**генерал-мајор**
**АПОСТОЛСКИ МИЛЕ**



Роден е на 5 мај 1927 година во с.Галичник, Р. Македонија, од мајка Марија и татко Деспот. Во брак бил со сопругата Милица, а татко е и на две ќерки, Марија и Милица.

Основното образование го завршил во 1941 година, Гимназија во 1948 година, а Пешадиска офицерска школа завршил во 1953 година. Политичка школа на ЈНА завршил во 1955 година, Виша воена академија на ЈНА во 1961 година, а завршил и Воена школа во СССР во 1966 година.



Во чин потпоручник е произведен во 1944 година. Во чин поручник е унапреден во 1945 година, а во чин капетан во 1949 година. Во чин капетан 1 класа бил унапреден во 1949 година, во чин мајор во 1955 година, а во чин потполковник четири години подоцна, во 1959 година. Со чин полковник се здобил во 1967 година, а во чин генерал-мајор е унапреден во 1985 година.

Во својата кариера, како офицер на ЈНА службувал во повеќе различни гарнизони ширум Југославија, и тоа: Штип, Врање, Кавадарци, Прилеп, Ивањица, Приштина, Белград, Скопје и Титоград. Извршувал повеќе командни должности:

- Учесник е во НОВ од 1944 до 1945 како помошник на комесар на чета;
- Комесар на чета и баталјон (1945 - 1953);
- Помошник на командантот на полк за политичко и просветно воспитување (1953 - 1961);
- Референт во втората управа на Генералштабот на ЈНА (1961 - 1967);
- Началник на разузнавачкиот центар на 3. армиска област (1967 - 1969);
- Началник на одделението за разузнавачки работи на 3. Армија (1969 - 1970);
- Началник на отсек во втората управа на Генералштабот на ЈНА (1970 - 1972);
- Воен претставник во СССР (1972 - 1975);
- Началник на 2.одделение во втората управа на Генералштабот на ЈНА (1975 - 1977);
- Началник на 1. одделение во втората управа на Генералштабот на ЈНА (1977 - 1979);
- Помошник за заднина на командантот на воено подрачје Титоград (1979 - 1983);
- Началник на катедрата за заднина на Командно-штабната академија на Копнената војска на ЈНА (1983 - 1985).

**Major General**
**APOSTOLSKI MILE**

He was born on May 5, 1927 in v. Galichnik, the Republic of Macedonia, to mother Marija and father Despot. He was married with his wife Milica and is the father of two daughters, Marija and Milica.

He completed his primary education in 1941, and his secondary education in 1948. In 1953 he graduated from the Infantry Officers School. In 1955, he graduated from the YNA Political School, and in 1961, from the YNA Senior Officer Military Academy, after which, in 1966 he completed his education in the USSR Military School.

He was promoted in the rank of Second Lieutenant in 1944. In 1945, he was promoted to the rank Lieutenant, and in 1949, to the rank of Captain. In 1949, he was promoted in the rank of Captain 1st Class, and in 1955 in the rank of Major. Four years later, in 1959, he was promoted in the rank of Lieutenant Colonel. In 1967, he was promoted to the rank of Colonel, and to the rank of Major General in 1985.

- In his career as an officer of the YNA he was appointed on duty in various garrisons throughout Yugoslavia: Shtip, Vranje, Kavadarci, Prilep, Ivanjica, Prishtina, Belgrade, Skopje and Titograd. He performed many command duties :
  - Participated in the National Liberation War (NLW) from 1944 to 1945 as Assistant Company Commissary;
  - Company and Battalion Commissary (1945 - 1953);
  - Assistant Commander of the Political and Educational Regiment (1953 - 1961);
  - Officer in the Second Administration of the YNA General Staff (1961 - 1967);
  - Chief of the Intelligence Center of the 3rd army district (1967-1969);
  - Chief of the Intelligence Department of the 3rd Army (1969-1970);
  - Chief of Section of the Second Bureau of the YNA General Staff (1970 - 1972);
  - Military representative in the USSR (1972 - 1975);
  - Chief of the 2nd Section in the Second Bureau of the YNA General Staff (1975-1977);
  - Chief of the 1st Section in the Second Bureau of the YNA General Staff (1977-1979);
  - Rear Assistant, to the Commander of the military area Titograd (1979 - 1983);
  - Head of the Rear Department of the Command and Staff Academy of the YNA Land Forces (1983-1985).

Во текот на службата, добивал многу признанија и стимулативни мерки за својата професионална работа како армиски офицер. Исто така, одликуван е со:

- Медал за храброст во 1945 година;
- Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда во 1947 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1956 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1964 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1965 година;
- Орден на братството и единството со сребрен венец во 1975 година;
- Орден на југословенското знаме со златен венец во 1976 година;
- Орден за воени заслуги со голема ѕвезда во 1980 година;
- Орден на трудот со црвено знаме во 1985 година.



- During the service, he received many awards and incentives for his professional work as an army officer. He was also decorated with:
  - Medal of Honor in 1945;
  - Order of Merits with Silver Star in 1947;
  - Order of the National Army with Silver Star in 1956;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1964;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1965;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1975;
  - Order of the Yugoslav Flag with Golden Crown in 1976;
  - Order of Military Merit with Big Star in 1980;
  - Order of Labor with Red Flag in 1985.

**генерал-полковник**
**акад. АПОСТОЛСКИ МИХАИЛО**





Роден е на 8 ноември 1906 година во с.Ново Село, Штип, Р.Македонија.

Основното образование го завршил во Штип. По завршувањето на гимназијата во 1924 година, продолжил да се образува на Воената академија во Белград и истата ја завршил во 1927 година. Висока воена академија завршил во 1933 година, а Генералштабна академија на Кралство Југославија во 1938 година.

Чин потпоручник добил во 1927 година. Унапреден е во чин генералштабен мајор во 1938 година, а во генерал-мајор во 1943 година. Потоа редовно напредувал до чин генерал-полковник согласно неговиот огромен офицерски потенцијал за организација, раководење и командување со воените структури.

- За време на НОВ и по неа, службувал во повеќе различни гарнизони ширум Југославија, каде извршувал и повеќе значајни должности:
  - Помошник началник на штаб на Дринска дивизија (1939), а подоцна и началник на штаб на дивизијата;
  - Командант на планинските единици во Априлската војна (април - септември 1941);
  - Член на покраински воен штаб на Македонија (1941- 1942);
  - Командант на Главниот штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди во Македонија (1942 - 1943);
  - Член на Претседателството на АВНОЈ (1943);
  - Командант на 33 бригади од Македонија, Косово и јужна Србија (1944);
  - Член на иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и член на президиумот на АСНОМ (1944);
  - Началник на Главниот штаб на НОВ (1945);
  - Командант на 6.Југословенска армија во Сараево (1946 - 1952);
  - Началник на Вишата воена академија;
  - Началник на Управата за пешадија на ЈНА;
  - Пратеник на уставотворното собрание на Југославија, а подоцна и на Собранието на ФНР Југославија;
  - Пратеник на Народното собрание на НР.Македонија;
  - Член на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија;
  - Прв доктор на воени науки во Македонија и директор на Институтот за национална историја - Скопје (1965 - 1970);
  - Научен работник и избран за прв редовен член на МАНУ (18.08.1967);
  - Академик и втор претседател на МАНУ (1976 - 1983);

**Lieutenant General**
**acad. APOSTOLSKI MIHAILO**

He was born on November 8, 1906 in Novo Selo, Shtip, the Republic of Macedonia.

He finished his primary education in Shtip. After finishing his secondary education in 1924, he continued his education at the Military Academy in Belgrade, graduating in 1927. In 1933, he graduated from the Military Academy for Senior Officers and in 1938 he completed his education at the General Staff Academy of the Kingdom of Yugoslavia.

He was promoted in the rank of Second Lieutenant in 1927. In 1938, he was promoted to the rank of Major in the General Staff, and in 1943 he was promoted to . Then gradually he advanced to the rank of Lieutenant General due to his exceptional officer potential for organization, management and command with the military structures.

- During the National Liberation War (NLW) and after the war, he was appointed on duty in various garrisons throughout Yugoslavia, where he performed many important duties:
  - Assistant Chief of Staff of the Drina Division (1939) and later Chief of Staff of the Division;
  - Commander of Mountain Units in the April War (April-September 1941);
  - Member of the Provincial Military Headquarters of Macedonia (1941 - 1942);
  - Commander of the Headquarters of the National Liberation Army and Partisan Detachments in Macedonia (1942 - 1943);
  - Member of the Presidency of AVNOJ (1943);
  - Commander of 33 brigades from Macedonia, Kosovo and southern Serbia (1944);
  - Member of the Coordinating Board for convocation of ASNOM and member of the Presidium of ASNOM (1944);
  - Chief of the Headquarters of the National Liberation War (NLW) (1945);
  - Commander of the 6$^{th}$ Yugoslav Army in Sarajevo (1946-1952);
  - Chief of the Military Academy for Senior Officers;
  - Chief of the YNA Infantry;
  - MP of the Constituent Assembly of Yugoslavia, and later the Assembly of the Federative People's Republic of Yugoslavia;
  - MP of the National Assembly of the People's Republic of Macedonia;
  - Member of the Central Committee of the Communist Party of Macedonia;
  - First Doctor of Military Sciences in Macedonia and Director of the Institute of National History - Skopje (1965 - 1970);
  - Researcher and first regular member of the Macedonian Academy of Sciences and Arts (MANU) (08.18.1967);
  - Academician and second president of MANU (1976 - 1983);
  - Corresponding member of many academies of Sciences and Arts in the former Yugoslavia;
  - President of the Council of Academies of Sciences and Arts of Yugoslavia (1978 - 1981);
  - President of the Association of Historians of Macedonia (1986);
  - University professor of military history.

- Дописен член на повеќе академии на науките и уметностите во бивша СФРЈ;
- Претседател на Советот на академиите на науките и уметностите на СФРЈ (1978 - 1981);
- Претседател на Сојузот на историчари на Македонија (1986);
- Универзитетски професор по воена историја.

Во зачетоците на Втората светска војна бил генералштабен мајор на служба во Љубљана, на должност „началник на штаб на дивизија". Во текот на кратката Априлска војна, во 1941 година, командувал со планинските единици на Алпите. Кога окупаторот ја нападнал Југославија, тој наредил да се урнат сите мостови за да се забави неговото напредување. По капитулацијата на Југославија, Апостолски бил заробен од италијанската војска и одведен во логорот Вестоне. Но, набргу потоа бил ослободен со група Македонци.

По ослободувањето од заробеништво се враќа во Македонија, во Скопје, каде веднаш се вклучува во подготовките за вооружена борба против окупаторот. Во 1941 година учествува на основачкиот состанок на кој е формиран Покраинскиот воен штаб како прво воено раководно тело за организирање на востание во Македонија. Тоа продуцирало активности за прилив на нови борци, по што веќе во 1942 година на територијата на Македонија дејствуваат дванаесет народноослободителни партизански одреди и повеќе диверзантски групи.

Како командант на Главниот штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија, со своето високо воено образование и практичното искуство стекнато за време на окупациониот период, Апостолски дава огромен придонес во обуката на борците и организацијата на одредите, што резултирало со создавање на слободна територија со градовите Кичево и Дебар и нивната околина.

Во септември 1943 година, Главниот штаб на чело со Михаило Апостолски презел низа политички активности кои во суштина претставувале почетоци за конституирање на државноста на Македонија, а во таа насока се и издавањето на многубројни документи, прогласи и акти кои претставувале база за евентуалната идна работа на политичките органи кои би се формирале на слободната територија, а веќе започнале да функционираат во ослободените области. Од особено значење во овој период е Манифестот на Главниот штаб од октомври 1943 година кој претставува прв чекор во подготовките за одржување на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ).

По започнувањето на зимските операции на фашистичките сили за разбивање на Народноослободителната војска, но и по анализата на состојбата и неповолните временски услови, Главниот штаб на НОВ и ПОМ одлучил да ги прекине борбените дејствија со окупаторските единици и организирал марш преку планинскиот Илинско-плакенскиот масив Галичица до Мегленско во Грција. На тој простор единиците се одмарале, се снабдиле со неопходна опрема, санитетски материјали, лекови и храна. Во Фуштани, Мегленско формирана е 2. Македонска народноослободителна бригада.

Главниот штаб ги започнал подготовките и го разработил планот за Февруарскиот поход, со цел НОБ да се прошири во сите краеви на Македонија и да се создадат нови слободни територии. Како авторитет, генералот Апостолски мотивирачки влијаел на приливот на нови борци, но и на омасовувањето, на снабдувањето и прифаќањето на НОВ од страна на народот. Со Февруарскиот поход, командувајќи со Народноослободителната војска, минува низ Источна Македонија преку Беласица, Огражден, Плачковица и Осоговските Планини до Козјак, а во Пролетната офанзива дејствува и на просторот на југоисточна Србија.

In the beginnings of World War II he was a Major in the General Staff serving in Ljubljana, and performing his duty as "Chief of Staff of the Division". During the brief April War, in 1941, he commanded the mountain units on the Alps. When the occupiers invaded Yugoslavia, he ordered to demolish all the bridges to slow down their progression. After the capitulation of Yugoslavia, Apostolski was captured by the Italian troops and taken to Camp Vestone. However, soon afterwards, he was released with a group of Macedonians.

After his release from captivity he returned to Macedonia, to Skopje, where he immediately got involved in the preparations for armed struggle against the occupiers. In 1941, he participated in the initial meeting for establishing the Regional Military Headquarters as the first military governing body for organizing an uprising in Macedonia. This created activities for an influx of new combatants, after which as early as 1942, twelve National Liberation Partisan Detachments and several sabotage groups acted on the territory of Macedonia.

As Commander of the Headquarters of the National Liberation Army and the Partisan Detachments of Macedonia, with its high military education and practical experience gained during the occupational period, Apostolski gave an immense contribution to the training of combatants and the organization of the detachments, resulting in the creation of a free territory in Kichevo and Debar and their surroundings.

In September 1943, the Headquarters led by Mihailo Apostolski undertook a range of political activities, which actually marked the beginnings of constitution of the state of Macedonia. The publication of numerous documents, proclamations and regulations that constitute the basis for possible future work political authorities that would have formed on the liberated territory, and that had already started to operate in the liberated areas was established in this respect. The Manifesto of the Headquarters from October 1943 which is the first step in the preparation for the first meeting of the Anti-Fascist Assembly of the National Liberation of Macedonia – ASNOM was off particular importance in this period.

Upon commencing with the winter operations of the fascist forces for breaking the National Liberation Army, and after analyzing the situation and the unfavorable weather conditions, the Headquarters of NLW and PDM decided to cease combat activities with the occupying units and organized a march through the mountainous Ilinsko-Plakenski massif Galichica to Maglensko in Greece. In this area, the units rested, they were supplied with the necessary equipment, medical supplies, medicine and food. It was at that time that the 2$^{nd}$ Macedonian National Liberation Brigade was formed in Fushtani, Meglensko.

The Headquarters started preparations and developed the plan for the February expedition in order to spread the NLW to all regions of Macedonia and to create new free territories. With his authority, General Apostolski has a positive effect on the influx and motivation of new fighters, as well as the popularization, supply provision and acceptance of the NLW by the people. The February expedition, by commanding the National Liberation Army, he passed through Eastern Macedonia , i.e. Belasica, Ograzhden, Plachkovica and Osogovo to Kozjak, and in the Spring offensive he operated in the area of southeast Serbia.

По Февруарскиот поход, Апостолски е поставен, истовремено и за командант на Оперативниот штаб за македонските, јужно-српските, новоформираните бугарски антифашистички единици и косовските единици и со нив дејствувал во пролетната офанзива на територијата во Источна Македонија. Подоцна, како член на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, учествува на неговото прво заседание (2 август 1944 година).

Под команда на генералот Михаило Апостолски се одвивале и завршните операции за ослободување на Македонија, кои донеле конечна победа, државност и слобода на Македонија и на нејзините граѓани. Во февруари 1945 година е поставен на должност „Помошник на началникот на Врховниот штаб, односно на Генералштабот на Југословенската армија”. Во периодот од 1946 до 1952 година Апостолски е командант на Сараевската воена област. Во 1953 година ја предводи првата воено-дипломатска посета на тогашна Југославија на Израел. Потоа, ја вршел должноста началник на Високата воена академија и началник на пешадијата на Југословенската народна армија, до 1958 година, по што се пензионирал во чин генерал-полковник истата година.

Генералот Михаило Апостолски е прв доктор на воени науки на Балканот и прво воено лице кое било претседател на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ). Како резултат на неговите научни достигнувања и резултати, кои биле високо вреднувани и наградувани, партиципирал како член, а честопати бил поставен и на раководни функции во различни високи научни институции. Претседател бил и на Советот на академиите на науките и уметностите на СФРЈ, а во 1979 годинастанал член и на ЈАЗУ (Југословенската академија на науките и уметностите). Во 1986 година е избран за доживотен претседател на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија.

Има објавено многубројни стручни, научни и апликативни трудови. Меѓу позначајните се: „Пролетната офанзива во 1944 година”, 1957, Скопје; „Февруарскиот поход”, 1975, Скопје; „Завршните операции за ослободувањена Македонија”, 1975, Скопје; „Студии и статии”, 1975, Скопје; „Погледи на југословенско-бугарските односи во Втората светска војна”, 1980, Скопје и многу други. Главните обележја на неговите научни дела се темелат на неговото воено образование и на историските факти, претежно црпени од сопствените искуства, но и од истражувачката дејност за осознавање на историјата на сопствениот народ, за што покажувал особен интерес од најмала возраст и низ целиот свој живот. Исто така, како коавтор се јавува и во делата: „Пет години слободно Скопје”, 1949, Скопје (со Благоја Симоновски); „Радовиш и радовишко”, 1984, (Општински одбор на здружението на борци од НОБ со Митко Панов); „Историја на македонскиот народ – едиција”, Скопје, 1979 (со Данчо Зографски, Александар Стојановски, Глигор Тодоровски и Грахам В. Рид).

Починал на 7 август 1987 година во Дојран. Неговата личност и дело оставија длабоки траги за сите времиња и се вградени во темелите на денешна самостојна и суверена Република Македонија. Воената академија на Армијата на Република Македонија, со голема чест и гордост, го носи и го слави неговото име.

- Заради неговиот извонреден придонес во развојот и практичната примена на воените науки, за неговите организациони, раководни и командни способности и за огромните заслуги во ослободувањето на Македонија и победата над фашизмот, носител е на многубројни југословенски и странски одликувања, ордени и медали:
    - Партизанска споменица од 1941;

In the February expedition, Apostolski was appointed as both the Commander of the Operational Headquarters for the Macedonian, South Serbian and the newly established Bulgarian anti-fascist units and the Kosovo units and operated with them in the Spring offensive on the territory of Eastern Macedonia. Later, as a member of the Advisory Board of the ASNOM, he participated in his first meeting (August 2, 1944).

The final operations for the liberation of Macedonia, which brought the final victory, statehood and freedom of Macedonia and its citizens took place under the command of General Michael Pastoral. In February 1945 he was appointed as "Assistant Chief of the Supreme Headquarters, i.e. the General Staff of the Yugoslav army". In the period from 1946 to 1952 Apostolski was the Commander of the Sarajevo Military District. In 1953, he led the firstmilitary-diplomatic visit of Yugoslavia to Israel. Afterwards, he performed duties as the Head of the Military Academy for Senior Officers and Chief of the Infantry of the Yugoslav National Army by 1958, after which he retired in the rank of Lieutenant General the same year.

General Mihailo Apostolski was the first Doctor of Military Sciences on the Balkans and the first military person who was president of MANU (Macedonian Academy of Sciences and Arts). As a result of his scientific achievements and results, which were highly valued and rewarded, he participated as a member and often as director and leader of various senior scientific institutions. He was also the President of the Council of Academies of Sciences and Arts of Yugoslavia, and in 1979 he became a member of the JAZU (Yugoslav Academy of Sciences and Arts). In 1986, he was elected president for life of the Federation of Associations of Historians of Macedonia.

He has published numerous professional, scientific and applicative papers. Among the most important are: "Spring Offensive in 1944", 1957, Skopje; "February Expedition", 1975, Skopje; "The final operations for the liberation of Macedonia", 1975, Skopje; "Studies and articles", 1975, Skopje; "Views of the Yugoslav-Bulgarian relations in the Second World War", 1980, Skopje and many others. The main features of his scientific works are based on his military education and historical facts, mostly drawn from his own experience, and from research in learning about the history of his people, for which he showed particular interest from an early age and throughout his life. Also, he appeared as co-author in the following works: "Five years free Skopje", 1949 Skopje (Blagoja Simonovski); "Radovish and the area of Radovish", 1984, (Municipal Board of the Association of Combatants from the NLW with Mitko Panov) "History of the Macedonian people – edition", Skopje, 1979 (with Dancho Zografski, Aleksandar Stojanovski, Gligor Todorovski and Graham W. Reid).

He died on August 7, 1987 in Dojran. His personality and work left deep traces for all time and the foundations of the present independent and sovereign Republic of Macedonia. The Military Academy of the Army of Republic of Macedonia, bears and celebrates his name with great honor and pride.

- Орден „НАРОДЕН ХЕРОЈ” во 1953 година;
- Орден на военото знаме;
- Орден на партизанската ѕвезда со златен венец;
- Орден за заслуги за народ со златна ѕвезда;
- Орден на братството и единството со златен венец;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
- Орден на народното ослободување;
- Орден на републиката со златен венец;
- Орден на трудот со црвено знаме;
- Орден за храброст;
- Награда АВНОЈ во 1978 година (највисоката награда на СФРЈ);
- Орден „Александар Суворов” (одликување на СССР);
- Орден „Александар Невски” (одликување на СССР);
- Орден „Грундвалски крст” (одликување на Полска);
- Орден „Св.Олаф” (одликување на Норвешкиот крал);
- Орден „Св. Александар” (одликување на Бугарија);
- Орден „Крал Георги” (одликување на Грција).



- For his outstanding contributions to the development and practical application of military science, for his organizational, leadership and command capabilities and the huge merit in the liberation of Macedonia and the victory over fascism and winner of numerous Yugoslav and international awards, decorations and medals:

  - Partisan Memorial 1941;
  - Order "National hero" in 1953;
  - Order of the Military Flag;
  - Order of the Partisan Star with a Golden Crown;
  - Order of Merits with Golden Star;
  - Order of Brotherhood and Unity with a Golden Crown;
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Order of People's Liberation;
  - Order of the Republic with a Golden Crown;
  - Order of Labor with Red Flag;
  - Order of Courage;
  - AVNOJ Award in 1978 (the highest award of the Socialist Federal Republic of Yugoslavia);
  - Order "Alexander Suvorov" (decoration of the USSR);
  - Order "Alexander Nevsky" (decoration of the USSR);
  - Order "Grundval cross" (decoration of Poland);
  - Order "St. Olaf" (decoration of the Norwegian king);
  - Order "St. Aleksandar" (decoration of Bulgaria);
  - Order "King George" (decoration of Greece).

**генерал-потполковник**
**АРНАУТОВСКИ МИЛЕ**





Роден е на 22 јуни 1925 година во Белград, Србија, во занаетчиско семејство, од мајка Аспасија и татко Климе. Од долгогодишниот брак со својата сопруга, татко е на две деца.

Студирал на Техничкиот факултет во Загреб, бродоградежен отсек (1948 - 1954), а по дипломирањето бил проектант и раководител на бродоградежниот сектор во морнаричко-техничкиот институт на ЈВМ во периодот помеѓу 1954 и 1969 година.

Уште пред војната, како гимназијалец, се приклучил на комунистичкото движење, а во деновите на крахот на кралска Југославија, заедно со студенти од Охрид, учествува во прибирањето на оружје и во првите демонстрации против италијанскиот окупатор. Од август 1941 година е член на Сојузот на комунистичката младина на Југославија (СКОЈ) и раководител на организацијата на СКОЈ во Охридската гимназија, а од октомври 1943 година и член на КПЈ. Член на КПМ е од 1943 година, а од 1944 година е борец во Првата македонска народноослободителна бригада. Таа, 1944 година е уапсен од бугарската полиција, но набргу е ослободен. Во НОВ е учесник од 30 јуни 1944 година, кога се приклучува на Првата македонска ударна бригада каде што е поставен за раководител на СКОЈ во баталјон, а подоцна и во бригада. Со бригадата учествува во борбите за ослободување на Македонија и пробивањето на Сремскиот фронт. По враќањето на петнаесеттиот корпус во Македонија, Арнаутовски се задржал во неговиот состав до септември 1947 година, кога, како воен стипендист е упатен на Техничкиот факултет во Загреб. По завршувањето на студиите во 1953 година, упатен е на работа во морнаричко-техничкиот институт на Југословенската воена морнарица во Сплит. По долгогодишната професионална кариера, унапреден е во чин генерал-мајор, во декември 1971 година.

- Офицерската служба во ЈНА ја извршувал во гарнизоните: Сплит (1953 - 1958), Тиват (1958 - 1960), Загреб (1960 - 1969) и Скопје (1969 - 1982). Во текот на службата ги извршувал следните должности:
  - Инженер-проектант (1953 - 1958);
  - Шеф на проектантско биро (1958 - 1960);
  - Началник на одделение/сектор, воедно и заменик директор на Морнаричко-техничкиот институт на Југословенската воена морнарица (1960 - 1969);
  - Секретар на комитетот на Сојузот на комунисти во ЈНА во Скопската армиска област (1969 - 1973);
  - Помошник на командантот на Скопската армиска област за политичко-правни работи (1973 - 1976);
  - Републички секретар за Народна одбрана (1976 - 1982).

**Lieutenant General**
**ARNAUTOVSKI MILE**

He was born on June 22, 1925, in Belgrade, Serbia, in a craftsman-working family, in the family of his mother Aspasija and father Klime. He has two children from the marriage with his wife.

He studied at the Technical Faculty in Zagreb, Shipbuilding Department (1948 - 1954), and after his graduation, he was the designer and head of the naval shipbuilding sector in the naval and technical institute of Yugoslav Navy (JVM), the period between 1954 and 1969.

Even before the war, as a high school student, he joined the communist movement, and in the days of the collapse of the Kingdom of Yugoslavia, along with the students from Ohrid, he participated in gathering weapons and in the first demonstrations against the Italian occupiers. Since August 1941, he was a member of the Union of Communist Youth of Yugoslavia (SKOJ) and the head of the SKOJ organization in the Ohrid high school, and since October 1943, he was a member of the Communist Party of Yugoslavia (KPJ). In 1943, he became a member of communist Party of Macedonia (KPM) and 1944 he fought in the First Macedonian National Liberation Brigade. He was arrested in 1944 by the Bulgarian police, but soon was released. He took part in NLW since June 30, 1944, when he joined the First Macedonian Assault Brigade, where he was appointed Head of the SKOJ in the battalion, and later in the brigade. With the brigade, he participated in the battles for the liberation of Macedonia and in the penetration of the Srem Front. After returning to the Fifteenth Corps in Macedonia, Arnautovski remained in there until September 1947, when he was sent to the Technical Faculty in Zagreb on a military scholarship. After his graduation in 1953, he was sent to work in the Naval Technical Institute of the Yugoslav Navy in Split. After a long career, he was promoted to the rank of Major General in December 1971.

- As a service officer in the YNA, he performed his duties in the garrisons: Split (1953 - 1958), Tivat (1958 - 1960), Zagreb (1960 - 1969) and Skopje (1969-1982). During his service, he performed the following duties:
    - Project Engineer (1953 - 1958);
    - Head of Designer Bureau (1958 - 1960);
    - Head of Section/ Department, also Deputy Director of the Naval and Technical Institute of the Yugoslav Navy (1960 - 1969);
    - Secretary of the League of Communists in YNA in the Skopje military area (1969 - 1973);
    - Assistant Commander of the Skopje Military Area for Political and Legal Affairs (1973 - 1976);
    - Republican Secretary of National Defense (1976-1982).

- Во својата офицерска кариера добивал бројни признанија и награди за професионалноста и пожртвуваноста во извршувањето на службата, а меѓу другото е одликуван со:
  - Орден на Народната армија со ловоров венец;
  - Орден на братството и единството со сребрен венец;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
  - Орден за храброст;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви;
  - Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви;
  - Медал за храброст;
  - Медал за 10 години ЈНА;
  - Медал за 20 години ЈНА;
  - Медал за 30 години ЈНА;
  - Медал за 30 години од победата над фашизмот.




- Автор е на стручно-специјалистичкиот труд „Проектирање и изработка на чамци за спасување на воени состави", што воедно му бил и дипломска работа на Школата за народна одбрана (ШНО).

- По пензионирањето, учествува во проекти како: развојот на ридско-планинските подрачја во Р. Македонија и изградбата и отворањето на фабриката за специјална намена „Сувенир" - Самоков. Исто така, бил претседател и на „Народна техника" на Р. Македонија, како и на Пчеларскиот сојуз на Р. Македонија.

- Пензиониран е во 1982 година, а починал во 1999 година. Погребан е во Охрид.

- In his officer career he received numerous awards for his professionalism and sacrifice in the performance of the service, among other, he was decorated with:
  - Order of the National Army with Laurel Wreath;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown;
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Order of Courage;
  - Order of Military Merit with Golden Swords;
  - Order of Merits with Silver Star;
  - Order of Military Merit with Silver Swords;
  - Medal of Courage;
  - Medal for 10 years YNA;
  - Medal for 20 years YNA;
  - Medal for 30 years YNA;
  - Medal for 30 years of victory over fascism.

- He is the author of the expert-specialist paper "Design and construction of lifeboats for saving military personnel", which was also his graduate thesis at the National Defense School.

- After retiring, he participated in the following projects: the promotion of mountainous areas in the Republic of Macedonia and the construction and opening of the plant for a specialized industries "Souvenir" - Samokov. He was also the President of the "People's Technical Education" (Narodna Tehnika), the Republic of Macedonia, and the Apiculture Association of the Republic of Macedonia.

- He retired in 1982 and died in 1999. He was buried in Ohrid.

**генерал-потполковник**
**АРСОВСКИ МИТРЕ**





Роден е на 01 ноември 1936 година во село Стари Град во Општина Велес, во Република Македонија, од мајка домаќинка и татко службеник. Оженет е со сопругата Анастасија, а во брак се од 1976 година. Татко е на два сина, Зоран и Александар.

Основно образование завршил во родното место, а продолжил да се образува во Гимназија, која ја завршил во 1956 година. Воена академија на ЈНА завршил во 1960 година, Командно-штабна академија во 1972 година и Школа за национална одбрана завршил во 1978 година, во Белград.

Во чин артилериски потпоручник произведен е во 1960 година. Во чин поручник е унапреден во 1963 година, во чин капетан во 1966 година, во чин капетан 1 класа во 1969 година, во чин мајор во 1973 година, во чин потполковник во 1977 година, во чин полковник во 1981 година, во чин генерал-мајор во 1988 година, а во чин генерал-потполковник во 1992 година.

- Во својата богата кариера службувал во повеќе различни гарнизони, какоБелград (1960 - 1972), Битола (1972 - 1974), Прилеп (1974 - 1978), Скопје (1978 - 1982), (1985 - 1986) и (1990 - 1993), Врање (1980), Куманово (1982 - 1985) и (1986 - 1987), Крагујевац (1987 - 1990), извршувајќи повеќе должности:
  - Командир на вод (1960 - 1968);
  - Командир на батерија (1968 - 1972);
  - Командант на дивизион (1972 - 1975);
  - Командант на полк (1975 - 1977);
  - Референт за оперативно наставни работи (1978 - 1980);
  - Командант на бригада (1980 - 1982);
  - Началник на штаб во дивизија (1982 - 1985);
  - Командант на дивизија (1985 - 1987);
  - Началник на штаб во корпус (1987 - 1990);
  - Помошник на командантот за заднина (1990 - 1991);
  - Началник на штаб и заменик на командантот на 3. армиска област (1991 - 1992);
  - Началник на ГШ на АРМ (1992 - 1993).

**Lieutenant General**
**ARSOVSKI MITRE**

He was born on November 1, 1936 in the village of Stari Grad, Municipality of Veles, the Republic of Macedonia. His mother was a housewife and his father was a clerk. He has been married to his wife Anastasia since 1976, and is the father of two sons Zoran and Aleksandar.

He completed his primary education in his native village, and continued his studies at the secondary school, which he completed in 1956. He graduated from the YNA Military Academy in 1960, followed by the Command and Staff College in 1972, and the National Defense School in 1978, in Belgrade.

He was promoted in the rank Second Lieutenant artillery in 1960. In 1963, he was promoted to the rankLieutenant, and in 1966 to the rank Captain. In 1969 he was promoted to the rank of Captain 1st Class, and in 1973 to the rank of Major. He received the rank of Lieutenant Colonelin 1977, and Colonel in 1981. In 1988 he became a , and in 1992 he was promoted to the rank of Lieutenant General.

- In his rich career, he was appointed on duty in different garrisons, i.e. Belgrade (1960 - 1972), Bitola (1972 - 1974), Prilep (1974 - 1978), Skopje (1978 - 1982), (1985 - 1986) and (1990 - 1993 ), Vranje (1980), Kumanovo (1982-1985) and (1986-1987), Kragujevac (1987-1990), performing several duties:
  - Platoon Commander (1960 - 1968);
  - Battery Commander (1968 - 1972);
  - Battalion Commander (1972 - 1975);
  - Regiment Commander (1975 - 1977);
  - Officer for operational and educational matters (1978 - 1980);
  - Brigade Commander (1980 - 1982);
  - Chief of Staff in the Division (1982 - 1985);
  - Division Commander (1985 - 1987);
  - Chief of Staff in the Corps (1987 - 1990);
  - Assistant Commander for rear support (1990 - 1991);
  - Chief of Staff and Deputy Commander of the 3rd military area (1991-1992);
  - Chief of the ARM General Staff (1992-1993).

Во текот на службата добивал бројни стимулативни мерки и признанија, а меѓу другото е одликуван и со:

- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1965 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1969 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1974 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1979 година;
- Орден за народ со златна ѕвезда во 1985 година;
- Орден за воени заслуги со голема ѕвезда во 1988 година;
- Орден за воени заслуги од Претседателот на Р.Македонија.



- During his service, he received numerous incentives and awards, among other, he was decorated with:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1965;
  - Order of National Army with Silver Star in 1969;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1974;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1979;
  - Order of the People with Golden Star in 1985;
  - Order of Military Merit with Big Star in 1988;
  - Order of Military Merit by the President of the Republic of Macedonia.

**бригаден генерал**
**м-р АРСОСКИ ПАВЛЕ**





Роден е на 27 декември 1967 година во Гостивар, Р. Македонија, од мајка Бојка и татко Јове. Оженет е со сопругата Елизабета и татко е на две деца, ќерката Марија (1991) и синот Александар (1996).

Основно училиште завршил во Сисак (Р.Хрватска), а општа средна воена школа завршил во 1986 година во Загреб. Воена академија на Копнената војска завршил во 1990 година во Белград, насока артилерија, а Командно-штабна академија во 2003 година во Скопје. Истата година се школува и во Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ Маршал“ во Гармиш-Партенкирхен (СР.Германија). Ратна школа завршил во 2011 година во Загреб, а во 2016 година магистрира на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и се стекнува со научен степен „магистер по хуманистички науки, историја – воена историја“. Од 2017 година е докторанд на Институтот за национална историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Во 1990 година произведен е во чин артилериски потпоручник, а во чин поручник унапреден е во 1991 година. Во 1995 година унапреден е во чин капетан, а во 1999 година во чин капетан I класа. За време на оружениот конфликт во Р.Македонија во 2001 година, вонредно е унапреден во чин мајор. Во 2006 година унапреден е во чин потполковник, додека во 2010 година е унапреден во чин полковник. Во 2013 година унапреден е во чин бригаден генерал.

- Во својата кариера како офицер на ЈНА, од 1990 до 1991 бил на служба во гарнизонот Илирска Бистрица, Р.Словенија. По завршувањето на оружениот конфликт во Р.Словенија, летото 1991 година, ја напушта ЈНА и се става на располагање на тогашниот Секретаријат за народна одбрана на Р.Македонија. Осум месеци подоцна, во април 1992 година стапува на служба во АРМ, во гарнизонот Скопје. Од 1993 до 2003 година на служба е во гарнизонот Тетово. Од 2003 до 2013 година повторно е на служба во гарнизонот Скопје. Од 2013 до 2015 година на служба е во гранизонот Петровец. Од август 2015 година на служба е во гарнизонот Куманово. Во досегашната професионална кариера ги извршувал следните должности:
  - Командир на вод во минофрлачка батерија во пешадиски баталјон (1990 - 1991);
  - Командир на вод во артилерискиот дивизион, 1. гардиска бригада (1992 - 1993);
  - Командир на батерија-чета, во 1. пешадиски баталјон во 15. пешадиска бригада (1993 - 1997);
  - Заменик на командант на 1. пешадиски баталјон во 15. пешадиска бригада (1997 - 2000);

**Brigadier General**
**MA ARSOSKI PAVLE**

He was born on December 27, 1967, in Gostivar, the Republic of Macedonia, his mother is Bojka and his father is Jove. He is married with Elizabeta Arsoska and a father of two children, a daughter Marija (1991) and a son, Aleksandar (1996).

He finished elementary school in Sisak, R. Croatia and general secondary military school in 1986 in Zagreb. He continued his military education in Belgrade, R. Serbia, at the Land Forces Military Academy, majoring artillery and graduated in 1990. In 2003 successfully completed his postgraduate studies for Command and Staff duties in Skopje, and in the same year he completed the "Leaders of the 21st century" course at the European Marshall Security Center in Garmisch-Partenkirchen, Germany. The significance of 2011, was highlighted by his graduation from the National Defense School in Zagreb, R. Croatia. Five years later, in 2016, he acquired the Master of Arts in History - Military History, from the Institute of National History at the University "St. Cyril and Methodius" in Skopje, Republic of Macedonia. As of 2017 he is a doctoral (PhD) candidate at the Institute of National History at the University "Saints Cyril and Methodius" in Skopje, Republic of Macedonia.

He was promoted in the rank of Second Lieutenant Artillery in 1990. The next year he was promoted to lieutenant and then in 1995 to Captain. To the next rank, Captain 1st Class, he was promoted in 1999. During the conflict in the Republic of Macedonia in 2001, he received a battlefield promotion to the rank of Major, while in 2006 he was promoted to Lieutenant Colonel. The promotion to Colonel in 2010 was an indication of his flag officer qualities that were confirmed in 2013 when he was promoted to his current rank of Brigadier General.

- In his career he performed his duties, first in the garrison Ilirska Bistrica, R. Slovenia as an officer in the People's Army of Yugoslavia, from 1990 to 1991. After the end of the armed conflict in the R. Slovenia, in the summer of 1991, he enrolled in the then so-called Secretariat of National Defense of the R. Macedonia. Eight months later, in April 1992, joined the Army of the Republic of Macedonia in Skopje garrison. From 1993 to 2003 he served in Tetovo garrison, only to return to Skopje Garrison in 2003 where he continued his service until 2013. That is the year when he served in Petrovec garrison and in August 2015 to be transferred in Kumanovo garrison. In his long and fruitful professional career he performed the following duties:
  - Platoon Commander in mortar Coy in infantry battalion (1990-1991);
  - Platoon Commander in the artillery battalion, 1st Guards brigade (1992-1993);
  - Mortar Coy Commander, Infantry Coy Commander in the 1st Infantry Battalion / 15. Infatry brigade (1993-1997);
  - Deputy Commander of the 1st Infantry Battalion / 15. Infantry brigade (1997-2000);
  - Liaison Officer to the KFOR (German) Contingent at Tetovo (1999-2001);
  - Commander of the 1. Infantry Battalion / 15. Infantry brigade and 1.Infantry Battalion / 2. Infantry brigade (2000-2003);
  - Chief of S-3/5/7 in the Special Operations Regiment (2003-2008);
  - Chief of Staff in the Special Operations Regiment (2008 - 2012);
  - Commander of the Special Operations Regiment (2012 - 2013);

- Офицер за врска со германскиот контингент на КФОР во Тетово (1999 - 2001);
- Командант на 1. пешадиски баталјон / 15.пбр и 1.пб / 2.мпбр (2000 - 2003);
- Началник на С-3/5/7 во Полкот за специјални операции (2003 - 2008);
- Началник на штаб во Полкот за специјални операции (2008 - 2012);
- Командант на Полкот за специјални операции (2012 - 2013);
- Командант на 1. механизирана пешадиска бригада (2013 - 2015);
- Заменик на командантот на Здружената оперативна команда на АРМ, од 2015 година.

- Во текот на својата професионална кариера во повеќе наврати добивал пофалби, награди и признанија за својата професионалност, посветеност, залагање и пожртвуваност, а дел од нив се:

  - Сребрена значка за долгогодишна служба во АРМ, во 2012 година;
  - Плакета на АРМ во 2012 година;
  - Признание од министерот за одбрана на Р.Македонија.




- Автор е на следните стручно-специјалистичките трудови:

  - „Можностите на Р. Македонија за членство во НАТО до 2007 година" (Дипломска работа на КША);
  - „Теории на конфликт: применливост на теоријата „Три столба" на конфликтот во Македонија во 2001" (Дипломска работа на ШНО);
  - „Историски развој на Армијата на Република Македонија" (Магистерски труд).

- Исто така, генералот Арсоски зборува два странски јазици, германски и англиски јазик, а во изминатиот период посетувал и завршил повеќе курсеви, како дел од личната наобразба и стручно усовршување, од кои за издвојување се:

  - Курсот за команданти на баталјони и јазична обука во СР Германија (1995-1996);
  - Курсот за интернационални и безбедносни студии „Лидери на 21-от век" во Џорџ Маршаловиот центар, во 2003 година и
  - Курс за донесување на одлуки во одбраната во 2017 година, во САД.

- Еден е од коавторите на „Уредбата за единствениот знак за припадност на АРМ, униформата, ознаките на чиновите, ознаките на родовите и службите, ознаките на единиците, како и начинот и условите за нивното носење", донесена од Претседателот на Р.Македонија во 2008 година, како и доработката на истоимената Уредба донесена од Претседателот на Р.Македонија во 2012 година.

- Во текот на оружениот конфликт во Р.Македонија во 2001 година, командувал со 1. пешадиски баталјон на 15. пешадиска бригада во рамките на Оперативно-тактичката група 2, во Тетовско и на Шар Планина.

- Commander of the First Mechanized Infantry Brigade (2013-2015);
- Deputy Commander of the Joint Operational Command of the Army, since 2015.

- During his professional career, he received many awards and commendations, rewards and recognitions on his professionalism, dedication, commitment and sacrifice on several occasions, and some of them are:
  - Silver Badge for his long-years of service in the Army, in 2012;
  - ARM Plaque in 2012;
  - Recognition by the Minister of Defense of Macedonia.

- He is the author of expert-specialist papers such as :
  - "The opportunities of the Republic of Macedonia to join NATO by 2007" (Graduate Thesis from the CSA);
  - "Theory of conflict - Applicability of the three step-pillar model in the case of Macedonia" (Graduate Thesis from the NDS);
  - "Historical Development of the Army of the Republic of Macedonia" (Master thesis).

- Arsoski speaks two foreign languages, German and English, and in the past he attended and completed several courses as part of his personal education and vocational training, among which are the following:
  - Battalion Commander Course for and language training in Germany (1995-1996);
  - International and Security Studies Course "Leaders of the 21st Century" in the George Marshall Center in 2003;
  - Executive Seminar Defense Decision Making in USA (2017).

- Co-authors the "Decree on the coat of arms in ARM" adopted by the President of the Republic of Macedonia in 2008 and 2012.

- During the conflict in the Republic of Macedonia in 2001, he commanded the 1$^{st}$ Infantry Battalion of the 15th Infantry Brigade within the Operational Tactical Group 2, in Tetovo and Shar Planina.

**генерал-полковник**
**АСПРОВСКИ СТОЈАН**



Роден е на 18 октомври 1929 година во Лерин, Егејска Македонија. Од бракот со својата долгогодишна сопруга, татко е на две деца.

Основното образование го завршил во 1938 година, подофицерско училиште во 1951 година и Висока воена академија завршил во 1966 година. Завршил и Школа за национална одбрана во 1971 година.



Произведен е во чин потпоручник во 1951 година. Унапреден е во чин поручник во 1955 година, во чин капетан во 1959 година, во чин капетан 1 класа во 1962 година, во чин мајор во 1965 година, во чин потполковник во 1969 година (вонредно), во чин полковник во 1973 година (вонредно), во чин генерал-мајор е унапреден во 1978 година, а во чин генерал-потполковник во 1985 година. Во чин генерал-полковник бил унапреден во 1990 година.

- Учесник бил во НОВ, во периодот од септември 1944 година до мај 1945 година, а по војната, офицерската служба ја извршувал во повеќе различни гарнизони ширум Југославија, како Земун, Бјеловар, Мостар, Крагујевац, Белград, Охрид, Велес, Струмица, Постојна, Смедеревска Паланка, Нови Сад и Скопје, поставен на следниве должности:
  - Началник на канцеларија (1945 - 1951);
  - Командир на вод (1951 - 1959);
  - Офицер во втората управа на Генералштабот на ЈНА (1959 - 1961);
  - Началник на група за криптозаштита во втора управа на Генералштабот на ЈНА (1961 - 1966);
  - Референт во аналитичкото одделение на втората управа на Генералштабот на ЈНА (1966 - 1968);
  - Началник на штаб на пешадиски полк (1968 - 1969);
  - Командант на пешадиски полк (1969 - 1973);
  - Началник на штаб на пешадиска дивизија (1973 - 1975);
  - Командант на пешадиска дивизија (1975 - 1979);
  - Началник на Воена академија на копнената војска на ЈНА (1979 - 1982);
  - Началник на Републички штаб за територијална одбрана на СР. Македонија (1982 - 1985) и
  - Командант на Републички штаб за територијална одбрана на СР. Македонија (1985 - 1991).

**Lieutenant General**
**ASPROVSKI STOJAN**

He was born on October 18, 1929, in Lerin, Aegean Macedonia. Father of two children from the marriage to his wife.

He completed his primary education in 1938, the NCO school in 1951, and he graduated at the Military Academy for Senior Officers in 1966. He also graduated at the School of National Defense in 1971.

He became a Second Lieutenant in 1951, and was promoted in the rank of Lieutenant in 1955, then to the rank of Captain in 1959, and Captain 1st Class in 1962. In 1965 he was promoted to the rank of Major, and in 1969 (extraordinary) to the rank of Lieutenant Colonel. He was promoted into the rank of Colonel in 1973 (early promotion). In 1978 he was promoted to the rank of , and in 1985 to Lieutenant General. He was promoted to the rank of Lieutenant General in 1990.

- He participated in NLW, from September 1944 to May 1945. After the war, he performed his officer service in various garrisons throughout Yugoslavia: Zemun, Bjelovar, Mostar, Kragujevac, Belgrade, Ohrid, Veles, Strumica, Postojna, Smederevska Palanka, Novi Sad and Skopje, and was appointed on the following duties:
  - Chief of the Head Office (1945 - 1951);
  - Platoon Commander (1951 - 1959);
  - Officer in the Second Bureau of the YNA General Staff (1959 - 1961);
  - Chief of the Crypto-protection Group of the Second Bureau of the YNA General Staff (1961 - 1966);
  - Officer in the Analytical Section of the Second Bureau of the YNA General Staff (1966 - 1968);
  - Chief of Staff in the  Infantry Regiment (1968 - 1969);
  - Infantry Regiment Commander (1969 - 1973);
  - Chief of Staff of the Infantry Division (1973 - 1975);
  - Infantry Division Commander (1975 - 1979);
  - Chief of the Military Academy of the YNA Land Forces (1979 - 1982);
  - Head of the Republic Headquarters for Territorial Defense of the Socialist Republic of Macedonia (1982 - 1985);
  - Commander of the Republic Headquarters for Territorial Defense of the Socialist Republic of Macedonia (1985-1991).

Во текот на својата кариера добивал бројни награди и признанија за својата служба, а меѓу другото е одликуван и со:

- Медал за храброст во 1947 година;
- Медал за заслуги за народ во 1947 година;
- Медал за воени вештини во 1953 година;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1958 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1967 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1971 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1976 година;
- Орден на Југословенското знаме со златен венец во 1982 година и
- Орден на Народната армија со ловоров венец во 1987 година.



- During his career he received numerous awards and recognitions for his service, among other, he was decorated with the following:
  - Medal of Honor in 1947;
  - Medal of Merits in 1947;
  - Medal of Martial Arts in 1953;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1958;
  - Order of the National Army with Silver Star in 1967;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1971;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1976;
  - Order of the Yugoslavian Flag with Golden Crown in 1982;
  - Order of the National Army with Laurel Wreath in 1987.

**генерал-полковник**
**АТАНАСОВСКИ ТОДОР**



Роден е на 6 мај 1925 година во Кавадарци, Р. Македонија. Оженет е и татко е на три деца.

Основното образование го завршил во 1934 година, Граѓанско училиште завршил во 1937 година, Вечерно училиште во 1940 година, а средно образование во 1945 година во Скопје (машка гимназија). Виша пешадиска школа завршил во 1952 година, а Висока воена академија на ЈНА во 1965 година. Командно-штабна академија завршил во 1972 година.



Во својот живот, како борец и раководител на борбените партизански одреди за време на НОВ, но и во поствоениот период, бил редовно унапредуван во повисок чин, согласно неговите професионалнаи дејности и согласно неговите заслуги како припадник на воените структури во борбата против фашизмот во Втората светска војна, па така, веднаш по војната, во 1945 година е унапреден во чин мајор, а потоа редоследно, низ годините армиска служба, следеле унапредувања: во чин потполковник во 1950 година, во чин полковник во 1965 година, а во чин генерал-мајор во 1972 година. Пет години подоцна, во 1977 година е унапреден во чин генерал-потполковник (предвремено), а во 1985 година и во чин генерал-полковник, така и се пензионирал, во декември истата година.

- Во својата офицерска кариера службувал во четири различни гарнизони на ЈНА, како Штип, Кичево, Скопје и Ниш, каде извршувал повеќе должности:
  - Учесник бил во НОВ од април 1941 до мај 1945 како борец (одред „Добри Даскалот”), комесар на чета (прва чета во баталјонот „Страшо Пинџур”), политички делегат во чета и комесар на бригада (Во 1943 година како дел од 15 корпус заминал на Сремски фронт за да учевствува во завршните борби за ослободување на Југославија);
  - Комесар на армиска болница (1945 - 1947);
  - Комесар на бригада (1947 - 1949);
  - Началник на отсек во политичка управа на армијата (1949 - 1951);
  - Помошник на командантот на полк за заднина (1951 - 1952);
  - Началник на гарнизона база на нишкото воено подрачје (1952 - 1959);
  - Помошник на командантот на полк за логистика на нишкото воено подрачје (1959 - 1963);
  - Началник на органот за територија на военото подрачје Скопје (1963 - 1968);
  - Началник на органот на управата за одбрана на град Скопје, во секретаријатот за народна одбрана на Собранието на град Скопје (1968 - 1970);
  - Упатен во главниот штаб на Народна одбрана на СР. Македонија (1970 - 1974);
  - Началник на главниот штаб на Народна одбрана на СР. Македонија (1974 - 1982);
  - Командант на Републички штаб за територијална одбрана на СР. Македонија (1982 - 1985).

**Lieutenant General**
**ATANASOVSKI TODOR**

He was born on May 6, 1925, in Kavadarci, the Republic of Macedonia. Married and a father of three children.

He completed his primary education in 1934. In 1937, he finished his civilian school and in 1940 he completed the evening school. In 1945, he completed his secondary education in Skopje (male gymnasium), and in 1952 he completed the NCO School. In 1965 he graduated from the YNA Military Academy for Senior Officers and in 1972 he graduated from the Command and Staff Academy.

In his life as a combatant and leader of the partisans detachments during the National Liberation War and in the postwar period, he was regularly promoted into the higher rank, according to his professional activities and according to his merits as a member of the military structures in the fight against fascism in the Second World War, therefore, right after the war, in 1945, he was promoted to the rank of Major, and then subsequently, through the years of military service, he was promoted into the following ranks: Lieutenant Colonel in 1950, Colonel in 1965, and  in 1972 year. Five years later, in 1977, he was promoted to the rank of Lieutenant General and retired in December the same year.

- Throughout his career he was appointed on duty in four different garrisons of the YNA, i.e. Shtip, Kichevo, Skopje and Nish, where he performed several duties:
  - Participant in NLW from July 1943 to May 1945, as a combatant ("Dobri Daskalot" detachment), company commissary (first company in the "Strasho Pindzur" Battalion), political delegate in a company, and later Brigade Commissary (in 1943 as part of the 15 Corps he left for the Srem front to take part in the final combat for the liberation of Yugoslavia);
  - Army Hospital Commissary (1945 - 1947);
  - Brigade Commissary (1947 - 1949);
  - Chief of Section in the Army Political Bureau (1949 - 1951);
  - Assistant Commander of Logistics Regiment (1951 - 1956);
  - Chief of the garrison base in the  military area (1956 - 1959);
  - Assistant Commander of the Logistics Regiment of the Nish military area (1959 - 1963);
  - Head of the body for the territory of the military area of Skopje (1963 - 1968);
  - Head of the body for the bureau of defense of the city of Skopje, in the National Defense Secretariat of the Assembly of the City of Skopje (1968 - 1970);
  - Deployed to the Headquarters of the National Defense of the Socialist Republic of Macedonia (1970 - 1974);
  - Chief of Headquarters of the National Defense of the Socialist Republic of Macedonia (1974 - 1982);
  - Commander of the Republic Headquarters for Territorial Defense of the Socialist Republic of Macedonia (1982-1985).

Во текот на службата добивал бројни стимулативни мерки, признанија и одликувања, а меѓу другото е одликуван и со:

- Партизанска споменица од 1941 година;
- Орден за храброст во 1945 година;
- Орден за заслуги за народ со сребрени зраци во 1946 година;
- Орден на Партизанската ѕвезда со пушки во 1947 година;
- Орден на Народна армија со сребрена ѕвезда во 1958 година;
- Орден на братството и единството со сребрен венец во 1961 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1965 година;
- Орден на Народна армија со златен ѕвезда во 1969 година;
- Орден за воени заслуги со златна ѕвезда во 1975 година;
- Орден на Народна армија со ловоров венец во 1981 година;
- Орден на Републиката со златен венец во 1985 година;
- Медал за 10 години ЈНА;
- Медал за 20 години ЈНА;
- Медал за 30 години ЈНА;
- Медал за 40 години ЈНА;
- Медал за 30 години од победата над фашизмот;
- Медал за 40 години од победата над фашизмот (Одликување на Русија);
- Орден на ЈНА „Одбрана на татковината";
- Одликување од Полска.




Покрај воената служба, генералот Атанасовски бил и професор во Центарот на високите воени школи во Белград, вонреден професор на Катедрата за одбрана на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (УКИМ) во Скопје, долгогодишен член на Југословенскиот научен совет за воени вештини, а по осамостојувањето на Р.Македонија бил долгогодишен советник за воени прашања на претседателот Киро Глигоров.

Пензиониран е во 1985 година.

- During the service he received numerous incentives, awards and decorations, among other, he was decorated with:
  - Medal of Honor in 1945;
  - Order of Merits with Silver Rays in 1946;
  - Order of the Partisan Star with Guns in 1947;
  - Order of the People's Army with Silver Star in 1958;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1961;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1965;
  - Order of the People's Army with Golden star in 1969;
  - Order of Military Merit with Golden Star in 1975;
  - Order of the People's Army with Laurel Wreathes in 1981;
  - Order of the Republic with a golden crown in 1985;
  - Medal for 10 years YNA;
  - Medal for 20 years YNA;
  - Medal for 30 years YNA;
  - Medal for 40 years YNA;
  - Medal for 30 years of victory over fascism;
  - Medal for 40 years of victory over fascism (decoration from Russia);
  - Order of the YNA "Defense of the Homeland";
  - Order from Poland.

- In addition to the military service, General Atanasovski was a professor at the Center of Higher Military Schools in Belgrade, associate professor at the Department of Defense at the University "St. Cyril and Methodius" (UKIM) in Skopje, a long-time member of the Yugoslav Scientific Council for military skills, and after the independence of the Republic of Macedonia, he was a long-time advisor for military issues to President Kiro Gligorov.

- Retired in 1985.

## генерал-мајор
## БОЈАЏИЕВ ЃОРЃИ





Роден е на 31 март 1950 година во село Ново Село, Струмица, Република Македонија, од мајка Илинка и татко Илија. Оженет е со сопругата Софија и во брак се од 1974 година, а татко е на два сина, Илија (1975) и Александар (1979).

Завршил Гимназија во 1969 година, а потоа своето образование го продолжил на Воена академија на Копнената војска на ЈНА и истата ја завршил во 1973 година. Командно-штабна академија завршил како припадник на АРМ во 1995 година, а Школо за национална одбрана завршил во Франција, во 2001 година.

Во чин потпоручник бил произведен во 1973 година, а во чин поручник е унапреден во 1974 година. Во 1977 година е унапреден во чин капетан, а три години подоцна, во 1980 година и во чин капетан 1. класа. Во чин мајор е унапреден во 1986 година, во чин потполковник во 1991 година, а во чин полковник во 1997 година. Чин бригаден генерал добил во 2002 година, а во чин генерал-мајор е унапреден во 2004.

- Во својата кариера, службувал во неколку гарнизони во Р.Македонија, и тоа, Штип (1973 - 1975 и 1984 - 1992), Делчево (1975 - 1984), Струмица (1992 - 1995), Кочани (1995 - 1997) и Скопје од 1997 година, па се до своето пензионирање во 2005 година, извршувајќи повеќе должности:
  - Командир на вод (1973 - 1975);
  - Помошник на командантот за морално политичко воспитување (1975 - 1978);
  - Заменик командант на баталјон (1978 - 1981);
  - Командант на баталјон (1981 - 1984);
  - Помошник на началникот на штаб за пополна и персонални работи (1984 - 1985 и 1991);
  - Помошник на началникот на штаб за оперативно наставни работи (1985 - 1989);
  - Началник на Штаб во дивизија (1989 - 1990);
  - Помошник на началникот на штаб за разузнавачки работи (1990 - 1991);
  - Командант на моторизирана бригада (1992 - 1995);
  - Командант на дивизија (1995 - 1997);
  - Началник на одделението за обука на старешини и школување на кадри (1997 - 2000);
  - Началник на управата за операции, готовност и обука во ГШ на АРМ (2001 - 2002);
  - Командант на гранична бригада (2002 - 2003);
  - Помошник на началникот на Генералштаб за планирање и началник на Г-3 (2003 - 2004);

**Major General**
**BOJADZIEV GJORGJI**

He was born on March 31, 1950, in the village of Novo Selo, Strumica, the Republic of Macedonia, in the family of Ilinka and Ilija. He has been married to his wife Sofija since 1974, and is the father of two sons, Ilija (1975) and Aleksandar (1979).

He completed his secondary education in 1969, and then continued to be educated at the YNA Military Academy of the Land Forces, where he graduated in 1973. In 1995, as a member of the ARM, he graduated from the Command and Staff College, and in 2001 from the National Defense School in France.

He was promoted to Second Lieutenant in 1973, and to the rank of Lieutenant in 1974. In 1977, he was promoted to the rank of Captain, and three years later, in 1980 to the rank of Captain 1st Class. In 1986, he was promoted to the rank Major, and in 1991 to the rank of Lieutenant Colonel. In 1997, he was promoted to the rank Colonel, and in 2002 he was promoted to the rank of Brigadier-General. In 2004, he was promoted to the rank of .

- Throughout his career, he was appointed on duty in several garrisons in Macedonia, namely, Shtip (1973 - 1975), Delchevo (1975 - 1984), once again, Shtip (1984 - 1992), Strumica (1992 - 1995), Kochani (1995 - 1997) and Skopje from 1997 until his retirement in 2005, performing many duties:
  - Platoon Commander (1973 - 1975);
  - Assistant Commander for Moral and Political Education (1975 - 1978);
  - Deputy Battalion Commander (1978 - 1981);
  - Battalion Commander (1981 - 1984);
  - Assistant Chief of Staff for Manning and Personnel Matters (1984 - 1985 and 1991);
  - Assistant Chief of Staff for Operational and Educational Matters (1985 - 1989);
  - Chief of Staff in the Division (1989 - 1990);
  - Assistant Chief of Staff for Intelligence Affairs (1991);
  - Motorized Brigade Commander (1992 - 1995);
  - Division Commander (1995 - 1997);
  - Head of the Section for Training Officers and Educating Personnel (1997 - 2000);
  - Head of Operations, Readiness and Training in the ARM General Staff (2001 - 2002);
  - Border Brigade Commander (2002 - 2003);
  - Assistant Chief of Staff for Planning and Chief of G-3 (2003 - 2004);
  - ARM Chief of the General Staff (2004-2005).

- Началник на Генералштаб на АРМ (2004 - 2005).

- Во текот на долгогодишната професионална служба повеќепати добивал пофалби, награди и други признанија, како заслуга за својата беспрекорна посветеност и залагање во армиската служба, пред се во унапредувањето и усовршувањето на армијата и армиските процеси, а меѓу другото е одликуван и со:

  - Медал за воени заслуги во 1978 година;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1985 година.





- Пензиониран е на 30.09.2005 година.

- During his longstanding professional service, he constantly received numerous tributes, awards and other recognitions, as well as credits for his exceptional dedication and commitment to the army service, primarily in the promotion and improvement of the army and army processes, for which, among other, he was decorated with the following:
    - Medal of Military Merit in 1978;
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1985.

- He retired on September 30, 2005.

**генерал-полковник**
**БОЦИНОВ ДРАГОЉУБ**





Роден е на 27 октомври 1933 година во Струмица, Р. Македонија, од мајка Марија и татко Панчо. Со сопругата Марија биле во брак од 1958 година, а татко е на едно дете, синот Александар, роден 1960 година.

Гимназија завршил во 1950 година во Струмица, Морнаричка воена академија во 1954 година во Дивуље кај Сплит, Противподморничка школа во 1963 година во Пула, Командно-штабна академија завршил во 1968 година (Дивуље - Сплит) и Школа за национална одбрана во 1973 година во Белград.

Произведен е во чин поморски потпоручник во 1954 година, а унапреден е во непосредно повисок чин, поручник на корвета во 1956 година. Во чин поручник на фрегата (капетан) е унапреден во 1963 година, во чин поручник на боен брод (капетан 1 класа) во 1965 година, во чин капетан на корвета (мајор) во 1969 година, во чин капетан на фрегата (потполковник) во 1973 година, во чин капетан на боен брод (полковник) во 1977 година, во чин контра адмирал (генерал-мајор) во 1983 година, во чин вице адмирал (генерал-потполковник) во 1988 година и во чин генерал-полковник е унапреден во1993 година.

- Во својата кариера службувал во повеќе гарнизони на ЈНА, а подоцна и на АРМ, и тоа: Пула (1954 - 1963 и 1964 - 1966), Белград (1963 - 1964 и 1971 - 1973), Сплит (1966 - 1971 и 1983 - 1991), Шибеник (1973 - 1978 и 1981 - 1983), Кумбор (1978 - 1981) и Скопје (1992 - 1996), каде што извршувал повеќе должности:
  - Командант на реморкер (1954 - 1955);
  - Помошник на командантот на торпеден чамец (1955 - 1957);
  - Командант на торпеден чамец (1957 - 1961);
  - Помошник на командантот на патролен брод (1961 - 1964);
  - Командант на патролен брод (1964 - 1966);
  - Командант на противподморнички брод (1968 - 1969);
  - Командант на дивизион на патролни бродови (1969 - 1971);
  - Референт во отсек за Оперативно-наставни работи (ОНР), во Командата на воено-поморски сектор Шибеник (1973 - 1974);
  - Началник на отсек за ОНР во Командата на воено-поморски сектор Шибеник (1974 - 1976);
  - Началник на Штаб во Командата на воено-поморски сектор Шибеник (1976 - 1978);
  - Командант на воено-поморски сектор Бока Которска (1978 - 1981);
  - Командант на воено-поморски сектор Шибеник (1981 - 1983);
  - Помошник на командантот за заднина на воено-поморска област Сплит (1983 - 1986);

**Colonel General**
**BOCINOV DRAGOLJUB**

He was born on October 27, 1933, in Strumica, the Republic of Macedonia, in the family of Marija and Pancho. He was married to his wife Marija from 1958, and is the father of one child, his son Aleksandar, born in 1960.

He graduated from secondary school in 1950 in Strumica, and from the Naval Military Academy in Divulje, near Split, in 1954. He continued to the Anti-Submarine School in Pula, in 1963, and to the Command and Staff College which he completed in 1968 (Divulje - Split). In 1973, he graduated from the National Defence School in Belgrade.

He was promoted in the naval rank of Second Lieutenant in 1954 and in 1956 he was promoted to the higher rank, Corvette Lieutenant. In 1963, he was promoted to the rank Frigate Lieutenant (Captain), and in 1965 to the rank of Combat Ship Lieutenant (Captain 1st Class). In 1969, he was promoted to the rank of Corvette Captain (Major), in 1973 to the rank of Frigate Captain (Lieutenant Colonel), and in 1977 to the rank of Combat Ship Captain (Colonel). In 1983, he was promoted to the rank of Rear Admiral (), and in 1988 to the rank of Vice Admiral (Lieutenant General). In 1993, he was promoted to the rank of Colonel General.

- Throughout his career he was appointed on duty in several garrisons of the YNA, and later the ARM, as follows: Pula (1954 - 1963 and 1964 - 1966), Belgrade (1963 - 1964 and 1971 - 1973), Split (1966 - 1971 and 1983 - 1991), Shibenik (1973-1978 and 1981-1983), Kumbor (1978-1981) and Skopje (1992-1996), where he held a number of duties:
  - Towboat Commander (1954 - 1955);
  - Torpedo Boat Assistant Commander (1955 - 1957);
  - Torpedo Boat Commander (1957 - 1961);
  - Patrol Boat Assistant Commander (1961 - 1964);
  - Patrol Boat Commander (1964 - 1966);
  - Anti-Submarine Ship Commander (1968 - 1969);
  - Patrol Boat Division Commander (1969 - 1971);
  - Officer in the Section for operational and educational affairs (ONR) in the Military Naval Command of the sector Shibenik (1973-1974);
  - Chief of Section of the ONT in the Military Naval Command of the sector Shibenik (1974 - 1976);
  - Chief of Staff in the Military Naval Command of the sector Shibenik (1976 - 1978);
  - Commander of the Military and Naval Sector Boka Kotorska (1978 - 1981);
  - Commander of the Military and Naval sector Shibenik (1981 - 1983);
  - Assistant Commander for rear support to the military and naval area Split (1983 - 1986);
  - Fleet Commander of the Yugoslav Navy (JRM) in the military naval base Lora, Split (1986 - 1988);

- Командант на флота на Југословенската воена морнарица (ЈРМ) во воено-поморска база Лора, Сплит (1986 - 1988);
- Началник на Центарот за високи воени школи на воената морнарица во воено-поморска база Лора, Сплит (1988 - 1991);
- Распадот на СФРЈ и дезинтеграцијата на ЈНА го затекнала на должност, командант на комплексот Лора во Сплит, со целосна одговорност за неговата одбрана. Во еден момент добил наредба од врховната команда за ставање во борбена употреба на сите сили и средства за дејство врз градот Сплит, која без размислување, категорички ја одбил, поради што, во октомври 1991 година бил уапсен и стациониран во истражен затвор во Белград, а во јуни 1992 година бил осуден на 18 месеци затвор со можност до правосилноста на пресудата да се брани од слобода, по што на 26.06.1992 година се вратил во Р.Македонија, а на 01.08.1992 година стапил на служба во АРМ, на должност „заменик на началникот на Генералштабот на АРМ за кадровски прашања и школски систем" (1992 - 1993);
- Началник на ГШ на АРМ (1993 - 1996).

Во текот на службата добивал бројни пофалби, награди, признанија и други стимулативни мерки за својот професионален придонес во задачите кои ги извршувал, а меѓу другото е одликуван со:

- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1959 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1965 година;
- Орден за воени заслуги со голема ѕвезда во 1973 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1977 година;
- Орден на трудот со златен венец во 1979 година;
- Орден на братството и единството со сребрен венец во 1984 година.



Пензиониран е во јануари 1996 година, а починал на 18 март 2006 година. Неговото вечно почивалиште се наоѓа во Скопје.

- Chief of the Center for Senior Navy Military Schools in the military naval base Lora, Split (1988 - 1991);
- The breakup of Yugoslavia and the desintegration of the Yugoslav Army found him on duty as Commander of the Lora complex in Split, with full responsibility for its defense. At one point he received an order from the Supreme Command to put into use all forces and means in action against the city of Split, which without thinking, he categorically rejected, for which, in October 1991, he was arrested and stationed on remand in Belgrade, and in June 1992, he was sentenced to 18 months in prison and was given the option to be released pending the final verdict, after which, on 26.06.1992 he returned to Macedonia, and on 08.01.1992 he entered service in the ARM and was appointed on the duty, Deputy Chief of the ARM General Staff for Personnel and Education (1992 - 1993);
- ARM Chief of the General Staff (1993-1996).

- During his service he received tribute, awards, honors and other incentives for his professional contribution to the tasks performed, and among other, he was awarded with the following:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1959;
  - Order of the National Army with Silver Star in 1965;
  - Order of Military Merit with Big Star in 1973;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1977;
  - Order of Labor with Golden Crown in 1979;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1984.

- He retired in January 1996, and died on March 18, 2006. His resting place is found in Skopje.

**бригаден генерал**
**БОШЕВСКИ ЈОСИФ**



Роден е на 07 ноември 1948 година во село Журче, во Демир Хисар, Р.Македонија, од татко Ристо и мајка Драгица. Оженет бил со сопругата Родна од 1974 година, а татко е на две деца, син Југослав (1997) и ќерка Милена (1980).

По завршувањето на основното образование, неговата наобразба продолжува во Гимназијата во Крушево, која ја завршил во 1967 година, по што продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА и истата ја завршил во 1971 година. Командно-штабна академија на Копнената војска завршил во 1979 година.



Во чин артилериски потпоручник е произведен во 1971 година, а во чин поручник е унапреден во 1974 година. Во чин капетан е унапреден во 1977 година, во чин капетан 1. класа во 1980 година, во чин мајор во 1984 година, во чин потполковник во 1988 година, во чин полковник во 1994 година и во чин бригаден генерал е унапреден во 2001 година.

Во својата кариера, како припадник на ЈНА, службувал во гарнизонот Битола од 1971 година и продолжил како офицер на АРМ во истиот гарнизон до 1994 година, кога преминал во гарнизонот Кичево (1994 - 2001), каде што останал до неговото пензионирање. Службата ја извршувал преку повеќе командни должности, и тоа:

- Командир на вод (1971 - 1972);
- Командир на батерија (1972 - 1981);
- Заменик-командант на мешовит артилериски полк (1981 - 1982);
- Командант на мешовит артилериски полк (1982 - 1986);
- Началник и референт на артилерија (1986 - 1992);
- Командант на граничен баталјон (1992 - 1994);
- Референт за разузнавање (1994 - 1994);
- Командант на бригада (1994 - 2001).

**Brigadier General**
**BOSHEVSKI JOSIF**

He was born on November 7, 1948, in the village of Zhurche, Demir Hisar, the Republic of Macedonia, to father Risto and mother Dragica. He was married to Rodna from 1974, and is the father of two children, son Jugoslav (1997) and daughter Milena (1980).

After completing his primary education, he continued his secondary education in Krushevo, and graduated in 1967, after which he continued at the YNA Military Academy of the Land Forces and graduated it in 1971. In 1979, he graduated from the Command and Staff Academy of the Land Forces.

He was promoted in the rank artillery Second Lieutenant in 1971 and to the rank of Lieutenant in 1974. In 1977, he was promoted to the rank of Captain, and in 1980 to the rank of Captain 1st Class. In 1984 he was promoted to the rank of Major, and in 1988 to the rank of Lieutenant Colonel. In 1994, he was promoted to the rank of Colonel, and finally, in 2001, he was promoted to the rank of Brigadier General.

- Throughout his career as a member of the YNA, he was appointed on duty in the garrison Bitola from 1971 and continued as an officer of the ARM in the same garrison until 1994, when he transferred to the garrison Kichevo (1994-2001), where he remained until his retirement. He performed his service on a number of command duties, including:
  - Platoon Commander (1971 - 1972);
  - Battery Commander (1972 - 1981);
  - Combined Artillery Regiment Deputy Commander (1981 - 1982);
  - Combined Artillery Regiment Commander (1982 - 1986);
  - Chief Officer of the Artillery (1986 - 1992);
  - Border Battalion Commander (1992 - 1994);
  - Intelligence Officer (1994 - 1994);
  - Brigade Commander (1994-2001).

- Истакнувајќи се со својата способност, посветеност и одговорност во службата, како и за неговото залагање и професионалност во извршувањето на задачите и обврските произлезени од должностите кои ги извршувал во кариерата, повеќепати добивал признанија, награди и одликувања, а дел од нив се:

  - Медал за воени заслуги, во 1975 година;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви, во 1980 година;
  - Орден на трудот со сребрен венец, во 1984 година;
  - Орден на Народната армија со златен венец, во 1990 година.








- Учествувал во борбените операции во конфликтот од 2001 година.

- Пензиониран е во април 2001 година, а починал на 01 јануари 2010 година. Неговото вечно почивалиште е во с.Журче, Демир Хисар.

- Standing out with his ability, dedication and responsibility in the service, as well as for his commitment and professionalism in carrying out his tasks and obligations arising from the duties performed in his career, he received honors, awards and decorations, on several occasions, and some of them are the following:
    - Medal of Military Merit in 1975;
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1980;
    - Order of Labor with Silver Wreath in 1984;
    - Order of the National Army with Golden Crown in 1990.
- He participated in combat operations in the 2001 conflict.
- He retired in April 2001 and died on January 1, 2010. His resting place is v. Zhurche, Demir Hisar.

**генерал-мајор**
**БОШКОВСКИ АЛЕКСАНДАР**



Роден е на 01 февруари 1933 година во Прилеп, Р. Македонија. Оженет е со сопругата Силва и во брак се од 1955 година. Татко е на три деца.

Основно образование завршил во Прилеп во 1948 година, Школа за активни офицери за врска - техничка насока завршил во Зрењанин и Шкофја Лока во 1951 година, Командно-штабна академија - техничка насока завршил во 1974 година во Белград, а Школа на национална одбрана завршил во 1978 година.

Произведен е во чин потпоручник во 1951 година. Во непосредно повисок чин, поручник, е унапреден во 1955 година, во чин капетан во 1959 година, во чин капетан 1. класа во 1962 година, во чин мајор во 1966 година, во чин потполковник во 1971 година, во чин полковник во 1977 година и во чин генерал-мајор е унапреден во 1987 година.



Во својата кариера службувал во повеќе различни гарнизони ширум Југославија, и тоа: Белград (1951 - 1954 и 1988 - 1991), Осијек (1954 и 1964 - 1968), Славонска Пожега (1954 - 1959), Славонски Брод (1959 - 1964), Травник (1968 - 1974) и Скопје (1974 - 1988), извршувајќи повеќе должности:

- Командир на технички вод (1951 - 1957);
- Раководител во армиска техничка ремонтна работилница (1958 - 1964);
- Началник на отсек за ремонт во команда на Корпус (1965 -1968);
- Заменик и командант на техничко - наставен центар во сараевска воена област (1968 - 1973);
- Комамдант на техничка армиска база во скопската армиска област (1975 - 1981);
- Помошник на командантот на Републички штаб за територијална одбрана на Р.Македонија за заднина (1982 - 1985);
- Помошник на командантот на скопската армиска област за заднина (1985 - 1986);
- Претседател на комитетот на СКЈ на скопската армиска област (1986 - 1988);
- Началник на оперативната управа во заднински сектор на Сојузниот Секретаријат за народна одбрана на СФРЈ (1988 - 1991).

**Major General**
**BOSHKOVSKI ALEKSANDAR**

He was born on February 1, 1933, in Prilep, the Republic of Macedonia. He was married to his wife Silva from 1955 and is the father of three children.

He completed his elementary education in Prilep in 1948, after which he went on to be educated at the Active Signals Officer School – technical department in Zrenjanin and Shkofja Lokavo in 1951. In 1974, he completed the Command and Staff College - technical department in Belgrade, and the National Defense School in 1978.

He was promoted to the rank of Second Lieutenant in 1951. In 1955, he was promoted to the higher rank, Lieutenant, and in 1959, to the rank of Captain. In 1962, he was promoted to the rank of Captain 1st Class, and in 1966, to the rank of Major. In 1971, he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel, and in 1977 to the rank of Colonel. In 1987, he was promoted to the rank of .

- In the course of his career he was appointed on duty in various garrisons throughout Yugoslavia including: Belgrade (1951 - 1954), Osijek (1954), Slavonska Pozega (1954-1959), Slavonski Brod (1959-1964), again Osijek (1964-1968) , Travnik (1968 - 1974), Skopje (1974 - 1988) and once again, in the garrison Belgrade (1988 - 1991), performing a number of duties:
  - Technical Platoon Commander (1951 - 1957);
  - Head in Military Technical Repair Workshop (1958 - 1964);
  - Chief of Department for Repair in the Corps Command (1965 - 1968);
  - Deputy and the Commander of the Technical Educational Center in the Sarajevo military area (1968 - 1973);
  - Commander of Technical Military Base in the Skopje military area (1975 - 1981);
  - Assistant Commander of the Republican Headquarters for Territorial Defense of the Republic of Macedonia, rear support (1982 - 1985);
  - Assistant Commander of the Skopje military area, rear support (1985 - 1986);
  - Chairman of the League of Communists of Yugoslavia (LCY) in the Skopje military area (1986 - 1988);
  - Chief of the Operational Bureau in the rear support of the Federal Secretariat for National Defense of Yugoslavia (1988-1991).

- Како потврда за неговите заложби во професионалната ангажираност како армиски офицер, честопати во својата служба добивал награди, пофалби и признанија, а меѓу останатото е одликуван и со:

  - Медал за воени заслуги, во 1959 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда, во 1969 година;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви, во 1973 година;
  - Орденза воени заслуги со златни мечеви, во 1978 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда, во 1984 година;
  - Орден за воени заслуги со голема ѕвезда, во 1989 година;
  - Одликуван е и со 5 спомен медали.




- Пензиониран е во 1991 година.

- In recognition of his efforts resulting from his professional involvement as an army officer, he often received awards, praise and honors, among other, he was decorated with:
    - Medal of Military Merit in 1959;
    - Order of the National Army Silver Star in 1969;
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1973;
    - Order of Military Merit with Golden Swords in 1978;
    - Order of the National Army with Golden Star in 1984;
    - Order of Military Merit with Big Star in 1989;
    - He was awarded 5 commemorative medals.

- He retired in 1991.

**бригаден генерал**
**д-р ВАНЕВСКИ МЕТОДИЈА**





Роден е на 13 јуни 1943 година во Битола, Р.Македонија, од татко Никола (занаетчија) и мајка Нада (домаќинка). Оженет бил со сопругата Параскева, со која има две деца, ќерка Константина (1970) и син Вангел (1978).

По завршувањето на основното образование, неговиот образовен процес продолжил на Битолската гимназија, која ја завршил во 1962 година, по што продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА и успешно ја завршил во 1965 година. Командно-штабна академија на Военото воздухопловство и противвоздушна одбрана завршил во 1985 година, а Школа за национална безбедност и одбрана завршил на Националниот универзитет за одбрана во Вашингтон (САД) во 1997 година (бил првиот офицер во историјата на Р. Македонија кој дипломирал на најпрестижниот генералски колеџ во САД со највисоки почести, ниво на докторат).

Произведен е во чин потпоручник на воздухопловна техничка служба во 1965 година, а во непосредно повисок чин, поручник е унапреден во 1968 година. Следеле унапредувања, во чин капетан во 1971 година, во чин капетан 1. класа во 1974 година, во чин мајор во 1979 година, во чин потполковник во 1985 година, во чин полковник во 1993 година и во чин бригаден генерал бил унапреден во 2000 година.

- Во својата кариера службувал во неколку различни гарнизони како припадник на ЈНА, а подоцна и на АРМ, и тоа во: Рајловац (1965 - 1974), Битола (1974 - 1979), Ниш (1986 - 1989) и на два пати Скопје (1979 - 1986 и 1989 - 2002). Во професионалниот ангажман како армиски офицер извршувал повеќе должности:
  - Командир на одделение во радарски вод (1965 - 1968);
  - Офицер за наведување (1968 - 1976);
  - Командир на чета (1976 - 1978);
  - Заменик на командант на баталјон (1978 - 1982);
  - Командант на баталјон (1982 - 1986);
  - Помошник на началникот на отсекот за воздушно набљудување и јавување (1982 - 1986);
  - Началник на одделение во Управата за противвоздушна одбрана во Генералштабот на АРМ (1986 - 1992);
  - Началник на Управата за воено воздухопловство и противвоздушна одбрана во Генералштабот на АРМ (1992 - 1997);
  - Воено аташе (прв Воено аташе на Р. Македонија во САД и Канада) (1997 - 2002).

**Brigadier General**
**VANEVSKI METODIJA, Ph.D.**

He was born in June 13, 1943, in Bitola, Macedonia, to father Nikola (craftsman) and mother Nada (housewife). He was married to his wife Paraskeva, with whom he has two two children, daughter Konstantina (1970) and son Vangel (1978).

After completing his primary education, he continued his education in the Secondary School-Gymnasium in Bitola, where he graduated in 1962. After graduating from Secondary school, he enrolled at the YNA Military Academy of the Land Forces and graduated with honours in 1965. In 2985, he completed the Command and Staff College of the Air Force and Air Defense, and the National Security and Defense School, at the National Defense University in Washington (USA) in 1997 (he was the first officer in the history of Macedonia who graduated from this prestigious Generals College in the US with the highest honors, on a doctorate level).

He became Second Lieutenant in the Air Force Technical Service in 1965, and in 1968 he was promoted to the higher rank, Lieutenant. In 1971, he was promoted to the rank of Captain, and in 1974 to the rank of Captain 1st Class. In 1979 he was promoted to the rank of Major, and in 1985 to the rank of Lieutenant Colonel. In 1993, he was promoted to the rank of Colonel, and in 2000 to the rank of Brigadier General.

- In the course of his career he was appointed on duty in several different garrisons as a member of the YNA, and later the ARM, as follows: Rajlovac (1965 - 1974), Bitola (1974 - 1979), Nish (1986 - 1989) and twice Skopje (1979 - 1986 and 1989 - 2002). In his professional engagement as an army officer, he performed several duties:
  - Section Commander in the Radar Platoon (1965 - 1968);
  - Forward Air Controller (1968 - 1976);
  - Company Commander (1976 - 1978);
  - Deputy Battalion Commander (1978 - 1982);
  - Battalion Commander (1982 - 1986);
  - Assistant Chief of the Air Surveillance and Reporting Section (1982 - 1986);
  - Chief of Section in the Air Defence Bureau of the ARM General Staff (1986 - 1992);
  - Chief of the Air Force and Air Defense Bureau in the ARM General Staff (1992 - 1997);
  - Military Attache (first Military Attache of the Republic of Macedonia to the US and Canada) (1997-2002).

- Поради неговите професионални заложби и постојани успеси во извршувањето на задачите и обврските во текот на службата, повеќепати добивал награди и признанија, а исто така одликуван е со:

  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви, во 1969 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда, во 1979 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви, во 1984 година;
  - Орден на трудот со златен венец, во 1990 година и други.




- Како дел од неговата стручна наобразба и надградба, вонредно се образувал во Европскиот центар за студии за безбедност „Џорџ Маршал” во Гармиш-Партенкирхен, Германија, во 1996 година.

- Пензиониран е во април 2002 година, а починал на 29.06.2005 година.

- For his professional commitment and continuous success in executing his tasks in the service, he received a number of awards, and was also honored with:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1969;
  - Order of the National Army with Silver Star in 1979;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1984;
  - Order of Labor with Golden Crown in 1990 and others.
- As part of his vocational training and upgrading, he was also educated at the European Center for Security Studies "George Marshall" in Garmisch-Partenkirchen, Germany, in 1996.
- He retired in April 2002, and died on 29.06.2005.

## генерал-потполковник
## ВЕЛИЧКОВСКИ МЕТОДИЈА





Роден е на 11 мај 1966 година во Скопје, Р.Македонија, од мајка Стојна и татко Добре. Оженет е со сопругата Маја, со која имаат и две ќерки, Магдалена (1992) и Јована (2002).

Своето средно образование го завршил во Белград на Општата средна воена школа во 1984 година, по што продолжил да се образува на Воената академија на Копнената војска на ЈНА, насока „инженерија" и истата ја завршил во 1988 година. Командно-штабна академија завршил во 2000 година во Скопје, а Школа за национална одбрана завршил во Софија, Р.Бугарија во 2006 година.

Во 1988 година е произведен во чин инженериски потпоручник, а во чин поручник е унапреден во 1989 година. Во 1993 година е унапреден во чин капетан, во чин капетан 1. класа во 1996 година (вонредно), а во чин мајор во 2000 година. Повторно вонредно, во чин потполковник е унапреден во 2001 година, во чин полковник во 2006 година, а бригаден генерал станал во 2011 година. Две години подоцна, во 2013 година е унапреден во чин генерал-мајор и од 2015 година е генерал-потполковник, кога е назначен и за началник на Генералштабот на АРМ.

- Во досегашната кариера службувал во два различни гарнизони на ЈНА, во Прокупље (1988 - 1991) и Загреб (1991), а по осамостојувањето на Р.Македонија и основањето на АРМ, како нејзин припадник бил на служба во: Штип (2006 - 2009), Кичево (2009 - 2012), Куманово (2012 - 2015) и на два пати гарнизон Скопје, во периодот од 1991 до 2006 година и повторно, од 2015 година. Во досегашната служба извршувал повеќе различни должности, како:
  - Командир на вод (1988 - 1991);
  - Командир на инженериска чета (1991 - 1995);
  - Началник на инженерија во гардиска бригада (1995 - 2000);
  - Командант на инженериски баталјон (2000 - 2001);
  - Началник на одделение за инженерија во штаб на мировна бригада (2001 - 2004);
  - Началник на С-7 во Штабот на бригадата на Југоисточна Европа „SEEBRIG" (2002 - 2004);
  - Началник на Штаб и заменик-командант во инженериски полк (2004);
  - Командант на инженериски полк (2004 - 2006);
  - Заменик-командант на бригада (2006 - 2009);
  - Командант на механизирана пешадиска бригада (2009 - 2012);
  - Командант на Здружена оперативна команда (2012 - 2015);
  - За началник на ГШ на АРМ е назначен во 2015 година.

**Lieutenant General**
**VELICHKOVSKI METODIJA**

He was born May 11, 1966, in Skopje, the Republic of Macedonia, to mother Stojna and father Dobre. He is married to his wife Maja, and has two daughters, Magdalena (1992) and Jovana (2002).

He completed his secondary education at the Belgrade General Military Secondary School, in 1984, after which he continued his education at the YNA Military Academy of the Land Forces, Engineering Department and graduated in 1988. He graduated from the Command and Staff College in 2000, in Skopje, and from the National Defense School in Sofia, Bulgaria, in 2006.

In 1988, he was promoted to the rank of Second Lieutenant Engineer, and into the rank of Lieutenant in 1989. In 1993, he was promoted to the rank of Captain, and in 1996 (early) to the rank of Captain 1st Class, and to Major, in 2000. In 2001, he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel(early), and in 2006 to the rank of Colonel. In 2011, he became a Brigadier General. Two years later, in 2013, he was promoted to the rank of , and in 2015 he became Lieutenant General, when he was appointed as ARM Chief of the General Staff.

- In his career to date, he was appointed on duty in two different garrisons of the YNA, in Prokuplje (1988 - 1991) and Zagreb (1991), and after the independence of the Republic of Macedonia and the establishment of the Army of the Republic of Macedonia (ARM), as a member of the ARM he served in Shtip (2006-2009), Kichevo (2009 - 2012), Kumanovo (2012 - 2015) and twice in the garrison Skopje in the period from 1991 to 2006 and again from 2015. In the course of his service to date, he performed many different duties, such as:
    - Platoon Commander (1988 - 1991);
    - Engineer Company Commander (1991 - 1995);
    - Chief of Engineering in the Guards Brigade (1995 - 2000);
    - Engineer Battalion Commander (2000 - 2001);
    - Chief of Engineer Section in the Peace Brigade Headquarters (2001 -2004);
    - Chief of S-7 in the SEEBRIG HQ (2002-2004);
    - Chief of Staff and Deputy Commander of the Engineer Regiment (2004);
    - Engineer Regiment Commander (2004 - 2006);
    - Deputy Brigade Commander (2006 - 2009);
    - Mechanized Infantry Brigade Commander (2009 - 2012);
    - Commander of Joint Operations Command (2012 - 2015);
    - In 2015, he was appointed as Chief of the General Staff, and he is still performing this duty.

- Во досегашната служба, како потврда за неговата професионалност и залагање во остварување на задачите и обврските произлезени од сите должности кои ги извршувал, добивал и бројни признанија и пофалби. Меѓу другото е награден и со:

  - Сребрена значка за долгогодишна служба во АРМ;
  - Средна плакета на АРМ;
  - Одликување од Армијата на САД во 2003 година;
  - Одликување од Армијата на Р.Бугарија во 2003 година;
  - Медал од командантот на „SEEBRIG“ во 2003 година;
  - Орден за заслуги од Советот на меѓународни воени спортови (CISM).




- Автор е на два стручно-специјалистички труда, „Рационализација на борбените документи на Началникот на инженерија во здружено тактичките единици”, труд кој воедно е и дипломска работа за КША и „Стратегиско раководење во одбраната и вооружените сили”, дипломска работа за ШНО.

- Како дел од своето стручно усовршување и надградување, завршил и Курс за команданти на баталјони во 1996 година во Германија, како и Колеџ за интернационални и безбедносни студии „Лидери на 21 век”, во Џорџ Маршаловиот центар во 2001 година.

- Во процесот на разрешување на кризата во поранешна Југославија, во почетокот на деведесеттите години на минатиот век учествувал во процесите на разминирање на одредени области во кризните подрачја.

- In the course of his service, as a proof of his professionalism and commitment in fulfilling the tasks and obligations arising from all duties that he has performed, he received numerous tributes. Among other, he has been rewarded with:
    - Silver badge for long-years of service in the ARM;
    - ARM Medium Plaque;
    - Decoration from the US Army in 2003;
    - Decoration from the Army of the Republic of Bulgaria in 2003;
    - A medal from the SEEBRIG Commander in 2003;
    - Order of Merit from the International Council of Military Sports (CISM).

- He is the author of two expert-specialized papers, "Rationalization of combat documents of the Chief of Engineering in joint tactical units", a paper which was his graduate thesis at the CSA and the paper "Strategic management in defense and armed forces", a graduate thesis at the NDS.

- As part of his professional development and upgrading, he completed the Battalion Commander Course in 1996, in Germany, and the College for International and Security Studies "Leaders of the 21st Century", at the George Marshall Center in 2001.

- In the process of resolving the crisis in the former Yugoslavia in the early nineties of the last century, he took part in the processes of demining certain areas in the crisis areas.

**генерал-мајор**
**ВЕРОНОСКИ ПЕТАР**



Роден е на 21 мај 1932 година во Охрид, од мајка Фросина и татко Спиро. Оженет е и татко е на две деца (син и ќерка), од кои има три внуци, а од нив и три правнуци.

Основно образование и гимназија завршил во својот роден град, по што продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА и истата ја завршил во 1952 година. Командно-штабна академија завршил во 1964 година, а Школа за национална одбрана завршил во 1974 година.



Кариерата ја започнал во чин потпоручник во 1952 година, а во чин поручник бил унапреден во 1954 година. Во чин капетан во 1957 година, во чин капетан 1 класа во 1959 година, а во чин мајор во 1964 година. Во 1971 година е унапреден во чин потполковник, а подоцна бил унапреден и во чин полковник, а неколку години подоцна, во 1989 година, и во чин генерал-мајор.

- Својата служба ја извршувал во повеќе различни гарнизони како офицер на ЈНА, и тоа во гарнизоните: Цеље (1952 - 1961), Пивка (1964 - 1967), Марибор (1967 - 1973), Скопје (1973 - 1974), Струмица (1974 - 1979), Куманово (1979 - 1980), Битола (1980 - 1985) и повторно во гарнизон Скопје, од 1985 година, па се до неговото пензионирање во 1991 година. Во својата кариера извршувал повеќе должности, како:
  - Командир на вод;
  - Командир на специјална единица;
  - Началник за безбедност во дивизија;
  - Командант на баталјон;
  - Началник на штаб на дивизија;
  - Началник на штаб на бригада;
  - Началник на одделение за борбена готовност во 3. Армија;
  - Командант на дивизија;
  - Командант на одбрана на град Скопје;
  - Началник на Републички штаб на Р.Македонија.

**Major General**
**VERONOSKI PETAR**

He was born on May 21, 1932, in Ohrid, to mother Frosina and father Spiro. He was married and is the father of two children (son and daughter). He has three grandchildren and three great-grandchildren.

He completed his primary and secondary education in his hometown, after which he continued at the YNA Military Academy of the Land Forces and graduated in 1952. He graduated from the Command and Staff College in 1964, and the National Defense School in 1974.

He began his career in the rank of Second Lieutenant in 1952, and was promoted to the rank of Lieutenant in 1954. In 1957 he was promoted to the rank of Captain, in 1959 to the rank of Captain 1st Class, and in 1964 to the rank of Major. In 1971, he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel and later he was promoted in the rank of Colonel. Several years later, in 1989, he was promoted into the rank of Major General.

- He performed his service in various garrisons as a YNA officer, i.e. in the following garrisons: Celje (1952 - 1961), Pivka (1964 - 1967), Maribor (1967 - 1973), Skopje (1973 - 1974), Strumica (1974 - 1979), Kumanovo (1979-1980), Bitola (1980-1985) and again in the Skopje garrison from 1985 until his retirement in 1991. In his career he performed several duties, such as:
  - Platoon Commander;
  - Special Unit Commander;
  - Chief of Security in the Division;
  - Battalion Commander;
  - Chief of Staff of the Division;
  - Chief of Staff of the Brigade;
  - Chief of Section for Combat Readiness in the 3rd Army;
  - Division Commander;
  - Commander of the Defense of the City of Skopje;
  - Chief of Staff of the Republic of Macedonia.

Во неговата професионална кариера многупати бил наградуван и пофалуван, повеќепати добивал признанија за својата служба, а меѓу другото е одликуван и со:

- Орден на Републиката со сребрен венец;
- Орден на братството и единството со сребрен венец;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви;
- Медал за војнички вештини;
- Медал за 20 години ЈНА;
- Медал за 30 години ЈНА;
- Медал на трудот;
- Медал за 40 години ЈНА;
- Медал за 30 години од победата над фашизмот.



- In his professional career he was often rewarded and decorated, receiving several awards for his service, and among other, he was decorated with:
  - Order of the Republic with Silver Crown;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown;
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Order of Military Merit with Golden Swords;
  - Order of the National Army with Silver Star;
  - Order of Military Merit with Silver Swords;
  - Medal of Military Skills;
  - Medal for 20 years YNA;
  - Medal for 30 years YNA;
  - Medal of labor;
  - Medal for 40 years YNA;
  - Medal for 30 years of the victory over fascism.

**генерал-потполковник**
**ГАЗАФЕР АДИЛ**





Роден е на 05 декември 1947 година во Струга, Р.Македонија од татко Беџет и мајка Фатиме. Оженет е со сопругата Мусуре и во брак се од 1973 година. Татко е на два сина, Агрон и Сунај.

Своето образование го започнал во родната Струга, каде покрај основното образование, завршил и Гимназија. Во 1968 година продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА и истата ја завршил во 1972 година. Командно-штабна академија (КША) на Копнената војска завршил во 1984 година, а Школа за национална одбрана (ШНО) завршил во 1996 година во Инстанбул, Р.Турција.

Офицерската кариера ја започнал во чин пешадиски потпоручник во 1972 година. Во чин поручник бил унапреден во 1974 година, во чин капетан во 1977 година, во чин капетан 1. класа во 1979 година, во чин мајор во 1983 година, а во чин потполковник е унапреден во 1988 година. Во чин полковник е унапреден во 1994 година, во чин бригаден генерал во 2000 година, во чин генерал-мајор во 2003 година и последното унапредување било во 2007 година, кога е унапреден во чин генерал-потполковник.

- Во својата кариера, како офицер на ЈНА, службувал во Ниш (1972 - 1983) и Приштина (1983 - 1992), а како припадник на АРМ во гарнизоните: Велес (1996 - 2000), Штип (2000 - 2001) и на два пати Скопје (1992 - 1996 и 2003 - 2008), извршувајќи повеќе должности:
  - Командир на вод (1972 - 1974);
  - Командир на чета (1974 - 1980);
  - Заменик-командант, воедно и помошник на командантот за планирање (1980 - 1981);
  - Наставник во Центарот за обука на територијална одбрана за Социјалистичка Автономна Покраина Косово (1981 - 1984);
  - Командант на баталјон (1984 - 1986);
  - Командант на полк (1986 - 1989);
  - Инспектор за одбранбени подготовки за Народна одбрана на Социјалистичка Автономна Покраина Косово (1989 - 1992);
  - Командант на 16. пешадиска бригада во 3. Армиски корпус на АРМ (1992 - 1994);
  - Заменик на командантот за гарнизони и станбени работи (1994 - 1996);
  - Командант на Центарот за обука на граничари (1996 - 2000);
  - Командант на 1. пешадиска бригада (2000 - 2001);
  - Заменик на командантот на Команда за обука (2001- 2002);
  - Командант на Команда за обука (2002 - 2003);

**Lieutenant General**
**GAZAFER ADIL**

He was born on December 5, 1947 in Struga, Macedonia to father Bexhet and mother Fatime. He has been married to his wife Musure since 1973, and is the father of two sons, Agron and Sunay.

He started his education in his native Struga, where after his primary education, he completed his secondary education. In 1968, he continued to the YNA Military Academy of Land Forces and graduated in 1972. He graduated from the Command and Staff Academy (CSA) of the Land Forces in 1984, and from the National Defense School (NDS) in 1996, in Istanbul, Turkey.

He began his officer's career in the rank of Infantry Second Lieutenant in 1972. He was promoted to the rank Lieutenant in 1974, and to the rank of Captain in 1977. In 1979, he was promoted to the rank of Captain 1st Class, and in 1983, to the rank of Major. In 1988, he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel. In 1994, he was promoted to the rank of Colonel, and in 2000, to the rank of Brigadier General. In 2003, he was promoted to the rank of , and his last promotion was in 2007, when he was promoted to the rank of Lieutenant General.

- In the course of his career as an officer of the YNA, he was appointed on duty in Nish (1972 - 1983) and Prishtina (1983 - 1992) and as a member of the ARM garrisons in Veles (1996 - 2000), Shtip (2000 - 2001) and two times in Skopje (1992 - 1996 and 2003 - 2008), performing several duties:
  - Platoon Commander (1972 - 1974);
  - Company Commander (1974 - 1980);
  - Deputy Commander, also Assistant Commander for Planning (1980 - 1981);
  - Teacher at the Training Center for Territorial Defense of the Socialist Autonomous Province of Kosovo (1981 - 1984);
  - Battalion Commander (1984 - 1986);
  - Regiment Commander (1986 - 1989);
  - Inspector of Defense Preparation for National Defense of the Socialist Autonomous Province of Kosovo (1989 - 1992);
  - Commander of the 16th Infantry Brigade in the 3rd Army Corps of the ARM (1992-1994);
  - Deputy Commander for Garrisons and Housing (1994 - 1996);
  - Commander of the Border Guards Training Center (1996 - 2000);
  - Commander of the 1st Infantry Brigade (2000-2001);
  - Deputy Commander of Training Command (2001 - 2002);
  - Commander of the Training Command (2002 - 2003);
  - Deputy Chief of the ARM General Staff (2003-2008).

- Заменик на началникот на Генералштабот на АРМ (2003 - 2008).

- Неколкупати во својата професионална служба бил предвремено унапредуван, а повеќепати добивал пофалби, награди, признанија и други стимулативни мерки, како потврда за неговата успешна офицерска кариера. Меѓу другото е одликуван и со три ордени:

  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1975 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1981 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1986 година.




- Автор е на трудот „Тактиката како оперативна вештина, тактички знаци и симболи".

- Исто така, автор е, и на стручно-специјалистичките трудови: „Зајакната пешадиска бригада во напад", кој му е дипломски труд за КША и дипломскиот труд за ШНО, „Македонија во рамките на Балканот, 1. Сегашна политичко-економска ситуација и армиска состојба, 2. Во контекст на геостратегиската положба и опкружување, во која насока ќе се развива државата и каква организациска структура ќе има армијата во иднина".

- Пензиониран е во септември 2008 година.

- Several times in his professional service he was promoted early, and received tributes, prizes, awards and other incentives, as proof of his successful career as officer. Among other things, he was decorated with three medals:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1975;
  - Order of National Army with Silver Star in 1981;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1986.

- He is the author of the paper "Tactics as an operational skill, tactical signs and symbols".

- Also, he is author of expert-specialist papers: "Enhanced Infantry Brigade Attack", which is his graduate thesis at the CSA and his graduate thesis for the NDS "Macedonia in the Balkans - 1. The current political and economic situation and military status, 2. in the context of its geostrategic position and environment, and the direction the country will develop and the type of organizational structure the army will have in the future".

- He retired in 2008.

**бригаден генерал**
**ГАЛАЗОВСКИ КИРО**





Роден е на 19 јули 1957 година во Пехчево, Република Македонија, од мајка Марија и татко Стајо. Во брак е со сопругата Весна од 1980 година, со која има две деца, син Стојче (1980) и ќерка Мирела (1983).

Воена гимназија завршил во Белград во 1976 година, Воена академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1980 година, насока артилерија, а Командно-штабна академија завршил на Воената академија во Скопје, во 2002 година. Ратна школа завршил во Загреб во 2006 година.

Произведен е во чин артилериски потпоручник во 1980 година. Во чин поручник е унапреден во 1981 година, во чин капетан во 1984 година, капетан 1. класа во 1989 година, во чин мајор во 1994 година, во чин потполковник во 1999 година, во чин полковник во 2003 година и во чин бригаден генерал е унапреден во 2007 година.

Во својата кариера службувал во два гарнизони како офицер во ЈНА, и тоа, Ријека (1980 - 1991) и Калиновик (1991 - 1992), по што продолжил во три гарнизони на АРМ: Штип (1992 - 1998, 2000 - 2006 и 2008 година), гарнизон Куманово (1998 - 2000 и 2008 - 2012) и Кичево (2006 - 2008). Во текот на службата извршувал повеќе командни и штабни должности, како:

- Командир на вод (1980 - 1982);
- Командир на батерија (1982 - 1986);
- Референт за оперативно-наставни работи (1986 - 1992);
- Помошник на командантот за Организациско-мобилизациски и персонални работи (1992 - 1998);
- Помошник на командантот за логистика (1998 - 2000);
- Началник на С-1 и С-4 во бригада (2000 - 2001);
- Началник на штаб во бригада (2001 - 2003);
- Заменик-командант на бригада (2003 - 2006);
- Командант на бригада (2006 - 2008);
- Заменик на командантот на ЗОК (2008 - 2011);
- Застапник на командантот на ЗОК (2011 - 2012).

**Brigadier General**
**GALAZOVSKI KIRO**

He was born on July 19, 1957, in Pehcevo, the Republic of Macedonia, to mother Marija and father Stajo. He has been married with his wife Vesna since 1980, with whom he has two children, a son Stojche (1980) and daughter Mirela (1983).

He graduated from the Military Secondary School in Belgrade in 1976, after which he enrolled at the YNA Military Academy of the Land Forces and graduated in 1980, in the artillery department. He completed his education at the Command and Staff College at the Military Academy in Skopje, in 2002. In 2006, he graduated from the War School in Zagreb.

He was promoted to the rank of Artillery Second Lieutenant in 1980. In 1981, he was promoted to the rank of Lieutenant, in 1984 to the rank of Captain, in 1989, to the rank of Captain 1st Class, in 1994 to the rank of Major, in 1999 to the rank of Lieutenant Colonel, and in 2003 to the rank of Colonel. In 2007, he was promoted to the rank of Brigadier General.

- In the course of his career he was appointed on duty in two garrisons as an officer in the YNA, i.e. Rijeka (1980 - 1991) and Kalinovik (1991 - 1992), after which he continued in three garrisons of the ARM: Shtip (1992 - 1998, 2000 - 2006 and 2008), Kumanovo garrison (1998 - 2000 and 2008 - 2012) and Kichevo (2006-2008). During his service he performed several command and staff duties such as:
  - Platoon Commander (1980 - 1982);
  - Battery Commander (1982 - 1986);
  - Officer for Operational and Practical Matters (1986 - 1992);
  - Assistant Commander for Organization, Mobilization and Personnel (1992 - 1998);
  - Assistant Logistics Commander (1998 - 2000);
  - Chief of C-1 and C-4 in the Brigade (2000-2001);
  - Chief of Staff in the Brigade (2001 - 2003);
  - Deputy Brigade Commander (2003 - 2006);
  - Brigade Commander (2006 - 2008);
  - Deputy Commander of the Joint Operational Command (2008 - 2011);
  - Commander of the Joint Operational Command (2011 - 2012).

- Како потврда за неговата професионалност и безрезервно залагање во извршувањето на задачите и обврските произлезени од службените должности кои ги извршувал, генералот Галазовски низ целокупниот свој работен век како висок армиски офицер, добивал бројни признанија, пофалби, награди и други стимулативни мерки. Меѓу другото, одликуван е со:

  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви;
  - Медал за воени заслуги;
  - Медал за 40 години ЈНА;
  - Медал за 50 години ЈНА.




- Исто така, награден е, и со:

  - Плакета на АРМ од началникот на Генералштабот на АРМ во 2012 година и
  - Значка на АРМ за долгогодишна служба.




- Пензиониран е во октомври 2012 година.

- In recognition for his professionalism and unreserved commitment in the execution of his tasks arising from the official duties performed, General Galazovski, throughout his entire working life as a senior army officer, received numerous awards, praise, rewards and other incentives. Among other things, he was decorated with:
  - Order of Military Merit with Silver Swords;
  - Medal of Military Merit;
  - Medal for 40 years YNA;
  - Medal for 50 years YNA.
- He was also awarded with:
  - Plaque of the ARM Chief of the General Staff in 2012;
  - Badge of the ARM for long-years of service;
- He retired in October 2012.

**генерал-мајор**
**проф. д-р ДАМЈАНОВСКИ РИСТО**





Роден е на 25 мај 1937 година во село Доленци, Демир Хисар, Р.Македонија. Оженет е со сопругата Гордана, со која имаат две деца, ќерка Билјана и син Зоран, од кои пак имаат внуци, Сашка, Јасмина, Мартина, Стефанија и Христо.

Основно образование завршил во родното село Доленци, по што продолжил во средно земјоделско училиште во Битола, кое успешно го завршил во 1954 година. Интендантска Воена академија завршил во 1960 година, а во 1968 година завршил политичка школа на ЈНА во Белград. Висока военополитичка академија завршил во 1972 година, по што заминал на постдипломски студии во Белград, на меѓународни политички и воени односи. Подоцна, докторирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методи" во Скопје.

Во чин на интендантски потпоручник е произведен во 1960 година, а потоа редовно, редоследно е унапредуван до чин резервен генерал-мајор, и така е пензиониран во ноември 1994 година.

- Во својата кариера службувал во повеќе различни гарнизони на ЈНА и АРМ, каде извршувал значајни командни должности:
  - Командир на вод (1960 - 1963);
  - Командир на чета (1963 - 1965);
  - Референт за интендантска служба во команда на воено подрачје (1965 - 1966);
  - Началник на интендантска служба на полк, бригада и управник на складишна група на материјални резерви на Врховна команда (1966 - 1972);
  - Началник на Дом на ЈНА во Битола (1972 - 1975);
  - Помошник на командантот за Морално-политичко воспитување на полк (1975 - 1978);
  - Секретар на Комитет на Сојузот на комунисти (1978 - 1979);
  - Помошник на командантот на дивизија за политичко-правни работи (1979 - 1983);
  - Помошник на командантот за територијална одбрана на Македонија, за кадровско-персонални и политичко-правни прашања (1983 - 1988);
  - Помошник на началникот на 3. армиска област (1988 - 1989);
  - Член на извршниот совет на Р. Македонија (1989);
  - Републички секретар за општо-народна одбрана (1990);
  - Член на експертската влада на Р. Македонија и прв министер за одбрана на Р.Македонија (1991 - 1992);
  - Началник на установата за образование на воени старешини (1992 - 1994).

- Во текот на својата богата кариера, генералот Дамјановски извршувал високи општествени функции. Бил одборник-советник во повеќе општини, пратеник во Републичкото собрание на СРМ, Претседател на одборот за внатрешна политика и одбрана, член на повеќе работни тела и член на Централниот комитет на Сојузот на комунисти на Македонија (ЦКСКМ). Бил член и на советот за научно-истражувачка работа на Вооружените сили на СФРЈ.

**Major General**
**DAMJANOVSKI RISTO, Ph.D.**

He was born May 25, 1937, in the village Dolenci, Demir Hisar, the Republic of Macedonia. He is married to wife Gordana, and has two children, a daughter and son, Biljana and Zoran, and five grandchildren, Sashka, Jasmina, Martina, Stefanija and Hristo.

He completed his primary education in his native village Dolenci, after which he continued in the Secondary Agricultural School in Bitola, which he successfully completed in 1954. He graduated at the Quartermaster Military Academy in 1960 and in 1968 completed the political school of the YNA in Belgrade. He finished the Senior Military and Political Academy in 1972, after which he enrolled for post-graduate studies in Belgrade, in International Political and Military Relations. Later, he received a PhD at the University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje.

He was promoted into the rank of Lieutenant Quartermaster in 1960, after which he received regular promotions up to the rank of Reserve . He retired in November 1994.

- In the course of his career he was on appointed on duty in different garrisons of the YNA and the ARM, where he performed important command duties:
  - Platoon Commander (1960 - 1963);
  - Company Commander (1963 - 1965);
  - Officer for Quartermaster Service in the military area command (1965 - 1966);
  - Chief of the Quartermaster Service of the Regiment, Brigade and Manager of the storage group of material reserves of the Supreme Command (1966 - 1972);
  - Chief of the Army House in Bitola (1972 - 1975);
  - Assistant Commander for Moral and Political Education of the Regiment (1975 - 1978);
  - Secretary of the LC Committee (1978 - 1979);
  - Assistant Division Commander for Political and Legal Affairs (1979 - 1983);
  - Assistant Commander for Territorial Defense of Macedonia, for Personnel, Political and Legal Issues (1983 - 1988);
  - Assistant Chief of the 3rd military area (1988-1989);
  - Member of the Executive Council of the Republic of Macedonia (1989);
  - Republic Secretary for General National Defense (1990);
  - Member of the Expert Government of the Republic of Macedonia and the first Minister of Defense of the Republic Macedonia (1991 - 1992);
  - Chief of the institution for education of military officers (1992-1994).

- During his extensive career, General Damjanovski held various community functions. He was the councilor and advisor to several municipalities, Member of Parliament of the SRM, Chairman of the Board for Internal Policy and Defense, member of several committees and a member of the Central Committee of the League of Communists of Macedonia (CKSKM). He was a member of the Council for Scientific Research of the Armed Forces of the Social Federal Republic of Yugoslavia.

- Во АРМ, раководел со проектот за военото школство и бил член на Републичката комисија за верификација на Воената академија во висока воено-научна институција. Бил вонреден професор на повеќе факултети на Универзитетите во Скопје и во Битола.

- За своите професионални заложби многупати во текот на долгогодишната служба добивал признанија за неговата стручност во областите за кои бил специјализиран низ процесите на неговото образование и усовршување. Меѓу другото, добитник е на наградата „4-ти ноември”, највисокото општествено признание за значајни остварувања во општествено-политичкиот живот и посебен придонес за развојот на општина Битола и државата. Одликуван е со: орден на Народната армија со златен венец, орден на трудот со златен венец, орден за воени заслуги со златни мечеви, орден на трудот со сребрен венец, орден на братството и единството со златен венец, орден на Народната армија со сребрена ѕвезда, орден за воени заслуги со сребрени мечеви, орден на југословенското знаме со златен венец, орден на југословенската голема ѕвезда, медал за воени заслуги, медал за 20 години ЈНА, медал за 30 години ЈНА, медал за 30 години од победата над фашизмот, медал за 40 години ЈНА и медал за 50 години ЈНА.




- Автор е на книгата „Востаната Македонија” во 2001 година, а објавил и преку 50 научно-стручни труови во рамките на двата Универзитети на кои бил професор, Друштвото за наука од Битола, Институтот за Национална историја, Македонската академија на науките и уметностите, во низа стручни списанија на ЈНА, како и поголем број фељтони и колумни со воено-политички, историски и др. содржини, објавени во дневниот печат.

- По пензионирањето, од 1995 година активно се вклучил во повеќе невладини организации и здруженија, а во периодот од 2004 до 2005 година бил Претседател на Собранието и Извршниот одбор на Организацијата на резервните воени старешини на Р.Македонија.

- Денес, со семејството живее во Скопје и Битола.

- In the ARM, he led the project for military education and was a member of the Committee for verification of the Military Academy into a higher military and scientific institution. He was an Associate Professor in several faculties at the Universities in Skopje and Bitola.

- For his professional commitments, during the long service, he has received acclaim for his expertise in the areas he was specializes in, on many occasions, as a result of his education and training. Among other, he is the winner of the prize "November 4", the highest public recognition for achievements in the social and political life and outstanding contribution to the development of the municipality of Bitola and the country. He was awarded with:

  - Medal of the National Army with Golden Crown;
  - Order of Labor with Golden Wreath;
  - Order of Military Merit with Golden Swords;
  - Order of Labor with Silver Wreath;
  - Order of Brotherhood and Unity with Golden Wreath;
  - Order of the National Army with Silver Star;
  - Order of Military Merit with Silver Swords;
  - Order of the Yugoslav flag with Golden Wreath;
  - Order of the Yugoslav Big Star;
  - Medal of Military Merit;
  - Medal for 20 years of YNA;
  - Medal for 30 years of YNA;
  - Medal for 30 years of victory over fascism;
  - Medal for 40 years of YNA;
  - Medal for 50 years of YNA.

- He is the author of the book "Uprisings in Macedonia" in 2001, and he has published over 50 scientific and professional papers within the two Universities where he worked as a professor, the Scientific Association from Bitola, the Institute of National History, the Macedonian Academy of Sciences and Arts, several magazines of the YNA, as well as many articles and columns with military, political, historical and other contents published in daily newspapers.

- After retiring in 1995, he was actively involved in several NGOs and associations, and from 2004 to 2005, he was President of the Assembly and the Executive Board of the Reserve military officers of the Republic of Macedonia.

- Today, he lives with his family both in Skopje and Bitola.

**генерал-потполковник**
**ДЕМНИЕВСКИ АЛЕКСА - БАУМАН**





Роден е на 10 ноември 1905 година во Титов Велес, Македонија.

Пред Втората светска војна завршил четири класа Гимназија во родното место, а потоа заради егзистенција работел како чевларски работник. Од 1928 година до 1932 година живеел во Москва (СССР), каде завршил комунистички универзитет.

✰ Во 1924 година тој станал член на Работничката младина, а од 1926 година е член на Комунистичката партија на Југославија. Во 1928 година партијата го испраќа во СССР во Москва каде што го продолжува своето школување, а од 1932 година бил на разни политичко-просветни должности во СССР. Во периодот од 1934 до 1935 година бил помошник на политичкиот комесар во артилериски дивизион на Црвената Армија.

Од 1936 до 1939 година учествувал во шпанската национална ослободителна војна. Во октомври 1936 година, преку Перпињан стасал во Албасете, каде се наоѓала базата на интернационалните бригади и нивниот Главен штаб. Тука биле стационирани и повеќе претставници на одделни комунистички партии кои дејствувале под команда на Централниот комитет на Комунистичката партија на Шпанија. Демниевски бил распореден во службата за безбедност на Главниот штаб на Интернационалните бригади и е определен за инструктор за обука на новите доброволци.

✰ Во декември 1936 година е испратен на фронтот во реонот на Кордоба, на југот на Шпанија. Таму, во чин поручник, командува со мешовит митралески баталјон, како комесар на југословенската чета. Со југословенскиот баталјон „Георги Димитров" учествува во завземањето на гратчињата Велчита и Кинто, а за покажаниот хероизам баталјонот е пофален. Во септември 1937 година, од Штабот на дивизијата на генерал Клебер Штерн, Бауман е произведен во чин мајор и поставен за командант во 45. дивизија.

Подоцна, во 1938 година, кога се формирала прочуената 129. балканско-чехословачка интернационална бригада во чиј состав влегле баталјоните: „ЃуроЃаковиќ", „Ѓорѓи Димитров", „Масарик", една противтенковска батерија, една минофрлачка чета и еден ескадрон коњаница, Бауман е поставен и за командант на баталјонот „Ѓуро Ѓаковиќ". Во оваа војна два пати бил ранет, еднаш во битка кај Сарагоса, а вторит пат на Арагонскиот фронт кога му била и ампутирана едната нога и бил префрлен на Крим заради понатамошно лечење. По враќањето од лекување, во 1941 година извршува повеќе воени и политички должности во Москва.

**Lieutenant General**
**DEMNIEVSKI ALEKSA - BAUMAN**

He was born on November 10, 1905, in Titov Veles, Macedonia.

Before the Second World War he completed four classes of high school in his native town, after which he worked as a shoemaker to provide for his existence. From 1928 to 1932, he lived in Moscow, where he finished the Communist University.

✩ In 1924 he became a member of the Workers' Youth, and since 1926 a member of the Communist Party of Yugoslavia. In 1928, the party sent him in the USSR, in Moscow, where he continued his education, and since 1932, he held various political and educational duties in the USSR. In the period from 1934 to 1935 he was assistant political commissary in the artillery division of the Red Army.

From 1936 to 1939, he participated in the Spanish national liberation war. In October 1936, through Perpinjan, he arrived in Albacete, which was the base of the international brigades and their main headquarters. A number of representatives of certain communist parties acting under the command of the Central Committee of the Communist Party of Spain were located here. Demnievski was deployed in the security service of the Headquarters of the International Brigades and designated as an instructor for training new volunteers.

✩ In December 1936, he was sent to the front in the region of Cordoba in southern Spain. There, in the rank of Lieutenant, he commanded the combined machine-gun battalion, as a commissary of the Yugoslav company. Together with the Yugoslav battalion "Georgi Dimitrov", he participated in the capture of the Velchita and Quinto, demonstrating exceptional heroism for which his battalion was praised. In September 1937, the Headquarters Division of General Kleber Stern promoted Bauman in the rank of Major and appointed him Commander of the 45th Division.

Later, in 1938, when the famous 129th Balkan-Czechoslovak international brigade was established, "Georgi Dimitrov" comprised of the battalions "Djuro Djakovic", "Georgi Dimitrov", "Masarik", one anti-tank battery, one mortar company and one cavalry squadron, Bauman was appointed as battalion Commander of "Duro Gjakovic". In this war, he was twice wounded, once in the battle in Zaragoza, and again at the Aragon front, when his leg was amputated and was transferred to the Crimea for further treatment. After returning from treatment in 1941, he performed a number of military and political office duties in Moscow.

☆ Во декември 1944 година се вратил во Југославија како доброволец за приклучување кон Народноослободителното движење во Југославија и бил назначен за командант на 15. корпус на НОВЈ во чин полковник. Овој корпус, на 13 април 1945 година учествувал во ослободувањето на Винковци, Славонска Пожега, Славонски Брод, Загреб и Целје. Кон крајот на војната бил поставен за помошник на командантот на Петтата југословенска армија, која мирновременски, формациски била распоредена во Македонија со седиште во Скопје. По војната, добива чин генерал-потполковник и извршува високи и одговорни должности во Југословенската армија. Бил командант на заднината на 1.Армија, началник на Управата на вонармиско воспитување во Државниот Секретаријат за народна одбрана (ДСНО) и началник на одделението на 4. Управа. Во Државниот Секретаријат за народна одбрана на тогашната држава, Бауман учествувал во уредувањето на мирновременската концепција за изградба на Југословенската армија.

- По долго и тешко боледување, во 1961 година умира во Белград, во својата 56-та година од животот. Неговите живот и дело ќе останат засекогаш врежани во историјата на македонскиот народ како сведоштво на борбата на балканските народи за слобода.

- Заради неговиот придонес во Народноослободителната антифашистичка војна и заслугите во победата над фашизмот, за неговите организациони, раководни и командни способности, како и за неговото залагање и професионален однос во градењето и функционирањето на Југословенската армија во поствоениот период, носител е на бројни награди и признанија, југословенски и странски одликувања и медали, како:

  - Партизанска споменица од 1941;
  - Орден за заслуги за народ;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
  - Орден за храброст;
  - Орден на братството и единството со златен венец;
  - Орден за воени заслуги со голема ѕвезда;
  - Орден „Грундвалски крст” (одликување на Полска) и други.



☆ In December 1944, he returned to Yugoslavia as a volunteer to join the National Liberation Movement in Yugoslavia and was appointed Commander of the 15th Corps of National Liberation War of Yugoslavia (NOVJ) in the rank of Colonel. This Corpus, on April 13, 1945, participated in the liberation of Vinkovci, Slavonska Pozhega, Slavonski Brod, Zagreb and Celje. Towards the end of the war, he was appointed assistant to the Commander of the Fifth Yugoslav Army, which was deployed to Macedonia, Skopje in peace-time formation. After the war, he was promoted to the rank of Lieutenant General and performed senior and responsible duties in the Yugoslav army. He was the Commander of the rear support for the 1st Army, he was also the Chief of the Bureau for non-military education in the State Secretariat for National Defense (DSNO) and the Chief of Section of the 4th Bureau. In the State Secretariat for National Defense of the former country, Bouman took part in the regulation of peace-time concept for building the Yugoslav Army.

- After a long illness, he died in 1961, in Belgrade, at the age of 56. His life and work will remain forever engraved in the history of the Macedonian people, as a testimony to the struggle of the Balkan people for freedom.

- For his contribution to the anti-fascist National Liberation War and merit in the victory over fascism, his organizational, managerial and command capabilities, and for his commitment and professional attitude in the building and functioning of the Yugoslav Army in the postwar period he has received numerous awards, Yugoslav and foreign decorations and medals, as follows:

  - Partisan Memorial 1941;
  - Order of Merits for the People;
  - Order of the National army With Golden Star;
  - Order of Courage;
  - Order of Brotherhood and Unity with Golden Crown;
  - Order of Military Merit with Big Star;
  - Order “Grunvald Cross” (decoration from Poland).

**генерал-потполковник**
**ДИМИТРИЕВСКИ ПЕТАР**





Роден е на 30 април 1926 година во село Граешница, Битола, Р.Македонија, од мајка Стојна и татко Коста. Оженет бил со сопругата Марија, со која има две деца, син Димитар и ќерка Елица.

Основно и средно образование завршил во Битола, по што продолжил на Пешадиска офицерска школа во Сараево и истата ја завршил во 1951 година, а Школа за пешадиски командири завршил во 1955 година (Сараево). Виша воена академија завршил во Белград во 1963 година, а Школа за народна одбрана завршил во 1970 година во Белград.

Како учесник во НОВ, а и по неа, поради своите раководни и командни способности, почнувајќи од чин поручник, редовно и редоследно бил унапредуван до чин капетан 1. класа, по што, во 1959 година е унапреден во чин мајор. Во чин потполковник е унапреден три години подоцна, во 1962 година, а во чин полковник во 1968 година. Во чин генерал-мајор во 1976 година, а во чин генерал-потполковник е унапреден во 1984 година.

Својата офицерска служба ја извршувал во повеќе различни гарнизони на ЈНА: Битола (1944 - 1949), Кичево (1950 - 1955), Скопје (1956 - 1964, 1968 - 1977 и 1981 - 1986), Струмица (1964 - 1966), Ниш (1966 - 1968) и Панчево (1977 - 1981). Во текот на својата офицерска кариера извршувал повеќе должности:

- Комесар на чета и баталјон (за време на НОВ, од 1944 година до 1945 година и во поствоениот период, од 1945 година до 1949 година);
- Командир на чета (1950 - 1955);
- Командант на баталјон (1955 - 1961);
- Началник на штаб на полк (1961 - 1966);
- Началник на разузнавачка служба на 3. Армија (1966 - 1973);
- Командант на Воен округ - Скопје (1973 - 1977);
- Началник на разузнавачко-безбедносен школски центар на ЈНА (1977 - 1981);
- Помошник на командантот на Армија за лесни единици на ЈНА (1981 - 1984);
- Помошник на командантот на 3. Армија за заднински работи (1984 - 1986).

**Lieutenant General**
**DIMITRIEVSKI PETAR**

He was born on April 30, 1926, in the village Graeshnica, Bitola, the Republic of Macedonia, to mother Stojna and father Kosta. He was married to his wife Marija, with whom he has two children, a son and daughter, Dimitar and Elica.

He completed his elementary and secondary education in Bitola, after which he continued to the Infantry Officers School in Sarajevo and finished it in 1951. In 1955, he graduated from the School of Infantry Commanders (Sarajevo). He graduated from the Senior Military Academy in Belgrade, in 1963, and the National Defense School in 1970, in Belgrade.

As a participant in the National Liberation War (NLW), and after the war, due to his managerial and command capabilities, starting with the rank of Lieutenant, he was regularly promoted to the rank of Captain 1st Class, after which, in 1959, was promoted to the rank of Major. He was promoted to the rank of Lieutenant Colonel three years later, in 1962, and to the rank of Colonel in 1968. In 1976, he was promoted to the rank of , and in 1984 to the rank of Lieutenant General.

- He performed his officer service in different garrisons of the YNA: Bitola (1944 - 1949), Kichevo (1950 - 1955), Skopje (1956 - 1964), Strumica (1964 - 1966), Nish (1966 - 1968), again in Skopje (1968 - 1977), Panchevo (1977 - 1981) and once again in Skopje (1981-1986). During his career as an officer, he performed a number of duties:
  - Regiment and Battalion Commissary (during the Liberation War, from 1944 to 1945 and in the postwar period, from 1945 to 1949);
  - Company Commander (1950 - 1955);
  - Battalion Commander (1955 - 1961);
  - Chief of Staff of the Regiment (1961 - 1966);
  - Head of the Intelligence Service of the 3rd Army (1966-1973);
  - Commander of the military area - Skopje (1973 - 1977);
  - Chief of the YNA Intelligence and Security Training Center (1977 - 1981);
  - Assistant Commander of YNA Army light units (1981 - 1984);
  - Assistant Commander of the 3rd Army for rear support (1984-1986).

- Заради успесите во службата, како и за заслугите при учеството во НОВ, многупати бил наградуван и пофалуван, а повеќепати добивал признанија и одликувања, како:

  - Орден за храброст;
  - Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
  - Орден на братството и единството со сребрен венец;
  - Орден за воени заслуги со голема ѕвезда;
  - Орден на Народната армија со ловоров венец.



- Автор е на стручно-специјалистичкиот труд, „Дејства на партизанска дивизија на привремено запоседната територија", труд кој воедно е и дипломска работа за ШНО.

- По пензионирањето во 1986 година, се активирал во „Организацијата на резервни воени старешини на Македонија" и ја извршувал функцијата Претседател на таа организација.

- Починал во 2005 година во Скопје.

- For his success in the service and for his merits in participating in the NLW, he was rewarded and praised on many occasions, and received several awards and honors, including:
  - Order of Courage;
  - Order of Merits with Silver Star;
  - Order of Military Merit with Silver Swords;
  - Order of the National Army with Silver Star;
  - Order of Military Merit with Golden Swords;
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown;
  - Order of Military Merit with Big Star;
  - Order of the National Army Laurel Wreath.

- He is the author of expert-specialist paper, "Effects of the partisan division on the temporarily occupied territory", a paper which was also his graduation thesis at the NDS.

- After retiring in 1986, he was active in "The organization of reserve military officers of Macedonia" and served as President of that organization.

- He died in 2005 in Skopje.

**генерал-мајор**
**ДИМОВ ЗОРАН**





Роден е на 30 април 1958 година во „Ново Маало" - Скопје, Р.Македонија, во старо скопско семејство, од татко Панче и мајка Драгица. Оженет е со сопругата Божана и во брак се од 1983 година. Татко е на два сина, Виктор (1984) и Дарко (1987).

Основно училиште завршил во Скопје во 1972 година, средна автосообраќајна школа завршил во 1976 година, стекнувајќи се со диплома „сообраќаен техничар". Воената академија на Копнената војска на ЈНА ја завршил во 1980 година во Белград, насока артилерија. Во 1991 година завршил мајорска школа во Центарот за високи школи во Белград, а Командно-штабна академија завршил на Воената академија во Скопје во 1996 година. Во 2003 година, во Истанбул (Р.Турција), завршил и Школа за национална одбрана.

Произведен е во чин на артилериски потпоручник во 1980 година, а во чин поручник бил унапреден во 1981 година. Во чин капетан е унапреден во 1984 година, во чин капетан 1 класа во 1989 година, во чин мајор во 1995 година, а вонредно, во чин потполковник е унапреден три години подоцна, во 1998 година. Во 2001 година е унапреден во чин полковник (вонредно), во чин бригаден генерал во 2005 година и во чин генерал-мајор е унапреден во 2007 година.

- Офицерската служба ја извршувал во два различни гарнизони на ЈНА, и тоа, Сараево (1980 - 1984) и Добој (1984 - 1992), а по создавањето на АРМ, продолжил со службата како дел од командните структури на македонската армија, менувајќи неколку гарнизони, и тоа: Скопје (1992 - 2004), Кичево (2004 - 2006), повторно Скопје (2006 - 2007), Куманово (2007 - 2010) и гарнизон Скопје од 2010 година, па се до неговото пензионирање, во ноември 2012 година. Во својата кариера, професионално извршувал повеќе командирски, командантски и штабни должности:
  - Командир на артилериски вод, воедно и заменик-командир на батерија (1980 - 1981);
  - Командир на артилериска батерија (1981 - 1984);
  - Командир на хаубичка батерија (1984 - 1987);
  - Командант на мешовит, против-оклопен артилериски дивизион (1987 - 1991);
  - Помошник на началникот на штаб за оперативно-наставни работи во пешадиска бригада (1991 - 1992);
  - Командир на командна батерија (1992 - 1994);
  - Помошник на Началникот на штаб (НШ) за организациско-мобилизациски персонални работи (ОМПР) (1994 - 1995);
  - Помошник на НШ за Оперативно-наставни работи (ОНР) (1996 - 1998);
  - Командант на 12. пешадиска бригада (1998 - 2000);
  - Началник на С-3 во гранична бригада (2000 - 2003);

**Major General**
**DIMOV ZORAN**

He was born on 30 April 1958 in the "New Neighborhood" - Skopje, Macedonia. He comes from an old Skopje family, his father was Panche and his mother was Dragica. He has been married to his wife Bozhana since 1983. Father of two sons, Victor (1984) and Darko (1987).

He completed his primary school in Skopje in 1972 and the secondary Traffic School in 1976, acquiring a diploma for a traffic technician. He graduated from the YNA Land Force Military Academy in 1980 in Belgrade, the department of artillery. In 1991 he completed a School for Majors at the Senior School Center in Belgrade, and in 1996 he graduated from the Command Staff Academy at the Military Academy in Skopje. He completed the National Defense School in Istanbul, Republic of Turkey, in 2003.

He was produced to the rank of artillery Second Lieutenant in 1980 and to the rank of Lieutenant in 1981. He was promoted in the rank of Captain in 1984 and in the rank of Captain 1st class in 1989, in the rank of Major in 1995 and in the rank of Lieutenant was promoted three years later, in 1998. In 2001 he was promoted early to the rank of colonel, to the rank of Brigadier General in 2005 and to the rank of he was promoted in 2007.

- He performed his officer service in two different garrisons of the YNA, Sarajevo (1980 - 1984) and Doboj (1984 - 1992), and after the establishment of the ARM, he continued his service as part of the command structures of the Macedonian Army, changing several garrisons as follows: Skopje (1992 - 2004), Kichevo (2004 - 2006), Skopje again (2006 - 2007), Kumanovo (2007 - 2010) and the Skopje garrison from 2010 until his retirement in November 2012. In his career, he carried out professionally a number of command and staff duties:
    - Artillery Platoon Commander, also Battery Deputy Commander (1980 - 1981);
    - Artillery Battery Commander (1981 - 1984);
    - Howitzer Battery Commander (1984 - 1987);
    - Mixed Anti-Armored Artillery Battalion Commander (1987 - 1991);
    - Assistant Chief of Staff for operational and teaching activities in the Infantry Brigade (1991 - 1992);
    - Command Battery Commander (1992 - 1994);
    - Assistant Chief of Staff for OMPI (organizational and mobilization personnel issues) (1994-1995);
    - Assistant Chief of Staff Operational and Teaching Matters (OTM) (1996-1998);
    - 12th Infantry Brigade Commander (1998 - 2000);
    - C-3 Chief of Staff in the border brigade (2000-2003);
    - 2nd Mechanized Infantry Brigade Commander (2004-2006);
    - Director of the General Staff of the ARM (2006 - 2007);
    - Joint Operations Command Commander - Joint Operations Command (2007 - 2010);

- Командант на 2. механизирана пешадиска бригада (2004 - 2006);
- Директор на Генералштабот на АРМ (2006 - 2007);
- Командант на Здружената оперативна команда - ЗОК (2007 - 2010);
- Советник во Кабинетот на началникот на Генералштабот на АРМ (2010 - 2012).

Заради својот професионален однос кон службата и беспрекорното залагање во извршувањето на обврските и задачите во текот на целата своја професионална кариера, повеќепати добивал признанија, награди и други стимулативни мерки, а меѓу другото е одликуван и со:

- Медал за 40 години ЈНА во 1981 година;
- Медал за воени заслуги во 1983 година;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1989 година;
- Медал за 50 години ЈНА во 1991 година.




Како дел од своето стучно усовршување и надградување, во функција на формациските должности кои ги извршувал, посетувал и завршил и повеќе курсеви и семинари на различни нивоа во неколку образовни центри во земјава и во странство.

Во конфликтот во Р.Македонија, во 2001 година, покрај формациската должност што ја извршувал како офицер на АРМ, раководи и како командант на времените тактички состави, борбено ангажирани во реонот на селото Танушевци и како награда за своето ангажирање, вонредно е унапреден во непосредно повисок чин - полковник.

- Advisor in the Office of the Chief of General Staff of the ARM (2010-2012).

- As a result of his professional attitude with impeccable service and commitment in the performance of his duties and tasks throughout his professional career, he has received several recognitions, awards and other incentives, and inter alia, he was decorated with:
  - Medal for 40 years in the Army in 1981;
  - Medal of Military Merit in 1983;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1989;
  - Medal for 50 years in the Army in 1991.

- As part of his vocational training and advancement, he attended and completed a number of courses and seminars at various levels in several educational centers in the country and abroad in function of the formational duties he performed.

- During the conflict in the Republic of Macedonia in 2001, in addition to the formation duty he performed as an officer of the ARM, he also commanded the temporary tactical compositions fighting in the region of the village of Tanushevci and as a reward for his engagement, he was early promoted to the subsequent higher rank - colonel.

**бригаден генерал**
**м-р ДИМЧОВ СТОЈАН**





Роден е на 23 август 1957 година во Штип, Р.Македонија, од мајка Сова и татко Павле. Во брак е со сопругата Катица уште од 1983 година и заедно имаат две ќерки, Елена (1984) и Марија (1986).

Образованието го започнал во родното место, каде завршил и Гимназија во 1976 година, по што продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА во Белград и истата ја завршил во 1980 година. Командно-штабна академија завршил на Воената академија - Скопје во 1996 година, а во 2005 година завршил и Школа за национална безбедност и одбрана на Националниот универзитет за одбрана во Вашингтон (САД), каде што магистрирал во областа на националната безбедност.

Во чин на артилериски потпоручник е произведен во 1980 година, а во чин поручник е унапреден во 1981 година. Во чин капетан е унапреден во 1984 година, а во чин капетан 1. класа во 1989 година, во чин мајор во 1993 година, во чин потполковник во 1998 година, во чин полковник во 2003 година и во чин бригаден генерал е унапреден во 2012 година.

- Во својата кариера, како офицер на ЈНА, службувал во два различни гарнизони, и тоа Ѓаково (1980 - 1982 и 1986 - 1992) и Кисељак (1982 - 1986), но и во неколку гарнизони на АРМ: Штип (1992 и 1996 - 1997), Кочани (1992 - 1996), Скопје (1997 - 2006), Куманово (2006 - 2012), Петровец (2012 - 2013) и повторно Куманово од 2013 година, па се до неговото пензионирање во ноември 2015 година. Извршувал повеќе должности во својата долгогодишна служба, меѓу кои:

  - Командир на самостоен вод (1980 - 1982);
  - Командир на батерија (1982 - 1989);
  - Командант на артилериски дивизион (1989 - 1992);
  - Началник на штаб, воедно и заменик на командант во лесна пешадиска дивизија (1992 - 1995);
  - Командант на пешадиски баталјон (1995 - 1997);
  - Помошник на началникот на штаб за оперативно-наставни работи во бригада (1997 - 2000);
  - Штабен офицер за воена соработка на НАТО со државите членки на програмата „Партнерство за мир" во Секторот за соработка и регионална безбедност во меѓународниот воен штаб на командата на НАТО во Брисел, Белгија (2000 - 2002);
  - Командант на резервна пешадиска бригада (2002 - 2005);
  - Помошник на началникот на Генералштабот на АРМ за планирање (2005 - 2006);

**Brigadier General**
**MA DIMCHOV STOJAN**

He was born on August 23, 1957 in Shtip, Macedonia, to mother Sova and father Pavle. He has been married to Katica since 1983 and they have two daughters, Elena (1984) and Marija (1986).

He began his education in his birthplace, where he finished high school in 1976, after which he continued at the YNA Land Force Military Academy in Belgrade and graduated in 1980. He completed Command and Staff College at the Military Academy - Skopje in 1996, and in 2005 he graduated from the National Security and Defense School at the National Defense University in Washington D.C. (USA), where he acquired a Master's degree in the field of national security.

He was produced in the rank of artillery Second Lieutenant in 1980 and he was promoted in the rank of Lieutenant in 1981. He was promoted in the rank of Captain in 1984 and in the rank of Captain First Class in 1989, in the rank of Major in 1993, the rank of Lieutenant Colonel in 1998, in the rank of Colonel in 2003 and he was promoted in the rank of Brigadier General in 2012.

- In his career as an officer of the YNA, he was on duty in two different garrisons, Gjakovo (1980 - 1982 and 1986 - 1992) and Kiseljak (1982 - 1986) and in several garrisons of the ARM: Shtip (1992 and 1996 - 1997), Kochani (1992-1996), Skopje (1997-2006), Kumanovo (2006-2012), Petrovac (2012-2013) and again Kumanovo from 2013 until his retirement in November 2015. He performed a number of duties in his long service, including:
  - Independent Platoon Commander (1980 - 1982);
  - Battery Commander (1982 - 1989);
  - Artillery Division Commander (1989 - 1992);
  - Chief of Staff, also Deputy Commander of the Light Infantry Division (1992 - 1995);
  - Infantry Battalion Commander (1995 - 1997);
  - Assistant Chief of Staff for operational and teaching matters in Brigade (1997 - 2000);
  - Staff Officer for military cooperation with NATO member states in the program "Partnership for Peace" in the Department of Cooperation and Regional Security in the International Military Staff at NATO Headquarters in Brussels, Belgium (2000 - 2002);
  - Reserve Infantry Brigade Commander (2002 - 2005);
  - Assistant Chief of Staff for Planning (2005 - 2006);
  - Chief of G-3 in the General Staff (2006);
  - Chief of Staff in JOC (2006 - 2012);
  - In the period from 2009 to 2011, in addition to his regular duty, he also performed the duty of a Deputy Commander of the Southeastern Europe Brigade (SEEBRIG)
  - Commander of the 1st Mechanized Infantry Brigade (2012-2013);
  - Chief of Staff in the Joint Operations Command (2013-2015).

- Началник на Г-3 во Генералштабот на АРМ (2006);
- Началник на штаб во ЗОК (2006 - 2012);
- Во периодот од 2009 до 2011 година, покрај својата редовна должност, ја извршувал и должноста, заменик-командант на Бригадата на Југоисточна Европа (SEEBRIG);
- Командант на 1. механизирана пешадиска бригада (2012 - 2013);
- Началник на штаб во ЗОК (2013 - 2015).

- Во текот на службата повеќепати добивал признанија, пофалби, награди и други стимулативни мерки, како потврда за неговиот одговорен и професионален однос кон службата, а посебно е награден како еден од најдобрите странски студенти на Школата за национална безбедност и одбрана при националниот универзитет за одбрана на САД во Вашингтон. Исто така, добитник е и на признанието „8-ми ноември", висока општествена награда, која му е доделена за голем придонес во цивилно-воената соработка помеѓу македонската армија и градот Штип. Одликуван е со Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1990 година.






- Честопати се јавува и како автор на бројни натписи и статии од областа на одбраната и националната безбедност, како и операциите за поддршка на мирот, во армиските списанија „Одбрана", „Штит" и „Офицер", а исто така, автор е и на 9 стручно-специјалистички трудови, создадени во националниот универзитет за одбрана во Вашингтон (САД).

- Од страна на научно-наставниот совет на Воената академија во Скопје, генералот Димчов неколкупати е ангажиран како предавач на специјализантите за командни и штабни должности за повеќе предмети во периодот од 2005 до 2007 година и 2011 година, а во 2015 година е ангажиран и како експерт во образовниот процес на Воената академија во Скопје.

- Како дел од својата стручна надградба и наобразба, завршил и повеќе курсеви, а учествувал и на повеќе меѓународни вежби, конференции и семинари од областа на националната безбедност, воениот и одбранбениот менаџмент во земјата и во странство.

- Пензиониран е во октомври 2015 година.

- During his service, he has repeatedly received certificates of recognition, praise, rewards and other incentives, as a confirmation of his responsible and professional attitude toward the service, and he was especially awarded as one of the best foreign students in the National Security and Defense School at the National Defense University in the United States in Washington. He also received the award "$8^{th}$ November", a high social prize, which he received for his Major contribution to the civil-military cooperation between the Macedonian Army and the city of Shtip. He was awarded the Order of Military Merit with Silver Swords in 1990.

- He is the author of numerous articles in the field of defense and national security, and peace support operations in the Army magazine "Defense," "The Shield" and "Officer" and he is also the author of 9 expert and specialist papers, created at the National Defense University in Washington (USA).

- The scientific-teaching Council of the Military Academy in Skopje engaged General Dimchov repeatedly as a lecturer to the trainees for command and staff duties for more subjects in the period from 2005 to 2007 and 2011, and in 2015 he was engaged as an expert in the education process of the Military Academy in Skopje.

- As part of his professional advancement and education, he completed a number of courses and participated in many international exercises, conferences and seminars in the field of national security, military and defense management in the country and abroad.

- He was retired in October 2015.

**бригаден генерал**
**ДРАКАЛСКИ БРАНКО**





Роден е на 6 август 1960 година во село Смојмирово, Беровско, Р.Македонија, од татко Јован и мајка Параскева. Во брак е со сопругата Виолета од 1987 година и татко е на два сина, Владимир (1988) и Александар (1995).

Завршил Воена гимназија во Белград, во 1979 година, а Воена академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1983 година. Командно-штабна академија завршил на Воената академија во Скопје, во 1996 година, а завршил и школа за национална одбрана во Алабама (САД), на тамошниот Универзитет за национална одбрана во 2005 година.

Офицерската кариера ја започнал како артилериски потпоручник во 1983 година, а во чин поручник бил унапреден во 1984 година. Во чин капетан е унапреден во 1988 година, во чин капетан 1. класа во 1994 година, во чин мајор во 1997 година, во чин потполковник во 2000 година (вонредно), во чин полковник во 2005 година и во чин бригаден генерал е унапреден во 2009 година.

- Службувал во неколку различни гарнизони во Р.Македонија, Битола (1984 - 1993, 2000 - 2001, 2004 - 2005), Дебар (1993 - 1996), Прилеп (1996 - 2000, 2001 - 2004), Кичево (2005 - 2009) и Скопје од 2014 година, па се до неговото пензионирање во ноември 2015 година, извршувајќи повеќе должности:
  - Командир на вод (1983 – 1984);
  - Командир на батерија (1984 – 1992);
  - Заменик на командантот на артилериски дивизион (1992 – 1993);
  - Заменик командант на граничен баталјон (1993 – 1994);
  - Командант на граничен баталјон (1994 – 1996);
  - Командант на Центарот за обука на родот артилерија (1996 – 2000);
  - Командант на граничен баталјон (2000 – 2001);
  - Командант на артилериски полк (2001 - 2002);
  - Командант на артилериски баталјон (2002 – 2004);
  - Командант на Центар за обука на родови и служби (2004 - 2005);
  - Заменик на командант на бригада (2005 – 2008);
  - Командант на бригада (2008 – 2009);
  - Воен претставник на Р. Македонија во седиштето на НАТО во Брисел (2009 – 2014);
  - Државен советник за НАТО во Министерството за одбрана(2014 – 2015).

**Brigadier General**
**DRAKALSKI BRANKO**

He was born on August 6, 1960 in the village Smojmirovo, Berovo, Macedonia, to father Jovan and mother Paraskeva. He has been married to Violeta since 1987 and he is a father of two sons, Vladimir (1988) and Aleksandar (1995).

He graduated at the Military High School in Belgrade in 1979 and the Military Academy of the Land Forces of the YNA in 1983. He completed Command and Staff College at the Military Academy in Skopje in 1996 and he also completed the School of National Defense in Alabama (USA), at the National Defense University in 2005.

He began his officer career as an Artillery Lieutenant in 1983 and was promoted to the rank of Lieutenant in 1984. He was promoted in the rank of Captain in 1988, to the rank of Captain first class in 1994, to the rank of Major in 1997, to the rank of Lieutenant Colonel in 2000 (early promotion), to the rank of Colonel in 2005 and to the rank of brigadier general in 2009.

- He carried out duties in several different garrisons in Macedonia, Bitola (1984 - 1993, 2000 - 2001, 2004 - 2005), Debar (1993 - 1996), Prilep (1996 - 2000, 2001 - 2004), Kichevo (2005 - 2009) Skopje and from 2014 until his retirement in November 2015, he performed several duties:
  - Platoon Commander (1983 - 1984);
  - Battery Commander (1984 - 1992);
  - Artillery Division Deputy Commander (1992 - 1993);
  - Border Battalion Deputy Commander (1993 - 1994);
  - Border Battalion Commander (1994 - 1996);
  - Commander of the Artillery Training Center (1996 - 2000);
  - Border Battalion Commander (2000 - 2001);
  - Artillery Regiment Commander (2001 - 2002);
  - Artillery Battalion Commander (2002 - 2004);
  - Commander of the Training Center for branches and services (2004 - 2005);
  - Brigade Deputy Commander (2005 - 2008);
  - Brigade Commander (2008 - 2009);
  - Military Representative of the Republic of Macedonia to NATO Headquarters in Brussels (2009 - 2014);
  - State Advisor for NATO in the Ministry of Defense (2014-2015).

- Во текот на својата кариера, како потврда за неговата професионалност во службата, добивал повеќе признанија, пофалби, парични награди и други стимулативни мерки. Меѓу другото, како офицер на ЈНА добил медал за 50 години ЈНА, а одликуван е со Медал за воени заслуги. За своето залагањеи придонес во АРМ е награден и со Значка за 20 годишнината од создавањето на АРМ и Плакета од НГШ на АРМ во 2013 година.




- Автор е на неколку стручно-специјалистички трудови, и тоа „Артилериска поддршка на бригада при насилен премин на река”, труд кој воедно е и дипломска работа за КША, објавен на македонски јазик и англиски јазик, „Развојот на безбедносната ситуација во Југоисточна Европа”, „Напори за градење на државата во Македонија и Босна и Херцеговина” и „Проценка на ефективноста на мировните мисии на НАТО и ЕУ”, трудови објавени на англиски јазик.

- Како дел од раководните структури на АРМ (комадант на единиците со кои раководел, но и како командант на гарнизони), учествувал во значајни проекти за нејзин развој, трансформација и афирмација.

- Како дел од неговото стручно усовршување и обука, завршил повеќе курсеви и образовни програми од областа на раководењето, командувањето, граничното обезбедување, военото набљудување во мировни операции и кризниот менаџмент во неколку образовни центри во земјава и во странство.

- During his career, as a confirmation of his professionalism in the service, he received several certificates of recognition, praise, cash prizes and other incentives. Among other things, as a YNA officer he received a medal for 50 years of YNA and he was awarded the Medal of Military Merit. For his commitment and contribution to the ARM, he was awarded the Badge of the $20^{th}$ anniversary of the establishment of the ARM and the Plaque of the Chief of the ARM General Staff in 2013.

- He is the author of several expert and specialist papers "Brigade Artillery Support in Forced River Crossing", a paper that was also his graduation thesis at the Command Staff Academy, published in Macedonian and English, "The Development of the Security Situation in Southeast Europe", "The Efforts for State Building in Macedonia and Bosnia and Herzegovina" and "Assessing the Effectiveness of NATO and EU Peacekeeping Missions" works published in English.

- As part of the ARM command structures (as Commander of units, as well as Commander of garrisons), he participated in important projects for the development, transformation and affirmation of the army.

- As part of his professional development and training, he completed a number of courses and educational programs in the field of management, command, border security, military surveillance in peacekeeping and crisis management in several educational centers in the country and abroad.

**бригаден генерал**
**ЃОРГОСКИ МИРЧЕ**





Роден е на 07 ноември 1966 година во Охрид, Р. Македонија, од татко Тито и мајка Јованка. Со сопругата Валентина се во брак од 1989 година и заедно имаат два сина, Климент (1993) и Мартин (1998).

По завршување на основното образование во родното место, продолжил да се образува на Воената гимназија во Белград и истата ја завршил во 1985 година, а Воена академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1989 година во Белград. Командно-штабна академија завршил во 2005 година во Скопје, а завршил и НАТО одбранбен колеџ во Рим, Италија, во 2013 година.

Произведен е во чин артилериски потпоручник во 1989 година. Во чин поручник е унапреден во 1990 година, во чин капетан е унапреден во 1993 година, во чин капетан 1. класа во 1997 година, во чин мајор во 2002 година, а во чин потполковник е унапреден во 2006 година. Во чин полковник е унапреден во 2010 година и во чин бригаден генерал во 2015 година.

- Во досегашната кариера службувал во два гарнизони на ЈНА, Бенковац (1989 - 1990) и Пула (1990 - 1991) и во неколку гарнизони на АРМ, и тоа: Охрид (1992 - 1996), Скопје (1996 - 1998), Прилеп (1998 - 2001) и одново Скопје (2001 – 2015). Од 2016 година е на должност во гарнизон Петровец, а во својот досегашен професионален ангажман, ги извршувал следните должности:
  - Командир на вод (1989 – 1994) и (1996 – 1998);
  - Командир на батерија (1994 – 1996);
  - Заменик на командант на артилериски дивизион (1998 – 2001);
  - Офицер за протокол во кабинетот на директорот на Генералштабот на АРМ (2001 – 2002);
  - Заменик на командант на питомечки баталјон (2002 – 2003);
  - Командант на питомечки баталјон (2003 – 2006);
  - Офицер за планови во Г-3 во Генералштабот на АРМ (2006);
  - Портпарол во Генералштабот на АРМ (2006 – 2012);
  - Началник на канцеларијата за односи со јавност и портпарол во Генералштабот на АРМ (2012 – 2015);
  - Аѓутант на врховниот командант на вооружените сили на Р.Македонија (2015 – 2016);
  - Командант на 1. механизирана пешадиска бригада, од 2016 година.

**Brigadier General**
**GJORGOSKI MIRCHE**

He was born on November 7, 1966 in Ohrid, Macedonia, to father Tito and mother Jovanka. He has been married to Valentina since 1989 and they have two sons together, Kliment (1993) and Martin (1998).

After completing primary education in his birth place, he continued at the Military High School in Belgrade and finished it in 1985, and he completed the the Land Force Military Academy of the YNA in 1989 in Belgrade. He graduated from the Command and Staff College in 2005 in Skopje, and also completed the NATO Defense College in Rome, Italy, in 2013.

He was produced in the rank of artillery Second Lieutenant in 1989. He was promoted into the rankLieutenant in 1990, to the rank of Captain in 1993, to the rank of Captain first class in 1997, to the rank of Major in 2002 and to the rank of Lieutenant Colonelin 2006. He was promoted in Colonel in 2010 and to the rank of brigadier general in 2015.

- In his previous career he was on duty in two garrisons of the YNA, Benkovac (1989 - 1990) and Pula (1990 - 1991) and in several garrisons of the ARM, including: Ohrid (1992 - 1996), Skopje (1996 - 1998), Prilep ( 1998 - 2001) and Skopje again (2001-2015). Since 2016, he is on garrison duty in Petrovec and in the course of his professional engagement, he performed the following duties:
  - Platoon Commander (1989 - 1994) and (1996 - 1998);
  - Battery Commander (1994 - 1996);
  - Artillery Division Deputy Commander (1998 - 2001);
  - Protocol Officer in the Office of the Director of the ARM General Staff (2001 - 2002);
  - Cadet Battalion Deputy Commander (2002 - 2003);
  - Cadet Battalion Commander (2003 - 2006);
  - Officer for plans in G-3 General Staff (2006);
  - Spokesman in the ARM General Staff (2006 - 2012);
  - Head of the Office of Public Relations and Spokesman of the General Staff (2012 - 2015);
  - Adjutant to the Supreme Commander of the Armed Forces of the Republic of Macedonia (2015 - 2016);
  - Commander of the 1st Mechanized Infantry Brigade since 2016.

- За својот придонес во досегашната офицерска служба, во изминатиот период повеќепати добивал признанија, пофалби и награди, а меѓу другото е награден и со:
    - Златна значка на АРМ и
    - Сребрена значка за долгогодишна служба во АРМ.






- Како дел од своето стручно усовршување и надградување, завршил бројни курсеви од областа на раководењето, командувањето, воената поддршка, односи со јавноста, цивилно-воени односи и соработка во повеќе образовни центри во земјава и во странство.

- Исто така, учесник е и на неколку значајни меѓународни семинари и вежби како дел од стручно-специјалистичката обука и наобразба, а завршил и повеќе курсеви во Германскиот Бундесвер.

- Зборува два странски јазици, англиски и германски.

- For his contribution to the officer service, he has received several certificates of recognition, praise and rewards, inter alia:
    - Golden Badge of the ARM,
    - Silver badge for long service in the ARM.

- As part of his expert advancement and specialization, he has completed numerous courses in the area of management, command, military support, public relations, civil-military relations and cooperation in several educational centers in the country and abroad.

- He has also participated in several important international seminars and exercises as part of professional-specialist training and education, and he has also completed several courses in the German Bundeswehr.

- He speaks two foreign languages, English and German.

**генерал-мајор**
**ЃУРЧИНОВСКИ ВАСКО**



Роден е на 11 јуни 1970 година во Тетово, Р.Македонија, од татко Данило и мајка Фролика. Во брак е со сопругата Снежана, а заедно имаат две деца, ќерка Деа (2000) и син Иван (1997).

По завршувањето на основното училиште, своето образование го продолжил на Средната воена школа на Копнената војска, која успешно ја завршил во 1988 година, по што, се насочил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА во Белград, завршувајќи ја во 1991 година. Командно-штабна академија завршил во 2002 година во САД (Тексас и Канзас), а Високи одбранбени студии завршил во Рим, Италија, во 2013 година.



Произведен е во чин на пешадиски потпоручник во 1991 година, а веќе следната 1992 година е унапреден во чин поручник. Во чин капетан е унапреден во 1995 година, а во чин капетан 1. класа во 1998 година, во чин мајор во 2003 година, во чин потполковник во 2007 година, во чин полковник во 2010 година, во чин бригаден генерал е унапреден во 2013 година и во чин генерал-мајор е унапреден во 2015 година.

- Во досегашната кариера службувал во неколку различни гарнизони, и тоа, една година во Загреб (1991 - 1992), а по осамостојувањето на Р.Македонија, се интегрира како офицер на АРМ, најнапред со служба во Скопје (1992 - 2004), а потоа и Тетово (2004 - 2007), Куманово (2007 - 2011), одново Скопје (2011 - 2015) и од 2015 година е на служба повторно во гарнизон Куманово, од каде во 2016 година заминува на служба во Брисел, Белгија. Во својата офицерска служба, до сега извршувал повеќе должности, и тоа:
  - Командир на противтерористички вод (1991 – 1994);
  - Заменик командир на противтерористичка чета (1994 – 1995);
  - Командир на противтерористичка чета (1995 – 1999);
  - Заменик на командантот на одред за специјални операции (1999 – 2000);
  - Началник на С-3 во Командата на одредот на специјални единици (2002 – 2003);
  - Командант на извидувачки баталјон (2003 – 2004);
  - Началник на С-5 во одредот за специјални единици (2004);
  - Командант на пешадиски баталјон (2004 – 2007);
  - Началник на одделението за обука во ЗОК (2007 – 2010);
  - Командант на резервна пешадиска бригада (2010 – 2011);
  - Аѓутант на врховниот командант на вооружените сили на Р.Македонија (2011 – 2013);
  - Командант на Полкот за специјални операции (2013 – 2015);
  - Командант на ЗОК (2015 – 2016);
  - Воен претставник на Р.Македонија во НАТО, Брисел, Белгија од 2016 година.

**Major General**
**GJURCHINOVSKI VASKO**

He was born on June 11, 1970 in Tetovo, Macedonia, to father Danilo and mother Frolika. He is married to Snezhana, and they have two children, a daughter Dea (2000) and a son Ivan (1997).

After completing primary school, he continued his education at the Military High School of the Land Forces, which he successfully completed in 1988, after which, he continued at the Military Academy of the Land Forces of the YNA in Belgrade, where he graduated in 1991. He graduated from the Command and Staff College in 2002 in the US (Texas and Kansas) and he completed Senior Defense Studies in Rome, R. Italy, in 2013.

He started his military career with the rank of infantry Second Lieutenant in 1991, and the following 1992 he was promoted to the rank of Lieutenant. He was promoted to the rank of Captain in 1995 and to the rank of Captain first class in 1998, to the rank of Major in 2003, the rank of Lieutenant Colonel in 2007, to the rank of Colonel in 2010, to the rank of brigadier general in 2013 and to the rank of Major General in 2015.

- In his career to date, he carried out duties in several different garrisons, one year in Zagreb (1991 - 1992), and after Macedonia gained its independence, he was integrated as an officer of the ARM, first serving in Skopje (1992 - 2004), and then Tetovo (2004 - 2007), Kumanovo (2007 - 2011), Skopje again (2011 - 2015) and in 2015 he served again in Kumanovo garrison, from where in 2016 he was seconded to Brussels, Belgium. In his officer career, he has performed several duties, including:
  - Counter-Terrorist Platoon Commander (1991 - 1994);
  - Counterterrorist Company Deputy Commander (1994 - 1995);
  - Counterterrorist Company Commander (1995 - 1999);
  - Special Operations Squad Deputy Commander (1999 - 2000);
  - Head of S-3 in the Special Forces Unit Command (2002-2003);
  - Reconnaissance Battalion Commander (2003 - 2004);
  - Head of S-5 in the Special Forces unit (2004);
  - Infantry Battalion Commander (2004 - 2007);
  - Head of the Training Department in JOC (2007 - 2010);
  - Reserve Infantry Brigade Commander (2010 - 2011);
  - Adjutant to the Supreme Commander of the Armed Forces of the Republic of Macedonia (2011 - 2013);
  - Special Operations Regiment Commander (2013 - 2015);
  - JOC Commander (2015 - 2016);
  - Military Representative of Macedonia to NATO, Brussels, Belgium since 2016.

- Во текот на својата досегашна офицерска служба добивал бројни признанија, пофалби и награди, како потврда за неговото професионално залагање во работата и неговата посветеност во афирмацијата на армијата и нејзино усовршување, обученост и организација. Меѓу другото е одликуван со Медал за учевство во мисија на ООН, а награден е, и со Голема плакета за служба во АРМ во 2003 година и Златна значка на АРМ.




- Своето стручно усовршување и наобразба ги надградил преку завршување на низа курсеви од областа на одбраната и заштитата во образовни институции во земјава и во странство. Исто така, успешно ја претставувал Армијата на Р.Македонија со своето учество во меѓународната мисија на Обединетите нации „УНИФИЛ” во Либан 2008-2009.

- During his officer career, he has received numerous certificates of recognition, praise and rewards, as a confirmation of his professional work engagement and his commitment to the affirmation of the army and its improvement, training and organization. Among other things, he was awarded the Medal for participation in a UN mission, and was also decorated with a large plaque for service in the ARM in 2003 and a Golden Badge of the ARM.

- He developed his expert advancement and specialization through completion of a series of courses related to defense and protection in educational institutions in the country and abroad. He also successfully represented the Army of the Republic of Macedonia by participating in the United Nations international mission UNIFIL in Lebanon 2008-2009.

**генерал-мајор**
**ЗДРАВКОВСКИ ТРПКО**





Роден е на 1 август 1938 година во Скопје, Р. Македонија. Потекнува од многудетно семејство, од мајка Љубица и татко Павле. Во брак е со сопругата Моравка, а татко е на две деца, син Владимир и ќерка Даниела.

Основно образование завршил во 1954 година, а Гимназија во 1958 година. Воена академија, насока Против-воздушна одбрана (ПВО) завршил во 1961 година, а десет години подоцна, во 1971 година, завршил и Командно-штабна академија. Исто така, завршил и Школа на народна одбрана во 1982 година.

Во чин потпоручник е произведен во 1961 година, а три години подоцна е унапреден во чин поручник. Во чин капетан бил унапреден во 1967 година, во чин капетан 1. класа во 1971 година, во чин мајор во 1975 година, во чин потполковник во 1979 година, а во чин полковник во 1983 година. Последно е унапредувањето во чин генерал-мајор, во 1994 година.

- Во својата кариера службувал во неколку различни гарнизони во ЈНА: Постојна, Кичево, Скопје, Задар, Сараево, Ниш и Белград, каде извршувал повеќе должности:
  - Командир на вод (1961 - 1965);
  - Командир на батерија (1965 - 1969);
  - Командант на дивизион (1971 - 1973);
  - Началник на штаб на полк за ПВО (1973 - 1980);
  - Командант на полк за ПВО (1980 - 1982);
  - Командант на ракетен полк за ПВО (1982 - 1987);
  - Началник на ПВО на 3. Армија (1987 - 1989);
  - Началник на инспекција по борбена готовност на 3. воена област (1989 - 1991);
  - Командант на школскиот центар за ПВО (1991 - 1992);
  - Помошник на командантот на Армија за територија (1992 - 1994).

**Major General**
**ZDRAVKOVSKI TRPKO**

He was born on August 1, 1938 in Skopje, Republic of Macedonia. He comes from a family with many children, and was born to mother Ljubica and father Pavle. He is married to Moravka and he is the father of two children, a son Vladimir and daughter Daniela.

He completed elementary school in 1954 and high school in 1958. He graduated from the Military Academy, AD department in 1961 and ten years later he completed the Command Staff Academy in 1971. He also completed the National Defense School in 1982.

He was produced in Second Lieutenant in 1961, and three years later he was promoted to the rank of Lieutenant. He was promoted in the rank of Captain in 1967 and to the rank of Captain first class in 1971, to the rank of Major in 1975, to the rank of Lieutenant Colonel in 1979, and to the rank of Colonel in 1983. His last promotion to the rank of was in 1994.

- In his career he carried out duties in several different garrisons of the YNA: Postojna , Kichevo, Skopje, Zadar, Sarajevo, Nish and Belgrade, where he performed several duties:
  - Platoon Commander (1961 - 1965);
  - Battery Commander (1965 - 1969);
  - Division Commander (1971 - 1973);
  - Chief of Staff of Air Defense Regiment (1973 - 1980);
  - Air Defense Regiment Commander (1980 - 1982);
  - Commander of air defense missile regiment-Defense (1982 - 1987);
  - AD Head of the 3rd Army (1987-1989);
  - Chief of inspection for combat readiness of the 3rd Military District (1989-1991);
  - Air Defense School Center Commander (1991 - 1992);
  - Territorial Army Assistant Commander (1992-1994).

- Во долгогодишната служба добивал бројни признанија и награди за своите заложби и посветена работа како армиски офицер, а меѓу другото е одликуван и со:
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1966 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1975 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1979 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1982 година;
  - Орден на братството и единството со сребрен венец во 1985 година;
  - Орден за заслуги за народ со сребрени зраци во 1985 година;
  - Орден за храброст во 1992 година и
  - Златна плакета на Военото воздухопловство и Против-воздушна одбрана во 1986 година.




- Автор е на два стручно-специјалистички труда, „Мобилизација при превласт на противникот во воздух” (1971), труд кој воедно е и дипломска работа за КША и „Противдесантна борба” (1982), дипломска работа за ШНО.

- Пензиониран е во мај 1994 година.

- In his long service he has received numerous awards for his commitment and dedicated work as an army officer, and among other things he was decorated with:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1966;
  - Order of National Army Silver Star in 1975;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1979;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1982;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1985;
  - Order of Merits with Silver Rays in 1985;
  - Medal of Honor in 1992 and
  - Golden Plaque of Air Force and Anti-Air Defense in 1986.

- He is the author of two expert-specialized papers, "Mobilization during taking over the opponent in the air" (1971), which was also his graduation thesis at the Command Staff Academy and "Counter Raid Fighting" (1982), graduation work for the National Defence School.

- He retired in May 1994.

**генерал-мајор**
**ИБРАИМИ ИБРАИМ**





Роден е во 1920 година, во с.Горно Строгомиште, општина Кичево, во Република Македонија, од мајка Васфије и татко Бајрам. Оженет бил и има две ќерки.

Завршил средна воена школа, а потоа завршил и висока комерцијална школа во Сарево, 4 годишни студии, која подоцна му се признава како Економски факултет. Пешадиска офицерска школа завршил во 1946 година. Воена академија на Копнената војска завршил во 1961 година, а завршил и Командно-штабна академија во 1965 година и Виша воена академија - Школа за тактика (12-та класа) во 1967 година.

Генерал Ибраими бил учесник во НОВ, дејствувајќи како борец, комесар и командант на партизанските борбени формации, а по ослободувањето и создавањето на ЈНА, продолжил на служба во истата, градејќи ја својата офицерска кариера, почнувајќи со чин капетан, па со редовно унапредување, најнапред во чин капетан 1. класа, а потоа во чин мајор во 1946 година, а во 1957 година и во чин потполковник. Во 1961 година е унапреден во чин полковник и во чин генерал-мајор во 1970 година.

- Во својата служба разменил неколку гарнизони на ЈНА: Белград, Осијек, Титоград и Куманово, каде извршувал повеќе должности:
  - Командир на вод;
  - Заменик-командир на чета (1943);
  - Командир на чета-батерија (1943 – 1944);
  - Заменик-командант на баталјон (1944);
  - Командант на баталјон-дивизион (1944);
  - Командант на 3. Македонска бригада;
  - Началник на штаб во бригада;
  - Командант на 18. Базовишка бригада;
  - Командант на Подофицерската школа на Корпусот на народната одбрана на Југославија (КНОЈ) во Белград;
  - Комерцијален директор на 5. Генерална дирекција за воено градежништво;
  - Директор на военото претпријатие „Јеловица" од Шкофја Лока;
  - Раководител на 16. дивизија на Војводина (1962);
  - Директор на групни воени депоа во регион Осијек;
  - Главен воен советник за заднина на ЈНА;
  - Главен инспектор на Генералната инспекција на Народната армија (ГИНА), за оперативни работи.

**Major General**
**IBRAIMI IBRAIM**

He was born in 1920, in the village of Gorno Strogomishte, municipality of Kichevo, Macedonia, to mother Vasfije and father Bajram. He was married and had two daughters.

He completed military high school and then high commercial school in Sarajevo, 4 years studies, which was later acknowledged as a Faculty of Economy. He finished Infantry Officer School in 1946. He completed Land Force Military Academy in 1961 and also completed the Command and Staff College in 1965 and Military Academy - School of Tactics (12th class) in 1967.

General Ibraimi was involved in the National Liberation War, acting as a fighter, commissary and Commander of partisan combat formations, and after the liberation and the creation of the YNA, he continued to serve in it, building his officer career, starting with the rank of Captain, and was then regularly promoted first the rank of Captain 1st class, then to the rank of Major in 1946 and in 1957 to the rank of Lieutenant colonel. In 1961 he was promoted to colonel and in the rank of Major General he was promoted in 1970.

- During his career, he served in several garrisons of the YNA in Belgrade, Osijek, Titograd and Kumanovo, where he performed several duties:
  - Platoon Commander;
  - Deputy Company Commander (1943)
  - Company / battery Commander (1943-1944)
  - Deputy Battalion Commander (1944)
  - Battalion/division Commander (1944)
  - Commander of the 3rd Macedonian Brigade;
  - Brigade Chief of Staff;
  - Commander of the 18th Bazovishka Brigade;
  - Commander of the NCO School of Corps of national defense of Yugoslavia (KNOJ) in Belgrade;
  - Commercial Director in the 5th General Directorate for Military Construction;
  - Director of the military enterprise "Jelovica" from Shkofja Loka;
  - Head of the 16th Division of Vojvodina (1962);
  - Director of Group Military Depots in the region of Osijek;
  - Chief military rear adviser of the YNA;
  - Chief Inspector of General Inspection of National Army (GINA), for operations.

- Во животот добил бројни признанија и награди за особен придонес во активностите за време на НОВ, како и за беспрекорниот ангажман и залагање во создавањето, унапредувањето, усовршувањето и успешното раководење со единиците на Југословенската народна армија. Меѓуостанатото е одликуван и со:
  - Орден за храброст во 1944 година;
  - Орден на Партизанската ѕвезда со пушки, во1945 година;
  - Орден за заслуги за народ со сребрени зраци, во 1947 година;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви, во 1958 година;
  - Орден на братството и единството со сребрен венец, во 1961 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда, во 1966 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви, во 1974 година;
  - Орден за заслуги за народ со златна ѕвезда, во 1980 година.



- Автор е на неколку објавени книги во кои се опишува борбата против фашистичкиот окупатор во текот на НОВ.

- По пензионирањето (декември 1980 година), со својата советодавна, стручна и хумана дејност, активно се вклучил во повеќе организации, здруженија, спортски клубови и одредени државни институции, меѓу кои, Сојузот на борците на Македонија (1941 - 1945), Заводот за унапредување на предучилишно и основно образование и воспитување - Тетово, Словенечкиот републички секретаријат за национална одбрана, Фудбалскиот клуб „11-ти октомври - Куманово" итн.

- Исто така, активен бил и како модератор за историски теми, теми од НОВ и теми од областа на одбраната и заштитата во бројни медиуми во поранешна Југославија, а автор и коавтор е и на бројни фељтони, натписи и статии во дневни весници, списанија и неделници како „Народен фронт", „Рилиндија", „Починка", „Нова Македонија", „Гласот на Приштина" итн.

- Генералот Ибраими дал огромен придонес во борбите од НОВ, особено како директен учесник во завршните борби на територијата на словенечкото крајбрежје, а во жестоките борби со окупаторот бил и ранет, но успеал да истрае до конечна слобода, со што неговата пожртвуваност и дело е врежана длабоко во создавањето на братството и единството и слободата на сите народи и народности во Југославија.

- Починал на 14 мај 2003 година.

- During his life, he received numerous awards for outstanding contribution to the activities during the National Liberation War and for his impeccable commitment and effort in the creation, promotion, improvement and successful management of the units in the Yugoslav National Army. He was decorated, inter alia, with:
  - Medal of Honor in 1944;
  - Order of the Partisan Star with Guns in 1945;
  - Order of Merits with Silver Rays in 1947;
  - Order of Military Merit with Silver Swords, in 1958;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown, in 1961;
  - Order of the National army Golden Star, 1966;
  - Order of Military Merit with Golden Swords, in 1974;
  - Order of Merits with Golden Star in 1980.

- He is the author of several published books describing the fight against fascism during the National Liberation War.

- After retirement (in December 1980), with his advisory, professional and human activity, he was actively involved in several organizations, associations, sports clubs and certain state institutions, including the Union of Veterans of Macedonia (1941-1945), the Institute for improvement of preschool and primary education - Tetovo, the Slavic Republic Secretariat for national defense, the football club "11 October - Kumanovo", etc.

- He was also active as moderator of historical topics, topics from the NLW and topics in the field of defense and protection in numerous media in former Yugoslavia, and he was also the author and coauthor of a number of features, articles and posts in daily newspapers, journals and weeklies, such as "Naroden Front", "Rilindija" "Pochinka," "Nova Makedonija", "The Voice of Prishtina", etc.

- General Ibraimi made a huge contribution to the fights during the NLW, especially as a direct participant in the final battles on the territory of the Slovenian coast and in fierce fighting with the occupier he was also wounded, but managed to persevere to the final freedom. Hence, his dedication and work is embossed deeply in the creation of brotherhood and unity and the freedom of all nations and nationalities in Yugoslavia.

- He died on May 14, 2003.

**генерал-мајор**
**ЈАНДРЕЈЕВСКИ ЉУБЕН**



Роден е на 28. март 1927 година во Прилеп, Р.Македонија.

Основно образование завршил во 1938 година, Гимназија во 1948 година, по што се насочил на Воздухопловната воена офицерска школа, која ја завршил во 1953 година. Виша Воздухопловна воена академија завршил во 1960 година, а Политичка школа на ЈНА во 1965 година. Ратна школа завршил во 1973 година.

Својата офицерска кариера ја започнал во чин поручник на авијација во 1947 година. Три години подоцна, во 1950 година е унапреден во чин капетан, во чин капетан 1 класа во 1954 година, а во чин мајор во 1960 година. Во чин потполковник е унапреден во 1964 година, во чин полковник во 1969 година и во чин генерал мајор во 1983 година (вонредно).

- Својата служба ја извршувал во повеќе различни гарнизони како припадник на ЈНА, и тоа: Земун, Скопје, Ковин, Мостар, Рајловац, Љубљана, Батајница и Белград, каде извршувал повеќе должности:
  - Учествувал во НОВ, во периодот од 01.05.1944 до 09.05.1945 како борец, младински раководител и комесар на чета;
  - Комесар на чета (1945 - 1953);
  - Политички инструктор во авио полк (1953 - 1960);
  - Референт (воедно и наставник) за морално-политичко воспитување во наставен полк (1960 - 1964);
  - Помошник на командантот за морално-политичко воспитување во ловечко бомбардерски авијациски полк (1964 - 1966);
  - Помошник на командантот за морално-политичко воспитување и правни работи во авијациска бригада (1966 - 1971);
  - Началник на отсек во политичка управа на Сојузен Секретаријат за народна одбрана (ССНО) (1971 - 1974);
  - Помошник на началникот на 1. одделение на политичката управа на ССНО (1974 - 1976);
  - Началник на 2. одделение на политичката управа на ССНО (1976 - 1982) и
  - Началник на 1. одделение на политичката управа на ССНО (1982 - 1986).

**Major General**
**JANDREJEVSKI LJUBEN**

He was born on March 28, 1927 in Prilep, Macedonia.

He completed elementary school in 1938, high school in 1948, enrolling then at the Air Force military officer school, from which he graduated in 1953. He graduated from the Air Force Military Academy in 1960 and from the YNA Political school in 1965. He completed War School in 1973.

He began his officer career in the rank of Lieutenant of aviation in 1947. Three years later, in 1950, he was promoted to the rank of Captain, to the rank of Captain 1st class in 1954 and to the rank of Major in 1960, the rank of Lieutenant Colonel in 1964, the rank of Lieutenant General in 1969 and he was promoted to the rank of Major General in 1983 (early promotion).

- He served in various garrisons as a member of the YNA, namely: Zemun, Skopje, Kovin, Mostar, Rajlovac, Ljubljana, Batajnica and Belgrade, where he performed several duties:
  - He participated in the NLW, in the period from 01/05/1944 to 09/05/1945 as a fighter, youth leader and company commissary;
  - Company commissary (1945 - 1953);
  - Political instructor in air force regiment (1953 - 1960);
  - Officer (also a teacher) for moral and political education in teaching regiment (1960-1964);
  - Assistant Commander for moral - political education in attack bomber air force regiment (1964 - 1966);
  - Assistant Commander for moral - political education and legal matters in the air force brigade (1966 - 1971);
  - Head of section in the political administration of the Federal Secretariat of National Defense (FSND) (1971-1974);
  - Assistant Chief of the 1st section of the political administration of FSND (1974-1976);
  - Chief of the 2nd section of the political administration of FSND (1976-1982);
  - Chief of the 1st section of the political administration of FSND (1982-1986).

- Во текот на својата кариера, за неговото залагање во офицерската служба добивал бројни стимулативни мерки, пофалби, награди и признанија, а меѓу другото е одликуван и со:

  - Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда во 1947 година;
  - Медал за храброст во 1947 година;
  - Орден за храброст во 1948;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1957 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1967 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1972 година;
  - Орден на братството и единството со сребрен венец во 1975 година;
  - Орден на Југословенско знаме со златен венец во 1978 година и 1985 година.



- Пензиониран е во декември 1986 година.

- During his career, for his commitment to the officer service, he received numerous incentives, praise, awards, and inter alia, he was decorated with:

    - Order of Merits with Silver Star in 1947;
    - Medal of Honor in 1947;
    - Order of courage in 1948;
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1957;
    - Order of National Army Silver Star in 1967;
    - Order of the National Army with Golden Star in 1972;
    - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1975;
    - Order of the Yugoslavian flag with golden crown in 1978 and 1985.

- He was retired in December 1986.

**генерал-мајор**
**ЈАНЕВ САВЕ**



Роден е на 3 декември 1948 година во село Балинци, Валандовско, Р. Македонија, од мајка Љуба и татко Јордан. Оженет е, и татко е на два сина, Горан (1975) и Љупчо (1979).

Завршил Економско училиште во 1963 година во Гевгелија, по што завршил и Воено-економска академија на Копнената војска на ЈНА во 1971 година во Белград. Командно-штабна академија на копнената војска на ЈНА завршил во 1986 година во Центарот за високи воени школи, а во 1999 година ја завршил и Академијата на вооружени сили на Република Турција, во градот Истанбул.



Произведен е во чин на интендантски потпоручник во 1971 година. Унапреден е во чин поручник во 1974 година, а во чин капетан во 1977 година. Во чин капетан 1 класа е унапреден во 1980 година, во чин мајор во 1984 година, во чин потполковник во 1989 година, во чин полковник во 1994 година, во чин бригаден генерал во 1999 година и во чин генерал-мајор бил унапреден во 2003 година.

- Во својата кариера службувал во гарнизоните, Скопје (1971 – 1986 и 1989 - 2003) и Приштина (1986 - 1989), извршувајќи повеќе различни должности:
  - Командир на вод во интендантски наставен баталјон (1971 – 1974);
  - Командир на чета во интендантски наставен баталјон (1974 – 1976) и (1979 – 1981);
  - Референт за организациско-мобилизациски и персонални работи во интендантски наставен баталјон (1976 – 1979);
  - Началник на интендантска служба во 3. Армија (1981 – 1989);
  - Началник на штаб во задninска база, во 3. Армиска област (1989 - 1990);
  - Помошник на началникот на интендантска служба во 3. Армиска област (1990 - 1991);
  - Командант на Заднински наставен центар (1992 - 1996);
  - Началник на одделение за логистичко обезбедување во АРМ (1996 - 1997);
  - Потсекретар во Министерството за одбрана на Р.Македонија, за борбена политика и планирање (1999 - 2000);
  - Заменик на началникот на Генералштабот на АРМ (2000 - 2001);
  - Началник на Г- 4 во ГШ на АРМ (2001- 2003);
  - Покрај редовните формациски должности, во периодот од 2000 до 2002 година, беше и член на Воено-политичкиот и управен комитет на мултинационалната бригада за Југоисточна Европа „SEEBRIG" со седиште во Атина, Р. Грција.

**Major General**
**JANEV SAVE**

He was born on December 3, 1948 in the village Balinci, Valandovo, Macedonia, to mother Ljuba and father Jordan. Father of two sons, Goran (1975) and Ljupco (1979).

He completed the School of Economics in 1963 in Gevgelija, then he graduated from the Military Economic Academy of the YNA Land Forces in 1971 in Belgrade. He completed Command and Staff Academy of the YNA Land Forces in 1986, in the Senior Military School Center, and in 1999 he graduated from the Academy of the Armed Forces of the Republic of Turkey, in the city of Istanbul.

He was produced to the rank of quartermaster Second Lieutenant in 1971.He was promoted to the rank of Lieutenant in 1974 and to the rank of Captain in 1977. In the rank of Captain 1st class he was promoted in 1980, to the rank of Major in 1984, to the rank of Lieutenant Colonel in 1989, to the rank of Colonel in 1994, to the rank of brigadier general in 1999 and to the rank of Major General in 2003.

- In his career he served in the garrisons in Skopje (1971 - 1986, 1989 - 2003) and Prishtina (1986 - 1989), performing many different duties:
  - Platoon Commander in the teaching quartermaster battalion (1971 - 1974);
  - Company Commander instructing the quartermaster battalion (1974 - 1976) and (1979 - 1981);
  - Officer for organizational-mobilization and personnel issues in the teaching quartermaster battalion (1976 - 1979);
  - Head of the quartermaster service in the 3rd Army region (1981-1989);
  - Chief of Staff in the rear base in the 3rd Army region (1989-1990);
  - Assistant Chief of the quartermaster service in the 3rd Army region (1990-1991);
  - Commander of the Rear Training Center (1992 - 1996);
  - Head of the Logistics section of the Army (1996 - 1997);
  - Undersecretary in the Ministry of Defense of the Republic of Macedonia for Combat Policy and Planning (1999 - 2000);
  - Deputy Chief of General Staff (2000 - 2001);
  - Chief of G-4 GS (2001-2003);
  - In addition to the regular formation duties in the period from 2000 to 2002, he was a member of the Military-Political Steering Committee of the Multinational Brigade South East Europe “SEEBRIG” based in Athens, Greece.

- Во текот на службата, како потврда за неговиот професионален и одговорен однос кон задачите и обврските, честопати добивал признанија и стимулативни мерки во вид на пофалби, наградни отсуства, парични награди и друго, а меѓу другото е одликуван и со:

  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1974 година;
  - Орден на трудот со сребрен венец во 1979 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1987година;
  - Медал за 40 години ЈНА;
  - Медал за 50 години ЈНА.



- Автор е на бројни текстови од областа на реформите во одбраната во списанието „Одбрана", чиј претседател на Издавачки совет бил во периодот од 1999 до 2000 година, а се појавува и како рецензент на книгата „Организација и економика на исхраната во армијата", од авторите д-р Сокле Кочовски и м-р Зоран Ивановски, труд кој се користи како основен наставен материјал за питомците на Воената академија во Скопје.

- Пензиониран е во декември 2003 година.

- During his service, as a confirmation of his professional and responsible attitude towards the assigned tasks and obligations, he often received awards and incentives in the form of praise, prize absences, monetary prizes etc., and he was decorated with:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1974;
  - Order of Labor with silver wreath in 1979;
  - Order of National Army Silver Star in 1987;
  - Medal for 40 years YNA;
  - Medal for 50 years YNA.

- He is the author of numerous articles in the field of defense reform in the journal "Defense", he chaired the Publishing Council of the journal in the period from 1999 to 2000, and he was the reviewer of the book "Organization and economics of food in the army" by the authors Dr. Sokle Kochovski and Zoran Ivanovski, M.A., a paper that is used as basic teaching material for the cadets of the Military Academy in Skopje.

- He was retired in December 2003.

**генерал-потполковник**
**ЈОВЧЕСКИ АТАНАС**



Роден е на 03. мај 1952 година во село Големо Радобил, Прилепско, Р. Македонија. Со сопругата Стана бил во брак долги години, а заедно имаат две ќерки, Викторија (1976) и Александра (1979).

Завршил Гимназија во 1971 година во родниот Прилеп, по што заминал на Воената академија на Копнената војска на ЈНА во Белград и истата ја завршил во 1975 година. Командно-штабна академија на Военото воздухопловство и против-воздушна одбрана завршил во 1991 година, а Школа за национална одбрана во Истанбул, Р.Турција, во 1996 година.



Во чин потпоручник бил произведен во 1975 година, а во чин поручник е унапреден во 1976 година. Во 1979 година бил унапреден во чин капетан, во чин капетан 1. класа во 1983 година, а во чин мајор во 1988 година. Унапреден е во чин потполковник во 1992 година, во чин полковник во 1998 година, во чин бригаден генерал во 2002 година, во чин генерал-мајор во 2004 година и во чин генерал-потполковник бил унапреден во 2007 година.

- Во својата кариера службувал во повеќе различни гарнизони на ЈНА, и тоа: Задар (1975 - 1977), Кичево (1977 – 1981) и Прилеп (1981 – 1992), а по осамостојувањето на Р.Македонија и основањето на АРМ, бил на служба во: Битола (1992 – 1997), Петровец (1997 – 1998), Охрид (1998 – 2001), Скопје (2001 – 2002) и Куманово (2002 – 2007). Службата ја извршувал преку повеќе должности, како:
  - Командир на вод (1975 – 1978);
  - Командир на чета (1978 – 1982);
  - Командант на артилериски дивизион (1982 – 1988);
  - Началник на штаб во лесен артилериски полк за ПВО, а воедно и заменик-командант на корпус (1988 – 1991);
  - Помошник на началникот за оперативно-наставни работи во командата на 2. Армиски корпус (1991 – 1997);
  - Командант на полк за против-воздушна одбрана (1997 – 2002);
  - Заменик на командант на Командата на копнената војска (2002 – 2003);
  - Командант на Командата на копнената војска (2003 – 2005);
  - Командант на Здружената оперативна команда (2005 - 2007).

**Lieutenant General**
**JOVCHESKI ATANAS**

He was born on 03 May 1952 in the village of Golemo Radobil, Prilep, the Republic of Macedonia. He had been married to Stana for many years, and together they have two daughters, Viktorija (1976) and Aleksandra (1979).

He graduated from high school in 1971 in his native Prilep, and enrolled at the Military Academy of the Land Forces of the YNA in Belgrade graduating in 1975. He completed the Command Staff College of the Air Force and air defense in 1991 and the School of National Defense in Istanbul, Republic of Turkey, in 1996.

He was produced in Second Lieutenant in 1975 and he was promoted to the rank of Lieutenant in 1976. In 1979 he was promoted to the rank of Captain, to the rank of Captain first class in 1983, and to the rank of Major in 1988. He was promoted to rank of Lieutenant Colonel in 1992, to the rank of Colonel in 1998, to the rank of brigadier general in 2002, to the rank of Major General in 2004 and to the rank of Lieutenant General in 2007.

- In his career he served in different garrisons of the YNA and Zadar (1975 - 1977), Kichevo (1977 - 1981) and Prilep (1981 - 1992), and after Macedonia gained its independence and the Army of the Republic of Macedonia was established, he served in Bitola (1992 - 1997), Petrovec (1997 - 1998), Ohrid (1998 - 2001), Skopje (2001 - 2002) and Kumanovo (2002-2007). He performed several duties, such as:
  - Platoon Commander (1975 - 1978);
  - Company Commander (1978 - 1982);
  - Artillery Division Commander (1982 - 1988);
  - Chief of Staff in the light air defense artillery regiment, as well as corps deputy Commander (1988 - 1991);
  - Assistant Chief for Operational and teaching matters in the 2$^{nd}$ Army Corps HQ (1991-1997);
  - Air Defense Regiment Commander (1997 - 2002);
  - Land Force Command Deputy Commander (2002 - 2003);
  - Land Force Commander (2003 - 2005);
  - Commander of the Joint Operations Command (2005-2007).

- За своите заслуги во унапредувањето и усовршувањето на армијата, како и за професионалноста во извршувањето на задачите и обврските произлезени од службата, повеќепати во својата офицерска кариера добивал награди и признанија, а одликуван е со:

  - Медал за воени заслугиво 1979 година;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1983 година;
  - Орден на трудот со сребрен венец во 1988 година.




- Пензиониран е во декември 2007 година, во чин генерал-потполковник, а починал на 19 март 2008 година.

- For his efforts for improving the army, and his professionalism in the performance of the assigned tasks he received awards throughout his career and was decorated with:
    - Medal of Military Merit in 1979;
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1983;
    - Order of Labor with silver wreath in 1988.

- He was retired in December 2007, with the rank of Lieutenant General and he died on March 19, 2008.

**бригаден генерал**
**ЈОРДЕВ ОРЦЕ**





Роден е на 29 април 1972 година во Кичево, Р. Македонија, од мајка Менка и татко Драган. Во брак е со сопругата Ленче од 1996 година и татко е на две деца, син Драган (1996) и ќерка Ана Марија (2000).

Завршил средно училиште, насока „физичари-техничари" во 1990 година во Кичево, а Воена академија завршил во Скопје во 1995 година. Командно-штабна академија завршил во 2006 година во Истанбул, Турција, каде што завршил и Школа за национална одбрана во 2015 година.

Произведен е во чин на пешадиски потпоручник во 1995 година. Во чин поручник бил унапреден во 1996 година, а во чин капетан е унапреден во 1999 година. Унапредувањето во чин капетан 1. класа следи на крајот од 2001 година, а во чин мајор бил унапреден во 2003 година. Во 2007 година е унапреден во чин потполковник, а во 2012 година во чин полковник. Во 2016 е унапреден во чин бригаден генерал.

- Својата досегашна кариера ја гради во специјалните единици на АРМ, во гарнизонот Скопје, извршувајќи повеќе должности:
  - Командир на противтерористички вод во противтерористичка чета, во 6-ти одред (1995 – 1998);
  - Командир на противтерористичка чета, во единица за специјани намени (1998);
  - Заменик командир на диверзантска чета, во единица за специјални намени (1998 – 1999);
  - Командир на противтерористичка чета, во баталјон за специјални намени (1999 – 2001);
  - Началник на С-3 во оперативно наставна секција во баталјонот за специјални намени (2001 – 2003);
  - Заменик на командант на баталјонот за специјални намени и началник на штаб во баталјонот за специјални намени (2003 – 2004);
  - Командант на баталјон за специјални намени (2006 – 2012);
  - Заменик командант на Полк за специјални операции (2012 – 2015);
  - Вршител на должност началник на штаб во команда на Полк за специјални операции (2015);
  - Командант на Полк за специјални операции од 2015 година.

**Brigadier General**
**JORDEV ORCE**

He was born on April 29, 1972 in Kichevo, Macedonia, to mother Menka and father Dragan. He has been married to Lenche since 1996 and is father of two children, a son Dragan (1996) and a daughter Ana-Marija (2000).

He finished high school for physicist technicians in 1990 in Kichevo and then the Military Academy in Skopje in 1995. He graduated from the Command Staff College in 2006 in Istanbul, Turkey, where he also completed the School of National Defense in 2015.

He was produced to the rank of infantry Second Lieutenant in 1995. He was promoted to the rank of Lieutenant in 1996 and to the rank of Captain in 1999. The promotion to the rank of Captain first class followed at the end of 2001 and he was promoted to the rank of Major in 2003. In 2007 he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel and in 2012 to the rank of colonel. In 2016 he was promoted to the rank of brigadier general.

- He has built his career heretofore within the special units of the Army garrison in Skopje, performing several duties:
  - Counter-Terrorist Platoon Commander in the counterterrorist company, the 6th Squad (1995-1998);
  - Counterterrorist Company Commander in the Special Purposes Unit (1998);
  - Deputy Commander of the diversion company, Special Purposes Unit (1998 - 1999);
  - Counterterrorist Company Commander, Special Purposes Battalion (1999 - 2001);
  - Head S-3 in the operational educational section in the Special Operations Battalion (2001-2003);
  - Deputy Commander of the Special Operations Battalion and Chief of Staff in the Special Operations Battalion (2003 - 2004);
  - Special Purposes Battalion Commander (2006 - 2012);
  - Special Operations Regiment Deputy Commander (2012 - 2015);
  - Acting Chief of Staff in command of the Special Operations Regiment (2015);
  - Special Operations Regiment Commander since 2015.

- Во досегашната служба честопати добивал пофалби, награди и признанија за неговите заложби и професионална активност како армиски офицер, во афирмацијата, унапредувањето и усовршувањето на армијата и нејзино потврдување како столб на одбраната на државата. Меѓу другото е одликуван и со Медал за храбост од Претседателот на Република Македонија во 2011 година, а исто така е награден и со Сребрена значка за долгогодишна служба во АРМ од НГШ на АРМ во 2015 година.




- Автор е на два стручно-специјалистички труда, „Геостратегиска положба на Р.Македонија на Балканот и односите со соседите", труд кој воедно е и дипломска работа за КША и „Проучувајки ја глобалната средина и глобалните текови за наредните 20 - 30 години, а врзано за одбраната, националната безбедност и воените стратегии какви сили, концепти и стратегии треба да поседува државата", дипломска работа за ШНО.

- Со својата стручност и знаење учествувал во проекти за развој и трансформација на армијата, меѓу кои трансформација на АРМ од регрутен во професионален војнички состав, подготовка на единици за остварување на партнерските цели и планови за членство во НАТО, промовирање на специјалните единици преку соработка, вежби и стручно оспособување во регионални и меѓународни рамки, модернизација и опремување на АРМ, правила и прописи за специјалните единици во АРМ, изработка на упатства за обука, развој и употреба на специјалните единици, изработка на планови за развој, опремување и обучување на специјалните единици, изработка на планови и програми за гаѓање во специјалните единици, формирање и изградба на полигони и објекти за обука на специјалните и другите единици во АРМ.

- Како дел од своето стучно усовршување и надградување, завршил и неколку курсеви во повеќе образовни центри во земјава и во странство, како курсевите за специјални единици, за тактика на мали единици, за алпинизам, за работа во штабови и команди, за планирање на вежби, за комуникација во кризи итн.

- In his service heretofore, he has often received praise, prizes and awards for his commitment and professional activity as an army officer in the promotion, advancement and improvement of the army and its affirmation as a pillar of the defense of the country. Among other things, he was decorated with the Medal of Courage of the President in 2011, and he also awarded a silver badge for long service in the ARM by the Chief of General Staff in 2015.

- He is the author of two expert-specialized works, "The Geo-Strategic Position of Macedonia in the Balkans and Its Relations with the Neighbors," which was also the his graduation thesis at the Command Staff Academy and "Studying the Global Environment and Global Trends for the Next 20-30 Years In Relation with the Defense, National Security and Military Strategies for the Forces, Concepts and Strategies That the State Should Possess" graduation thesis for the National Defense School.

- With his expertise and knowledge, he has participated in projects for development and transformation of the army, including the transformation of the Army from conscript into professional military composition, preparation of the units for implementation of the Partnership Goals and plans for NATO membership, promotion of the special units through collaboration, exercises and training in regional and international frameworks, modernization and equipping of the ARM, rules and regulations for special units in the Army, making the guidelines for training, development and use of the special units, drafting development plans, equipping and training of the special units, drafting plans and programs for shooting in the special units, establishing and constructing shooting ranges and training facilities for the special and other units in the Army.

- As part of his advancement and specialization, he has completed several courses in several educational centers in the country and abroad, such as courses for special units, tactics of small units, for alpine training, working in headquarters and commands, exercise planning, crisis communication, etc.

**генерал-потполковник**
**КАРАКУТОВСКИ ЃОРЃИ**



Роден е на 21 април 1947 година во село Смојмирово, Беровоско, Р. Македонија, од татко Лазар и мајка Анета. Оженет е со сопругата Дафинка и татко е на две ќерки, Зорица (1975) и Аница (1978).

Основното образование го завршил во родното место, а Гимназија завршил во Берово во 1966 година. Воена академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1970 година во Белград, а Командно-штабна академија на Копнената војска завршил во 1983 година. Завршил и Школа за национална одбрана во Белград, во 1991 година.



Во чин артилериски потпоручник е произведен во 1970 година, а унапреден е во чин поручник во 1973 година. Во 1976 година е унапреден во чин капетан, а во чин капетан 1. класа во 1978 година, во чин мајор во 1983 година, во чин потполковник во 1987 година, во чин полковник во 1993 година, во чин бригаден генерал во 1997 година, во чин генерал-мајор во 2000 година и во чин генерал-потполковник е унапреден во 2003 година.

- Својата офицерска служба ја извршувал во повеќе различни гарнизони, како офицер на ЈНА и АРМ, и тоа: Мостар (1970 - 1974), Струмица (1974 - 1981), Белград (1981 - 1983) и (1990 - 1991), Прилеп (1983 - 1990), Урошевац (1991), Куманово (1991 – 1992, 1993 - 2002) и на два пати Скопје (1992 - 1993 и 2002 - 2004), каде бил поставен на должностите:
  - Командир на вод (1970 – 1974);
  - Командир на батерија (1974 – 1978);
  - Заменик на командант на артилериски дивизион (1978 – 1981);
  - Командант на артилериски дивизион (1983 – 1985);
  - Началник на штаб во мешовит артилериски полк (1985 – 1991);
  - Командант на штаб за територијалната одбранана Р.Македонија (1991 – 1992);
  - Началник на штаб во 3. Армиски корпус (1992 – 1993);
  - Началник на штаб во 1. Армиски корпус (1993 – 2000);
  - Командант на 1. Армиски корпус (2000 – 2002);
  - Командант на Командата на копнената војска во АРМ (2002);
  - Упатен во Генералштабот на АРМ (2002 – 2004).

**Lieutenant General**
**KARAKUTOVSKI GJORGJI**

He was born on April 21, 1947 in the village Smojmirovo, Bravo, Macedonia, to father Lazar and mother Aneta. He is married to Dafinka and he is a father of two daughters, Zorica (1975) and Anica (1978).

He finished primary school in his birthplace and high school in Berovo in 1966. He graduated from the Military Academy of the Land Forces of the YNA in 1970 in Belgrade and Command Staff Academy of the Land Forces in 1983. He graduated from the School of National Defense in Belgrade in 1991.

He was produced in the rank of artillery Second Lieutenant in 1970 and he was promoted to the rank of Lieutenant in 1973. In 1976 he was promoted to the rank of Captain, and in the rank of Captain first class in 1978, to the rank of Major in 1983, the rank of Lieutenant Colonel in 1987, to the rank of Colonel in 1993, to the rank of brigadier general in 1997, to the rank of Major General in 2000 and to the rank of Lieutenant General in 2003.

- He served as an officer in different garrisons, as a YNA officer and as a member of the ARM, including: Mostar (1970 - 1974), Strumica (1974 - 1981), Belgrade (1981 - 1983) and (1990 - 1991) Prilep (1983 - 1990), Uroshevac (1991), Kumanovo (1991-1992, 1993-2002) and Skopje twice (1992-1993 and 2002-2004), and he had the following duties:
  - Platoon Commander (1970 - 1974);
  - Battery Commander (1974 - 1978);
  - Artillery Division Deputy Commander (1978 - 1981);
  - Division Artillery Commander (1983 - 1985);
  - Chief of Staff in the mixed artillery regiment (1985 - 1991);
  - Commander of the Headquarters of the Territorial Defense of the Republic of Macedonia (1991 - 1992);
  - Chief of Staff in the 3rd Army Corps (1992-1993);
  - Chief of Staff in the 1st Army Corps (1993-2000);
  - Commander of the 1st Army Corps (2000-2002);
  - Commander of the ARM Land Force Command (2002);
  - Seconded to the General Staff (2002-2004).

Во текот на својата кариера, за неговиот професионален и одговорен однос кон службата и успешното раководење со армиските структури кои му биле доверени, како дел од службените должности добивал бројни признанија, пофалби, наградни отсуства, парични награди и други стимулативни мерки, а меѓу другото е одликуван и со:

- Златна плакета „Подвиг на војникот" во 1975 година;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1975 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1979 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1985 година.




Пензиониран е во јуни 2004година.

- During his career, he received numerous awards, praise, reward absences, monetary prizes and other incentives for his professional and responsible attitude towards the service and for successful management of the military structures entrusted to him as part of his official duties, inter alia, he was decorated with:
    - Golden Plaque “Soldier Bravery” in 1975;
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1975;
    - Order of the National Army with Golden Star in 1979;
    - Order of Military Merit with Golden Swords in 1985.
- He was retired in June 2004.

**генерал-полковник**
**КАРАНГЕЛЕСКИ ВАСКО**





Роден е на 7 јули 1921 година во село Брусник, Битола, Р. Македонија, во сиромашно земјоделско семејство.

По завршувањето на основното образование, дипломирал на Воената академија „Ворошилов" во Москва, СССР, а подоцна и на Вишата воена академија на ЈНА. Исто така, завршил и курс за оператика на Командно-штабната академија.

Пред Втората светска војна бил земјоделски работник. Во народноослободителното движење учествувал од 1941 година, од кога е, и член на СКОЈ. После окупацијата на Кралството Југославија во 1941 година, во селото Брусник се формирало антифашистичко движење, во кое активно се вклучил, преку акциите за собирање на оружје, муниција и друга опрема потребна за формирање на партизански одред.

- Во првата половина на 1943 година стапил на должност командир на вод во одредот, а истата година станал член и на КПЈ. Набрзо потоа ја презел должноста командир на чета, а подоцна и командант на баталјон. Како командант на баталјон во Третата македонска ударна бригада, постигнал голем успех во борбите за време на Пролетната офанзива од 1944 година кај Ново Село, Ристовци, Крива Река, Лисец, како и на планините Плачковица и Огражден. По тие успеси, како што во понатамшниот период се формираат нови формации во составот на НОВ на Македонија, така Карангелески станал и заменик командант на 3. и 4. македонска бригада, а подоцна бил и командант на 7. македонска бригада, па потоа и командант на 49. македонска дивизија. Покрај овие должности, службува и на должностите Началник на Штаб на Армиска област, како и командант на Армија.

- По ослободувањето извршува командни должности во Југословенската Народна Армија, како командант на Армија (воена формација) со чин генерал-полковник. Избран бил и за пратеник во Републичкото Собрание на СР. Македонија, Сојузното Собрание и Централниот комитет на Сојузот на Комунистите на Југославија.

- За народен херој е прогласен на 29.11.1953 година.

- Загинал на 3 февруари 1977 година во околината на Македонски Брод, во несреќен случај.

**Colonel General**
**KARANGELESKI VASKO**

He was born on July 7, 1921 in the village of Brusnik, Bitola, Macedonia, into a poor farming family.

After completing his primary education, he graduated from the Military Academy "Voroshilov" in Moscow, USSR and later he completed the Higher Military Academy of the YNA. He also completed a course for operations at the Command Staff Academy.

Before the Second World War he was a farm worker. He took part in the national liberation movement from 1941, as a member of the Association of Communist Youth of Yugoslavia. After the occupation of the Kingdom of Yugoslavia in 1941, antifascist movement was formed in the village of Brusnik and he got actively involved through actions of collecting weapons, ammunition and other equipment needed for the formation of a partisan detachment.

- In the first half of 1943 he came on duty as a platoon Commander in the unit, and the same year he became a member of CPY. Soon afterwards he assumed the company Commander duty and later battalion Commander. As battalion Commander in the Third Macedonian Assault Brigade, he achieved great success in the fights during the spring offensive of 1944 in Novo Selo, Ristovci, Kriva Reka, Lisec and the mountains Plachkovica and Ograzhden. After these successes, in the further period new formations were established within the National Liberation War of Macedonia, and Karangeleski became deputy Commander of the 3rd and 4th Macedonian brigade, and later served as Commander of the 7th Macedonian Brigade, and afterwards Commander of 49$^{th}$ Macedonian Division. In addition to these duties, he also had the duties of chief of staff of an army region, as well as army Commander.

- After the liberation, he performed command duties in the Yugoslav National Army, as Commander of the Army (military formation) with the rank of Lieutenant General. He was elected as MP in the National Assembly of the Socialist Republic of Macedonia, the Federal Assembly and the Central Committee of the Association of Communists of Yugoslavia.

- He was declared a national hero on 29.11.1953.

- He died on February 3, 1977 near Makedonski Brod in an accident.

Во својот живот добил бројни признанија и награди, како потврда за неговата извонредна храброст и професионалност во извршувањето на задачите и обврските кои произлегле од секоја должност што ја извршувал, како за време на НОВ, така и по војната, а меѓу другото е одликуван и со:

- Партизанска споменица од 1941;
- Орден „Народен Херој";
- Орден на воеността знаме;
- Орден за заслуги за народ со сребрени зраци;
- Орден на братството и единството со златен венец;
- Орден на партизанската ѕвезда со пушки;
- Орден за храброст;
- Полски партизански крст (странско одликување) и други.



- In his lifetime he received numerous honors and awards, as a confirmation of his remarkable courage and professionalism in the execution of the tasks arising from the duties he performed both during the Liberation War and after the war, and he was decorated, inter alia, with:

  - Partisan Memorial 1941;
  - Order "National Hero";
  - Order of the military flag;
  - Order of Merits with Silver Rays;
  - Order of Brotherhood and Unity with Golden Crown;
  - Order of the Partisan Star with Guns;
  - Order of courage;
  - Polish Partisan Cross (foreign decoration).

**генерал-потполковник**
**КАСТРАТОВИЌ НИКОЛА**





Роден е на 26 август 1926 година во Скопје, , Р. Македонија, од мајка Јелена и татко Милосав. Бил оженет и татко е на две деца.

Основно образование и гимназија завршил во Скопје, а офицерска школа завршил во Карловац. Виша војна академија и Ратна школа завршил во Белград.

☆ По една година од окупацијата на Југославија, поточно во летото 1942 година бил приклучен кон српскиот дом за бегалци „Свети Ѓорѓе" во Врњачка Бања, каде што продолжил да се образува во седми клас гимназија. Подоцна, некаде во есента истата година се приклучил во Сојузот на социјалистичката младина на Југославија (СКОЈ) и работел како илегалец. Набргу, логорот со бегалци бил преселен во Чачак, па таму ја продолжил илегалната работа. 1943 година, бил неколку пати апсен од српската полиција и сместен во затворот во Чачак, а потоа и во Белград. На почетокот на 1944 година бил префрлен во Смедеревска Паланка, во Заводот за принудно воспитување на младината, каде што останал неколку месеци. Во септември 1944 година се приклучил на Народно-ослободителната војска на Југославија, најнапред во Космајската бригада, а потоа во Првата личка пролетерска бригада, како војник, а напредувал до политички комесар на чета во Првата личка пролетерска бригада и во Шестата личка пролетерска дивизија „Никола Тесла". Учествувал во ослободувањето на Загреб и Белград, а се борел и на Сремскиот фронт се до крајот на војната, во мај 1945 година.

Кон крајот на војната се здобил со офицерски чин - поручник, а подоцна бил унапреден во капетан. Од февруари 1945 година бил упатен на школување во Белград за потребите на армијата. Завршил курс за хемиска служба (служба за противхемиска заштита и Атомско-биолошко-хемиска заштита во служба на ЈНА) во касарната на Топчидер. Тоа бил и почетокот на неговото професионално определување за служба во ЈНА, каде продолжил да се образува и воено-стручно да се надградува, завршувајќи ги и Официрската школа во Карловац, Вишата воена академија (школа за тактика) и Ратната школа (школа за Народна одбрана) во Белград. Преку сите овие школи се оспособил за вршење на командни и штабни должности во службата на ЈНА, особено се специјализирал за Атомска, биолошка и хемиска одбрана (АБХО). Во текот на службата, редовно напредувал до чин генерал - потполковник (1976).

- Во својата кариера службувал во повеќе различни гарнизони на ЈНА, извршувајќи повеќе должности, меѓу кои:
  - Командна должност во школскиот центар за Атомска, биолошка и хемиска одбрана (АБХО) во Крушевац;

**Lieutenant General**
**KASTRATOVIC NIKOLA**

He was born on August 26, 1926 in Skopje, R. Macedonia. Macedonia, to mother Jelena and father Milosav. He was married and father of two children.

He finished elementary education and high school in Skopje, and he graduated from the officer school in Karlovac. He graduated from the Senior War Academy and War College in Belgrade.

☆ One year after the occupation of Yugoslavia, specifically in the summer 1942 he was taken to the Serbian refugee center "St. George" in Vrnjacka Banja, where he resumed his education in the seventh grade of high school. Later, in the autumn of the same year he joined the Union of Socialist Youth of Yugoslavia (SKOJ) and worked as an illegal. Soon, the refugee camp was moved to Chachak, where he continued his illegal work. In 1943, he was arrested several times by the Serbian police and placed in the prison in Chachak and then in Belgrade. At the beginning of 1944 he was transferred to Smederevska Palanka, in the Institute for Forced Upbringing of the Youth, where he stayed for several months. In September 1944 he joined the National Liberation Army of Yugoslavia, first in Kosmaj Brigade, then in the First Lik Proletarian Brigade, as a soldier, and then he progressed to political commissary of a company in the First Lik Proletarian Brigade and the Sixth Lik Proletarian Division "Nikola Tesla ". He participated in the liberation of Zagreb and Belgrade, and he fought on the Srem front until the end of the war, in May 1945.

Towards the end of the war he acquired an officer rank - lieutenant, and was later promoted to captain. As of February 1945 he was sent to school in Belgrade for the needs of the army. He completed a course for Chemical Service (Service for counter chemical protection and NBC defense in YNA) in the barracks Topchider. It was the beginning of his professional orientation in the YNA, where he continued his education getting military and professionally upgraded, and he completed the Officer School in Karlovac, the Senior Military Academy (School for Tactics) and War College (National Defense School) in Belgrade. Through all these schools he became skilled to perform command and staff duties in the YNA, particularly specializing in Nuclear, Biological and Chemical Defense (NBC). During his service, he regularly progressed to the rank of lieutenant general (1976).

In his career, he served in several different YNA garrisons, performing several duties, including:

- Command Officer of the NBC Center in Krushevac;
- Teacher for NBC Defense;
- Head of Department in the NBC Center;
- Head of Reserve Officers School;
- NBC Chief in Army HQ;
- Assistant Commander of the 2nd Military District;
- Assistant Commander of the 3rd Military District;
- Republic Secretary of the National Defense Council of the Republic of Macedonia (1982 - 1986).

- Наставник за АБХО;
- Началник на катедрата во школскиот центар за АБХО;
- Началник на Школата за резрвни офицери (ШРО);
- Началник на родот АБХО во командата на армијата;
- Помошник на командантот на 2. армиска област;
- Помошник на командантот на 3. армиска област;
- Републички секретар за Народна одбрана на СР. Македонија (1982 – 1986).

За својот придонес во текот на службата, редовно добивал признанија и награди, а меѓу другото е одликуван и со:

- Орден на СФРЈ со сребрен венец;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви;
- Два ордени за воени заслуги со сребрени мечеви;
- Орден за храброст;
- Спомен медал за 10 години ЈНА;
- Спомен медал за 20 години ЈНА;
- Спомен медал за 30 години ЈНА;
- Спомен медал за 40 години ЈНА;
- Орден на мирот на СССР.




Пензиониран е во чин генерал-потполковник, на 31  декември 1985 година, но како Републички секретар за Народна одбрана на СР. Македонија работел се до крајот на 1986 година.

Починал на 02 септември 2014 година во Скопје.

- For his contribution during the service, he regularly received recognitions and awards, and among other, he was awarded with:
  - Order of the SFRY with Silver Wreath;
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Order of the National Army with Silver Star;
  - Order of Military Merit with Golden Swords;
  - Two orders for Military Merit with Silver Swords;
  - Order of Courage;
  - Memorial medal for 10 years YNA;
  - Memorial medal for 20 years YNA;
  - Memorial medal for 30 years YNA;
  - Memorial medal for 40 years YNA;
  - Order of Peace of the USSR.

- He retired as a Lieutenant General, on December 31, 1985, but he worked as the Republican Secretary of the National Defense of the PR. Macedonia until the end of 1986.

- He died on September 2, 2014 in Skopje.

**генерал-мајор**
**КОСТОВСКИ ЗОРАН**





Роден е на 23 јануари 1935 година во Битола, Р. Македонија, од мајка Маргарита и татко Димитар. Оженет е и во долгогодишен брак со сопругата Танкоса, а татко е на две деца, ќерка Соња и син Предраг.

Завршил основно образование во 1945 година, а Гимназија завршил во 1949 година, по што, своето образование го продолжил во Средното економско училиште, кое го завршил во 1953 година. Интендантска воена академија завршил во 1956 година, а Школа за усовршување на интендантски офицери во 1969 година, по што се насочил на Командно-штабна академија на Копнената војска на ЈНА и истата ја завршил во 1974 година. Школо за народна одбрана завршил во 1977 година и Командно-штабна школа на оператика во 1988 година.

Во чин потпоручник е произведен во 1956 година, а во чин поручник е унапреден во 1960 година. Во чин капетан во 1964 година, во чин капетан 1. класа во 1967 година, во чин мајор во 1970 година, во чин потполковник во 1975 година, во чин полковник во 1979 година и во чин генерал-мајор е унапреден во 1988 година.

- Во својата кариера службувал во повеќе различни гарнизони на ЈНА (Невесице, Мостар, Сараево и Белград), а по формирањето на АРМ, добил служба во гарнизон Скопје и тука останал се до пензионирањето, во август 1992 година. Како армиски офицер, извршувал повеќе должности, меѓу кои:
  - Референт на интендантска служба во баталјон / дивизион (1956 - 1964);
  - Командир на наставен вод (1964 - 1966);
  - Референт на интендантска служба во воениот округ Мостар (1966 - 1968);
  - Командир на чета (1968 - 1970);
  - Референт во интендантскиот отсек на командата на воениот округ Сараево (1970 - 1972);
  - Референт во интендантска управа (1972 - 1977);
  - Референт во интендантско одделение на 1. Армија (1977 - 1978);
  - Началник на интендантска служба во 1. Армија (1978 – 1983);
  - Началник на Отсек за организација на мобилизација на 1. Армија (1983 - 1994);
  - Помошник на директорот на сојузната дирекција за промет на роба со посебна намена (1984 - 1985);
  - Републички секретар за народна одбрана на СР Македонија (1985 - 1987);
  - Директор на Дирекција за снабдување и одмор (1987 - 1990) и
  - Началник на оперативна управа за заднина на Сојузниот Секретаријат за народна одбрана (1990 - 1992).

**Major General**
**KOSTOVSKI ZORAN**

He was born on January 23, 1935 in Bitola, the Republic of Macedonia, to mother Margarita and father Dimitar. He is married to Tankosa and is a father of two children, daughter Sonja and son Predrag.

He finished primary school in 1945 and graduated from high school in 1949, after which he continued his education at the High School of Economics, which he completed in 1953. He graduated from the Quartermaster Military Academy in 1956 and School of excellence for quartermaster officers in 1969, after which he enrolled at the Command Staff Academy of the Land Forces of the YNA, graduating in 1974. He completed the National Defense School in 1977 and the Command Staff School for Operations in 1988.

He was produced into Second Lieutenant in 1956, then promoted into Lieutenant in 1960. He received the rank of Captain in 1964, the rank of Captain first class in 1967, the rank of Major in 1970, the rank of Lieutenant Colonel in 1975 and the rank of Colonel in 1979. He was promoted into the rank of Major General in 1988.

- During his career he was on duty in different garrisons of the YNA (Nevesice, Mostar, Sarajevo and Belgrade) and after the establishment of the ARM, he served in Skopje garrison and remained there until his retirement in August 1992. As an army officer, he performed several duties, including:
  - Quartermaster Battalion Officer / division (1956 - 1964);
  - Training Platoon Commander (1964 - 1966);
  - Quartermaster Officer in the military district of Mostar (1966 - 1968);
  - Company Commander (1968 - 1970);
  - Quartermaster Officer in the command of the Military District of Sarajevo (1970 - 1972);
  - Quartermaster Officer - in administration (1972 - 1977);
  - Quartermaster Officer in the 1st Army (1977-1978);
  - Head of the quartermaster service in the 1st Army (1978-1983);
  - Head of Department for organization of mobilization of the 1st Army (1983-1994);
  - Assistant Director of the Federal Directorate for distribution of special purpose goods (1984 - 1985);
  - Republic Secretary of National Defense of the Socialist Republic of Macedonia - (1985-1987);
  - Director of the Directorate for Supplies and Vacations (1987 - 1990);
  - Head of the Rear Operations Directorate of the Federal Secretariat of National Defense (1990-1992).

За професионалното извршување на задачите и обврските произлезени од сите должности во текот на својата служба, добивал бројни признанија и награди, а исто така е одликуван и со:

- Медал за воени заслуги во 1961 година;
- Орден за воени заслуги со среберени мечеви во 1964 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1971 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1978 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1981 година и
- Орден на братството и единството со сребрен венец во 1986 година.



- For the professional performance of his obligations arising from all duties during his service, he received numerous awards and recognitions and was also decorated with:
  - Medal of Military Merit in 1961;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1964;
  - Order of National Army Silver Star in 1971;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1978;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1981 and
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1986.

**генерал-потполковник**
## КОСТОВСКИ ЈОСИП



Роден е на 19 ноември 1926 година во Велес, Р. Македонија. Од долгогодишниот брак со сопругата Петра (1936), татко е на две деца.

Основно образование завршил во 1937 година (четири класа), Граѓанско училиште во 1941 година (четири класа - мала матура), а Гимназија завршил во 1943 година (два класа), по што се насочил на Подофицерско училиште кое го завршил во 1949 година, а потоа продолжил на Висока воена академија на Копнената војска на ЈНА и истата ја завршил во 1958 година. Ратна школа завршил во 1963 година.



Произведен е во чин поручник во 1946 година, а во чин капетан е унапреден во 1947 година. Во чин мајор е унапреден во 1956 година, а чин потполковник добива вонредно во 1958 година. Во чин полковник е унапреден во 1965 година, а во чин генерал-мајор во 1971 година и во чин генерал-потполковник предвремено е унапреден во 1977 година.

- Својата офицерска служба ја извршувал во повеќе различни гарнизони на ЈНА: Скопје, Белград, Загреб, Копривница, Славонска Пожега, Битола, Куманово и Ниш. Бил поставен на должностите:

  - Командант на баталјон (1945 - 1951);
  - Оперативец во одделението за оперативни наставни работи во 3.Армиска област (1951 - 1953);
  - Командант на баталјон (1953 - 1958);
  - Наставник по тактика во Воена академија на ЈНА (1958 - 1963);
  - Наставник по тактика во Висока воена академија на ЈНА (1963 - 1964);
  - Командант на пешадиска дивизија (1964 - 1966);
  - Началник на Штаб на дивизија (1966 - 1968);
  - Командант на пешадиски полк (1968 - 1969);
  - Командант на пешадиска дивизија (1969 - 1974);
  - Помошник на командантот на 2. Армија за заднина (1974 - 1978);
  - Инспектор за Копнената војска во Генерална инспекција за народна одбрана (ГИНО) (1978 - 1980);
  - Началник на Управата за пешадија во Генералштабот на ЈНА (1980 - 1983).

- Учесник е во НОВ од април 1944 година до мај 1945 година како борец, а подоцна бил и командант на баталјон.

**Lieutenant General**
**KOSTOVSKI JOSIP**

He was born on November 19, 1926 in Veles, Republic of Macedonia. He had a long marriage with his wife Petra (1936) and is a father of two children.

He finished elementary school in 1937 (four classes), Civic School in 1941 (four classes - small graduation) and High School in 1943 (two classes), and then NCO school from which he graduated in 1949. Then he proceeded to the Military Academy of the Land Forces of the YNA and finished it in 1958. He finished a War School in 1963.

He was produced into the rank of Lieutenant in 1946 and to the rank of Captain in 1947. He was then promoted to Major in 1956 and he received the rank of Lieutenant Colonel rank early in 1958. He was promoted to Colonel in 1965 and to the rank of Major General in 1971. He became Lieutenant General in early 1977.

- He served as an officer in different garrisons of the YNA: Skopje, Belgrade, Zagreb, Koprivnica, Slavonska Pozhega, Bitola, Kumanovo and Nish. He had duties such as:
  - Battalion Commander (1945 - 1951);
  - Operation officer at the Operational section in the 3rd army region (1951-1953);
  - Battalion Commander (1953 - 1958);
  - Tactics Teacher in the Military Academy of the YNA (1958 - 1963);
  - Tactics Teacher at the Senior Military Academy of the YNA (1963 - 1964);
  - Infantry Division Commander (1964 - 1966);
  - Division Chief of Staff (1966 - 1968);
  - Infantry Regiment Commander (1968 - 1969);
  - Infantry Division Commander (1969 - 1974);
  - Assistant Commander of the 2nd Rear Army (1974-1978);
  - Inspector of the Land Forces in GIND - General Inspection of National Defense (1978 - 1980) and
  - Head of the Directorate for Infantry in the YNA (1980-1983).

- He participated in the NLW from April 1944 to May 1945 as a fighter, and later he served as battalion Commander.

- Во текот на својата кариера како армиски офицер, за неговите заслуги во раководењето и организацијата на армиските структури, добивал бројни признанија, а повеќепати бил пофалуван и наградуван. Меѓу другото е одликуван и со:

  - Орден за храброст во 1946 година;
  - Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда во 1946 година;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1955 година;
  - Орден на братството и единството со сребрен венец во 1961 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1965 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1969 година;
  - Орден за воени заслуги со голема ѕвезда во 1978 година;
  - Орден на Народната армија со ловоров венец во 1983 година.




- Починал на 6 јули 1998 година.

- During his career as an army officer, he received numerous awards for his merits in the management and organization of the military structures and was repeatedly praised and rewarded. Among other things, he was decorated with:
    - Medal of Honor in 1946;
    - Order of Merits with Silver Star in 1946;
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1955;
    - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1961;
    - Order of Military Merit with Golden Swords in 1965;
    - Order of the National Army with Golden Star in 1969;
    - Order of Military Merit with Big Star in 1978;
    - Order of the National Army Laurel Wreath in 1983.

- He died on July 6, 1998.

**генерал-потполковник**
**КОТЕВСКИ МЕТОДИЈА**



Роден е на 18 јануари 1923 година во Скопје, Р.Македонија. Оженет е и татко на две деца.

Завршил основно образование во 1933 година, а Гимназија во 1941 година. Висока воена академија на ЈНА завршил во 1954 година и Генералска школа завршил во СССР, во 1964 година.

Учесник е во НОВ од мај 1943 година до мај 1945 година како борец, а преку должноста помошник на комесар во одред, подоцна станал и комесар на бригада. Во чин мајор е унапреден во 1944 година, а во чин потполковник во 1950 година. Во 1957 година добил чин полковник, а во 1967 година генерал-мајор и во чин генерал-потполковник е унапреден во 1975 година.

- Офицерската служба ја извршувал во неколку гарнизони на ЈНА, меѓу кои, Валандово, Струмица, Белград, Скопје и Бања Лука, каде бил поставен на бројни должности, како:
  - Инструктор во дивизиска болница (1945 - 1949);
  - Уредник на весник во 4. Управа на Генералштабот на ЈНА (1949 - 1951);
  - Началник во 3. воена област (1951 - 1954);
  - Началник на одделение во управата за морална политичка работа на ЈНА (1954 - 1955);
  - Наставник на висок курс за морално-политичко воспитување (1955 - 1960);
  - Помошник на командантот за морално-политичко воспитување во воено подрачје Бања Лука (1960 - 1964);
  - Наставник на катедрата за артилерија во Високата воена академија на ЈНА (1964 - 1969);
  - Секретар на конференција на Сојузот на комунистите на Југославија во ЈНА (1969 - 1971);
  - Началник на Управата за територијална одбрана и цивилна заштита во Државниот секретаријат за народна одбрана (1971 - 1974);
  - Помошник на заменик-началникот на Генералштабот за територијална одбрана (1974 - 1977);
  - Директор на дирекцијата за управување со воено - станбен фонд во ЈНА (1977 - 1979);
  - Помошник на главниот инспектор за Територијална одбрана и цивилна заштита од 1979 година, па се до неговото пензионирање, во декември 1981 година.

**Lieutenant General**
**KOTEVSKI METODIJA**

He was born on January 18, 1923 in Skopje, Macedonia. He was married and a father of two children.

He finished primary school in 1933 and high school in 1941. He graduated from the Senior Military Academy of the YNA in 1954 and completed a School for Generals in the USSR in 1964.

He participated in the NLW from May 1943 to May 1945 as a fighter, then he had the duty of Assistant Commissary in the unit, later he became brigade commissary. He was promoted to Major in 1944, and to the rank of Lieutenant Colonel in 1950. In 1957 he received the rank of colonel, and in 1967 and he was promoted into the rank of Lieutenant General in 1975.

- During his officer service, he worked in several garrisons of the YNA, including, Valandovo, Strumica, Belgrade, Skopje and Banja Luka, where he had placed numerous duties, such as:
  - Instructor in Divisional Hospital (1945 - 1949);
  - Newspaper editor in the 4th Directorate of the General Staff of the Yugoslav National Army (1949-1951);
  - Head of the 3rd Military District (1951-1954);
  - Head of section at the Directorate for moral political work in the YNA (1954 - 1955);
  - Senior course teacher for moral and political education (1955 - 1960);
  - Assistant Commander for moral and political education in military district of Banja Luka (1960 - 1964);
  - Teacher of the Department for artillery at the Senior Military Academy of the YNA (1964 - 1969); Secretary of the Conference of the Association of Communists of Yugoslavia in the YNA (1969 - 1971);
  - Chief of the Territorial Defense and Civil Protection in the State Secretariat for National Defense (1971 - 1974);
  - Assistant Deputy Chief of Staff for the Territorial Defense (1974 - 1977);
  - Director of the Directorate for Housing Management Fund - YNA (1977 - 1979);
  - Assistant Chief Inspector of Territorial Defense and Civil Protection from 1979 until his retirement in December 1981.

Во текот на својата кариера добивал мноштво признанија за достојно извршување на офицерската служба, а меѓу другото е одликуван и со:

- Орден за храброст во 1945 година;
- Орден на Партизанската ѕвезда со пушки во 1947 година;
- Орден на братството и единството во 1947 година;
- Орден за заслуги за народ со сребрени зраци во 1948 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1952 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1971 година;
- Орден на Народната армија со ловоров венец во 1977 година и
- Орден на руското црвено знаме, во 1981 година.



- During his career he received a multitude of awards for worthy officer conduct and, inter alia, he was decorated with:

  - Medal of Honor in 1945;
  - Order of the Partisan Star with Guns in 1947;
  - Order of Brotherhood and Unity in 1947;
  - Order of Merits with Silver Rays in 1948;
  - Order of National Army Silver Star in 1952;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1971;
  - Order of the National Army Laurel Wreath in 1977;
  - Russian Order of Red Flag in 1981.

**генерал-потполковник**
**КОТЕЛИ ФИЛИП**





Роден е на 26 април 1940 година во Охрид, Р. Македонија. Од мајка Нада (домаќинка) и татко Наум (службеник). Оженет е и во брак со сопругата Катарина (1946), а татко е на една ќерка, Александра (1982), дипломиран правник.

Завршил Средно економско училиште во 1959 година, а Воена академија на ЈНА во 1962 година (интендантска служба). Командно-штабна академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1972 година и Школо за национална одбрана завршил во 1987 година.

Во чин потпоручник е произведен во 1962 година, а во чин поручник е унапреден во 1965 година. Во чин капетан во 1968 година, во чин капетан 1. класа во 1971 година, а во чин мајор е унапреден во 1977 година. Во чин потполковник во 1981 година (вонредно), во чин полковник во 1986 година, во чин генерал-мајор во 1993 година и во чин генерал-потполковник е унапреден во 1997 година.

- На служба бил во повеќе различни гарнизони на ЈНА, и тоа: Загреб (1962 - 1976 и 1979 - 1987), Вараждин (1976 - 1979) и Сараево (1987 - 1992), а од 1992 година продолжил во гарнизон Скопје како офицер на АРМ, се до неговото пензионирање во 1999 година, извршувајќи повеќе должности:

  - Командир на вод (1962 - 1964);
  - Управник на пекара (1964 - 1966);
  - Командир на чета (1966 - 1972);
  - Началник на интендантска служба (1972 - 1976);
  - Референт за интендантска служба (1976 - 1979);
  - Вршител на должност Управник на интендантска база (1979 - 1980);
  - Управник на интендантска база (1980 - 1987);
  - Командант на интендантско финансиски школски центар (1987 - 1991);
  - Помошник на командантот на територијална одбрана за Морално политички правни работи (МПП) (1991 - 1992);
  - Помошник на началникот на Генералштабот на АРМ за план, развој и финансирање (1992 - 1994);
  - Помошник на министерот за одбрана на Р.Македонија за логистика (1994 - 1999);
  - Помошник на Началникот на Генералштабот на АРМ за логистика (1999).

**Lieutenant General**
**KOTELI FILIP**

He was born on April 26, 1940 in Ohrid, Macedonia to mother Nada (housewife) and father Naum (clerk). He has been married to his wife Katarina since 1946 and is a father of one daughter, Aleksandra (1982), a lawyer.

He graduated from the High School of Economics in 1959 and the Military Academy of the Yugoslav National Army in 1962 (quartermaster service). He completed Command Staff Academy of the Land Forces of the YNA in 1972 and the National Defense School in 1987.

He was produced into a Second Lieutenant in 1962, then into Lieutenant in 1965, to the rank of Captain in 1968, to the rank of Captain first class in 1971 and to the rank of Major in 1977. He was promoted into the rank Lieutenant Colonel in 1981 (early promotion), to the rank of Colonel in 1986, to the rank of Major General in 1993 and to the rank of Lieutenant General in 1997.

- He served in different garrisons of the YNA, in Zagreb (1962 - 1976 and 1979 - 1987), Varazhdin (1976 - 1979) and Sarajevo (1987 - 1992), and from 1992 he continued in garrison Skopje as Army officer until his retirement in 1999, performing several duties:
    - Platoon Commander (1962 - 1964);
    - Head of Bakery (1964 - 1966);
    - Company Commander (1966 - 1972);
    - Head of the quartermaster service (1972 - 1976);
    - Officer in the quartermaster service (1976 - 1979);
    - Acting Manager of a quartermaster base (1979 - 1980);
    - Manager of a quartermaster base (1980 - 1987);
    - Commander of a quartermaster financial training center (1987 - 1991);
    - Assistant Commander of the Territorial Defense for MPLA - Moral Political and Legal Affairs (1991 - 1992);
    - Assistant Chief of General Staff for Planning, Development and Financing (1992 - 1994);
    - Assistant Minister of Defense of the Republic of Macedonia for Logistics (1994 - 1999);
    - Assistant Chief of General Staff of the ARM for Logistics (1999).

- За своето залагање и професионален однос кон службата, во кариерата добил повеќе признанија, пофалби и награди, а меѓу другото е одликуван и со:
  - Медал за воени заслуги во 1966 година;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1971 година;
  - Орден на Народната армија со среберна ѕвезда во 1977 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1982 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1986година;
  - Медал за 20 години ЈНА;
  - Медал за 30 години ЈНА;
  - Медал за 30 години од победата над фашизмот;
  - Медал за 40 години ЈНА;
  - Медал за 50 години ЈНА.



- Меѓу другото, раководел и со тимот задолжен за комплетно дизајнирање и набавка на првата униформа во АРМ - работна, свечена и маскирна, како и првите армиски чинови.

- Како дел од придонесот во процесите за обука и усовршување на старешинскиот кадар се издвојува неговата работа во интендантско финансискиот школски центар во Сараево, како ментор на повеќе наставници и професори од областа на интендантско финансиските теми за магистратури и докторски дисертации.

- Автор е на неколку стручно-специјалистички трудови, како „Партизански облик на вооружена борба – оперативни проблеми, заднинско обезбедување", труд кој воедно е и дипломска работа за КША, „Организација и намена на стратегиско-оперативните единици на вооружените сили" (1982), дипломска работа за ШНО и „Одбранбена операција на армија, заднинско обезбедување".

- По неговото пензионирање во 1999 година, активно се вклучува во неколку невладини организации, како „Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста (Претседател)", „Клубот на генерали на Р.Македонија", „Сојузот на борците на Македонија (1941 - 1945) и граѓаните продолжувачи" и во повеќе спортски сојузи.

- Денес живее во Скопје и Охрид со својата фамилија.

- For his commitment and professional attitude to the service, he received many awards, praise and rewards, inter alia, he was decorated with:
  - Medal of Military Merit in 1966;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1971;
  - Order of the National Army with Silver Star in 1977;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1982;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1986;
  - Medal for 20 years YNA;
  - Medal for 30 years YNA;
  - Medal for 30 years of the victory over fascism;
  - Medal for 40 years YNA;
  - Medal for 50 years YNA.

- Among other duties, he managed the team responsible for the complete design and acquisition of the first ARM uniform – Class B, Class A and camouflage and the first army ranks.

- As part of his contribution to the process of training of the officer personnel, his work in the financial quartermaster training center in Sarajevo is worth noting, as a mentor to many teachers and professors on quartermaster financial topics for master and doctoral dissertations.

- He is the author of several expert-specialist papers, such as "Guerilla Form of Armed Struggle - Operational Problems, Rear Provision", a paper which was his diploma thesis at the Command Staff Academy, "Organization and Purpose of Strategic-Operational Units of the Armed Forces" (1982), a graduation thesis at the National Defense School and "Defensive Operation of the Army, Rear Logistic Provisions".

- After his retirement in 1999, he was actively involved in several non-governmental organizations, "Association of Veterans and Reservists of the Defense and Security (Chairperson)," "Club of Generals", "Association of Veterans of Macedonia (1941-1945) and Citizens Followers" and in several sports associations.

- Today he lives in Skopje and Ohrid with his family.

**генерал-потполковник**
**м-р КОТЕСКИ ГОРАНЧО**



Роден е на 18 август 1965 година во Прилеп, Р.Македонија, од татко Ванчо и мајка Иванка. Со сопругата Ковиљка се во брак од 1989 година, и заедно имаат две ќерки, Вања (1990) и Александра (1991).

Средна воена школа завршил во Сараево, во 1984 година, а Воена академија на Копнената војска завршил во 1987 година во Белград и Сараево. Командно-штабна академија завршил 12 години подоцна во Скопје, во 1999 година, а НАТО колеџот го завршил во Рим, Италија, во 2002 година.



Како активен воен старешина започнал во чин водник во 1984 година, а во 1987 година бил произведен во чин на пешадиски потпоручник. Во чин поручник е унапреден во 1988 година, а во чин капетан вонредно унапреден е во 1992 година. Во чин капетан 1. класа е вонредно унапреден во 1994 година, во чин мајор во 1998 година, исто така, вонредно е унапреден и во чин потполковник во 2001 година, а во чин полковник во 2005 година. Во чин бригаден генерал бил унапреден во 2009 година, во чин генерал-мајор во 2011 година, а во чин генерал-потполковник е унапреден во 2013 година.

- Во ЈНА, службувал во гарнизонот Сараево (1987 - 1992), а во АРМ, во гарнизоните: Скопје (1992 – 2008 и 2009 - 2011), Кичево (2008 - 2009), Куманово (2011) и повторно Скопје од 2011 година. Во досегашната служба извршувал повеќе раководни и штабни должности:
  - Командир на питомечки вод (1987 – 1992);
  - Командир на гардиска чета (1992 – 1994);
  - Заменик на командант на гардиски баталјон (1994 – 1995);
  - Командант на гардиски баталјон (1995 – 1998);
  - Командант на питомечки баталјон (1999 – 2002);
  - Командант на Центарот за обука на родови и специјалности и воедно командант на касарна „Илинден" - Скопје (2002 – 2003);
  - Воено аташе во Берлин, СР.Германија (2003 – 2008);
  - Заменик на командант на бригада (2008 – 2009);
  - Аѓутант на врховниот командант на вооружените сили на Р.Македонија (2009 – 2011);
  - Командант на ЗОК (2011);
  - Началник на ГШ на АРМ (2011 – 2015);
  - Советник за воени прашања на врховниот командант на вооружените сили на Р.Македонија, од 2015 година и сеуште ја извршува оваа должност.

**Lieutenant General**
**MA KOTESKI GORANCO**

He was born on August 18, 1965 in Prilep, Macedonia, to father Vancho and mother Ivanka. He has been married to Koviljka since 1989, and together they have two daughters, Vanja (1990) and Aleksandra (1991).

He finished military high school in Sarajevo in 1984, and he completed the Military Academy of the Land Forces in 1987 in Belgrade and Sarajevo. He graduated from the Command Staff College 12 years later in Skopje in 1999, and he completed the NATO College in Rome, Italy, in 2002.

He started his career as an active military officer in the rank of sergeant in 1984, and in 1987 he was produced into the rank of infantry Second Lieutenant. He was promoted to the rank of Lieutenant in 1988 and he was promoted early to the rank of Captain in 1992. He was then promoted early to the rank of Captain first class in 1994, to the rank of Major in 1998, and he was also promoted early to the rank of Lieutenant-Colonel in 2001 and to the rank of Colonel in 2005. He acquired the rank of brigadier general in 2009, the rank of Major General in 2011, and the rank of Lieutenant General in 2013.

- In his career in the YNA, he served in the garrison of Sarajevo (1987 - 1992) and in the ARM in the garrisons: Skopje (1992 - 2008, 2009 - 2011), Kichevo (2008 - 2009), Kumanovo (2011) and Skopje again in 2011. In his service heretofore, he has performed many managerial and staff duties:
  - Cadet Platoon Commander (1987 - 1992);
  - Commander of the Honor Guard Company (1992 - 1994);
  - Deputy Commander of the Honor Guard Battalion (1994 - 1995);
  - Commander of the Honor Guard Battalion (1995 - 1998);
  - Commander of the Cadet Battalion (1999 - 2002);
  - Commander of the Training Center for branches and specialties and also Commander of "Ilinden" barracks - Skopje (2002 - 2003);
  - Military Attaché to Berlin, FR Germany (2003 - 2008);
  - Brigade Deputy Commander (2008 - 2009);
  - Adjutant to the Supreme Commander of the Armed Forces of the Republic of Macedonia (2009 - 2011);
  - JOC Commander (2011);
  - Chief of General Staff of the ARM (2011 - 2015);
  - Advisor for Military Affairs to the Supreme Commander of the Armed Forces of the Republic of Macedonia since 2015.

- Во текот на својата кариера добивал бројни признанија, награди, пофалби и друг вид на стимулативни мерки, како потврда за неговите заложби во афирмацијата на армијата како столб на одбраната на државата и неговата професионална активност како висок армиски офицер. Меѓу другото, добитник е на наградата „3-ти ноември" од општина Прилеп во 2016 година, награда која се доделува за извонредни постигнувања во областа на политичко-економскиот, културно-просветниоти историскиот развиток на градот, а доделени му се и:
  - Медал за 50 години ЈНА, во 1991 година;
  - Сребрена значка за долгогодишна служба во АРМ;
  - Средна плакета на АРМ.








- Автор е на стручно-специјалистички труд „Одбранбени дејства на тактичките единици - Систем НАТО", труд кој воедно е и дипломска работа за КША и книгата „АРМ во системот за безбедност на Република Македонија".

- Носител е на изработка на прописи од областа на одбраната при дефинирање на Законот за одбрана и Законот за служба во АРМ, а исто така учествувал и во проектите за развој и трансформација на Армијата на Република Македонија.

- Носител е на Сертификат за бронзен медал од Вооружените сили на СР.Германија, а поседува и Сертификат за стекнат стручен назив „Магистер од областа на безбедноста", од 2014 година.

- During his career, he has received numerous certificates of recognition, awards, praise and other incentives, as a confirmation of his commitment to the affirmation of the army as a pillar of the defense of the State and his professional activities as a senior army officer. He is, inter alia, the winner of the prize "November 3rd" from Prilep in 2016, an award for outstanding achievement in the field of political-economic, cultural, educational and historical development of the city and he was also decorated with the following:
    - Medal for 50 years YNA in 1991;
    - Silver badge for long service in the Army;
    - Medium plaque of the ARM.
- He is the author of the expert specialist work "Defensive actions of the tactical units - NATO system", which was his graduation thesis for the Command Staff Academy and the book "The ARM in the Security System of the Republic of Macedonia".
- He was responsible for the drafting of regulations in the field of defense in defining the Defense Law and the Military Service Law, and he also participated in projects for development and transformation of the Army of the Republic of Macedonia.
- He was awarded the Certificate of bronze medal from the Armed Forces of FR Germany, and holds a certificate for his title of "Master of Security" acquired in 2014.

**генерал-потполковник**
## **КОЧИНСКИ ДИМКО**





Роден е на 03 мај 1926 година во Битола, Р. Македонија. Оженет е и татко е на две деца.

Основно образование завршил во 1937 година (четири класа), а Гимназија во 1943 година (шест класа), по што се насочил на Артилериско офицерско училиште кое го завршил во 1950 година. Висока воена академија на ЈНА завршил во 1966 година, а Ратна школа во 1969 година.

Произведен е во чин потпоручник во 1945 година, а унапреден е во чин поручник во 1946 година. Во чин капетан е унапреден во 1948 година, во чин капетан 1. класа во 1948, во чин мајор во 1952 година, во чин потполковник во 1958 година, во чин полковник во 1963 година, во чин генерал-мајор во 1974 година и во чин генерал-потполковник бил унапреден во 1982 година.

- Својата служба ја извршувал во повеќе различни гарнизони на ЈНА, и тоа: Струмица, Штип, Куманово, Врање, Демир Капија, Битола, Загреб, Белград, Карловац и Скопје, поставен на повеќе должности:
  - Командант на батерија (1945 - 1947);
  - Командант на дивизион (1947 - 1950);
  - Наставник во Воена академија на ЈНА (1950 - 1953);
  - Помошник на воениот претставник во Грција (1953 - 1954);
  - Наставник во пешадиски школски центар на ЈНА (1954 - 1957);
  - Началник на штаб во 955. наставен центар на 1.Армија (1957 - 1961);
  - Командант на дивизион (1961 - 1964);
  - Командант на мешовит артилериски полк (1964 - 1966);
  - Началник на артлерија во дивизија (1966 - 1969);
  - Началник на артилерија во командата на 3.Армија (1969 - 1972);
  - Инспектор во Генерална инспекција на одбраната (ГИНО) (1972 - 1979) и
  - Виш инспектор во ГИНО (1979 - 1985).

**Lieutenant General**
**KOCHINSKI DIMKO**

He was born on May 3, 1926 in Bitola, the Republic of Macedonia. He was married and a father of two children.

He finished elementary school in 1937 (four classes) and high school in 1943 (six classes), followed by artillery officer school in 1950. He graduated from the Senior Military Academy of the YNA in 1966, and War School in 1969.

He was produced in the rank of Second Lieutenant in 1945 and he promoted to the rank of Lieutenant in 1946. He was then promoted to the rank of Captain in 1948, to the rank of Captain first class in 1948, to the rank of Major in 1952, to the rank of Lieutenant Colonel in 1958, to the rank of Colonel in 1963, to the rank of Major General in 1974 and to the rank of Lieutenant General in 1982.

- He served in many different garrisons of the YNA in Strumica, Shtip, Kumanovo, Vranje, Demir Kapija, Bitola, Zagreb, Belgrade and Skopje and Karlovac, where he was assigned to various duties:
    - Battery Commander (1945 - 1947);
    - Division Commander (1947 - 1950);
    - Teacher at the Military Academy of the YNA (1950 - 1953);
    - Assistant to the military representative to Greece (1953 - 1954);
    - Teacher in the Infantry Training Center of the YNA (1954 - 1957);
    - Chief of Staff in the 955$^{th}$ Teaching Center of the 1$^{st}$ Army (1957-1961);
    - Division Commander (1961 - 1964);
    - Commander of a mixed artillery regiment (1964 - 1966);
    - Division Artillery Chief (1966 - 1969);
    - Chief of artillery in the Command of the 3$^{rd}$ Army (1969-1972);
    - Inspector in the General Defense Inspectorate (1972 - 1979) and
    - Senior Inspector in GDI (1979-1985).

Во текот на службата честопати добивал признанија за успешното извршување на професионалните задачи и обврски, истакнувајќи се со својата способност за раководење со структурите на армијата и стручната воена изграденост како висок воен старешина, а исто така и заради неговата пожртвуваност и дело како учесник во НОВ. Во таа насока одликуван е со:

- Партизанска Споменица од 1941 година;
- Орден за храброст во 1945 година;
- Орден на Партизанската ѕвезда со пушки во 1946 и 1947 година;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1952 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1957 година;
- Орден на братството и единството со сребрен венец во 1961 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1961 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1970 година;
- Орден за воени заслуги со голема ѕвезда во 1978 година;
- Орден на Југословенското знаме со златен венец во 1984 година.



Учесник бил во НОВ од мај 1943 до мај 1945 како борец, а преку должностите политички делегат, комесар на чета, помошник комесар на баталјон, подоцна станал и командант на баталјон.

- During his service, he often received awards for the successful performance of his professional duties and obligations, with his outstanding ability to manage the structures of the army and the professional military development as a senior military officer, and also for his dedication and work as a participant in the National Liberation War. In this regard he was decorated with:

  - Partisan Memorial 1941;
  - Medal of Honor in 1945;
  - Order of the Partisan Star with Guns in 1946 and 1947;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1952;
  - Order of National Army Silver Star in 1957;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1961;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1961;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1970;
  - Order of Military Merit with Big Star in 1978;
  - Order of the Yugoslavian flag with Golden Crown in 1984.

- He was participant in the NLW from May 1943 to May 1945 as a fighter and executed duties such as a political delegate, company commissary, Assistant Commissary of a battalion and later he became Battalion Commander.

**генерал-полковник**
**КРСТЕВСКИ ТРАЈЧЕ**





Роден е на 03 декември 1938 година во село Бузалково, Велес, Р. Македонија, од мајка Родна и татко Јован. Оженет е и татко е на две деца.

По завршувањето на основното образование, завршил Гимназија, по што продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА и истата ја завршил во 1961 година. Виша воена академија завршил во 1974 година, а Школа за народна одбрана во 1980 година.

Во чин потпоручник е произведн во 1961 година, а во чин поручник е унапреден во 1964 година. Во чин капетан е вонредно унапреден во 1966 година, во чин капетан 1. класа  во 1969 година, во чин мајор во 1974 година, во чин потполковник во 1978 година, а во чин полковник е унапреден во 1984 година. Во чин генерал-мајор бил унапреден во 1990 година, во чин генерал-потполковник во 1995 година и во чин генерал-полковник е унапреден во 1997 година.

- Во својата професионална кариера како офицер на ЈНА, службувал во гарнизоните: Сињ (1961 - 1964), Бенковац (1964 - 1970), Тетово (1970 - 1972), Белград (1972 - 1974), Штип (1974 - 1983), Скопје (1983 - 1985), Битола (1985 - 1987) и Ријека (1987 - 1991), а по формирањето на АРМ, својата служба ја продолжил во гарнизонот Скопје (1991 - 2000). Во текот на службата, извршувал повеќе должности:

  - Командир на вод (1961 - 1964);
  - Командир на чета (1964 - 1972);
  - Командант на баталјон (1974 - 1976);
  - Командант на партизанска дивизија (1976 - 1979);
  - Началник на оперативен отсек во пешадиска дивизија (1980 - 1983);
  - Командант на бригада (1983 - 1985);
  - Началник на дивизија (1985 - 1987);
  - Началник на корпус (1987 - 1992);
  - Заменик-началник на Генералштабот на АРМ (1992 - 1996);
  - Началник на Генералштабот на АРМ (1996 - 2000).

**Colonel General**
**KRSTEVSKI TRAJCHE**

He was born on December 3, 1938 in the village Buzalkovo, Veles, Republic of Macedonia to mother Rodna and father Jovan. He was married and a father of two children.

After completing his primary education, he finished high school, after which he continued at the Military Academy of the Land Forces of the YNA and finished it in 1961. He graduated from the Senior Military Academy in 1974 and he completed the National Defense School in 1980.

He was produced into Second Lieutenant in 1961 and to the rank of Lieutenant in 1964. He received an early promotion into the rank of Captain in 1966, to the rank of Captain first class in 1969, to the rank of Major in 1974, to the rank of Lieutenant Colonel in 1978, and to the rank of Colonel in 1984. He was promoted to the rank of Major General in 1990, to the rank of Lieutenant General in 1995 and to the rank of Colonel General in 1997.

- In his professional career as an officer of the YNA, he served in the garrisons: Sinj (1961 - 1964), Benkovac (1964 - 1970), Tetovo (1970 - 1972), Belgrade (1972 - 1974), Shtip (1974 - 1983), Skopje (1983 - 1985), Bitola (1985 - 1987) and Rijeka (1987 - 1991), and after the formation of the ARM, he continued his service in Skopje garrison (1991-2000). During his service, he carried out several duties:
  - Platoon Commander (1961 - 1964);
  - Company Commander (1964 - 1972);
  - Battalion Commander (1974 - 1976);
  - Partisan Division Commander (1976 - 1979);
  - Operations Chief in Infantry Division (1980 - 1983);
  - Brigade Commander (1983 - 1985);
  - Chief of Division (1985 - 1987);
  - Head of Corps (1987 - 1992);
  - Deputy Chief of General Staff of the ARM (1992 - 1996);
  - Chief of General Staff of the ARM (1996-2000).

- За својата професионална ангажираност низ кариерата како висок воен офицер и неговите заложби во раководењето и командувањето со дел од армиските структури, како во ЈНА, така и во АРМ, особено во периодот на нејзините почетоци, добивал бројни признанија и награди, а меѓу другото е одликуван и со:
  - Орден на братството и единството со сребрен венец;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви;
  - Медал за 20 години ЈНА;
  - Медал за 30 години ЈНА;
  - Медал за 30 години од победата над фашизмот;
  - Медал за 40 години ЈНА;
  - Медал „UNICEF” за припадниците на ЈНА од текот на Суецката војна во Египет.




- Автор е на стручно-специјалистичките трудови: „Пешадиска дивизија во одбрана”, труд кој воедно е и дипломска работа за КША и „Проблеми на командувањето и раководењето на оперативно-стратегиско ниво” и „Корпус во одбрана”, трудови за Командно-штабна воена вежба.

- Пензиониран е во 2000 година и денес со сопругата живеат во Скопје.

- For his professional commitment throughout his career as a senior military officer and for his efforts in leading and commanding part of the army structures, both in the YNA and the ARM, especially during its early days, he received numerous awards, and inter alia, he was decorated with:

  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown;
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Order of Military Merit with Golden Swords;
  - Order of the National Army with Silver Star;
  - Order of Military Merit with Silver Swords;
  - Medal for 20 years YNA;
  - Medal for 30 years YNA;
  - Medal for 30 years of the victory over fascism;
  - Medal for 40 years YNA;
  - Medal "UNICEF" for members of the YNA during the Suez war in Egypt.

- He is the author of expert-specialist papers: "Infantry Division in Defense," which was also his graduation thesis at THE Command Staff Academy and "Problems of command and management on operational and strategic level ","Corps in Defense", all of them created for a Command Staff Exercise.

- He retired in 2000 and today lives in Skopje with his wife.

**генерал-мајор**
**ЛЕКОВСКИ ЗОРАН**





Роден е на 2 септември 1955 година во Битола, Р.Македонија како најстаро дете во многудетно семејство, од мајка Крстана и татко Наум. Со сопругата Снежана е во долгогодишен брак и татко е на две деца, син Наум и ќерка Фросина.

Завршил основно образование во 1970 година, а Гимназија во 1974 година, по што продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА, насока Оклопно механизирани единици (ОМЕ), која ја завршил во 1978 година. Командно-штабна академија почнал во Центарот за високи воени школи - Белград во 1990 година, а ја завршил на Воената академија - Скопје во 1995 година. Завршил и Висока генералска воена школа во 2000 година во Истанбул, Турција.

Произведен е во чин потпоручник во 1978 година, а во чин поручник е унапреден во 1979 година. Четири години подоцна, во 1983 година е унапреден во чин капетан, во чин капетан 1. класа е унапреден во 1987 година, во чин мајор во 1990 година, во чин потполковник во 1994 година, во чин полковник во 1999 година, а во 2005 година станал и бригаден генерал. По две години, во 2007 година е унапреден во чин генерал-мајор.

- Во својата кариера службувал во три различни гарнизони на АРМ, и тоа: Скопје (1978 - 2001 и 2007 - 2011), Штип (2001 - 2005) и Куманово (2005 - 2007), каде извршувал повеќе значајни должности:
  - Командир на тенковски вод во 243. пролетерска оклопна бригада (1978 - 1980);
  - Командир на тенковска чета (1980 - 1982);
  - Заменик командант на Оклопен баталјон (1982 - 1986);
  - Командант на Оклопен баталјон (1986 - 1988);
  - Началник за безбедност во 243. пролетерска оклопна бригада (1988 - 1991);
  - Началник за безбедност (1991 - 1992);
  - Командант на баталјон на воена полиција во АРМ (1992 - 1994);
  - Началник на одделението за воено-полициски работиво Секторот за безбедност и разузнавање на Министерството за одбрана на Р.Македонија (1994 - 2000);
  - Началник на одделението за резервни офицери кај директорот на ГШ на АРМ (2000 - 2001);
  - Заменик командант на 1. механизирана пешадиска бригада (2001 - 2003);
  - Командант на 1. механизирана пешадиска бригада (2003 - 2005);
  - Заменик командант на ЗОК (2005 - 2007);
  - Советник на НГШ на АРМ од 2007 година, па се до неговото пензионирање во октомври 2011 година.

## Major General
## LEKOVSKI ZORAN

He was born on September 2, 1955 in Bitola, Macedonia as the oldest child in a family with many children, to mother Krstana and father Naum. He has been married to Snezhana for many years and is a father of two children, a son Naum and a daughter Frosina.

He finished primary school in 1970 and high school in 1974, after which he continued at the Military Academy of the Land Forces of the YNA, Department of Armored Mechanized Units (AMU), which he completed in 1978. He started the Command Staff Academy at the Center for senior military schools - Belgrade in 1990, and finished it at the Military Academy - Skopje in 1995. He graduated from the Senior Military School for Generals in 2000 in Istanbul, Turkey.

He was produced in the rank of Second Lieutenant in 1978 and he was promoted to the rank of Lieutenant in 1979. Four years later, in 1983 he was promoted to the rank of Captain, to the rank of Captain first class in 1987, to the rank of Major in 1990, to the rank of Lieutenant Colonel in 1994, to the rank of Colonel in 1999, and in 2005 he became a brigadier general. Two years later, in 2007, he was promoted to the rank of Major General.

- In his career he served in three different garrisons of the ARM, including: Skopje (1978 - 2001 and 2007 - 2011), Shtip (2001 - 2005) and Kumanovo (2005 - 2007), where he performed a number of important duties:
  - Commander of Tank Platoon in the 243rd Proletarian Armored Brigade (1978-1980);
  - Tank Company Commander (1980 - 1982);
  - Deputy Commander of Armored Battalion (1982 - 1986);
  - Armored Battalion Commander (1986 - 1988);
  - Chief of Security in the 243rd Proletarian Armored Brigade (1988-1991);
  - Chief of Security (1991 - 1992);
  - Commander of the Military Police Battalion of in the ARM (1992 - 1994);
  - Head of Department for Military Police Affairs in the Department for Security and Intelligence of the Ministry of Defense of the Republic of Macedonia (1994 - 2000);
  - Head of Department for Reserve Officers in the Office of the Director of General Staff of the ARM(2000 - 2001);
  - Deputy Commander of the 1st Mechanized Infantry Brigade (2001-2003);
  - Commander of the 1st Mechanized Infantry Brigade (2003 - 2005);
  - Deputy Commander of the Joint Operations Command (2005 - 2007);
  - Advisor to the Chief of General Staff of the ARM from 2007 until his retirement in October 2011.

- Во текот на службата повеќепати добивал признанија и награди за своето залагање и професионален однос кон работата како армиски офицер. Редовно добивал бројни пофалби, парични награди и други стимулативни мерки, а покрај другото, е одликуван и со:

  - Медал за воени заслуги во 1983 година;
  - Медал за 40 години ЈНА;
  - Медал за 50 години ЈНА.




- Како дел од своето стучно усовршување и надградување, завршил и неколку курсеви во образовни центри во поранешна Југославија, Р. Македонија и во странство, меѓу кои и:

  - Специјален курс за тенкот Т-55 во Сибир, Руска Федерација, во 1979 година;
  - Курс за командир на тенковска чета во Бања Лука во 1981 година;
  - Курс за команданти на оклопни баталјони во Бања Лука, во 1984 година;
  - Политички курс во Центарот за политички школи во Белград, во 1986 година;
  - Воено полициски и диверзантски курс во Панчево, во 1987 година.

- During his service, he received several awards for his commitment and professional attitude to his work as an army officer. He regularly received numerous certificates of recognition, monetary awards and other incentives, and, inter alia, he was decorated with:
  - Medal of Military Merit in 1983;
  - Medal for 40 years YNA;
  - Medal for 50 years.

- As part of his expert training and specialization, he completed several courses in educational centers in the Republic of Macedonia and abroad, including:
  - Special course for tank T-55 in Siberia, Russian Federation, 1979;
  - Course for tank company Commander in Banja Luka in 1981;
  - Course for armored battalion Commanders in Banja Luka, 1984;
  - Political course at the Center for Political School in Belgrade in 1986;
  - Military police and diversionary course in Panchevo in 1987.

**генерал-потполковник**
**МАНАСИЕВСКИ ЈАНАЌИЈЕ**





Роден е на 27 јануари 1943 година во село Галате, Гостивар, Р.Македонија во земјоделско семејство, од мајка Јордана и татко Јован. Од долгогодишниот брак со сопругата Велика, татко е на два сина, Јован (1968) и Ивица (1974).

Завршил Подофицерска школа во 1960 година, а Воена академија на ЈНА завршил во 1966 година. Командно-штабна академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1976 година, а Школо за национална одбрана во 1984 година.

Офицерската кариера ја започнал во чин поручник во 1968 година. Во чин капетан бил унапреден во 1971 година, а во чин капетан 1. класа во 1973 година. Во 1977 година бил унапреден во чин мајор, во чин потполковник во 1982 година, а во чин полковник во 1986 година (вонредно). Во чин генерал-мајор е унапреден во 1993 година и во чин генерал-потполковник во 1996 година.

- Во текот на својата служба работел во повеќе различни гарнизони на ЈНА, а по осамостојувањето на Р. Македонија и во два гарнизони на АРМ, и тоа: Приштина (1960 - 1967), Смедерево (1967 - 1971), Куманово (1971 - 1976), Скопје (1976 - 1986), Ниш (1986 - 1991), Куманово (1991 - 1995) и одново Скопје (1995 - 1999), извршувајќи повеќе должности, и тоа:
  - Командир на вод (1960 - 1968);
  - Командир на чета (1968 - 1971);
  - Референт за морално-политичко воспитување (1971 - 1972);
  - Командант на баталјон (1972 - 1976);
  - Помошник на началникот на Штаб во бригада (1976 - 1980);
  - Началник на Штаб на бригада (1980 - 1986);
  - Командант на бригада (1986 - 1988);
  - Началник на одделение за оперативно-наставни работи во корпус (1988 - 1991);
  - НШ на Корпус (1991 - 1992);
  - Командант на 1. армиски корпус (1992 - 1995);
  - Помошник на началникот на Генералштабот на АРМ, за оперативно-наставни работи и борбена готовност (1995 - 1996);
  - Заменик на началникот на ГШ на АРМ (1996 - 1999).

**Lieutenant General**
**MANASIEVSKI JANAKJIJE**

He was born on January 27, 1943 in the village of Galata, Gostivar, Macedonia in agricultural family, to mother Jordana and father Jovan. He was married to Velika for many years with whom he had two sons, Jovan (1968) and Ivica (1974).

He completed NCO School in 1960, and the Military Academy of the YNA in 1966. He graduated from the Command Staff Academy of the Land Forces of the YNA in 1976, and the School of National Defense in 1984.

He began his officer career in the rank of Lieutenant in 1968. He was promoted to the rank of Captain in 1971 and to the rank of Captain first class in 1973. In 1977 he was promoted to the rank of Major and in the rank of Lieutenant Colonel in 1982, and in the rank of Colonel in 1986 (early promotion). He was promoted to the rank of Major General in 1993 and to the rank of Lieutenant General in 1996.

- During his service, he worked in different garrisons of the YNA, and after Macedonia gained its independence he served in two garrisons of the ARM, including: Prishtina (1960 - 1967), Smederevo (1967 - 1971), Kumanovo (1971 - 1976 ), Skopje (1976 - 1986), Nish (1986 - 1991), Kumanovo (1991 - 1995) and Skopje (1995 - 1999), performing several duties, including:
    - Platoon Commander (1960 - 1968);
    - Company Commander (1968 - 1971);
    - Officer for moral and political education (1971 - 1972);
    - Battalion Commander (1972 - 1976);
    - Assistant Chief of Staff in a Brigade (1976 - 1980);
    - Chief of Staff in a Brigade (1980 - 1986);
    - Brigade Commander (1986 - 1988);
    - Chief of section for operational and teaching matters in a corps (1988 - 1991);
    - Corps COS (1991 - 1992);
    - Commander of the 1st Army Corps (1992-1995);
    - Assistant Chief of Staff, Operational and teaching matters and combat readiness (1995 - 1996);
    - Deputy Chief of General Staff of the ARM (1996-1999).

- Низ целата своја кариера, како награда за своите успеси во работата како офицер во армијата, добивал бројни пофалби, награди и други стимулативни мерки и признанија, а одликуван е со:
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1969 година;
  - Орден на Народната армија со среберна ѕвезда во 1977 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1981 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1984 година;
  - Орден на братството и единството со сребрен венец во 1989 година.




- Пензиониран е во 1999 година, а починал на 24 октомври 2000 годинаво Скопје.

- Throughout his career, as a reward for his success in working as an officer in the army, he received certificates of recognition, awards and other incentives and awards, and was decorated with:

  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1969;
  - Order of the National army Silver star in 1977;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1981;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1984;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1989.

- He was retired in 1999 and died on October 24, 2000 in Skopje.

## бригаден генерал
## МАНОЛЕВ МИЛЕ






Роден е на 9 октомври 1948 година во Струмица, Р. Македонија во повеќедетно семејство, од мајка Павлина и татко Илија. Со сопругата Гунча е во долгогодишен брак и татко е на две деца, ќерките Вишња (1971) и Весна (1974), од кои пак има внуци, Миа, Стефан и Марко.

Основно образование завршил во родната Струмица, а потоа завршил и Воздухопловна воена гимназија во Мостар во 1965 година, по што продолжил на Воздухопловната воена академија во Задар и Пула и успешно ја завршил во 1968 година. Командно-штабна академија на Военото воздухопловство и против воздушна одбрана завршил во 1981 година, а Одбранбен колеџ на НАТО завршил во 1997 година, во Рим.

Во чин потпоручник (пилот) е произведен во 1968 година, а во чин поручник е унапреден во 1971 година. Капетан станал во 1974 година, а во чин капетан 1. класа е унапреден во 1977 година. Чин мајор добил во 1981 година, а во чин потполковник е унапреден во 1985 година, во чин полковник во 1990 година и во 1997 година е унапреден во чин бригаден генерал.

- Во својата служба бил ангажиран во гарнизоните: Петровец (1968 - 1972), Приштина (1972 - 1989) и Скопје (1989 - 1999), каде извршувал повеќе должности од својата специјалност:
  - Пилот на ловечка авијација (1968 - 1976);
  - Командир на авијациско одделение (1976 - 1978);
  - Заменик командир на ловечка авијациска ескадрила и помошник за техника на пилотирање (1978 - 1981);
  - Референт за обука на симулатори во ловечко авијациски полк (1981 - 1982);
  - Помошник на началникот на штаб за оперативно-наставни работи во воздухопловна база (1982 - 1983);
  - Началник на штаб и заменик-командант во воздухопловна база (1984 - 1985);
  - Командант на воздухопловна база (1986 - 1989);
  - Началник на отсек за авијација во 3. воена област (1989 -1992);
  - Командант на Военото воздухопловство и против воздушна одбрана (ВВ и ПВО) (1992 - 1996);
  - Помошник на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија за ВВ и ПВО од 1996 година, се до неговото пензионирање, во декември 1999 година.

**Brigadier General**
**MANOLEV MILE**

He was born on October 9, 1948 in Strumica, Macedonia in a multiple children family, to mother Pavlina and father Ilija. He has been married for long time to wife Guncha and is a father of two daughters, Vishnja (1971) and Vesna (1974), of whom he has the grandchildren Mia, Stefan and Marko.

He completed elementary school in his native Strumica, then air force military high school in Mostar in 1965, after which he continued at the Air Force Military Academy in Zadar and Pula and successfully completed them in 1968. He graduated from the Command Staff Academy of the Air Force and Air Defense in 1981 and from NATO Defense College in Rome in 1997.

He was produced into Second Lieutenant (pilot) in 1968 and he was promoted to the rank of Lieutenant in 1971. He became Captain in 1974 and was promoted to the rank of Captain first class in 1977. He received the rank of Major in 1981, and the rank of Lieutenant Colonel in 1985, the rank of Colonel in 1990 and in 1997 he was promoted to the rank of brigadier general.

- During his service, he worked in the garrisons: Petrovec (1968 - 1972), Prishtina (1972 - 1989) and Skopje (1989 - 1999), where he performed several duties of his specialties:
  - Pilot of attack air force (1968 - 1976);
  - Commander of Aviation Department (1976 - 1978);
  - Deputy Commander of combat aviation squadron and assistant for pilot techniques (1978 - 1981);
  - Officer for simulator training in the combat aviation regiment (1981 - 1982);
  - Assistant Chief of Staff for operational and teaching matters in the air force base (1982 - 1983);
  - Chief of Staff and Deputy Commander in air force base (1984 - 1985);
  - Air Force Base Commander (1986 - 1989);
  - Head of the Aviation Department in the 3rd Military District (1989 -1992);
  - Commander of the Air Force and Air Defense (AF and AD) (1992-1996);
  - Assistant to the Chief of General Staff of the Army of Republic of Macedonia for Air Force and Air Defense from 1996 until his retirement in December 1999.

- Во текот на офицерската кариера добивал мноштво признанија, пофалби, награди и други слични стимулативни мерки, но исто така, за својата професионалност во извршувањето на задачите и должностите во раководењето и командувањето со армиските состави и другите воени структури, одликуван е со три ордени:

  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1976 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1982 година;
  - Орден за народ со сребрена ѕвезда во 1987 година.




- Автор е на неколку стручно-специјалистички трудови: „Можности за изведување на борбени дејствија со борбена авијација во случај на нуклеарен напад на аеродром", кој воедно е и дипломска работа за КША, „Авијациска поддршка на копнените сили", тема за одбрана за генералски чин и темата во Центарот за безбедносна политика „Џорџ Маршал", „Нова Европска Безбедносна Архитектура".

- Како дел од највисоките командни структури во Армијата на Република Македонија, директно учествувал во нејзиниот развој и трансформација, како и во унапредувањето на цивилно-воената соработка во воздушниот простор, а како дел од поширокиот проект на земјите од Југоисточна Европа „Централно и источно европска регионална воздухопловна иницијатива (CEERAI)", на иницијатива на Воздухопловните сили на САД (USAF).

- Во летачката кариера, летал на авионите: „АЕРО 3", „ГАЛЕБ", „У-66/75", „ТВ 2", „Ф 86Е", „Ф 86Д", „МИГ 21", а информативно на авионите „ЗЛИН", „ПИЛАТУС", „Л 159", „Ф 5", „Ф 16".

- По пензионирањето се активирал и во други општествено-политички сфери и продолжил да извршува и други значајни државни функции, како и некои општествено-политички активности, меѓу кои и:

  - Кандидат за градоначалник на градот Скопје (2000);
  - Генерален секретар на политичка партија (2000 - 2002);
  - Национален координатор за безбедност и сигурност во воздушниот простор во Владата на Р.Македонија (2001);
  - Генерален директор на Управата за цивилна воздушна пловидба (2001 - 2002);
  - Потпретседател на Либерална партија (2003 - 2006);
  - Амбасадор на Р.Македонија во Арапска Република Египет (2010 - 2014);
  - Претседател на Центарот за безбедносна политика - невладина организација уште од 2001 година и сеуште ја извршува оваа функција.

- During his officer career, he received a multitude of awards, certificates of praise, rewards and other similar incentives, but also for his professionalism in carrying out the tasks and duties in managing and commanding the armed units and other military structures, and was awarded three medals:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1976;
  - Order of National Army Silver Star in 1982;
  - Order of People with Silver Star in 1987.

- He is the author of several expert-specialist papers: "Opportunities for conducting combat operations with combat aviation in the event of a nuclear attack on an airport," which was also his graduation thesis at the Command Staff Academy, "Air Support to Ground Forces," the theses for his general rank and the paper at the George C. Marshall Center for Security Policy "New European Security Architecture".

- As part of the highest command structures in the Army of the Republic of Macedonia, he directly participated in its development and transformation, as well as in the promotion of civil-military cooperation in airspace, and also as part of a wider project of the countries of South East Europe - CEERAI, by the initiative of the USAF.

- In his flying career, he flew the following aircraft: AERO 3, GALEB, U-66/75, TV 2, F 86E, F 86D, MIG 21, and informally on the aircraft ZLIN, PILATUS, L 159, F5, F16.

- After his retirement, he became active in other social and political spheres and continued to perform other important state functions, and some socio-political activities, including:
  - Candidate for Mayor of Skopje (2000);
  - General Secretary of a political party (2000 - 2002);
  - National coordinator for security and safety in airspace of the Government of the Republic of Macedonia (2001);
  - Director General of the Civil Aviation Authority (2001 - 2002);
  - Vice President of the Liberal Party (2003 - 2006);
  - Ambassador of the Republic of Macedonia to the Arab Republic of Egypt (2010 - 2014);
  - President of the NGO Center for Security Policy - since 2001 and he still performs this function.

**бригаден генерал**
**м-р МИЛЕСКИ ЗОРАН**



Роден е на 22 април 1968 година во с.Лупште, Македонски Брод, Р.Македонија. Потекнува од земјоделско семејство, од мајка Пауна и татко Митија. Оженет е со сопругата Даниела, а татко е на две деца, ќерката Андреа (1995) и синот Кристијан (1999).

Завршил Средно воено училиште во Задар, во 1988 година, а Воена академија на Копнената војска на ЈНА во 1991 година. Командно-штабна академија завршил во Скопје, во 2003 година, а Школа за национална одбрана посетувал во Софија, Р.Бугарија и истата ја завршил во 2009 година.



Во чин артилериски потпоручник е произведен во 1991 година, а во чин поручник е унапреден во 1993 година, во чин капетан во 1996 година, во чин капетан 1 класа во 1999 година (вонредно), во чин мајор во 2003 година, а во чин потполковник е унапреден во 2007 година. Полковник станал во 2011 година, а во чин бригаден генерал е унапреден во 2015година.

- Во својата досегашна кариера, најпрвин, како офицер на ЈНА службувал во Карловац (1991 - 1992), а како офицер на Армијата на Р.Македонија, во гарнизоните: Кичево (1992 - 1994 и 1996 - 2012), Прилеп (1994 - 1996), Петровец (2012 - 2016) и од 2016 година е на служба во Куманово. Во сите овие гарнизони извршувал повеќе различни должности, и тоа:
  - Командир на вод (1991 - 1994);
  - Командир на артилериска батерија во 13. Пешадиска бригада во 2. Армиски корпус (1994 - 2001);
  - Командант на мешовит артилериски дивизион (2001 - 2004);
  - Помошник за артилерија во С-3 во бригада (2004 - 2006);
  - Началник на С-3/7 во бригада (2006- 2009);
  - Началник на штаб во бригада (2009 - 2015);
  - Командант на бригада во ЗОК (2015 - 2016);
  - Командант на ЗОК од 2016 и понатаму.

**Brigadier General**
**MA MILESKI ZORAN**

He was born on April 22, 1968 in v. Lupshte, Makedonski Brod, Macedonia. He comes from an agricultural family, mother Pauna and father Mitija. He is married to wife Daniela and is a father of two children, daughter Andrea (1995) and son Kristijan (1999).

He finished military high school in Zadar in 1988, and the Military Academy of the Land Forces of the YNA in 1991. He finished Command Staff College in Skopje in 2003 and the National Defense School in Sofia, Republic of Bulgaria in 2009.

He was produced in the rank of artillery Second Lieutenant in 1991, and he was promoted to the rank of Lieutenant in 1993, to the rank of Captain in 1996, to the rank of Captain 1st class in 1999 (early promotion), to the rank of Major in 2003 and to the rank of Lieutenant Colonelhe was promoted in 2007. He became Colonel in 2011, and he was promoted into the rank of brigadier general in 2015.

- During his career, first as an officer of the YNA he served in Karlovac (1991 - 1992), and as an officer of the Army of the Republic of Macedonia he served in the garrisons: Kichevo (1992 - 1994 and 1996 - 2012), Prilep (1994 - 1996 ) Petrovec (2012 - 2016) and in 2016 he served in Kumanovo. In all these garrisons he performed many different duties, including:
  - Platoon Commander (1991 - 1994);
  - Commander of artillery battery in the 13th Infantry Brigade in the 2nd Army Corps (1994-2001);
  - Mixed Artillery Division Commander (2001 - 2004);
  - Artillery Assistant at S-3 in Brigade (2004-2006);
  - S-3/7 in Brigade (2006 - 2009);
  - Chief of Staff in Brigade (2009 - 2015);
  - Brigade Commander in JOC (2015 - 2016);
  - Joint Operations Command Commander since 2016.

- Во текот на својата досегашна служба, заради професионалноста во извршувањето на должностите како висок офицер на Армијата на Р.Македонија, добивал бројни пофалби, награди и други признанија, а меѓу другото е награден со:

  - Сребрена значка за долгогодишна служба во АРМ во 2012 година;
  - Златна значка на АРМ во 2013 година;
  - Бронзена значка на АРМ во 2014 година;




- Автор е на два стручно-специјалистички трудови: „Артилериска поддршка на маневарските единици во офанзивни борбени дејства", кој воедно е и дипломска работа за КША и „Стратегиско раководење во одбраната и вооружените сили", како дипломска работа на ШНО.

- Како дел од неговото дополнително дообразување, од 2009 година поседува и сертификат за стекнат стручен назив „магистер" од областа на стратегиското раководење во одбраната и вооружените сили.

- During his service to date, for his professionalism in the performance of duties as a senior officer of the Army of the Republic of Macedonia, he has received certificates of recognition, awards and other certificates of recognition, and inter alia, he was decorated with:

  - Silver badge for long service in the Army in 2012;
  - Golden Badge of the ARM in 2013;
  - Bronze badge of the ARM in 2014;

- He is the author of two expert-specialist papers: "Artillery Support to Maneuver Units in Offensive Combat Actions," which is also his graduation thesis at the Command Staff Academy and "Strategic Management in Defense and the Armed Forces" as his graduation work at the National Defense School.

- As part of his specialization, as of 2009 he holds the title of "Master" in the field of strategic management in the defense and the armed forces.

**генерал-полковник**
## МИЛОШЕВСКИ ТИХОМИР





Роден е на 23 јули 1915 година во с.Битуше, Гостиварско, Македонија. Потекнува од сиромашно печалбарско семејство. По завршувањето на основното училиште во родното село, своето образование го продолжил во Тетово, а подоцна завршил и земјоделско училиште во Ваљево (Србија). Воено училиште завршил во Сараево (1940), а подоцна, по ослободувањето, завршил и Висока воена академија на ЈНА. Ја завршил и познатата Воена академија „М.В.Фрунзе" во СССР (1950).

☆ По завршувањето на военото училиште во 1940 година, добил офицерски чин, поручник и се активирал како активно воено лице, работејќи како офицер во југословенската кралска војска. Бил командир на пограничен вод во Цариброд, денешен Димитровград (југословенско-бугарска граница), каде што, во 1941 година го затекнала Априлската војна. Во текот на краткотрајниот отпор со неговата единица, при нападот на фашистите, бил ранет, но и покрај тоа, успеал да го избегне заробувањето и заминал во Скопје. Таму се приклучил кон народноослободителното движење, но набргу бил уапсен поради таа активност, по што бил затворен, а во затворот бил изложен на мачења и тортури, заради изнуда на признание за неговите соработници и нивните заеднички антифашистички активности. Потоа, привремено е пуштен, но набргу повторно е уапсен и интерниран на принудна работа во Горна Џумаја - Бугарија. Во јануари 1942 година е отпуштен од интернација и повторно заминал во Скопје, приклучувајќи се одново на народноослободителното движење.

☆ Во јуни 1943 година станал член на КПЈ, а Месниот комитет на КПЈ во Скопје му ја доверил должноста командант на Месниот воен штаб. Во август 1943 година се приклучил на кавадаречкиот партизански одред „Добри Даскалов", истакнувајќи се во борбите на Дудица и Михајлово. Учествувал и во Февруарскиот поход во 1944 година, раководејќи со група баталјони, а при формирањето на Третата македонска бригада, на 26.02.1944 година во с. Жегљане, Кумановско, бил назначен за нејзин командант. Бригадата, под негова команда, учествувала во пролетната офанзива против бугарските единици и забележала значителни успеси, особено во борбите кај Ристовац, Пробиштип, Бесна Кобила, Петрова Гора итн.

Во јули 1944 година, поставен бил за командант на Втората оперативна зона, а набрзо потоа зема и активно учество на Првото заседание на АСНОМ, како член на Президиумот. При создавањето на првата дивизија во Македонија (41-та дивизија), ќе биде назначен за нејзин командант. Оваа дивизија под негово раководство ќе ги ослободи градовите Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Дебар и Кичево. Во октомври истата година бил поставен за командант на 15. македонски корпус, кој по ослободувањето на Македонија активно учествува во пробивањето на Сремскиот фронт. Корпусот учествува

**Colonel General**
**MILOSHEVSKI TIHOMIR**

He was born on July 23, 1915 in v.Bitushe Gostivar, Macedonia. He comes from a poor migrant family. After completing primary school in his village, he continued his education in Tetovo and later finished the Agricultural School in Valjevo (Serbia). He graduated from the Military school in Sarajevo (1940), and later, after the liberation he enrolled at the YNA Senior Military Academy. He also graduate from the famous Military Academy "M.V.Frunze" in the USSR (1950).

☆After finising the military school in 1940, he received the officer rank, Lieutenant and became an active military officer, working as in the Royal Yugoslav Army. He was Commander of the Border Platoon in Caribrod, today Dimitrovgrad (Yugoslav-Bulgarian border), when in 1941, the April war broke out. During the brief resistance by his unit in the attack of the fascists he was wounded, but still managed to avoid capture and went to Skopje. There he joined the national liberation movement but was quickly arrested for that activity, after which he was incarcerated, and subjected to torture in prison, and forced to give out his associates and their common anti-fascist activities. Then, he was temporarily released, but soon re-arrested and sent to forced labor in Gorna Dzumaja - Bulgaria. In January 1942, he was fired from internment and once again went to Skopje, joining the national liberation movement again.

☆In June 1943 he became a member of CPY and the Local Committee of the CPY in Skopje entrusted the duty of Commander of the Local Military Headquarters. In August 1943, he joined the guerrilla detachment in Kavadarci "Dobri Daskalov", and soon became famous for the battles of Dudica and Mihajlovo. He participated in the February march in 1944, guiding a group of battalions, and in the formation of the Third Macedonian Brigade, on 26.02.1944 in v. Zhegljane, Kumanovo, he was appointed as the Commander of the Third Macedonian Brigade. Under his command, the Brigade participated in the Spring offensive against the Bulgarian units and saw significant successes, particularly in fighting in Ristovac, Probishtip, Besna Kobila, Petrova Gora etc.

In July 1944, he was appointed Commander of the Second Operational Zone and afterwards took active participation in ASNOM as a member of the Presidium. When creating the first division in Macedonia (41st Division), he was appointed as its Commander. This division under his leadership would free the cities of Prilep, Bitola, Ohrid, Struga, Debar and Kichevo. In October, the same year, he was appointed Commander of the 15th Macedonian Corps, after the liberation of Macedonia he actively participated in penetrating the Srem front. The Corps participated in the liberation of Vinkovci, Slavonska Pozhega, Zagreb and Celje. In the final battles for the liberation of Yugoslavia in his capacity as Commander of the 48th Division, Miloshevski was severely wounded at the Battle of Dugolli Selo, Pakrac (Croatia). For the contribution of the Macedonian troops in the penetration of the Srem front, Miloshevski as their Commander, was made an honorary citizen of Vinkovci.

во ослободувањето на Винковци, Славонска Пожега, Загреб и Целје. Во завршните борби за ослободување на Југославија, во својство на Командант на 48-та дивизија, Милошевски бил тешко ранет во битката кај Дуго Село, Пакрац (Хрватска). Заради придонесот на македонските единици во пробивот на Сремскиот фронт, Милошевски како нивен командант, бил прогласен за почесен граѓанин на Винковци.

✰ По војната, извршувал одговорни должности во ЈНА, меѓу кои ги вршел и функциите на командант на дивизија, командант на наставен центар, началник на штаб на воено подрачје итн. Во периодот помеѓу 1954 година и 1956 година е член на Генералштабот на ЈНА, а од таму заминува за командант на Воената академија во Требиње. Во 1958 година е поставен за командант на Новосадската воена област, каде останува се до неговото пензионирање. Исто така е биран и за пратеник и член на Советот на Социјалистичка Република Македонија. Прогласен е за народен херој на 29 ноември 1953 година.

Истакнувајќи се со своите способности и залагања во текот на окупациониот период на тогашната државна заедница, како и за својот придонес во НОВ, а подоцна и за придонесот во јакнењето на армиските сили на ЈНА добил бројни признанија и одликувања, меѓу кои:

- Партизанска споменица од 1941;
- Орден „Народен херој";
- Орден на воеността знаме ;
- Орден за заслуги за народ со златна ѕвезда;
- Орден на братството и единството со златен венец;
- Орден на партизанската ѕвезда со сребрен венец;
- Орден за храброст;
- Партизански крст (странско одликување) и други.



☆ After the war, he performed responsible duties in the YNA, including the position of Commander of Division, Commander of Training Center, Chief of Staff of military area etc. Between 1954 and 1956 he was a member of YNA General Staff, and from there he went to become the Commander of the Military Academy in Trebinje. In 1958, he was appointed Commander of the Novi Sad military area, where he stayed until his retirement. He also became a member of parliament and a member of the Council of the Socialist Republic of Macedonia. He was proclaimed a national hero on 29 November 1953.

- Standing out with his abilities and commitment during the occupational period of the former state union, and its contribution to the National Liberation War and later contribution in strengthening the armed forces of the YNA, he received numerous honors and awards which include:

  - Order "National Hero";
  - Order of the Military Flag;
  - Order of Merits with Golden Star;
  - Order of Brotherhood and Unity with a Golden Crown;
  - Order of the Partisan Star with a Silver Crown;
  - Order of Courage;
  - Partisan Memorial 1941;
  - Partisan Cross (foreign decoration).

**генерал-потполковник**
**МИТРОВСКИ СОКОЛ**



Роден е на 16 март 1948 година во с.Кучково, Скопје, Р.Македонија, од мајка Трајанка и татко Насте. Оженет е, и во брак е со сопругата Тодорка, а татко е на две деца, ќерка Виолета (1972) и син Мирослав (1974), од кои има четири внуки, Ангела, Марија, Јана и Ивана.

Основното и средното образование го завршил во скопската населба Ѓорче Петров, во првата генерација на државното средно училиште – гимназијата „Кочо Рацин" во 1966 година. Воена академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1970 година, а Командно-штабна академија во 1979 година. Завршил и Висока воена школа во Париз, Франција, во 1993 година.



Офицерската служба ја започнал во чин потпоручник во 1970 година, а во чин поручник е унапреден во 1973 година. Чин капетан добил во 1976 година, а во чин капетан 1. класа бил унапреден во 1979 година. Во чин мајор бил унапреден во 1983 година, во чин потполковник во 1986 година (вонредно), во чин полковник во 1991 година, а во чин бригаден генерал во 1997 година. Генерал-мајор станал во 2000 година и во чин генерал-потполковник е унапреден во 2003 година.

- Во својата кариера службувал во повеќе гарнизони на ЈНА: Бјеловар (1970 - 1972), Скопје (1972 - 1987), Велес (1987 - 1990) и Белград (1990 - 1992). По осамосојувањето на Р.Македонија и создавањето на АРМ, во 1992 година се враќа на служба во Скопскиот гарнизон и тука останал се до своето пензионирање, во 2003 година. Како дел од долгогодишната офицерска служба, извршувал повеќе различни должности:
  - Командир на вод (1970 - 1973);
  - Командир на чета (1973 - 1976);
  - Помошник на началникот на штаб за разузнавачки работи (1976 - 1977);
  - Оперативец во разузнавачка служба (1977 - 1980);
  - Командант на оклопен баталјон (1980 - 1984);
  - Референт за оперативно-наставни работи (1984 - 1985);
  - Помошник на началникот на штаб за оперативно наставни работи (1985 - 1986);
  - Началник на штаб во бригада (1986 - 1988);
  - Командант на бригада (1988 - 1990);
  - Референт во отсекот за разузнавање во Генералштабот на ЈНА (1990 - 1991);
  - Воено аташе при Амбасадата на СФРЈ во Франција (1991 - 1992);
  - Началник на известителниот центар на Управата за безбедност на АРМ (1992 - 1993);
  - Началник на разузнавачки центар во Сектор за безбедност и разузнавање (1993 - 1996);
  - Командант на Корпус (1996 - 2000);
  - Командант на Командата за одбрана на град Скопје во 2001 година;
  - Командант на Командата за обука (2000 - 2002);
  - Заменик на началникот на Генералштабот на АРМ (2002 - 2003);

**Lieutenant General**
**MITROVSKI SOKOL**

He was born on March 16, 1948 in v.Kuchkovo, Skopje, Macedonia, to mother Trajanka and father Naste (clerk). He was married to his wife Todorka and is the father of two children, a daughter Violeta (1972) and son Miroslav (1974), of whom he has four granddaughters, Angela, Marija, Jana and Ivana.

He completed his primary and secondary education in Gjorce Petrov, as the first generation that finished their secondary education in the "Kocho Racin" Gymnasium in 1966. He graduated from the YNA Military Academy of the Land Forces in 1970, and the Command and Staff College in 1979. He also graduated from the Senior Military School in Paris, France, in 1993.

He began his officer's service in the rank of Second Lieutenant in 1970, and was promoted to the rank of Lieutenant in 1973. In 1076, he was promoted to the rank of Captain, and in 1979 to the rank of Captain 1st Class. In 1983, he was promoted to the rank of Major, and in 1986 to the rank of Lieutenant Colonel(early). In 1991, he was promoted to the rank of Colonel, and in 1997 to the rank of Brigadier General. In 2000, he was promoted to the rank of Major General and in 2003, to the rank of Lieutenant General.

- In his career he was appointed on duty in several garrisons of the YNA: Bjelovar (1970 - 1972), Skopje (1972 - 1987), Veles (1987 - 1990) and Belgrade (1990-1992). After the independence of Macedonia and the establishment of the ARM, in 1992, he returns to serve in the Skopje garrison and remained there until he retired in 2003. During the long years of officer service, he served on many different duties:
  - Platoon Commander (1970 - 1973);
  - Company Commander (1973 - 1976);
  - Assistant Chief of Staff for Intelligence Affairs (1976 - 1977);
  - Operative Intelligence Service (1977 - 1980);
  - Armored Battalion Commander (1980 - 1984);
  - Officer for Operational and Practical Matters (1984 - 1985);
  - Assistant Chief of Staff for Operational and Practical Matters (1985 - 1986);
  - Chief of Staff in the Brigade (1986 - 1988);
  - Brigade Commander (1988 - 1990);
  - Officer in the Department of the General Intelligence in the YNA (1990 - 1991);
  - Military Attaché at the Embassy of Yugoslavia in France (1991 - 1992);
  - Chief of the Security Reporting Center of the ARM (1992 - 1993);
  - Chief of the Intelligence Center in Security and Intelligence Department (1993 - 1996);
  - Corps Commander (1996 - 2000);
  - Commander of the Defense Command of the City of Skopje in 2001;
  - Commander of the Training Command (2000 - 2002);
  - Deputy Chief of the ARM General Staff (2002-2003).
  - Military Attaché in Sofia (2003).

- Воено аташе во Софија (2003).

Во текот на службата честопати добивал пофалби, награди и признанија, а меѓу другото е одликуван и со:

- Медал за воени заслуги во 1973 година;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1977 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1981 година;
- Орден на трудот со сребрен венец во 1985 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1989 година.




Автор е на неколку стручно-специјалистички трудови, „Оклопно механизирана бригада - напад на ридско планинско земјиште", труд кој воедно е и дипломска работа за КША, „Влијанието на НАТО како воено-политичка организација на адаптирањето на армиите кандидати за членство во НАТО", дипломска работа за ШНО и „Воените промени во опкружувањето на вооружените сили на потенцијалните агресори и пратење на индикаторите на агресија", труд искористен како тема за чин генерал. Автор е и на неколку прирачници и упатства за стручно-специјалистичка обука од областа на одбраната.

Носител е на изработка на прописи од областа на кадровското оспособување на припадниците на АРМ, а учествувал и во низа проекти за развој и трансформација на АРМ и нејзино прилагодување за брза интеграција во НАТО. Како висок армиски функционер учествувал во многубројни јавни дебати, стручни расправи и семинари, а како дел од неговите професионални активности, бил и ко-директор на мултинационалната вежба, НАТО и партнерство за мир „Најдобар кооперативен зафат" во 1998 година одржана во Р.Македонија.

Еден е од втемелувачите, основачите и меѓу првите професори на Факултетот за одбрана во Скопје, како и долгогодишен професор на Воената академија во Скопје. По осамостојувањето на Република Македонија бил аѓутант на првиот претседател на Република Македонија, г-нот Киро Глигоров, а подоцна и на претседателот Борис Трајковски со кои учествувал во бројни дипломатски посети ширум светот. Во рамките на тие дипломатски процеси бил и воено аташе во Париз, Р.Франција, како и во Софија, Р.Бугарија. Се пензионирал во 2003 година, а денес е актуелен градоначалник на општина Ѓорче Петров, каде што и живее со семејството. Оваа функција успешно ја извршува веќе три мандати или од 2005 година.

- During the service he often received compliments, awards, and among other, he was decorated with:
  - Medal of Military Merit in 1973;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1977;
  - Order of the National Army Silver Star in 1981;
  - Order of Labor with Silver Wreath in 1985;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1989.

- Authored several expert and specialist papers, "Armored Mechanized Brigade - attack on mountainous land", paper which was also his graduation thesis at the CSA, "Impact of NATO as a military-political organization in the adaptation of the armed forces of the for NATO membership candidates" his graduation thesis and the NDS and "Military changes in the armed forces environment to potential aggressors and monitoring the aggression indicators", paper used as the thesis for acquiring the rank of General. He is the author of several manuals and guidelines for expert and specialist training in the field of defense.

- He did the drafting of the regulations in the field of the ARM personnel training and participated in several projects for the development and transformation of the ARM and its adjustment for rapid integration into NATO. As a senior army official, he was involved in numerous public debates, expert discussions and seminars, and as part of his professional activities, he was co-director of the multinational NATO and and partnership for peace exercise "Cooperative Best Effort", in 1998, held in Macedonia.

- One of the founders and one of the first professors at the Faculty of Defense in Skopje, as well as a longtime professor at the Military Academy in Skopje. After the independence of Macedonia he was adjutant of the first President of the Republic of Macedonia, Mr. Kiro Gligorov, and later to President Boris Trajkovski, thus taking part in numerous diplomatic visits worldwide. As part of such diplomatic processes, he was also the Military Attache in Paris, the French Republic, and in Sofia, Bulgaria. He retired in 2003, and today is the acting Mayor of Gorche Petrov, where he lives with his family. He has been successfully running the Municipality for three mandates or since 2005.

**бригаден генерал**
## МИХАЈЛОВСКИ БОРИС



Роден е на 27 јули 1944 година во с.Зашле, Демир Хисар, Р.Македонија, од мајка Стојна и татко Наќе. Оженет бил со сопругата Лилјана, а татко е на две деца, син Младен (1980) и ќерка Јулијана (1981).

Четири класа од основното образоване завршил во родното место, а преостанатите четири од осмолетката во с. Долно Дивјаци, а потоа завршил средно економско училиште во Битола, во 1963 година. Воена академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1966 година во Сараево, Командно-штабна академија во 1979 година, а Командно-штабна школа на оператика во 1987 година.



Во чин артилериски потпоручник е произведен во 1966 година, а во чин поручник е унапреден во 1969 година. Во чин капетан во 1972 година, во чин каптан 1 класа во 1975 година, а во чин мајор е унапреден во 1979 година. Во чин потполковник бил унапреден во 1984 година, во чин полковник во 1989 година и во чин бригаден генерал е унапреден во 1997 година.

- Во својата офицерска кариера службувал во гарнизоните на ЈНА: Бања Лука (1966 - 1973), Ѓаково (1973 - 1979), Кичево (1979 - 1980), Битола (1980 - 1986) и Тетово (1986 - 1991), а како припадник на АРМ бил на служба во гарнизон Битола, и тоа, во периодот од 1991 до 1999 година. Во текот на службата извршувал повеќе различни должности:
  - Командир на вод (1966- 1970);
  - Командир на топографска батерија во артилериско-извидувачки дивизион (1970-1973);
  - Референт на извидувачки полк (1973-1975);
  - Помошник на началникот на штаб за организација, мобилизација и персонални работи во артилериски полк (1975- 1976);
  - Помошник на началникот на штаб во артилериски полк, за Оперативно-наставни работи (1976 - 1977);
  - Командант на хаубичко-артилериски дивизион (1979-1980);
  - Началник на артилерија во 3. Армија (1980-1986);
  - Командант на артилериски мешовит полк (1986 - 1991);
  - Помошник на началникот за Оперативно-наставни работи во командата на 41. корпус во 3. Армиска област (1991);
  - Командант на обастен штаб за Територијална одбрана (1991 - 1992);
  - Началник на штаб, воедно и заменик-командант на 2. Армиски корпус (1992 - 1999).

**Brigadier General**
**MIHAJLOVSKI BORIS**

He was born on July 27, 1944 in v.Zashle, Demir Hisar, Macedonia, to mother Stojna and father Nakje. He was married to his wife Ljiljana and was father of two children, son Mladen (1980) and daughter Julijana (1981).

He completed four classes of his primary education in his native place, and the remaining four of the elementary school in v. Dolno Divjaci, after which he graduated from the Secondary Economic School in Bitola in 1963. He graduated from the YNA Military Academy of the Land Forces in 1966 in Sarajevo, and from the Command and Staff College in 1979. In 1987, he graduated from the Operations Command and Staff School.

The was promoted to the rank of Artillery Second Lieutenant in 1966 and to the rank of Lieutenant in 1969. In 1972, he was promoted to the rank of Captain, in 1975 to the rank of the Captain 1st Class, and in 1979 to the rank of Major. In 1984, he was promoted to Lieutenant Colonel, and in 1989 to the rank of Colonel. In 1997, he was promoted to the rank of Brigadier General.

- In his officer career he was appointed on duty in the garrisons of the YNA, Banja Luka (1966 - 1973), Gjakovo (1973 - 1979), Kichevo (1979 - 1980), Bitola (1980 - 1986) and Tetovo (1986 - 1991) and as a member of ARM, he served in the garrison Bitola, in the period from 1991 to 1999. During his service he performed many different duties:
    - Platoon Commander (1966 - 1970);
    - Topographic Battery Commander, Artillery Reconnaissance Division (1970 - 1973);
    - Officer of the Reconnaissance Regiment (1973 - 1975);
    - Assistant Chief of Staff for Organization, Mobilization and Personnel Matter in the Artillery Regiment (1975 - 1976);
    - Assistant Chief of Staff in the Artillery Regiment, Operational and Practical Matters (1976 - 1977);
    - Howitzer Artillery Division Commander (1979 - 1980);
    - Head of the 3rd Army (1980-1986);
    - Commander of the Combined Artillery Regiment (1986 - 1991);
    - Assistant Chief for Operational and Practical Matters in the Command of 41st Corps of the 3rd military area (1991);
    - Commander of the District Headquarters of Territorial Defense (1991 - 1992);
    - Chief of Staff, also Deputy Commander of the 2nd Army Corps (1992-1999).

- За својата примерна работа и одговорен и дисциплиниран однос во текот на службата, како и за постигнувањата на бројни успеси во вршењето на должностите, обуката и воспитувањето на воените структури со кои раководел, многупати добивал признанија и награди, а меѓу другото е одликуван и со:
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1969 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1976 година;
  - Орден на трудот со сребрен венец во 1981 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1985 година;
  - Орден на трудот со златен венец во 1989 година.



- Починал во 55-тата година од животот, во февруари 1999 година.

- For his exemplary work and responsible and disciplined relationship over the service, as well as the achievements of numerous successes in the performance of his duties, training and education of military structures he commanded, he has received many awards, among other, he was decorated with :

  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1969;
  - Order of National Army Silver Star in 1976;
  - Order of Labor with Silver Wreath in 1981;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1985;
  - Order of Labor with Golden Wreath in 1989.

- He died at the age of 55, in February 1999.

**генерал-мајор**
**МИХАЈЛОВСКИ КИРИЛ - ГРУИЦА**





Роден е на 09 јуни 1916 година во Виница, Македонија. Потекнува од семејство кое егзистирало од просветителска дејност (двајцата негови родители биле учители).

По завршување на основното училиште во родното село, завршил гимназија и учителско училиште во Лесковац. Школо за резервни офицери завршил во Марибор, по што продолжил да се образува на Високата воена академија на ЈНА.

☆ Уште како гимназијалец се вклучува активно во револуционерното младинско движење, а по запознавањето со основите на марксизмот и ленинизмот, се повеќе се интересирал за револуционерните настани во СССР и Шпанија. Член е на СКОЈ од 1937 година, а неговите револуционерни ставови кулминираат со јавното декларирање за време на декемвриските избори во 1938 година и крвавите пресметки со полицијата, по што Кирил се засолнил во селото каде што брат му вршел учителска дејност. Таму се поврзал со раководители на КПЈ од Косово и се активирал во организирањето на учителите. Заради неговите активности, бил приведуван и прогонуван.

☆ Врската со комунистичкото движење не престанала ниту кога престојувал во Марибор за време на неговото школување во Школото за резервни офицери, кога помеѓу комунистичката младина, интензивно се спроведувале активности од илегален информативен карактер и растурање на илегална литература која негувала комунистичка идеологија. Априлската војна од 1941 година го затекнала во Страцин, како резервен потпоручник. По окупацијата се вратил во Лесковац и се вклучил во подготовките за вооружено востание, по што во јуни 1941 година бил упатен во Прокупље како член на КПЈ, заради организирање на партизанскиот Топлички одред, добивајќи ја должноста комесар на чета. Следеле должностите: командант на баталјон, комесар на првиот јужноморавски баталјон и првата јужноморавска бригада, по што бил назначен и за началник на оперативен штаб на црнотравските, косовските и македонските единици. При формирањето на Третата македонска бригада, на 26.02.1944 година, бил поставен за политички комесар на бригадата, а подоцна станал и политички комесар на 4. македонска бригада. Во текот на завршните операции за ослободување на Македонија бил и командант на борбената дивизија на НОВЈ и командант на Штипската воена област. Покрај овие воени должности, извршувал и политички должности, како делегат на Антифашистичкото собрание за народно ослободување на Југославија (АВНОЈ), а подоцна и на Антифашистичкото собрание за народно ослободување на Македонија (АСНОМ).

**Major General**
**MIHAJLOVSKI KIRIL - GRUICA**

He was born on June 9, 1916 in Vinica, Macedonia. He comes from a family of educators (both his parents were teachers).

After completing his primary education in his native village, he finished secondary school in the School of Pedagogy in Leskovac. He finished the Reserve Officers School in Maribor, after which he continued his education at the YNA Senior Military Academy.

☆ As a high school student, he engaged actively in the revolutionary youth movement, and after getting to know the basics of Marxism, he became more interested in the revolutionary events in the USSR and Spain. He was the member of SKOJ since 1937, and his revolutionary views culminated with a public declaration during the December elections in1938, and the bloody battles with the police, after which Kiril took shelter in the village where his brother worked as a teacher. There he became associated with the leaders of the CPY from Kosovo and became active in organizing the teachers. For his actions, he was detained and persecuted.

☆ The connection with the communist movement did not cease even when he stayed in Maribor during his apprenticeship in the School for Reserve Officers, when between the communist youth, he contributed to the intensive implementation of activities which were somewhat illegal and informative in character at the time, such as distributing illegal literature, fostering the communist ideology. In 1941, when the April war broke out, Kiril in Stracin, as a Reserve Lieutenant. After the occupation he returned to Leskovac and became involved in preparations for an armed uprising, after which, in June 1941, he was sent t Prokuplje as a member of the CPY, for organizing the partisan Toplichki detachment, appointed on the position Company Commissary. This was followed by the duties: Battalion Commander, Commissary of the First Battalion of South Morava and the First South Morava Brigade, after which he was appointed Chief of the Operating Headquarters, of the Crnotravski, Kosovo and Macedonian units. After the formation of the Third Macedonian Brigade, on 26.02.1944, he was appointed Political Commissary of the Brigade, and later became a Political Commissary of the 4th Macedonian Brigade. During the final operations for the liberation of Macedonia, he was the Commander of a Combat Division of the National Liberation Army of Yugoslavia and Commander of the Military District Shtip. In addition to these military duties, he also performed political duties as a delegate to ASNOM .

☆ По ослободувањето, службувал во ЈНА се до 1966 година, кога се пензионирал во чин генерал-мајор, а избран бил и за пратеник во Народното сојузно собрание. Исто така, бил и член на Советот на Федерацијата.

- Повеќепати во животот добивал признанија и награди за своите заслуги како воен офицер и првоборец, а подоцна и како висок офицер во ЈНА. Меѓу другото е одликуван и со:
  - Партизанска споменица од 1941;
  - Орден „Народен Херој” (25.11.1953);
  - Орден на воеността знаме;
  - Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда;
  - Орден на братството и единството со златен венец;
  - Орден на партизанската ѕвезда со сребрен венец;
  - Орден за храброст и други.



- Пензиониран е во чин генерал-мајор на ЈНА во 1966 година, а починал на 20.05.1991 година во Белград.

☆ After his release, he was on duty in the YNA until 1966, when he retired in the rank of and was elected a member of parliament in the National Federal Assembly. He was also a member of the Federation Council.

- He received awards on many occasions, for his contributions as a military officer and veteran, and later as a senior officer in the YNA. Among other, he was awarded with:
  - Order "National Hero" (11.25.1953);
  - Order of the Military Flag;
  - Order of Merits with Silver Star;
  - Order of Brotherhood and Unity with a Golden Crown;
  - Order of the Partisan Star with a Silver Crown;
  - Order of Courage and
  - Partisan Memorial 1941.
- He retired in the rank of Major General in the Army in 1966, he died on 20.05.1991 in Belgrade.

**генерал-полковник**
**МИХАЈЛОВСКИ ЛАМБЕ**





Роден е на 01 ноември 1924 година во Охрид, Македонија. Основно образование завршил во 1935 година, Мала матура во 1939 година, а Голема матура во 1944 година, по што продолжил на Тенковското офицерско училиште кое го завршил во 1954 година. Висока воена академија на ЈНА завршил во 1963 година, а Школа за национална одбрана во 1968 година.

Чин капетан добил во 1944 година. По 5 години бил унапреден во чин мајор, во 1949 година, а во чин потполковник е унапреден во 1955 година, во чин полковник во 1962 година, во чин генерал-мајор во 1969 година, во чин генерал-потполковник во 1976 година (предвремено) и во чин генерал-полковник е унапреден во 1982 година (предвремено).

- Во својата кариера службувал во гарнизоните, Гевгелија, Белград, Скопје, Приштина, Загреб, Бјеловар и Бања Лука, каде извршувал повеќе должности:
  - Инструктор за кадри во дивизија (1945 - 1947);
  - Референт во главната политичка управа на ЈНА (1947 - 1948);
  - Инструктор за пропаганда во дивизија (1948 - 1954);
  - Офицер во штабно одделение на Управата на оклопните единици (1954 - 1957);
  - Командант на тенковски баталјон (1957 - 1961);
  - Помошник-началник на одделението за правила во Управата на оклопните единици (1961 - 1963);
  - Командант на оклопна бригада (1964 - 1968);
  - Помошник-началник за настава во школскиот центар на оклопните единици (1968 - 1970);
  - Началник на оклопните единици во командата на 1. армија (1970);
  - Началник на одделение за оперативно-наставни работи во командата на 3. армија (1970 - 1973);
  - Помошник на Командантот на 3. Армија за заднина (1973 - 1975);
  - Началник на штаб на 3. Армија (1975 - 1977);
  - Командант на 3. Армија, од 1977 година до декември 1984 година, кога е пензиониран.

**Colonel General**
**MIHAJLOVSKI LAMBE**

He was born on November 1, 1924, in Ohrid, Macedonia. He completed his elementary education in 1939, and his secondary education in 1944, after which he continued his education at the Tank Officer School, graduating in 1954. In 1963, he finished the YNA Senior Military Academy, and in 1968 he completed his education at the National Defense School.

He was promoted to the rank of Captain in 1944. After 5 years he was promoted to the rank of Major in 1949, and to the rank of Lieutenant Colonel in 1955. In 1962, he was promoted to the rank of Colonel, and in 1969 to the rank of Major General. In 1976, he was promoted to the rank of Lieutenant General (early promotion) and in 1982 to the rank of Colonel General (early promotion).

- In his career he was appointed on duty in the garrisons, Gevgelija, Belgrade, Skopje, Prishtina, Zagreb, Bjelovar and Banja Luka, where he performed several duties:
  - Staff Instructor in the Division (1945 - 1947);
  - Officer in the Main Political Administration of the YNA (1947 - 1948);
  - Instructor in the Propaganda Division (1948 - 1954);
  - Officer at the Headquarters Office of the Directorate of Armored Units (1954 - 1957);
  - Tank Battalion Commander (1957 - 1961);
  - Assistant Head of the Regulations Department in the Administration of Armored Units (1961 - 1963);
  - Armored Brigade Commander (1964 - 1968);
  - Assistant Chief for Instruction in the School Center of the Armored Units (1968 - 1970);
  - Chief of the Armored Units of the 1st Army Command (1970);
  - Chief of Operational and Practical Matters in the Command of the 3rd Army (1970-1973);
  - Assistant Commander of the 3rd Army rear element (1973-1975);
  - Chief of Staff of the 3rd Army (1975-1977);
  - Commander of the 3rd Army, from 1977 to December 1984, when he retired.

Во текот на службата добивал бројни признанија и награди, а меѓу другото е одликуван и со:

- Орден за храброст;
- Орден на братството и единството со сребрен венец во 1948 година;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1952 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1965 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1969 година;
- Орден на Народната армија со ловоров венец во 1975 година;
- Орден за заслуги за народ со златна ѕвезда во 1981 година и
- Орден на Републиката со златен венец во 1984 година.



- During his service he received numerous honors and awards, and among other, he was decorated with:
  - Order of Courage;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1948;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1952;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1965;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1969;
  - Order of the National Army Laurel Wreath in 1975;
  - Order of Merits with Golden Star in 1981;
  - Order of the Republic with Golden Crown in 1984.

**генерал-потполковник**
**МОЈСОВСКИ АНГЕЛ**





Роден е на 15 мај 1923 година во с.Ораовец, кое е сместено помеѓу Велес и Прилеп, Р.Македонија. По завршувањето на основното училиште во родното место, заминал да изучува механичарски занает во Велес. Додека го изучувал занаетот, посетувал и вечерно училиште. Политичкото образование го стекнал движејќи се по комунистичките кружоци на работничката класа, каде стекнал и револуционерно искуство, главно преку судирите со буржоаскиот режим, преку штрајкови и демонстрации.

☆ Додека посетувал вечерно школо, го усовршувал и механичарскиот занает. По фашистичката окупација на Југославија, се вратил во родното село и таму ги организирал младинците, а во градот Велес работел во илегална работилница за поправка на оружје. Зел активно учество во организацијата и подготовките за борба против окупаторот, преку собирање на оружје и други илегални активности. Во 1941 година примен е во СКОЈ. Откако за неговата активност дознала полицијата, КПЈ донела одлука за негово испраќање во илегала. Како илегалец извршил диверзија, минирајќи ја Централата на рудникот за хром „Езерина", а потоа се приклучил на Шарскиот партизански одред.

☆ Во јули 1942 година и официјално бил примен за член на КПЈ, а едно време бил и курир на Главниот штаб за Косово и Метохија и Шарпланинскиот одред. Кон крајот на 1943 и почетокот на 1944 година дејствувал во кумановскиот реон, во составот на Кумановскиот партизански одред, како командант на вториот баталјон на овој одред. По формирањето на Третата македонска бригада, во февруари 1944 година, бил поставен за заменик-командант на баталјон и веднаш се истакнал со храброст и снаодливост во командувањето со единицата во борбите против вардарскиот четнички корпус. Потоа учествувал и во борбите кај Ристовац, Кратово и Злетовските рудници. Во април 1944 година бил назначен за командант на Првиот младински баталјон кој се истакнал во повеќе борби во текот на Пролетната офанзива во Македонија. Бил и ранет во една борба кај Пониква, против бугарскиот окупатор.

☆ По ослободувањето останал на служба во ЈНА и извршувал повеќе одговорни функции.

**Lieutenant General**
**MOJSOVSKI ANGEL**

He was born May 15, 1923 in v.Oraovec, located between Veles and Prilep, in the Republic of Macedonia. After completing his primary education in his native place, he left to study the for a mechanic in Veles. While studying, he attended night school. He acquired his political education moving in the Communist circles of the working class, where he got his revolutionary experience, mainly through clashes with the bourgeois regime and through strikes and demonstrations.

☆ While attending night school, he perfected the mechanical craft and after the fascist occupation of Yugoslavia, he returned to his native village and there he organized the youth, and in Veles worked in the illegal workshop for repairing weapons. He took an active part in the organization and preparation for the fight against the occupiers, through collecting arms and other illegal activities. In 1941, he became a member of SKOJ. After his activity he learned that the police knew about his activities and the CPY decided to sending him into hiding. As an illegal in hiding he mined the Center of the "Ezerino" Chrome Mine, after which he joined the Shara partisan detachment.

☆ In July 1942, he was officially accepted as a member of the Communist Party of Yugoslav, and at one time, he was the courier of the Headquarters for Kosovo and Metohija and Shara Detachment. In late 1943 and early 1944, he was active in the Kumanovo region, as part of the Kumanovo Partisan Detachment and as Commander of the Second Battalion of this Detachment. After the establishment of the Third Macedonian Brigade in February 1944, he was appointed Deputy Commander of the Battalion and immediately distinguished himself with courage and resourcefulness in commanding the unit and in fighting against the Vardar Chetnik Corps. He then participated in the fighting at Ristovac, Kratovo and Zletovo mines. In April 1944, he was appointed Commander of the First Youth Battalion which distinguished itself in several battles during the Spring offensive in Macedonia. He was wounded in the battle near Ponikva, against the Bulgarian occupiers.

☆ After the liberation he remained in the service of the YNA and performed many responsible duties.

Во својот живот повеќепати бил наградуван за своите заслуги, успеси и подвизи како воен офицер и првоборец, добивајќи бројни домашни истрански признанија и одликувања, а меѓу останатото е одликуван и со:

- Партизанска споменица од 1941 година;
- Орден „Народен херој" (11.10.1953);
- Орден за храброст;
- Орден за народ со сребрена ѕвезда;
- Орден на братството и единството со сребрен венец;
- Полски партизански крст;
- Медал на татковинската војна (одликување на Р.Бугарија).




Во 1979 година е пензиониран во чин генерал-потполковник, а починал во Скопје на 17 март 2001 година.

- Throughout his life, he was rewarded many times for his efforts, successes and struggles as a military officer and veteran, winning numerous domestic and international awards and decorations, among other, he was decorated with:
  - Partisan Memorial 1941;
  - Order "National Hero" (11/10/1953);
  - Order of Courage;
  - Order for People with Silver Star;
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown;
  - Polish Partisan Cross;
  - Medal of the Homeland War (decoration presented by Bulgaria).

- In 19709, he retired in the rank of Lieutenant General and died in Skopje on 17 March 2001.

**генерал-мајор**
**НИКОЛОВСКИ ИЛИЈА**





Роден е на 06 јули 1948 година во село Панчарево, Пехчево, Р.Македонија, од мајка Петра и татко Димитар. Оженет е со сопругата Снежана и татко е на две деца, ќерка Тања (1977) и син Димитар (1987).

По завршувањето на основното образование во родното место, продолжил да се образува во гимназијата во Делчево и истата ја завршил во 1967 година, по што продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА во Белград (1967 - 1969) и Сараево (1969 – 1971), насока „пешадија". Командно-штабна академија завршил во 1982 година во Белград, а Одбранбен колеџ на НАТО завршил во Рим, Италија, во 1997 година.

Својата кариера ја започнал како офицер на ЈНА во чин пешадиски потпоручник во 1971 година. Во чин поручник е унапреден во 1974 година, а во чин капетан во 1976 година (вонредно). Во чин капетан 1. класа е унапреден во 1979 година, а во 1983 година во чин мајор. Во 1987 година е унапреден во чин потполковник, во 1993 година во чин полковник, во чин бригаден генерал во 1997 година и во чин генерал-мајор е унапреден во 2003 година.

- Во својата кариера службувал во неколку различни гарнизони во ЈНА, гарнизон Битола (1971 - 1974), на два пати Куманово (1974 - 1977 и 1982 - 1989), како и гарнизон Белград, исто така во два периоди (1980 - 1982 и 1989 - 1990), а по формирањето на АРМ, службата ја продолжил во македонските гарнизони: Тетово (1992 - 1993), Скопје (1993 - 1999), Битола (1999 - 2002) и одново гарнизон Скопје во 2005 година кога и се пензионирал. Исто така, дел од службата ја поминал и во странство, во Атина - Р.Грција (1977 - 1980), Софија - Р.Бугарија (1990 - 1992) и Брисел - Белгија (2002 - 2004). Бил поставен и извршувал повеќе значајни должности:
  - Командир на извидувачки вод (1971 - 1973);
  - Командир на извидувачка чета (1974 - 1977);
  - Референт во Втора управа на Генералштабот на ЈНА во 1977 година;
  - Секретар на военото претставништво на СФРЈ при амбасадата во Атина, Р.Грција (1977 - 1980);
  - Командант на моторизиран баталјон во пешадиска бригада (1982 - 1985);
  - Помошник на началникот на штаб за оперативно-наставни работи во пешадиска бригада (1985 - 1989);
  - Началник на штаб во 592. Пешадиска бригада (1989);
  - Референт во Втора управа на Генералштабот на ЈНА (1989 - 1990);
  - Воен пратеник на вооружените сили на СФРЈ при Амбасадата во Софија, Р.Бугарија (1990 -1992);
  - Командант на 15. Пешадиска бригада (1992 - 1993);
  - Началник на одделението за меѓународна соработка во МО на Р.Македонија (1993 - 1995);

**Major General**
**NIKOLOVSKI ILIJA**

He was born on July 6, 1948 in the village of Pancharevo, Pehcevo, Macedonia, to mother Petra and father Dimitar. He is married to wife Snezhana and is the father of two children, daughter Tanja (1977) and son Dimitar (1987).

After completing primary education in his native place, he continued his education at the High School in Delchevo and finished it in 1967, after which he continued at the Military Academy of the Land Forces of the YNA in Belgrade (1967-1969) and Sarajevo (1969-1971) , infantry department. He graduated from the Command Staff College in 1982 in Belgrade and from NATO Defense College in Rome, Italy, in 1997.

He began his career as an officer in the Army in the infantry rank of Second Lieutenant in 1971. He was promoted to the rank of Lieutenant in 1974, to the rank of Captain in 1976 (early promotion). He was then promoted to the rank of Captain first class in 1979 and in 1983 to the rank of Major. In 1987 he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel and in 1993 to the rank of Colonel, to the rank of Brigadier General in 1997 and to the rank of Major General in 2003.

In his career he served in several different YNA garrisons, the in Bitola (1971 - 1974), twice in Kumanovo (1974 - 1977 and 1982 - 1989), and Garrison Belgrade, in two terms (1980 - 1982 and 1989 - 1990). Following the establishment of the ARM, he continued his service in the Macedonian garrisons: Tetovo (1992-1993), Skopje (1993-1999), Bitola (1999-2002) and again garrison Skopje in 2005 when he retired. He was also spent a part of his service abroad in Athens – Republic of Greece (1977 - 1980), Sofia – Republic of Bulgaria (1990 - 1992) and Brussels - Belgium (2002-2004). He was appointed on many important duties:

- Reconnaissance Platoon Commander (1971 - 1973);
- Reconnaissance Company Commander (1974 - 1977);
- Officer in the Second Directorate of the General Staff of the YNA in 1977;
- Secretary of the Military Mission of the SFRY Embassy in Athens, R. Greece (1977 - 1980);
- Motorized Battalion Commander in Infantry Brigade (1982 - 1985);
- Assistant Chief of Staff for operational and teaching matters in Infantry Brigade (1985 - 1989);
- Chief of Staff in the 592$^{nd}$ Infantry Brigade (1989);
- Officer in the Second Directorate of the General Staff of the YNA (1989 - 1990);
- Military Envoy of the Armed Forces of SFR Yugoslavia Embassy in Sofia, R. Bulgaria (1990 - 1992);
- Commander of the 15$^{th}$ Infantry Brigade (1992-1993);
- Head of Section for International Cooperation in the MoD of Macedonia (1993 - 1995);
- Director in the Directorate for International Cooperation in the Ministry of Defense of the Republic of Macedonia (1995 - 1998);
- Chief of Staff in the 2$^{nd}$ Army Corps (1998-1999);
- Commander of the 2$^{nd}$ Army Corps (2000-2002);
- Military Representative of the Republic of Macedonia to NATO Military Committee in Brussels, Belgium, and a Defense Attache to Belgium, the Netherlands and Luxembourg (2002 - 2004);
- Advisor to the Defense Minister for Defense and Security Policy (2005).

- Директор во Управата за меѓународна соработка при Министерството за одбрана на Р.Македонија (1995 - 1998);
- Началник на штаб во 2. Армиски корпус(1998 - 1999);
- Командант на 2. Армиски корпус(2000 – 2002);
- Воен претставник на Р.Македонија во Воениот комитет на НАТО во Брисел, Белгија, истовремено и аташе на одбраната за Белгија, Холандија и Луксембург (2002 - 2004);
- Советник на министерот за одбрана за одбранбена и безбедносна политика (2005).

- Низ својата долгогодишна служба добивал бројни пофалби, награди и други признанија, што биле потврда за неговите заложби во афирмацијата на армијата како столб на одбраната на државата и неговата професионална активност како висок армиски офицер, а меѓуостанатото е одликуван и со Медал за воени заслуги, Орден за воени заслуги со сребрени мечеви и Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда.




- Учествувал во многубројни научни собири и стручни проекти, а како дел од своето стручно усовршување и наобразба, успешно завршил и низа курсеви и семинари во земјата и во странство, а меѓу позначајните се: Разузнавачко - диверзантски курс (1971), курс за АБХО, за началници на штабови (1987), курс за планирање воени состојби и ЦВС во СР. Германија (2003), курс за генерали и адмирали во НАТО колеџот во Рим, Италија (2004) и курсеви за странски јазици во школата за јазици на ЈНА (1972/73 и 1977) и во Англија (1995).

- Автор е на стручно-специјалистичките трудови, „Армија во одбрана во вонредни услови", труд кој го одбранил на Командно-штабната академија и „Одбранбената архитектура на Европа", труд - испит за генералски чин.

- Како претставник на Министерството за одбрана на Р.Македонија учествувал на низа состаноци и конференции за проширување на НАТО, а повеќепати бил и предводник на македонски делегации во преговори за формирање на мултинационална мировна бригада. Исто така, партиципирал во изработката на сите фундаментални документи за пристапувањето на Р.Македонија во програмата „Партнерство за мир".

- Носител е на повеќе проекти значајни за развојот и унапредувањето на АРМ, меѓу кои, Концептот на одбранбена дипломатија, Организираниот криминал и корупцијата како сериозна закана за загрозување на безбедноста во Македонија, Безбедноста во регионот и нејзиното влијание врз безбедноста во Македонија.

- Пензиониран е во 2005 година и по пензионирањето активно се вклучил во невладиниот сектор и политичкиот живот во Р.Македонија, извршувајќи повеќе должности, меѓу кои: Претседател на Здружението на ветерани-резервисти од одбраната и безбедноста на Р.Македонија, а во 2015 година е избран и за почесен претседател на ова здружение, Претседател на Здружението на дипломирани студенти на НАТО колеџот во Рим, Претседател на партијата „Обединети пензионирани граѓани на Македонија", член на Меѓународниот консултативен комитет на ветераните и резервните офицери и почесен член на „Сојузот на офицери и сарженти од запаса и резерва" на Р.Бугарија. Од декември 2016 година е избран за народен пратеник во Собранието на Р.Македонија.

- Through the years of service he has received numerous certificates of recognition, awards and other decorations as a confirmation of his commitment to the affirmation of the army as the pillar of the defense of the State and his professional activities as a senior army officer. He was decorated, inter alia, with the Medal of Military Merit, the Order of Military Merit with Silver Swords and the Order of the National Army with Silver Star.

- He has participated in numerous conferences and professional projects, and as part of his professional development and education, he has successfully completed a series of courses and seminars at home and abroad, the most significant being: Intelligence - diversionary course (1971), a NBC course, a course for chiefs of staffs (1987), a course for planning military situations and CVS in FR Germany (2003), a course for generals and admirals in NATO College in Rome, Italy (2004) and foreign language courses at the YNA school of languages (1972/73 and 1977) and the UK (1995).

- He is the author of expert-specialist papers, "The Defense of the Army in Contingencies", his graduation thesis at the Command Staff Academy and "The Defense Architecture of Europe," as an exam for taking the general rank.

- As a representative of the Ministry of Defense of the Republic of Macedonia, he has participated in numerous meetings and conferences on NATO enlargement, and he led Macedonian delegations in the negotiations on the establishment of the multinational peacekeeping brigade on a number of occasions. He also participated in the drafting of all the fundamental documents for the accession of the Republic of Macedonia in the "Partnership for Peace" program.

- He has implemented several projects important for development and improvement of the ARM, including the Defense Diplomacy Concept, Organized Crime and Corruption as a serious threat to Macedonian security, The Security in the region and its impact on the security in Macedonia.

- He retired in 2005 and after his retirement he has become actively involved in civil society and political life of the Republic of Macedonia, performing several duties, including: President of the Association of Veterans- Reservists from the defense and security of the Republic of Macedonia, and in 2015 he was elected Honorary President of this Association, President of the Association of Alumni of the NATO College in Rome, President of the Party "United He retired Citizens of Macedonia", member of the International Consultative Committee of veterans and reserve officers and an honorary member of the "Union of Active Officers and Reserve Components" of the Republic of Bulgaria. Since December 2016, he has been elected as a Member of Parliament in the Assembly of the Republic of Macedonia.

**генерал-мајор**
## НИКОЛОВСКИ МИРКО



Роден е на 10. ноември 1938 година во село Борово, Општина К.Паланка во Р.Македонија. Основно образование завршил во родниот крај во 1950 година, а во 1954 година завршил и Гимназија. Инженериска подофицерска школа завршил во 1957 година, а Воена академија на Копнената војска на ЈНА, насока инженерија завршил во 1962 година. Во 1974 година завршил Командно-штабна академија на Копнената војска на ЈНА, а во 1980 година и Школа на народна одбрана.



Произведен е во чин потпоручник во 1962 година, а унапреден е во чин поручник во 1965 година. Чин капетан добил во 1968 година, а во чин капетан 1. класа бил унапреден во 1971 година, во чин мајор во 1975 година, во чин потполковник во 1978 година, во чин полковник во 1983 година и во чин генерал-мајор е унапреден во 1990 година.

Во својата кариера службувал во повеќе различни гарнизони на ЈНА, извршувајќи ги должностите:

- Командир на вод (1957 - 1966);
- Командир на аеродромска инженериска чета (1966 - 1974);
- Заменик-командант на баталјон (1974 - 1976);
- Командант на баталјон (1976 - 1978);
- Началник на штаб на воздухопловна база (1978 - 1982);
- Командант на 177. воздухопловна база (1982 - 1985);
- Началник на отсек за оперативни работи на командата на Военото воздухопловство и противвоздушната одбрана (1985 - 1988);
- Помошник на командантот за заднинско обезбедување во командата на Военото воздухопловство и противвоздушната одбрана (1988 - 1992).

**Major General**
**NIKOLOVSKI MIRKO**

- For his achievements in the development and promotion of the army, he received numerous awards, certificates of recognition and decorations. He was decorated, inter alia, with:
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1968;
    - Order of the people's army with Silver Star in 1974;
    - Order of Labor with silver wreath in 1982;
    - Order of Military Merit with Golden Swords in 1990.

- He retired in 2002 and died on December 31, 2006. His resting place is in Bitola.

- He is the author of a book about the events in 2001 published in 2006 and titled "Testimonials 2001".

## бригаден генерал
## м-р ПОПОВСКИ ЗДРАВКО





Роден е на 16 август 1955 година во Карловац, Р.Хрватска во семејство на воено лице. Од бракот со сопругата Маргарита има едно дете, синот Виктор (1986).

Основното образование го завршил во родниот град, а потоа и Гимназија во Скопје. Военото образование го започнал на Воената академија на Копнената војска на ЈНА во Белград, насока пешадија и ја завршил во 1981 година. Командно-штабна академија завршил во Скопје во 1996 година, а завршил и Висок воен колеџ на копнените сили на САД во 2000 година (Пенсилванија - САД), стекнувајќи се со научен назив „Магистер по стратегиски студии".

Во чин потпоручник е произведен во 1981 година. Унапреден е во чин поручник во 1982 година, во чин капетан во 1985 година, во чин капетан 1. класа во 1989 година, во чин мајор во 1993 година, во чин потполковник во 1997 година, во чин полковник во 2001 година (вонредно) и во чин бригаден генерал е унапреден во 2006 година.

- Во својата кариера, како припадник на ЈНА службувал во гарнизоните Битола (1981 - 1990) и Приштина (1990 - 1992), а како офицер на АРМ, продолжил во гарнизоните Битола (1992 - 1993 и 1994 - 1998), Скопје (1993 - 1994, 1998 - 2000, 2001 - 2004, 2009 - 2011) и Кичево (2000 - 2001). Исто така, службено престојувал и во странство, и тоа во Брисел, Белгија (2004 - 2009) и Лариса, Р.Грција (2011 - 2013). Во 2013 година, се враќа повторно во гарнизон Скопје и таму продолжил со својата служба, се до неговото пензионирање во 2014 година. Во сите овие гарнизони редоследно ги извршувал сите командни и лидерски должности од тактичко и оперативно-стратегиско рамниште:

  - Командир на вод (1981 - 1982);
  - Командир на чета (1982 - 1986);
  - Началник на органот за безбедност во бригада (1987 - 1990);
  - Референт во контраразузнавачка група во Корпус (1990 - 1991);
  - Упатен на школување на Командно-штабна школа во Центарот за високи школи на вооружените сили на СФРЈ во Белград (1991 - 1992);
  - Референт за безбедност во органот за разузнавачко-безбедносни работи на 2. Армиски корпус (1992 - 1993);
  - Самостоен советник за оперативни работи за контраразузнавање во Служба за безбедности разузнавање (1993 - 1994);
  - Комндант на 3. Граничен баталјон (1994 - 1998);
  - Шеф на отсек во дирекција за воени претставништва и меѓународна соработка (1998 - 2000);
  - Командант на бригада (2000 - 2001);
  - Началник на Управа за доктрини и модернизација во Секторот за меѓународна соработка во Г-3, ГШ на АРМ (2001 - 2002);

**Brigadier General**
**MA POPOVSKI ZDRAVKO**

He was born on August 16, 1955 in Karlovac, Republic of Croatia in the family of an officer. He is married to Margarita and they have one child, son Victor (1986).

He finished primary school in his hometown and then high school in Skopje. He began his military education at the Military Academy of the Land Forces of the YNA in Belgrade, at the infantry department, which he completed in 1981. He graduated from the Command Staff Academy in Skopje in 1996 and he also completed the Senior Military College of US Army in 2000 (Pennsylvania - USA), acquiring the academic title "Master of Strategic Studies."

He was produced into the rank of Second Lieutenant in 1981. He was promoted in the rank of Lieutenant in 1982, the rank of Captain in 1985, to the rank of Captain first class in 1989, to the rank of Major in 1993, the rank of Lieutenant Colonel in 1997, to the rank of Colonel in 2001 (early promotion) and in the rank of Brigadier General he was promoted in 2006.

- During his career as a member of the YNA, he served in the garrisons Bitola (1981 - 1990) and Prishtina (1990 - 1992), and as an officer of the ARM, he continued his service in the garrison in Bitola (1992 - 1993 and 1994 - 1998), Skopje (1993 - 1994, 1998-2000, 2001-2004, 2009-2011) and Kichevo (2000-2001). He also officially served abroad, in Brussels, Belgium (2004 - 2009) and Larissa, Greece (2011-2013). In 2013, he returned to Skopje garrison and there he continued his service until his retirement in 2014. In all these garrisons, he carried out all command and leadership duties on tactical and operational - strategic level:
  - Platoon Commander (1981 - 1982);
  - Company Commander (1982 - 1986);
  - Chief of Security in a Brigade (1987 - 1990);
  - Counterintelligence Group Officer in a Corps (1990 - 1991);
  - He was sent for education at the Command Staff Academy at the Senior School Center of the Armed Forces of SFR Yugoslavia in Belgrade (1991 - 1992);
  - Security Officer for intelligence and security affairs of the 2nd Army Corps (1992-1993);
  - Senior Operational Advisor for counterintelligence in the Security and Intelligence Service (1993 - 1994);
  - Commander of the 3rd Border Battalion (1994 - 1998);
  - Head of Department in the Directorate of Military Missions and International Cooperation (1998 - 2000);
  - Brigade Commander (2000 - 2001);
  - Head of Directorate for Doctrines and Modernization in the Department of International Cooperation in G-3, General Staff of the ARM (2001-2002);
  - Head of Directorate for inter-army cooperation in the ARM (2002 - 2003);

- Началник на Управа за меѓуармиска соработка во АРМ (2002 - 2003);
- Висок национален претставник на АРМ во Централната Команда на САД, (CENTCOM) Тампа, Флорида, САД (2003);
- Аѓутант на Врховниот командант на вооружените сили на Р.Македонија (2003 - 2004);
- Шеф на вое624ното претставништво во мисијата на Р.Македонија при НАТО, воедно и воен претставник во евро-атланскиот Воен комитет на НАТО, како и во Военот комитет на ЕУ во Брисел, Белгија (2004 - 2009);
- Државен советник за НАТО интеграции (2009 - 2011);
- Командант на мултинационални мировни сили на Југоисточна Европа, бригада на Југоисточна Европа – SEEBRIG, во Лариса, Р.Грција (2011 - 2013) - прв офицер од АРМ кој ја вршел оваа должност;
- Државен советник за НАТО интеграции (2013 - 2014).

Во текот на службата, како потврда за неговата стручна и професионална активност, а особено со своите заложби за потполна меѓународна афирмација и развој на армијата, добивал многу признанија, пофалници, благодарници и награди од соодветни високи авторитети, како од земјава, така и од странство, пред се од Албанија, Бугарија, Грција, Италија, Романија и Турција. За особена соработка со НАТО, награден е со Плакета од претседавачот на Воениот комитет на НАТО, а добитник е и на признание за успешна меѓуармиска соработка со НР. Кина. Исто така, носител е на сертификат за воена соработка за време на операцијата “Enduring Freedom”, како висок воен претставник на Р.Македонија во Централната команда на САД (Тампа, Флорида). Меѓу другото, награден е со: медал за 40 години ЈНА во 1981 година, медал на трудот во 1985 година, медал за 50 години ЈНА во 1991 година, медал за достигнување – СЕЕБРИГ во 2013 година, сребрена значка за долгогодишна служба во АРМ.




Воено-стручната и специјалистичката наобразба ја стекнал, успешно завршувајќи низа курсеви од областа на одбраната, безбедноста, командно-штабните работи, менаџмент со ресурсите во одбраната, воената стратегија и доктрина, потоа, преку рамноправна партиципација на меѓународни вежби како НАТО вежбите: „ЕСПЕРИА – ‘97”, „ПРОМЕТЕУС – ‘98”, „ММСЈИЕ-СЕЕБРИГ/Седум ѕвезди – ’02 и ‘12”, „Силна решителност” и други,а исто така и со учествата на бројни меѓународни семинари, форуми и конференции на одбраната и безбедноста, во интернационални институции и школи од Холандија, Германија, Италија, Грција, Канада, САД, Норвешка, Бугарија, Хрватска, Белгија итн.

Исто така, значајна е неговата улога за македонската армија, како известувач-претставник на Р.Македонија на состанокот „Тројка во рамките на состанокот на министрите за одбрана на ЕУ” во Прага, Чешка Република.

Почесен член е на Сенатот на Пенсилванија (САД).

Учествувал во воено-борбените операции во војната во поранешна Југославија и во операции во борба против тероризмот во одбрана на Р.Македонија.

- Senior National Representative of the ARM in the US Central Command, (CENTCOM) Tampa, Florida, USA (2003);
- Adjutant of the Supreme Commander of the Armed Forces of the Republic of Macedonia (2003 - 2004);
- Chief of the Military Section in the Mission of the Republic of Macedonia to NATO, and also the military representative in the Euro-Atlantic Military Committee of NATO and the EU Military Committee in Brussels, Belgium (2004 - 2009);
- State Adviser on NATO Integration (2009 - 2011);
- Commander of the Multinational Peace Force Southeastern Europe Brigade of Southeast Europe - SEEBRIG, in Larissa, Greece (2011 - 2013) - the first officer of the ARM who served in that capacity;
- State Advisor for NATO Integration (2013-2014).

- During his service, as a confirmation of his qualifications and professional activity, and in particular, for his commitment to full international affirmation and development of the army, he has received many awards, certificates of appreciation and recognition and rewards from relevant senior authorities from the country and abroad, especially from Albania, Bulgaria, Greece, Italy, Romania and Turkey. For special cooperation with NATO, he has been presented a Plaque by the Chairman of the NATO Military Committee, and has won recognition for successful inter-army cooperation with PR China. He also holds a certificate for military cooperation during the operation "Enduring Freedom", as the Senior Military Representative of the Republic of Macedonia in the US Central Command (Tampa, Florida). He has been decorated, inter alia, with:

  - Medal for 40 years in the Army in 1981;
  - Labor Medal in 1985;
  - Medal for 50 years in the YNA in 1991;
  - Medal for achievement - SEEBRIG in 2013;
  - Silver badge for long service in the ARM.

- He acquired his military expert and specialist education by successfully completing a series of courses in the field of defense, security, command staff duties, defense resources management, military strategy and doctrine, then, through equal participation in international exercises such as NATO exercises " Esperia - '97, "Prometheus - '98", "PMFSEE-SEEBRIG / Seven stars - '02 and '12, "" Strong Resolve "and others, and also through participation in numerous international seminars, forums and conferences on defense and security in international institutions and schools in the Netherlands, Germany, Italy, Greece, Canada, USA, Norway, Bulgaria, Croatia, Belgium, etc.

- He also had an important role for the Macedonian Army as a reporter – representative of the Republic of Macedonia at the "Troika meeting with the EU Defense Ministers " in Prague, the Check Republic.

- Honorary member of the Pennsylvania Senate (USA)

- He participated in military operations during the war in former Yugoslavia and in operations fighting terrorism in the Republic of Macedonia.

**генерал-потполковник**
**ПОСТОЛОВСКИ ТРАЈКО**





Роден е на 06. март 1936 година во село Ржаново, Струга, Р.Македонија во земјоделско семејство. Од бракот со сопругата Гордана (1944), татко е на две ќерки.

Завршил Школо за артилериски подофицери во 1956 година, а Воена академија на ЈНА во 1961 година во Белград. Школо за национална одбрана завршил во 1982 година.

Во чин потпоручник е произведен од 1961 година, а во чин поручник е унапреден во 1964 година, во чин капетан во 1967 година, во чин капетан 1. класа во 1970 година, во чин мајор во 1974 година, во чин потполковник во 1977 година (предвремено), во чин полковник во 1982 година, во чин генерал-мајор во 1990 година и во чин генерал-потполковник е унапреден во 1993 година.

- Во својата кариера бил на служба во повеќе различни гарнизони на ЈНА, и тоа: Ресен (1964 - 1965), Сараево (1965 - 1967), Струмица (1967 - 1974 и 1975 - 1985), Скопје (1974 – 1975 и 1986 - 1990), Приштина (1985 - 1986), Битола (1990 - 1992), а како офицер на АРМ продолжил со служба во гарнизонот Скопје, од 1992 до 1993 година. Како дел од службата, ги извршувал следниве должности:
  - Командир на вод (1950 - 1967);
  - Командир на чета (1967 - 1970);
  - Командант на баталјон (1972 - 1974);
  - Помошник на началникот на штаб за оперативно-наставни работи (1974 - 1975);
  - Помошник на командантот за заднина во 168. пешадиска бригада (1975 - 1977);
  - Началник на штаб, воедно и заменик на командантот на 168. пешадиска бригада (1977 - 1980);
  - Командант на 168. пешадиска бригада (1980 - 1984);
  - Помошник на командантот за заднина и 52. корпус на 2. Армија (1984 - 1986);
  - Началник на одделението за оперативно-наставни работи, а воедно и заменик на началникот на Штаб (1986 - 1988);
  - Застапник на началникот на Републички штаб за територијална одбрана на Р.Македонија (1988);
  - Командант на одбрана на град Скопје (1988 - 1990);
  - Началник на Штаб и заменик на комнадантот на Корпус (1990 - 1992);
  - Заменик на НГШ во АРМ (1992 - 1993).

**Lieutenant General**
**POSTOLOVSKI TRAJKO**

He was born on 6 March 1936 in the village Rzhanovo, Struga, the Republic of Macedonia in a farming family. He was married to wife Gordana (1944) and was a father of two daughters.

He graduated from the NCO School of Artillery in 1956, and from the Military Academy of the YNA in 1961 in Belgrade. He completed the National Defense School in 1982.

He was produced in Second Lieutenant in 1961 and he was promoted to the rank of Lieutenant in 1964, to the rank of Captain in 1967, to the rank of Captain first class in 1970, to the rank of Major in 1974, to the rank of Lieutenant Colonel in 1977 (early promotion), to the rank of Colonel in 1982, to the rank of Major General in 1990 and he was promoted to the rank of Lieutenant General in 1993.

- In his career, he served in different garrisons of the YNA, in Resen (1964 - 1965), Sarajevo (1965 - 1967), Strumica (1967 - 1974), Skopje (1974 - 1975), Strumica (1975 - 1985 ), Prishtina (1985 - 1986), Skopje again (1986 - 1990), Bitola (1990 - 1992), and as an officer of the ARM he continued in the garrison in Skopje from 1992 until 1993. As part of his service, he carried out the following duties:
  - Platoon Commander (1950 - 1967);
  - Company Commander (1967 - 1970);
  - Battalion Commander (1972 - 1974);
  - Assistant Chief of Staff for operational and teaching matters (1974 - 1975);
  - Assistant Rear Commander of the 168$^{th}$ Infantry Brigade (1975-1977);
  - Chief of Staff, and Deputy Commander of the 168$^{th}$ Infantry Brigade (1977-1980);
  - Commander of the 168$^{th}$ Infantry Brigade (1980-1984);
  - Assistant Rear Commander of the 52$^{nd}$ Army Corps (1984-1986);
  - Head of the Department for operational and teaching matters, as well as Deputy Chief of Staff (1986 - 1988);
  - Representative of the Chief of Staff of the Republican Territorial Defense of the Republic of Macedonia (1988);
  - Commander for Defense of the city of Skopje (1988 - 1990);
  - Chief of Staff and Deputy Corps Commander (1990 - 1992);
  - Deputy Chief of General Staff of the ARM (1992-1993).

- Многупати, во текот на кариерата, добивал пофалби, награди и други признанија за своето залагање и професионалност во извршувањето на должностите, задачите и обврските, а меѓу другото е одликуван и со:
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1963 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1972 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1977 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1981 година;
  - Орден на братството и единствотосо сребрен венец во 1985 година.




- Пензиониран е во 1993 година, а починал на 23.05.2017 година.

- He received certificates of acknowledgement, prizes and other awards on numerous occasions throughout his career for his commitment and professionalism in the performance of his duties, tasks and responsibilities, and he was decorated, inter alia, with:
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1963;
    - Order of the people's army with Silver Star in 1972;
    - Order of Military Merit with Golden Swords in 1977;
    - Order of the people's army with Golden Star in 1981;
    - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1985.

- Retired in 1993. He died on May 23, 2017.

**генерал-мајор**
**ПОЦКОВ БОРО - МИРКО ШПАНАЦ**





Роден е на 18 април 1916 година во Струмица, од мајка Фроса и татко Љамо. Во долгогодишен брак бил со сопругата Ката.

Завршил три класа гимназија, по што во Белград го учел печатарскиот занает. Таму, набргу станал член на Синдикатот на графичките работници, а во 1937 година е примен и за член на Сојузот на комунисти на младината на Југославија (СКОЈ). Како графички работник и припадник на комунистичкото движење од 1936 година, подоцна, во 1938 година станал и член на КПЈ.

☆ Од април 1938 година бил борец во интернационалните бригади во баталјонот „Дивизионарио" во состав на 45. Интернационална дивизија, во Шпанската граѓанска војна. Во септември 1938 година во битката на Ебро бил ранет, а потоа, при повлекувањето од Шпанија, бил заробен и испратен во логорот Гирс во Франција. Оттаму, со група од 50-ина југословенски логораши бил испратен на тешка работа во Германија, во градот Хале, во близина на Лајпциг. Во 1941 година, заедно со неколку други југословенски логораши, успеал да избега и да се врати во Загреб. Во септември 1941 година се префрлил во Сараево и се вклучил во народноослободителната борба, каде бил поставен на разни воени и политички должности на народноослободителната, антифашистичка војска (НОАВ) во Босна и Херцеговина, а потоа, од есента 1943 година се враќа во Македонија како командант на Кумановскиот и Струмичкиот партизански одред. Подоцна бил и командант на баталјон, началник на штаб, командант на дивизија, а бил и командант на Петтата оперативна зона на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија (НОВ и ПОМ). Бил и делегат на Првото заседание на АСНОМ.

☆ По ослободувањето, еден период работел во управата за државна безбедност (УДБА), а потоа, во декември 1947 година, е испратен на школување во СССР, на Фрунзеовата академија. По донесувањето на Резолуцијата на Информбирото, во јуни 1948 година, заедно со останатите слушатели на академијата кои биле од Југославија, се вратил во својата татковина. Школувањето го продолжил на Воената академија во Белград, која ја завршил во 1955 година и се здобил со чин генерал-мајор на ЈНА, извршувајќи повеќе командни должности во својата кариера како висок армиски офицер, меѓу кои: началник на штабот на 45. Дивизија во Лесковац (1955 - 1956), офицер во Управата за настава во Генералштабот на ЈНА во Белград (1956 – 1963), помошник на командантот на Скопската армиска област во Скопје (1963 - 1964), офицер во персоналната управа на ЈНА (1964 - 1965).

**Major General**
**POCKOV BORO - MIRKO SHPANAC**

He was born on April 18, 1916 in Strumica to mother Frosa and father Ljamo. He was married to Kata for many years.

He finished three classes of high school, after which he learned the printing craft in Belgrade. He became a member of the Union of graphical workers and in 1937 he was admitted as a member of the Union of Communist Youth of Yugoslavia (UCYY). As a graphic worker and a member of the communist movement since 1936, later in 1938 he became a member of CPY.

☆ He fought in the international brigades in the Battalion “Divizionario” in the Spanish Civil War from April, 1938, within the 45thn International Division. In September 1938 he was wounded in the Battle of the Ebro and then, when retreating from Spain, he was captured and sent to the camp Gershon in France. With a group of 50 Yugoslav prisoners, he was sent to hard labor in Germany, the city of Halle, near Leipzig. In 1941, along with several other Yugoslav prisoners he managed to escape and returned to Zagreb. In September 1941 he moved to Sarajevo and joined the national liberation war of Bosnia and Herzegovina, where he was placed on various military and political duties of the National Liberation, Anti-Fascist Army (NOAVM) in Bosnia and Herzegovina, and then, in the autumn of 1943 he returned to Macedonia as Commander of Strumica and Kumanovo Partisan detachment, then he was a Battalion Commander, Chief of Staff, Division Commander, and Commander of the 5$^{th}$ operational region of the National Liberation Army and Partisan Squads of Macedonia. He was also a delegate at the first session of ASNOM (Anti-fascist Assembly for the National Liberation of Macedonia).

☆ After the liberation, he worked in the State Security Directorate, then, in December 1947, he was sent to school in the USSR Frunze Academy. Following the adoption of the Resolution of the Informbiro, in June 1948, he returned to his homeland along with other participants of the Academy who were from Yugoslavia. He continued his education at the Military Academy in Belgrade, where he graduated in 1955 and acquired the rank of Major General of the YNA, performing many command duties in his career as a senior army officer, as Chief of Staff at the 45th Division in Leskovac (1955-1956), an officer in the YNA General Staff Training School in Belgrade (1956-1963), Assistant Commander of the Skopje Army Area in Skopje (1963-1964), officer in the personnel YNA administration (1964 - 1965).

- Истакнувајќи се со своите способности и залагања во текот на окупациониот период, како и со своите активности за време на НОВ и во текот на целата своја кариера како воен старешина, добивал бројни признанија и одликувања, а дел од нив се:
  - Партизанска споменица од 1941 година;
  - Орден за храброст;
  - Орден на партизанската ѕвезда со златен венец;
  - Орден за заслуги за народ со златна ѕвезда;
  - Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда;
  - Орден на братството и единството со златен венец;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда;
  - Орден за воени заслуги со голема ѕвезда.



- На 1 мај 1965 година е пензиониран во чин генерал-мајор. По пензионирањето бил пратеник во Собранието на СР.Македонија.

- Починал на 19 јуни 1981 година во Струмица.

- Given his outstanding capabilities and commitment during the occupational period and his activities during the National Liberation War and throughout his career as a military officer, he received numerous awards and decorations, and some of them are:

  - Partisan Memorial 1941;
  - Medal for Courage;
  - Order of partisan star with Golden Wreath;
  - Order for Merits with Golden Star;
  - Order for Merits with Silver Star;
  - Order of Brotherhood and Unity with Golden Crown
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Order of the National Army with Silver Star;
  - Order for Military Merits with Big Star.

- On May 1, 1965 he retired in the rank of Major General . After his retirement, he was a Member of Parliament of S.R. Macedonia.

- He died on June 19, 1981 in Strumica.

**генерал-мајор**
**д-р РАЦАЈ МУХАМЕТ**





Роден е на 01 август 1961 година во Сичево, општина Клина во Р.Косово, од мајка Михане и татко Ислам. Денес е оженет со сопругата Мевљурије и татко е на три деца, ќерка Анила (1989) и синовите Тауљант (1990) и Аријант (1995).

Основното образование го завршил во с.Добра Вода, а средно воено училиште завршил во Сараево во 1980 година. Дипломирал на Воената академија на Копнената војска на ЈНА во 1986 година во Белград, а Командно-штабна академија завршил во 1997 година во Скопје. Школа за национална одбрана завршил во 2007 година во Истанбул, Р.Турција. Постдипломски магистерски студии завршил на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2006 година, а докторирал на областа „безбедност", на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, во 2009 година.

По завршувањето на средното воено образование бил подофицер на ЈНА до 1983 година, а по завршувањето на Воената академија, унапреден е во чин пешадиски потпоручник во 1986 година. Во чин поручник е унапреден во 1987 година, во чин капетан во 1991 година, во чин капетан 1. класа во 1996 година, во чин мајор во 2001 година, во чин потполковник во 2003 година, во чин полковник во 2006 година, во чин бригаден генерал во 2012 година и во чин генерал-мајор е унапреден во 2015 година.

- Во досегашната служба работел во два различни гарнизони на Југословенската народна армија, и тоа во Битола (1980 - 1981) и Охрид (1986 - 1992), а по осамостојувањето на Р.Македонија и создавањето на АРМ, продолжил со офицерската служба во гарнизоните: Битола (1992 - 1994), Охрид (1994 - 2000 и 2002 - 2004), Скопје (2000 - 2002 и 2004 - 2012), Куманово (2012 - 2015) и од 2015 година повторно е на служба во гарнизон Скопје. Во својата кариера извршувал повеќе должности од својата специјалност:
  - Командир на вод (1980 – 1983) и (1986 – 1988);
  - Командир на пешадиска чета (1988 – 1992);
  - Командир на минофрлачки, стрелачки вод (1992 – 1993);
  - Командир на чета (1993 – 1996);
  - Заменик-командант на граничен баталјон (1997 – 2000);
  - Референт за оперативно-наставни работи (2000);
  - Началник на С-5 во гранична бригада (2000– 2002);
  - Командант на граничен баталјон (2002 – 2004);
  - Началник на штаб во одредот за специјални намени (2004 – 2006);

**Major General**
**RACAJ MUHAMET, Ph.D.**

He was born on August 1, 1961 in Sichevo, Klina municipality in R.Kosovo, to mother Mihane, a housewife, and father Islam, a worker. Today is married to wife Mevljurije and father of three children, a daughter Anila (1989) and sons Tauljant (1990) and Arijant (1995).

He finished primary school in v. Dobra Voda and high school in Sarajevo in 1980. He graduated from the Military Academy of the Land Forces of the YNA in 1986 in Belgrade, and Command Staff Academy graduated in 1997 in Skopje. He completed National Defense School in 2007 in Istanbul, Republic of Turkey. He completed his Postgraduate Master studies at the Faculty of Philosophy, University "Ss. Cyril and Methodius "in 2006 and his Ph.D. in the field of security, at the University "St. Kliment Ohridski" in Bitola in 2009.

After his secondary military education, he was NCO in the YNA until 1983 and after he graduated from the Military Academy, he was promoted to the rank of infantry Second Lieutenant in 1986. He was promoted to the rank of Lieutenant in 1987, to the rank of Captain in 1991, to the rank of Captain first class in 1996, to the rank of Major in 2001, the rank of Lieutenant Colonel in 2003, to the rank of Colonel in 2006, Brigadier General in 2012 and to he was promoted the rank of Major General in 2015.

- In his previous service, he worked in two different garrisons of the Yugoslav National Army, in Bitola (1980 - 1981) and Ohrid (1986 - 1992), and after Macedonia gained its independence and the establishment of the ARM, he continued his service in the garrisons: Bitola (1992 - 1994), Ohrid (1994 - 2000 and 2002 - 2004), Skopje (2000 - 2002 and 2004 - 2012), Kumanovo (2012 - 2015) and again in 2015 he served in the garrison Skopje. In his career, he performed several duties of his specialty:
    - Platoon Commander (1980 - 1983) and (1986 - 1988);
    - Commander of Infantry Company (1988 - 1992);
    - Commander of mortars, firing squad (1992 - 1993);
    - Company Commander (1993 - 1996);
    - Deputy Commander of the Border Battalion (1997 - 2000);
    - Officer for operational teaching work (2000);
    - Chief of S-5 in the border brigade (2000-2002);
    - Commander of the Border Battalion (2002 - 2004);
    - Chief of Staff in the Special Operations Unit (2004 - 2006);
    - Deputy Commander of the Special Operations Regiment (2006 - 2014);
    - Chief of Staff into the Joint Operations Command (JOC) (2012-2013);
    - Deputy Commander of the Joint Operations Command (2013 - 2015);
    - Deputy Chief of General Staff of the ARM since 2015.

- Заменик на командантот на Полкот за специјални операции (2006 – 2014);
- Началник на штаб во Здружената оперативна команда (ЗОК) (2012 – 2013);
- Заменик на командантот на ЗОК (2013 – 2015);
- Заменик на НГШ на АРМ од 2015 година.

- Во текот на службата, во насока на развојот и афирмацијата на армијата како институција во служба на одбраната и безбедноста на државата, повеќепати бил наградуван и пофалуван, а добивал и други признанија. Меѓу другото, награден е и со Сребрена значка по повод 20 години АРМ.




- Автор е на неколку стручно-специјалистички и научни трудови, „Воздушно-десантни простории на источното македонско боиште”, труд кој воедно е и дипломска работа за КША, „Обезбедување на државната граница на Р.Македонија според современите безбедносни стандарди”, магитерски труд и „Превенција во сузбивање на организираните облици на криминал на меѓудржавните граници на Р.Македонија”(2009) кој воедно е докторска дисертација од облата на безбедноста.

- Исто така, автор е и на книгите: „Вооружување и настава за гаѓање”, 2009 година; „Основа на топографија и тактика во природни услови”, 2010 година; „Реформи во одбраната”, 2015 година.

- Како дел од своето континуирано стучно усовршување и надградување на воената едукација и примената на воените вештини, посетувал и повеќе курсеви, семинари и вежби во повеќе образовни центри и центри за воена обука.

- Како висок армиски офицер, учествувал со свои трудови на бројни научни конференции и семинари од областа на одбраната и безбедноста.

- Во својата досегашна кариера, покрај службените должности, ангажиран е и како Амбасадор на мирот преку Универзалната федерација за мир - Интеррегионална и Интернационална Федерација на светскиот мир, од 2008 година; избран е за Доцент од областа на Криминалистиката од Факултетот за детективи и безбедност при Универзитетот „ФОН”, во 2009 година; избран е за Доцент од областа на Воените науки на Воената академија при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, во 2010 година; од 2013 година одреден е за претседател на комисијата за рецензија на доктрини и воено-стручна литература во АРМ, 2013 и избран е за вонреден професор на Воената академија при Универзитетот „Гоце Делчев”, Штип, во 2015 година.

- During his service, for his efforts to develop and promote the army as an institution in the service of defense and security of the state, he has been repeatedly rewarded and decorated, and has received certificates of recognitiion. He has been decorated, inter alia, with a silver badge on the occasion of the 20th anniversary of the ARM.

- He is the author of several expert-specialist and scientific papers, "Air Raid Areas at the Eastern Macedonian Battleground", which was his thesis at the CSA, "Securing the Border of the Republic of Macedonia according to Modern Security Standards," his Master thesis and "Prevention in the Suppression of Organized Crime at the International Borders of the Republic of Macedonia" (2009) which was also his doctoral dissertation in the field of security.

- Furthermore, he is the author of the books "Armament and Teaching Practice", in 2009;"The Basis of Topography and Tactics in Natural Conditions," 2010; "Defense Reforms" in 2015.

- As part of his continuous expert advancement and specialization in military education and the application of his military skills, he has attended many courses, seminars and exercises in several educational centers and military training centers.

- As a senior army officer, he has participated with his works at numerous conferences and seminars in the field of defense and security.

- In his career, in addition to the official duties, he is engaged as an Ambassador of Peace by the Universal Peace Federation - Interregional and International Federation of World Peace, since 2008; He was elected Assistant Professor in the field of criminology at the Faculty of Detectives and Security at the "FON" University in 2009; He was also elected Assistant Professor in the field of military science at the Military Academy of the University "Goce Delchev" - Shtip, 2010; in 2013 he was elected as the President of the Commission for reviewing the doctrines and military-technical literature in the ARM and in 2013 he was elected as an associate professor at the Military Academy of the University "Goce Delchev" Shtip, in 2015.

**генерал-полковник**
**РУЖИНОВСКИ МИЛАН**





Роден е на 30. октомври 1935 година во Велес, Р. Македонија. Оженет е и татко е на две деца.

Завршил основно образование во 1946 година (четири класа), Мала матура во 1950 година (четири класа), Училиште за артилериски офицери во 1953 година, а Висока воена академија на ЈНА завршил во 1965 година. Школа за усовршување на артилериски офицери завршил во 1966 година, Командно-штабна академија завршил во 1969 година, во СССР, а завршил и Ратна школа во 1971 година.

Произведен, во чин потпоручник е во 1953 година, а во чин поручник е унапреден во 1956 година. Во чин капетан е унапреден во 1960 година, во чин капетан 1. класа во 1963 година, во чин мајор во 1967 година, во чин потполковник во 1971 година (вонредно), во чин полковник во 1976 година, во чин генерал-мајор во 1983 година, во чин генерал-потполковник во 1987 година (предвремено) и во чин генерал-полковник е унапреден во 1991 година (предвремено).

- Својата професионална кариера како армиски офицер ја поминал на служба во неколку различни гарнизони на ЈНА, и тоа: Куманово, Лесковац, Ниш, Скопје и Белград, каде извршувал повеќе должности од својата специјалност:
  - Командир на вод (1953 - 1959);
  - Офицер - извидувач во дивизион (1959 - 1965);
  - Помошник на командант на дивизион (1965 - 1968);
  - Командант на дивизион (1968 - 1970);
  - Началник на штаб во артилериски полк (1970 - 1971);
  - Командант на полк (1971 - 1974);
  - Началник на штаб во 42. пешадиска дивизија (1974 - 1976);
  - Командант на пешадиска дивизија (1976 - 1981);
  - Претседател на комитетот за организација на СКЈ во 2. Армија (1981 - 1985);
  - Началник на штаб на 3. Армија (1985 - 1986);
  - Главен инспектор на Вооружените сили (1986 - 1988);
  - Началник на Прва управа на ГШ на ЈНА (1988 - 1991) и
  - Началник на Центарот на високи воени школи „Маршал Тито" (1991 - 1992).

**Colonel General**
**RUZHINOVSKI MILAN**

He was born on October 30, 1935 in Veles, Republic of Macedonia. He was married and was a father of two children.

He completed his primary education in 1946 (four classes), small graduation in 1950 (four classes), School of artillery officers in 1953, a Senior Military Academy of the YNA in 1965. He graduated from the School for advanced artillery officers in 1966, Command Staff Academy in the USSR in 1969 and War College in 1971.

He was produced in the rank of Second Lieutenant in 1953 and he was promoted to the rank of Lieutenant in 1956. He was promoted to the rank of Captain in 1960, to the rank of Captain first class in 1963, to the rank of Major in 1967, to the rank of Lieutenant Colonel in 1971 (early promotion), to the rank of Colonel in 1976, to the rank of Major General in 1983, to the rank of Lieutenant General in 1987 (early promotion) and to the rank of Colonel General he was promoted in 1991 (early promotion).

- He spent his professional career as an army officer serving in several different garrisons of the YNA, and Kumanovo, Leskovac, Nish, Skopje and Belgrade, where he performed several duties of his specialty:
  - Platoon Commander (1953 - 1959);
  - Reconnaissance Officer in a Division (1959 - 1965);
  - Assistant Division Commander (1965 - 1968);
  - Division Commander (1968 - 1970);
  - Chief of Staff in Artillery Regiment (1970 - 1971);
  - Regiment Commander (1971 - 1974);
  - Chief of Staff in the 42$^{nd}$ Infantry Division (1974-1976);
  - Infantry Division Commander (1976 - 1981);
  - Chairman of the Organizing Committee of the Association of Communists in Yugoslavia in the 2$^{nd}$ Army (1981-1985);
  - Chief of Staff of the 3$^{rd}$ Army (1985-1986);
  - Chief Inspector of the Armed Forces (1986 - 1988);
  - Chief of the 1$^{st}$ Directorate of the General Staff of the YNA (1988 - 1991);
  - Head of the Center of Senior Military Schools "Marshal Tito" (1991-1992).

- Во текот на службата постојано добивал признанија за своите залагања и заложби во работата како армиски офицер, честопати бил пофалуван и наградуван, а меѓу другото е одликуван и со:
  - Медал за воени заслуги во 1955 година;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1965 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1972 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1976 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1981 година;
  - Орден за воени заслуги со голема ѕвезда во 1986 година.




- Како командант на оперативна група „Невесиње", учесник бил во војната во Југославија од 1991 година.

- Пензиониран е во август 1992 година, а починал на 03 мај 2017 година.

- During his service, he received awards for his efforts and commitment to work as an army officer, was often rewarded, and he was decorated, inter alia, with:
  - Medal of Military Merit in 1955;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1965;
  - Order of National Army Silver Star in 1972;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1976;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1981;
  - Order of Military Merit with Big Star in 1986.
- As the Commander of Task Force "Nevesinje" he participated in the war in Yugoslavia in 1991.
- He retired in August 1992 and died on May 3, 2017.

## генерал-потполковник
## РУСО БЕНО





Роден е на 20. јануари 1920 година во Битола, Р.Македонија како второ дете на Исак и Вида Русо. Неговото семејство потекнува од Сефардските евреи дојдени на овие простори од Шпанија за време на прогонот пред повеќе од стотина години. Оженет бил со сопругата Роза, со која имал три деца, ќерките Вида и Берта, и синот Исак.

Основно училиште завршил во еврејското маало Табане во родниот град. Подоцна се запишал во Битолската гимназија, но по само две години го прекинал своето образование и своето учење го заменил со работа во механичарска работилница, поради неговиот афинитет кон механичарскиот занает. По војната дополнително ги завршил преостанатите три класа гимназија, завршил и Висока политичко-економска школа, а своето образование го заокружил на Вишата воена академија која ја завршил во 1952 година.

Како сведок и непосреден учесник на многу важни историски настани кои биле од големо значење за македонскиот и за еврејскиот народ, минувајќи низ многу премрежја, Бено Русо израснал во револуционерна личност, оставајќи траен печат во Народно-ослободителната борба на народите од поранешна Југославија и придонел во формирањето на првата слободна македонска држава. Во Народно-ослободителното комунистичко движење се вклучува веднаш по окупацијата во 1941 година во тогашниот Сојуз на комунистичката младина – СКОЈ, откако бил директен сведок на експлоатацијата и понижувањето на евреите од страна на германски војници во еврејското маало со нацистички и фашистички елементи и методи.

Оттогаш па се до ослободувањето, бил директен учесник во НОБ како дел од борбените воени структури, почнувајќи од борец, па преку должноста политички комесар на идните партизански одреди, баталјони, дивизии и корпуси, израснува во високодостоинствен македонски генерал на Југословенската Народна Армија, дејствувајќи и службувајќи во повеќе воени гарнизони ширум поранешна Југославија, како Ниш, Белград, Загреб, Скопје, Битола, Прилеп, Кичево, Гостивар, Тетово итн. Дел од должностите што ги извршувал за време на војната се:

- Борец во партизанскиот одред „Даме Груев”;
- Партиски раководител во КПЈ;
- Заменик-политички комесар на Битолскиот партизански одред „Јане Сандански”;
- Политички комесар во првата чета на баталјонот „Мирче Ацев”;
- Политички комесар во 10.Македонска народно-ослободителна ударна бригада;
- Политички комесар на 41.Народно-ослободителна дивизија;
- Политички комесар на 42.Народно-ослободителна дивизија;
- Политички комесар на 15.Корпус.

**Lieutenant General**
**RUSO BENO**

He was born on January 20, 1920 in Bitola, the Republic of Macedonia as the second child of Isak and Vida Ruso. His family originated from the Sephardic Jews who arrived to this region from Spain during the persecution more than a hundred years ago. He was married to wife Roza, with whom he had three children, daughters Vida and Berta, and his son Isak.

He finished elementary school in the Jewish suburb Tabane in his hometown. Later he enrolled at Bitola high school, but only after two years he stopped his education and started working in a mechanics workshop, due to his affinity to the mechanical craft.

After the war, he completed the remaining three classes of high school, graduated at the Senior Political-Economic School and completed his education at the Military Academy in 1952.

As a witness and a direct participant in many important historical events that were of great importance for Macedonia and for the Jewish people, suffering many ordeals, Beno Ruso grew up in a revolutionary figure, leaving a lasting mark on the NLW of the peoples of former Yugoslavia and he contributed to the establishment of the first free Macedonian state. He joined the People's Liberation Communist Movement immediately after the occupation in 1941 to the then Union of Communist Youth, having been a direct witness of the exploitation and humiliation of the Jews by German soldiers in the Jewish suburb by the use of Nazi and fascist elements and methods.

From then, until the liberation, he was a direct participant in the NLW as part of the combat military structures, starting first as a fighter, through the duty of a political commissary of the future partisan detachments, battalions, divisions and corps, grows in a highly respectable Macedonian General of the Yugoslav National Army, acting and serving in more military garrisons across former Yugoslavia, such as Nish, Belgrade, Zagreb, Skopje, Bitola, Prilep, Kichevo, Gostivar, Tetovo, etc. Some of the duties performed during the war included:

- Fighter in the partisan detachment "Dame Gruev"
- Party leader in the CPY;
- Deputy political commissary of the Bitola partisan detachment "Jane Sandanski"
- Political commissary in the first company of the battalion "Mirche Acev";
- Political commissary of the 10$^{th}$ Macedonian National Liberation Assault Brigade;
- Political commissary of 41$^{st}$ National Liberation Division;
- Political commissary of the 42$^{nd}$ National Liberation Division;
- Political commissary of the 15$^{th}$ Corps.

- По ослободувањето и формирањето на ЈНА, ги извршувал следните должности:
  - Раководител на политичкото одделение во командата на 3. Армиска област во Ниш;
  - Инструктор во Политичката управа во Белград и член на контролната комисија на партиското ополномоштво;
  - Помошник на командантот за морално-политичко воспитување во Скопското воено подрачје;
  - Помошник на командантот за Територијална одбрана;
  - Командант на Скопскиот воен округ;
  - Командант на Територијалната одбрана на Скопје.

- Во својот живот многу пати бил пофалуван, а неколку пати и вонредно унапредуван во повисок чин, до генерал-потполковник. Повеќепати бил и наградуван за својата дејност преку бројни признанија, плакети, повелби и благодарници, домашни и странски признанија, како и многу одликувања, државни, воени и странски, а дел од нив се: Партизанска споменица 1941 година, Орден за храброст, Орден на Партизанската ѕвезда со златен венец, Орден на военото знаме, Орден за заслуги за народ со сребрени зраци, Орден на братството и единството со златен венец, Орден за воени заслуги со златни мечеви, Партизански полски крст, Медал на чешките ветерани, Медал на Русија по повод 50 годишнината од победата над фашизмот, Медал на Сојузот на ветераните на Москва.



- Како револуционер, од најраните години се вклучил во вителот на крупните историски настани што и донеле многу промени на татковината. Како командант и борец со своите чети учествувал во ослободувањето на Прилеп, Кичево, Гостивар, Тетово, Скопје, Куманово, Славонска Пожега, Ѓаково, Загреб и други територии на подрачјето на Македонија и поранешна Југославија, а во една од тие борби бил и ранет. Како сведоштво за борбениот пат, во декември 1991 година напишал и хронологија за една од единиците чиј член бил. По неминовниот распад на југословенската федерација, со голема радост тој го примил референдумското определување на народот во Македонија за конституирање на Република Македонија како самостојна и суверена држава.

- Пензиониран е во 1980 година, но дури и во пензионерските години значаен придонес дал во активноста на организацијата на Сојузот на борците на Македонија, особено во Скопје, залагајќи се за будно чување и развивање на придобивките од НОАВМ и посебно за негување на светлите традиции на богатото историско минато на македонскиот народ.

- Починал во 2006 година.

- After the liberation and the establishment of the YNA, he performed the following duties:
  - Head of the political department in the Command of the 3rd rd Army District in Nish;
  - Instructor in Political Directorate in Belgrade and a member of the Control Commission of the party proxy;
  - Assistant Commander for moral and political education in Skopje Military District;
  - Assistant Commander for territorial defense;
  - Commander of Skopje Military District;
  - Commander of the Territorial Defense of Skopje.

- During his life he received acknowledgement on numerous occasions and he also received early promotions acquiring rank of Lieutenant General and he was also acclaimed for his work through numerous awards, plaques, charters and certificates of gratitude, domestic and foreign awards and many decorations, state, military and foreign, and some of them are:
  - Order of courage;
  - Order of the partisan star with golden crown;
  - Order of the military flag;
  - Order of Merits with Silver Rays;
  - Order of Brotherhood and Unity with Golden Crown;
  - Order of Military Merit with Golden Swords;
  - Partisan Memorial 1941;
  - Polish Partisan Cross;
  - Medal of Czech veterans;
  - Medal of Russia for the 50th anniversary of victory over fascism;
  - Medal of the Association of Veterans of Moscow.

- As a revolutionary, he entered the whirlwind of major historical events from his earliest age and brought many changes to his homeland. As a Commander and a fighter he participated with his troops in the liberation of Prilep, Kichevo, Gostivar, Tetovo, Skopje, Kumanovo, Slavonska Pozhega, Gjakovo, Zagreb and other territories in the region of Macedonia and former Yugoslavia, and he was also wounded in one of those fights. As a testimony of his combat experience, in December 1991 he wrote a chronology of one of the units he was a member of. After the inevitable breakup of the Yugoslav federation, he received with great joy the referendum decision of the people of Macedonia for the constitution of the Republic of Macedonia as an independent and sovereign state.

- He was retired in 1980, but even during his retirement years he made a significant contribution to the activity of the organization of the Association of Veterans of Macedonia, especially in Skopje, advocating watchful fostering and development of the benefits of the NLW of Macedonia and especially fostering the bright traditions of the rich historical past of the Macedonian people.

- He died in 2006.

**генерал-мајор**
**САВЕСКИ ДИМИТРИЈЕ**





Роден е на 26 септември 1923 година во Тетово, Р. Македонија. Потекнува од работничко семејство, од мајка Велика и татко Ѓоргија.

☆ До окупацијата на земјата се образувал во тетовската гимназија, а Воена школа завршил во Белград и Сараево. Во Народноослободителното движење се приклучил од 1941 година, а член на КПЈ бил од февруари 1943 година. Во март 1943 година, извршувајќи партиски активности, бил заробен од фашистичкиот окупатор и неговите балистички квислинзи, по што бил мачен под физички тортури. Во политичкиот затвор во Тирана, Албанија го поминал периодот од 1943 година до капитулацијата на Италија, по што е префрлен во логорот „Порто Романо" кај Драч. Веднаш по напуштањето на логорот се приклучил на партизанските единици во Македонија на повеќе партиско-политички функции како политички делегат, заменик комесар на чета, заменик комесар на баталјон, а подоцна и бил ангажиран во Одделението за заштита на народот (ОЗНА).

☆ По ослободувањето, службувајќи во дури 17 гарнизони низ СФРЈ, меѓу кои: Белград, Скопје, Охрид, Куманово, Битола и други. Доверени му се високи контраизвестителни и воено-политички функции во ЈНА. Меѓу останатото бил поставен и на должност „политички комесар на корпус", а потоа и „помошник на командантот на Скопската армиска област за територија и морално-политичка работа". Во меѓувреме е унапреден во чин генерал-мајор.

☆ По пензионирањето, се активирал во повеќе високи општествено-политички тела во Македонија, а меѓудругото бил и претседател на Комисијата за општествена одбрана и општествена самозаштита на Централниот комитет на Сојузот на комунисти на Македонија, па бил и член на Републичкиот комитет на Социјалистички сојуз на работниот народ на Македонија (ССРНМ) и член на Претседателството на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од народно-ослободителната војна во Македонија (СЗБНОВМ), а бил и делегат во Собранието на СР. Македонија.

- Автор е на монографиите: „Ињо Антески - Смок", „Тодор Циповски - Мерџан" и „Нашите меѓници и традиции", а стручно-специјалистичкиот труд „Окупацискиот систем на потенцијалниот агресор и неговото влијание на борбеното дејствување на нашите вооружени сили во услови на привремено запоседнати територии", воедно е негова испитна тема за генералски чин, од 1975 година.

**Major General**
**SAVESKI DIMITRIJE**

He was born on September 26, 1923 in Tetovo, the Republic of Macedonia. He comes from a working family, to mother Velika  and father Gjorgija.

☆ Until the occupation of the country he was educated in Tetovo high school and he graduated from the Military School in Belgrade and Sarajevo. He joined the National Liberation Movement in 1941 and became a member of the CPY in February 1943. In March 1943, while performing political party activities, he was captured by the fascist occupiers and their ballistic servants and he was physically tortured . He  spent the period from 1943 until the capitulation of Italy in a political prison in Tirana, Albania, after which he was transferred to the camp "Porto Romano" in Durres. Immediately after leaving the camp he joined the partisan units in Macedonia and received many political party functions as a political delegate, Deputy Commissary of a company, battalion deputy commissary and later was engaged in the Department for People's Protection.

☆ After the liberation, he served in 17 garrisons throughout Yugoslavia, including Belgrade, Skopje, Ohrid, Kumanovo, Bitola and others. He was entrusted with a high counter-intelligence and military-political functions in the YNA. He was, inter alia, appointed as a "political commissary of a Corps," and then as the "Assistant Commander of Skopje military district for territory and moral and political work." In the meantime he was promoted to the rank of Major General.

☆ After retiring, he became active in many high level social and political bodies in Macedonia, and, inter alia, he was the president of the Commission for Social Defense and Social Self-Protection of the Central Committee of the League of Communists of Macedonia, and he was a member of the Republic Committee of the Socialist Alliance of  the Working People of Macedonia and a member of the Presidency of the National Board of the Association of veterans from the National Liberation War in Macedonia and he was also a delegate at the Assembly of S.R. Macedonia.

- He is the author of the monographs "Iljo Anteski - Smok", "Todor Cipovski - Merjan" and "Our Milestones and Traditions" and the expert-specialist work "The occupational system of the potential aggressor and its impact on the combat action of our armed forces in conditions of the temporarily occupied territories", which was his thesis for acquiring the general rank in 1975.

Во животот постојано добивал признанија и награди за своето учество во НОВ, но и за своите залагања и заложби во работата како армиски офицер на ЈНА, а меѓу другото е одликуван и со:

- Орден на братството и единството со сребрен венец;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
- Орден за храброст;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви;
- Орден на Партизанската ѕвезда со пушки;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви;
- Медал за 30 години ЈНА;
- Медал за 40 години ЈНА;
- Медал за 30 години од победата над фашизмот.



- In his life, he repeatedly received awards for his participation in the NLW, but also for his commitment and efforts to work as YNA officer, and he was decorated, inter alia, with:
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown;
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Order of Courage;
  - Order of Military Merit with Golden Swords;
  - Order of the Partisan Star with Guns;
  - Order of the National Army with Silver Star;
  - Order of Military Merit with Silver Swords;
  - Medal for 30 years YNA;
  - Medal for 40 years YNA;
  - Medal for 30 years of the victory over fascism.

**генерал-потполковник**
**СЕЈДИНИ НАСЕР**





Роден е на 29 октомври 1957 година во село Лакавица, Гостивар, Р.Македонија. Во брак е со сопругата Алмира со која има две деца, синовите Омар (2013) и Кан (2015), а од претходниот брак со сопругата Накије, татко е на ќерката Лејла (1981) и синот Ерол (1983).

Основно образование завршил во 1972 година, а Гимназија во 1976 година. Морнаричка воена академија на ЈНА завршил во 1980 година во Сплит, Командно-штабна академија во 1999 година во Скопје, а завршил и Школо за национална одбрана во Турција, во 2004 година.

Во чин потпоручник е произведен во 1980 година. Унапреден во чин поручник е во 1981 година, а во чин капетан во 1984 година. Во чин капетан 1. класа е унапреден во 1989 година, во чин мајор во 1993 година, во чин потполковник во 1998 година, во чин полковник во 2003 година, во чин бригаден генерал во 2006 година, во чин генерал-мајор во 2008 година и во чин генерал-потполковник е унапреден во 2015 година.

- Во својата кариера, најпрвин, како припадник на ЈНА службувал во гарнизон Пула (1980 - 1992), а како офицер на АРМ продолжил на служба во: Кичево (1992), Гевгелија (1992 – 1995 и 1996 - 2000), Струмица (1995 - 1996), Скопје (2000 - 2004 и 2008 - 2015), Штип (2004 - 2008) и Куманово (2008), извршувајќи повеќе должности:
    - Офицер во сектор на Воена морнарица (1980 - 1981);
    - Помошник на командантот на патролен чамец (1981 - 1983);
    - Командант на патролен чамец (1983 - 1987);
    - Помошник на командантот за политички работи во 4. Наставен баталјон за врски (1987 - 1991);
    - Во периодот, од јуни 1991 до мај 1992 година, бил припадник на Збор на Народната гарда на Р.Хрватска (ЗНГ);
    - Помошник на началник на штаб за оперативно-наставни работи во АРМ (1992);
    - Командант на Граничен баталјон (1992 - 1997);
    - Началник на штаб, а воедно и заменик на командантот на пешадиска бригада (1997 – 2000);
    - Помошник офицер во секција за логистика (С-4) во ГШ на АРМ (2000 - 2001);
    - Началник на Г-5 во ГШ на АРМ (2001 - 2003);
    - Командант на Команда за обука (2003 - 2004);
    - Командант на 1.Пешадиска бригада во АРМ (2004 - 2008);
    - Заменик-командант на ЗОК (2008);
    - Заменик-началник на ГШ на АРМ, од 2008 година, па се до неговото пензионирање во 2015 година.

**Lieutenant General**
**SEJDINI NASER**

He was born on October 29, 1957 in the village Lakavica, Gostivar, the Republic of Macedonia. He is married to wife Almira with whom he has two children, sons Omar (2013) and Kan (2015) and from the previous marriage to wife Nakije he has a daughter Lajla (1981) and a son Erol (1983).

He completed elementary school in 1972 and high school in 1976. He graduated from the Naval Military Academy of the YNA in 1980 in Split, Command Staff Academy in 1999 in Skopje and he also finished the National Defense School in Turkey in 2004.

He was produced in Second Lieutenant in 1980. He was promoted to the rank of Lieutenant in 1981 and to the rank of Captain in 1984. He was promoted to the rank of Captain first class in 1989, to the rank of Major in 1993, to the rank of Lieutenant Colonel in 1998, to the rank of Colonel in 2003, to the rank of Brigadier General in 2006, to the rank of Major General in 2008 and he was promoted to the rank of Lieutenant General in 2015.

- In his career, first as a member of the YNA he was on duty in the garrison Pula (1980 - 1992), and as an officer of the ARM he continued to serve in: Kichevo (1992), Gevgelija (1992-1995 and 1996-2000), Strumica (1995 - 1996), Skopje (2000-2004 and 2008-2015), Shtip (2004-2008) and Kumanovo (2008), performing several duties:
  - Officer in the Military Navy Sector (1980 - 1981);
  - Assistant Commander of a patrol boat (1981 - 1983);
  - Commander of a patrol boat (1983 - 1987);
  - Assistant Commander for Political Affairs in the 4$^{th}$ Teaching Signals Battalion (1987-1991);
  - In the period from June 1991 to May 1992, he was a member of the National Guard of the Republic of Croatia;
  - Assistant Chief of Staff for operational and teaching matters in the ARM (1992);
  - Border Battalion Commander (1992 - 1997);
  - Chief of Staff, as well as Deputy Commander of the Infantry Brigade (1997 - 2000);
  - Assistant officer in the logistics section (S-4) in the General Staff (2000-2001);
  - Chief of G-5 ARM GS (2001-2003);
  - Commander of the Training Command (2003 - 2004);
  - Commander of the 1$^{st}$ Infantry Brigade in the ARM (2004-2008);
  - Deputy Commander of Joint Operations Command (2008);
  - Deputy Chief of General Staff of the ARM from 2008 until his retirement in 2015.

- Во текот на службата, добивал бројни признанија и награди како потврда за неговата посветеност на службата, во насока на унапредувањето и усовршувањето на армијата како безбедносен државен субјект. Меѓу другото, награден есо Средна плакета на АРМ во 2005 година, а одликуван со:
  - Морнаричка значка во 1983 година;
  - Медал за воени заслуги во 1984 година;
  - Орден на Народната армија со сребрени мечеви во 1990 година.










- Неговиот стручно-специјалистички труд „Лесна пешадиска бригада во одбрана, агресија од северна струмичко-вардарскиот правец” (1999), е воедно и дипломска работа за КША.

- During his service, he received numerous awards as an acknowledgement of his commitment to the service, aimed at promoting and improving the military as a security state entity. He has been awarded, inter alia, with a Medium plaque of the ARM in 2005, and he has also been decorated with:

  - Naval shield in 1983;
  - Medal of Military Merit in 1984;
  - Order of the National Army with Silver Swords in 1990.

- His expert and specialist paper "Light Infantry Brigade in a defensive action, aggression from the north Strumica-Vardar direction" (1999), was also his diploma thesis at the CSA.

**контра-адмирал**
## СМИЛЕСКИ КУЗМАН



Роден е на 22 август 1924 година во село Тресонче, Р.Македонија.

Основното и средното образование ги завршил во Горњи Милановац (Р.Србија). Во НОВ се вклучил во март 1943 година, на 18 годишна возраст. Многу брзо ја превзел должноста комесар на Косовско-македонската ударна бригада, а бил и помошник на политичкиот комесар на 8. Македонска бригада и политички комесар на баталјон. Член на КПЈ станал во 1944 година. Војната ја завршил во чин капетан.



- По војната бил назначен за политички комесар на брдско-ридска бригада, а подоцна Врховната команда на Народната армија во Македонија го испраќа на Воено-поморската академија во Дивуље, Сплит. Таму, се стекнал со чин капетан на фрегата (мајор) на Југословенската воена морнарица, а по завршувањето на академијата бил упатен на служба во градот Сплит и назначен за началник на АБХО во Југословенската воена морнарица. Во 1962 година командата на Југословенската воена морнарица била преселена во Белград под директна команда на Јосип Броз - Тито. Како резултат на беспрекорноста во извршувањето на задачите и обврските во службата, во 1968 година е испратен во Судан како Воено аташе, каде што во 1969 година, бил унапреден во чин контра-адмирал (прв македонец во историјата со овој чин). Исто така, во својата кариера бил и наставник во Високата воена политичка академија (ВВПА), а подоцна и началник на Катедра на академијата, како и началник на Управата на Сојузниот секретаријат за Народна одбрана (ССНО).

- Пензиониран е во 1973 година, а во 1978 година се вратил да живее во Скопје и тука останал се до неговата смрт, во 2012 година.

**Rear Admiral**
**SMILESKI KUZMAN**

He was born on August 22, 1924 in the village of Tresonche, the Republic of Macedonia.

He completed his primary and secondary education in Gornji Milanovac (the Republic of Serbia). In March 1943, he joined the NLW at the age of 18. Very soon, he assumed the responsibility of commissary of the Kosovo-Macedonian Assault Brigade, and assistant political commissary of the 8th Macedonian Brigade and Battalion political commissary.

After the war he was appointed political commissary of the mountain brigade. Later, the Supreme Command of the People's Army in Macedonia sent him to the Naval Academy in Divulje, Split, to be educated. There he was promoted to the rank of Frigate Captain (Major) of the Yugoslav Navy, and after finishing the academy he was sent to service in the city of Split and appointed as Chief of the NBC in the Yugoslav Navy. In 1962, the Yugoslav Navy Command was moved to Belgrade under the direct command of Josip Broz Tito. As a result of the impeccability in the performance of his duties and service, in 1968, he was sent to Sudan as a Military Attaché, where in 1969 he was promoted to Rear Admiral (the first Macedonian in history with this rank). He also worked as a teacher at the Senior Military and Political Academy (SMPA) and later as the Head of Department at the Academy, as well as the Head of the Administration of the Federal Secretariat for National Defense (SSNO).

He retired in 1973, and in 1978, he returned to live in Skopje and remained there until his death in 2012.

Како признание за неговата професионалност во извршувањето на задачите и обврските, како во текот на Втората светска војна, така и по ослободувањето како офицер на ЈНА, добивал бројни воени, општествени и државни награди, а меѓу другото е одликуван и со:

- Орден на братството и единството со сребрен венец;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви;
- Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда;
- Медал за 10 години ЈНА;
- Медал за заслуги на Судан, 1. класа.



- In recognition of his professionalism in the performance of his tasks and duties ,both during the Second World War, and after the liberation as a YNA officer, he received numerous military, social and national awards, and he was decorated, inter alia, with:
  - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown;
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Order of the National Army with Silver Star;
  - Order for military merit with Golden Swords:
  - Order of merit with Silver Star:
  - Medal for 10 years of YNA;
  - Medal of merit of Sudan, 1st class.

**генерал-полковник**
**СПИРКОВСКИ АЛЕКСАНДАР**





Роден е на 20 јануари 1932 година во Прилеп, Р. Македонија. Потекнува од занаетчиско-трговско семејство, од мајка Спасија и татко Стеван. Оженет е со сопругата Рада и татко е на две деца, ќерката Александра и синот Владимир.

Во Прилеп завршил основно образование во 1941 година и гимназија во 1948 година. Воено училиште за против-воздушна одбрана (ПВО) завршил во 1951 година во Задар, а Школа за усовршување на офицери за ПВО завршил во 1965 година, исто така во Задар. Виша воена академија на Копнената војска на ЈНА во 1967 година во Белград. Највисокото воено образование го стекнал на Ратна школа во Белград (ШНО) во 1971 година.

Произведен е во чин потпоручник во 1951 година, а во чин поручник е унапреден во 1955 година. Потоа, во 1959 година е унапреден во чин капетан, а во 1962 година и во чин капетан 1. класа. Во чин мајор бил унапреден во 1967 година, а во чин потполковник во 1970 година (вонредно). Во чин полковник е унапреден во 1975 година, во чин генерал-мајор во 1980 година, во чин генерал-потполковник во 1985 година и во чин генерал-полковник унапреден е во 1989 година (предвремено).

- Во својата кариера службувал во неколку различни гарнизони на ЈНА, и тоа: Ниш, Приштина, Книн и Белград, каде извршувал повеќе должности:
  - Командир на вод (1951 - 1961);
  - Командир на батерија (1961 - 1967);
  - Командант на дивизион (1967 - 1970);
  - Началник на штаб на лесен противавионски артилериски полк (1970 - 1971);
  - Командант на самооден противавионски полк (1971 - 1975);
  - Началник на штаб на Пролетерска пешадиска дивизија (1975 - 1976);
  - Командант на пешадиска дивизија (1976 - 1980);
  - Командант на гардиска дивизија (1980 - 1983);
  - Началник на штаб на команда на 2. Армија (1983 - 1986);
  - Командант на 1. Армија (1986 - 1988);
  - Заменик на командант на 1. армиска област (1988 - 1989);
  - Командант на 1. воена област (1989 - 1991);
  - Потсекретар во Сојузен Секретаријат за народна одбрана (1991 - 1992).

**Colonel General**
**SPIRKOVSKI ALEKSANDAR**

He was born on 20 January 1932 in Prilep, the Republic of Macedonia. He came from a craft-making family, mother Spasija and father Stevan. He was married to wife Rada and was the father of two children, daughter Aleksandra and son Vladimir.

He completed his primary education in Prilep in 1941 and high school in 1948. He graduated from the Military School of Air Defense in 1951 in Zadar, an AD NCO advanced school in 1965, also in Zadar. He completed the Military Academy of the Land Forces of the YNA in 1967 in Belgrade. He acquired the highest military education at War College in Belgrade in 1971.

He was produced in the rank of Second Lieutenant in 1951 and he was promoted to the rank of Lieutenant in 1955. Then he was promoted to the rank of Captain in 1959, and in 1962 to the rank of Captain first class. He received the rank of Major in 1967, and the rank of Lieutenant in 1970 (early promotion). He was promoted to Colonel in 1975, to the rank of Major General in 1980, to the rank of Lieutenant General in 1985 and to the rank of Colonel General in 1989 (early promotion).

- During his career he served in several different garrisons of the YNA, namely: Nish, Prishtina, Knin and Belgrade, where he performed several duties:
  - Platoon Commander (1951 - 1961);
  - Battery Commander (1961 - 1967);
  - Division Commander (1967 - 1970);
  - Chief of Staff of lightweight antiaircraft artillery regiment (1970 - 1971);
  - Commander self propelled anti-aircraft regiment (1971 - 1975);
  - Chief of Staff of the Proletarian Infantry Division (1975 - 1976);
  - Commander of Infantry Division (1976 - 1980);
  - Commander of the Honor Guard Division (1980 - 1983);
  - Chief of Staff of the Command of the 2nd Army (1983-1986);
  - Commander of the 1st Army (1986-1988);
  - Deputy Commander of the 1st Military District (1988-1989);
  - Commander of the 1st Military District (1989-1991);
  - Undersecretary in the Federal Secretariat for National Defense (1991-1992).

- Во текот на својата служба добивал бројни награди, признанија и одликувања, за работата како висок армиски офицер и неговиот придонес во унапредувањето на раководењето и командувањето со армиските структури и органи, а одликуван е со:

  - Медал за воени заслуги во 1956 година;
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1961 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1970 година;
  - Орден на братството и единствотосо сребрен венец во 1975 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1977 година;
  - Орден на југословенското знаме со златен венец во 1983 година;
  - Орден на Народната армија со ловоров венец во 1988 година;
  - Орден на југословенското знаме со лента.




- Бил Началник на штаб на последната воена парада на ЈНА „Победа - 85", на 09 мај 1985 година.

- Во својата професионална кариера  завршил и повеќе курсеви како што се: курс по англиски јазик, падобрански курс, курс по физичко воспитување, курс за атомско, хемиска и биолошка одбрана (АБХО), политички курс итн.

- Автор е на стручно-специјалистичките трудови: „Организација и изведување на против-воздушна одбрана на Јадранското воиште" – испитна тема за чин генерал, „Нападна операција на армија на северо-западното воиште" – дипломски труд за ШНО, „Пешадиска дивизија во против удар, во состав на армијата на моравско-вардарското (јужно) воиште" – дипломски труд за КША.

- Во текот на службата дал голем број на интервјуа во медиумите ширум СФРЈ, од областа на одбраната и безбедноста.

- Пензиониран е во август 1992 година, а починал во 2011 година.

- During his service, he received numerous awards, honors and decorations, for his work as a senior army officer and for his contribution to the advancement of the management and commanding with the military structures and bodies and he was decorated with:
    - Medal of Military Merit in 1956;
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1961;
    - Order of National Army Silver Star in 1970;
    - Order of Brotherhood and Unity with Silver Crown in 1975;
    - Order of the National Army with Golden Star in 1977;
    - Order of the Yugoslavian flag with golden crown in 1983;
    - Order of the National Army Laurel Wreath in 1988;
    - Order of the Yugoslavian flag with tape.

- He was Chief of Staff of the last military parade of the YNA "Victory - 85" on May 9, 1985.

- In his professional career he completed many courses such as an English language course, a parachute course, a physical education course, a nuclear, chemical and biological defense (NBC) course, political course etc.

- He is the author of expert-specialist papers: "Organization and carrying out anti-air defense of the Adriatic theatre" – his thesis for acquiring the general rank, "Attack operation of the army at the north-western theatre" – his diploma thesis for NDS, "Infantry Division counter attack, within the Army of the Moravian-Vardar (south) war zone "- a degree in CSA.

- During his service, he gave a number of interviews in the media throughout Yugoslavia in the field of defense and security.

- He retired in August 1992 and died in 2011.

**генерал-полковник**

**СТАМБОЛИСКИ МЕТОДИ**





Роден е на 10 април 1947 година во село Мачево, Берово, Р.Македонија, од татко Јован и мајка Вангелија. Во долгогодишен брак е со сопругата Данка (1952), татко е на две деца, синот Оливер (1975) и ќерката Наташа (1973), а дедо на внуките Софија (2010) и Луна (2015).

По завршувањето на осумгодишно основно училиште, завршил и гимназија во Берово во 1966 година, по што продолжил да се образува на Воената академија на Копнената војска на ЈНА во Белград и Сараево и истата ја завршил во 1970 година. Командно-штабна академија завршил во 1982 година, Командно-штабна школа за оперетика завршил во 1988 година.

Во чин артилериски потпоручник е произведен во 1970 година. Во чин поручник бил унапреден во 1973 година, а во чин капетан во 1975 година. Чин капетан 1. класа добил во 1978 година, а во чин мајор е унапреден во 1982 година. Четири години подоцна, во 1986 година бил унапреден во чин потполковник, во чин полковник во 1991 година, во чин бригаден генерал во 1997 година, во чин генерал-мајор во 2000 година, во чин генерал-потполковник во 2001 година и во чин генерал-полковник унапреден е во 2003 година.

- Во својата кариера службувал во два различни гарнизони на ЈНА, Рашка (1970 - 1990) и Урошевац (1990 - 1992). На 23 март 1992 година, ја напуштил ЈНА и стапил на служба во АРМ, службувајќи во гарнизоните: Скопје (1992 - 1996) и (2000 - 2005), Битола (1996 - 2000) и Велес (2000). Во текот на службата извршувал повеќе должности:

  - Командир на вод (1970 - 1971);
  - Командир на батерија (1971 - 1978);
  - Заменик командант на мешовит артилериски полк (1978 - 1980);
  - Командант на мешовит артилериски полк (1982 - 1990);
  - Командант на мешовит артилериски полк, воедно и командант на гарнизон Урошевац (1990 - 1992);
  - Началник на оперативно одделение во управата за борбена готовност во ГШ на АРМ (1992 - 1994);
  - Командант на 3. Армиски корпус (1994 - 1995);
  - Командант на 2. Армиски корпус (1995 - 1999);
  - Командант на гранична бригада (2000);
  - Началник на Г-3 во ГШ на АРМ, одговорен за планирање, обука и борбена готовност на армијата (2000 - 2001);
  - Заменик на началникот на ГШ на АРМ во 2001 година;
  - Началник на Генералштабот на АРМ (2001 - 2004);
  - Советник за воени прашања на Претседателот на Р.Македонија (2004 - 2005).

## Colonel General
## STAMBOLISKI METODI

He was born on April 10, 1947 in the village of Machevo, Berovo, Macedonia, to father Jovan and mother Vangelija. From the marriage with his wife Danka (1952), he is the father of two children, son Oliver (1975) and daughter Natasha (1973) and the grandfather of granddaughters Sofija (2010) and Luna (2015).

After completing the eight years of elementary school, he graduated from the high school in Berovo in 1966, after which he continued his education at the Military Academy of the YNA Land Forces in Belgrade and Sarajevo and graduated in 1970. In 1982, he graduated from the Command and Staff College, and in 1988 he completed his education at the Command Staff School.

He was promoted to the rank of Artillery Second Lieutenant in 1970. In 1973, he was promoted in the rank of Lieutenant and in 1975, to the rank of Captain. In 1978, he was promoted to the rank of Captain 1st Class. In 1982, he was promoted in the rank of Major. Four years later, in 1986, he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel, and in 1991, he was promoted to the rank of Colonel. In 1997, he was promoted to the rank of Brigadier General, and in 2000, he was promoted to the rank of Major General. In 2001, he was promoted to the rank of Lieutenant General, and in 2003, he was promoted to the rank of Colonel General.

- Throughout his career he was appointed on duty in two different garrisons of the YNA, Rashka (1970 - 1990) and Uroshevac (1990-1992). On March 23, 1992, he left the YNA and joined the ARM garrisons in: Skopje (1992-1996) and (2000-2005), Bitola (1996-2000) and Veles (2000). During his service he performed several duties:
  - Platoon Commander (1970 - 1971);
  - Battery Commander (1971 - 1978);
  - Deputy Commander of a Mixed Artillery Regiment (1978 - 1980);
  - Commander of the Mixed Artillery Regiment (1982 - 1990);
  - Commander of the Mixed Artillery Regiment, also the Commander of the Garrison Uroshevac (1990 - 1992);
  - Chief of Operations Department in the Agency for Combat Readiness in the ARM General Staff (1992 - 1994);
  - Commander of the 3rd Army Corps (1994-1995);
  - Commander of the 2nd Army Corps (1995-1999);
  - Border Brigade Commander (2000);
  - Chief of G-3 in the ARM GS, responsible for planning, training and combat readiness of the Army (2000-2001);
  - Deputy Chief of the ARM General Staff in 2001;
  - Chief of the ARM General Staff (2001 - 2004);
  - Advisor for Military Affairs of the President of Republic of Macedonia (2004-2005).

- Како награда за својата професионалност во извршувањето на задачите и обврските како висок воен старешина, особено за посветеноста и залагањето во унапредувањето на борбената готовност на армијата и армиските процеси, повеќепати во својата кариера добивал пофалби, награди и признанија, а меѓу другото е одликуван и со:
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1972 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1979 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1983 година;
  - Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда во 1987 година;
  - Медал „Легија на честа” од Министерството за одбрана на САД во 2003 година.



- Пензиониран е во јули 2005 година, а денес живее со семејството во Скопје.

- As a reward for his professionalism in the performance of duties and responsibilities as a senior military officer, the commitment and efforts in enhancing the combat readiness of the army and military processes, many times in his career he received decorations, awards, and among other, he received the following:
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1972;
    - Order of National Army Silver Star in 1979;
    - Order of Military Merit with Golden Swords in 1983;
    - Order of Merits with Silver Star in 1987;
    - Medal "Legion of Honor" from the Ministry of Defense in 2003.

- He retired in July 2005, and today lives with his family in Skopje.

**генерал-мајор**
**СТЕВКОВСКИ БЛАГОЈА - ГОЈЧО**





Роден е на 15 август 1915 година во Куманово, Македонија. Од првиот брак со сопругата Борка (загинала во 1943 година) има една ќерка, Љубица, а од вториот брак со сопругата Ана, татко е на две деца, Билјана и Гојчо. Од трите деца има многу внуци и правнуци.

☆ Пред Втората светска војна завршил два класа гимназија, а потоа бил кројачки работник. По војната, вонредно матурирал, а потоа дипломирал на Правниот факултет во Скопје и завршил Висока воена академија на ЈНА во Белград, каде станал и предавач. Во 1962 година успешно положил генералски испит и се здобил со чин „генерал-мајор".

☆ Како истакнат член на СКОЈ, во 1933 година станал почесен член на СКОЈ - Куманово. Веќе, од 1935 година бил член и на КПЈ, а благодарение на неговите партиски активности и заложби, станал и секретар на МК на КПЈ на Куманово. Во 1940 година се вклучил во работничкото и синдикално движење и бил организатор на низа штрајкови и демонстрации против монополските политики. Поради растурање на илегален материјал во окупацискиот период бил затворен три месеци, а потоа префрлен во логор кај Иваница, каде што останал до март 1941 година. Потоа се вклучил во Народно-ослободителното революционерно движење и антифашистичката борба, најпрвин како член на Воениот штаб во Куманово, а потоа бил избран и за политички секретар, функција која успешно ја извршувал до 1943 година.

Потоа, следел период на прогонство од бугарската полиција, по што, бил уапсен и од февруари до април 1943 година престојувал во Скопскиот затвор, а потоа и во концентрационен логор во Тракија. По излегувањето на слобода, во 1944 година, се вратил во Македонија и веднаш заминал во партизани. Таму, најпрвин раководи со Првиот партизански одред од Куманово, како заменик-командант, а потоа бил и политички комесар на истиот. Подоцна ја презел должноста „политички комесар на брегалничко-струмичкиот корпус и скопската воена област", а ја извршувал и должноста „Командант на Воен округ", за подоцна, по успесите во организирањето на антифашистичкото востание, да биде избран и за делегат на Првото заседание на АСНОМ, на 02 август 1944 година.

☆ По војната, како искусен првоборец и висок воен старешина, во чин полковник, учествувал во реформирањето на воените структури на поствоена СФР Југославија и создавањето на Југословенската народна армија, а како дел од неа ја извршувал должноста „помошник командант за заднина на воено подрачје", најпрвин во Скопската армиска област (1945 - 1953), па потоа во Сараево (1953 - 1954), Белград (1954 - 1956) и

## Major General
## STEVKOVSKI BLAGOJA - GOJCHO

He was born on August 15, 1915 in Kumanovo, Macedonia. He was married twice. From the first marriage with his wife Borka (deceased in 1943), he has one daughter, Ljubica, and from the second marriage with his wife Anne, he was the father of two children, Biljana and Gojcho. His children blessed him with many grandchildren and great grandchildren.

☆ Before the Second World War he completed two classes of secondary school, and subsequently worked as a tailor. After the war, he finished his secondary school, after which he graduated from the Faculty of Law and completed the YNA Senior Military Academy in Belgrade, where he became a lecturer. In 1962, he successfully passed the generals exam and was promoted to the rank of 'Major-General'.

☆ As a prominent member of SKOJ, in 1933, he became an honorary member of SKOJ Kumanovo. Since 1935, he was a member of the CPY, and thanks to his political activities and efforts, he became the Secretary of the LC of the CPY Kumanovo. In 1940, he joined the labor and trade union movement and was the organizer of a series of strikes and demonstrations against the monopolistic policies. He was imprisoned for three months for distributing illegal material during the occupation, after which he was transferred to a camp in Ivanjica, where he stayed until March 1941. Then, he joined the People's Liberation revolutionary movement and the anti-fascist struggle, first as a member of the military headquarters in Kumanovo, after which he was appointed as political secretary, a function which he successfully performed until 1943.

This was followed by a period of persecution by the Bulgarian police, after which he was arrested and from February to April 1943, he stayed in the Skopje prison, and then went on to a concentration camp in Thrace. After being released, in 1944, he returned to Macedonia and immediately became a partisan. There, first he managed the First Partisan Detachment from Kumanovo, as Deputy Commander, after which he served as political commissary in the afore-stated detachment. Later, he was appointed on the duty, "political commissary of the Bregalnica-Strumica Corps and Skopje military area" and performed the duty "Commander of the Military District", only to be appointed as delegate to the First Session of ASNOM on 2nd of August 1944, following his successes in organizing the anti-fascist uprising.

☆ After the war, as an experienced veteran and a senior military officer in the rank of Colonel, he took part in reforming the military structures of the postwar Yugoslavia and the creation of the Yugoslav People's Army, and as part of performing the performed duty "Assistant Commander of the rear war zones", first in the Skopje military district (1945 - 1953), then in Sarajevo (1953 - 1954), Belgrade (1954 - 1956) and in 1956, serving again in the garrison in Skopje, until his sudden death in 1965. He was buried with the highest honors at the cemetery "Butel" in Skopje.

од 1956 година, бил на служба повторно во гарнизон Скопје, се до неговата ненадејна смрт во 1965 година. Погребан бил со највисоки почести на Градските гробишта „Бутел" во Скопје.

- Истакнувајќи се со својата храброст, исклучителните воени способности, залагања и активности во текот на окупациониот период, НОВ и по неа, како и за својата професионалност во извршувањето на армиската служба како офицер на ЈНА, добивал бројни награди, признанија и воени одликувања, а меѓу другото е одликуван и со:

    - Партизанска споменица од 1941;
    - Орден за храброст;
    - Орден за воени заслуги со златни мечеви;
    - Орден на братството и единството со златен венец;
    - Орден Партизанската ѕвезда со пушки;
    - Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда;
    - Орден на Народната армија со златна ѕвезда;
    - Медал за 10 години ЈНА;
    - Медал за 20 години ЈНА.




- Еден периодод својот живот бил и воен тужител на армијата, а два пати е биран и за пратеник во Собранието на СР.Македонија.

- Неговото литературно творештво и придонес во афирмацијата на Македонскиот јазик и литература е пресликано во мноштво прозни текстови, есеи и поезија, а дел од нив се објавени во книгата „Меѓу зорите и виорите", издадена во 2016 година, по повод 50 години од неговата смрт и 100 години од неговото раѓање. Покрај тоа, пишувал и статии и написи за прогресивни весници и списанија, како „Наша реч", „Октомври" и други, а неговото револуционерно дело во народнослободителната и антифашистичка борба се документирани во книгата „Благоја Стевковски – Гојчо, прилози кон биографијата" од авторот Јордан Цеков-Дане, издадена во 2006 година.

- Standing out with his courage, outstanding military skills, efforts and activities during the occupational period, NLW and beyond, and professionalism in carrying out the military service as an officer of the YNA, had received numerous prizes, awards and military decorations, and among other, he was decorated with:

  - Partisan Memorial 1941;
  - Order of Courage;
  - Order of Military Merit with Golden Swords;
  - Order of Brotherhood and Unity with Golden Crown;
  - Order of Partisan Star with Guns;
  - Order of Merits with Silver Star;
  - Order of the National Army with Golden Star;
  - Medal for 10 years YNA;
  - Medal for 20 years YNA.

- At one time during his life, he was the military prosecutor of the army, and twice, he was elected for Member of Parliament of the Socialist Republic of Macedonia.

- His literary work and contribution to the affirmation of the Macedonian language and literature is reflected in a multitude of prose, essays and poetry, some of which have been published in the book "Between dawn and turmoil", published in 2016, marking the 50th anniversary of his death and 100 years since his birth. Moreover, he wrote articles for progressive newspapers and magazines, such as "Our Word", "October" and others, and his revolutionary work and anti-fascist struggle was documented in the book "Blagoja Dobrev - Gojcho, biography" by the author Jordan Dane Cekov-published in 2006.

генерал-полковник
## СТЕФАНОВСКИ МЕТОДИЈА





Роден е на 24 декември 1926 година во Прилеп, Р.Македонија. Оженет е и татко е на две деца.

Основно образование завршил во1936 година, по што, завршил и Трговско училиште во 1940 година. Мала матура во Југословенската армија завршил во 1948 година, а Подофицерско училиште во 1954 година. Висока воена академија на ЈНА завршил во 1962 година, а завршил и Правен факултет во 1966 година и Ратна школа во 1968 година.

Како офицер во Југословенската армија, во чин поручник, почнал веднаш по ослободувањето во 1945 година. Веќе наредната, 1946 година бил унапреден во чин капетан, а во чин мајор во 1950 година. Во чин потполковник е унапреден во 1955 година, во чин полковник во 1965 година, во чин генерал-мајор во 1970 година, а во 1976 година бил унапреден во чин генерал-потполковник (предвремено). Во чин генерал-полковник бил унапреден во 1985 година.

- Својата служба ја извршувал во неколку различни гарнизони на ЈНА, и тоа: Струмица, Штип, Куманово, Скопје и Белград, како последен гарнизон во кој работел пред да се пензионира во декември 1986 година. Професионално извршувал повеќе должности:
  - Учесник бил во НОВ, од октомври 1943 до мај 1945 година како борец, а преку должноста, офицер на одделение за заштита на народот (ОЗНА) во бригада, подоцна станал и помошник на ОЗНА во дивизија;
  - Заменик-началник на отсек на разузнавачка служба во дивизија (1945 - 1949);
  - Началник на отсек на разузнавачка служба во воениот округ Скопје (1949 - 1954);
  - Началник на отсек во Корпус (1954 - 1956);
  - Началник на отсек во Одделение за безбедност во 3. Армиска област (1956 - 1959);
  - Началник на отсек во Одделение за безбедност во државен секретаријат за народна одбрана (ДСНО) (1959 - 1964);
  - Началник на отсек во Одделението на Управата за безбедност во ДСНО (1964 - 1968);
  - Началник на одделението за безбедност во 1. Армиска област (1968 - 1969);
  - Републички секретар за народна одбрана на СР. Македонија (1969 - 1975);
  - Помошник на командантот на 1. Армија за морално, политичко воспитување и политичка работа (1975 - 1980);
  - Претседател на комитетот за организација на СКЈ во ЈНА (1980 - 1982);

## Colonel General
## STEFANOVSKI METODIJA

He was born on December 24, 1926 in Prilep, the Republic of Macedonia. Married and father of two children.

Elementary school finished in 1936, after which, he completed Trade School in 1940. Minor graduation Yugoslav Army ended in 1948, and the NCO School in 1954. High Military Academy YNA completed in 1962. Year Award, he finished the Faculty of Law in 1966 and War School in 1968.

As an officer in the Yugoslav Army with the rank of Lieutenant, he began immediately after the liberation in 1945. As early as the 1946 he was promoted to the rank of Captain, and in the rank of Major in 1950. In the rank Lieutenant Colonel he was promoted in 1955 to the rank of Colonel in 1965, to the rank of Major General in 1970, and in 1976 was promoted to the rank of Lieutenant General (early). In the rank of Colonel General he was promoted in 1985.

- His service he performed in several different garrisons of the YNA, and in Strumica, Shtip, Kumanovo, Skopje and Belgrade, as the last garrison where he worked before retiring in December 1986. Professionally performed several duties:
  - Participant in the NLW from October 1943 to May 1945 as a combatant, and through his duty as "officer of the OZNA - Department for People's Protection" in the brigade, and later assistant to the OZNA in the Division;
  - Deputy Chief of Section in the Intelligence Service in the Division (1945 - 1949);
  - Chief of Section of the Intelligence Service in the Skopje military area (1949 - 1954);
  - Chief of Section in the Corps (1954 - 1956);
  - Chief of Section in the Department of Safety in the 3rd military area (1956-1959);
  - Chief of Section in the Department of Security in the State Secretariat for National Defense (DSNO) (1959-1964);
  - Chief of Section in the Department of the Security in DSNO (1964 - 1968);
  - Chief of the Security Section in the 1st. military area (1968-1969);
  - Republican Secretary of National Defense of the Socialist Republic of Macedonia (1969 - 1975);
  - Assistant Commander of the 1st Army for moral, political education and political work (1975-1980);
  - Chairman of the Organizing Committee of the SKJ in the YNA (1980 - 1982);
  - Deputy Chief of the YNA General Staff for Territorial Defense (1982 - 1984);
  - Assistant Federal Secretary for National Defense in the political and legal department (1984-1986).

- Заменик на началникот на Генералштабот на ЈНА за Територијална одбрана (1982 - 1984);
- Помошник на Сојузниот секретар за народна одбрана во политичко-правен сектор (1984 - 1986).

Во својот живот, како потврда за неговите способности и залагања во текот на НОВ и по неа, честопати добивал разни воени, општествени и државни награди и признанија, а меѓу останатото е одликуван и со:

- Орден за храброст во 1945 година;
- Орден за заслуги за народ со сребрена ѕвезда во 1946 година;
- Орден на Партизанската ѕвезда со сребрен венец во 1947 година;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1952 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1959 година;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1964 година;
- Орден за воени заслуги со голема ѕвезда во 1974 година;
- Орден на Народната армија со ловоров венец во 1980 година и
- Орден на Републиката со златна ѕвезда во 1986 година.



- Throughout his life, as a proof of his abilities and commitment in the course of the NLW and beyond, he often received various military, social and national awards, and among other, he was decorated with:
  - Medal of Honor in 1945;
  - Order of Merits with Silver Star in 1946;
  - Order of Partisan Star with Silver Wreath in 1947;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1952;
  - Order of National Army Silver Star in 1959;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1964;
  - Order of Military Merit with Big Star in 1974;
  - Order of the National Army Laurel Wreath in 1980 and
  - Order of the Republic with Golden Star in 1986.

**бригаден генерал**
**СТОЈАНОВСКИ ЗВОНКО**



Роден е на 18 декември 1954 година во Куманово, Р.Македонија. Оженет е со сопругата Филимена и татко е на две деца, синовите Зафир (1978) и Игор (1981).

Основното образование го завршил во родното Куманово, а Воена гимназија во Мостар, во 1973 година. Воена воздухопловна академија на ЈНА завршил во 1976 година, а како припадник на АРМ, во 1995 година завршил и Командно-штабна академија во Скопје. Исто така, дипломирал и стратегиски студии за одбрана и безбедност во „Маршал Центарот” во Гармишпартенкирхен, Германија.



Во чин потпоручник бил произведен во 1976 година. Унапреден е во чин поручник во 1978 година, а во чин капетан во 1981 година. Во 1985 година е унапреден во чин капетан 1. класа, во чин мајор во 1989 година, во чин потполковник во 1993 година, во чин полковник во 1998 година и во чин бригаден генерал унапреден е во 2001 година.

- Во својата кариера службувал во неколку различни гарнизони на ЈНА и АРМ, и тоа: Титоград (1976 - 1977), Мостар (1977), Земуник (1977 - 1983), Петровец (1983 - 1993) и Скопје (1993 - 2003). Во текот на службата извршувал повеќе должности:
  - Пилот (1977 - 1982);
  - Помошник на командирот на Ескадрила за гаѓање, ракетирање и бомбардирање (ГРБ) (1982 - 1988);
  - Командир на авијациско одделение (1988 - 1989);
  - Заменик на командирот на Ескадрила, воедно и помошник за техника на пилотирање во Ескадрила (1989 - 1990);
  - Командир на ловечко бомбардерска ескадрила (1990 - 1992);
  - Командант на Воздухопловна бригада (1992 - 1993);
  - Началник на штаб, а воедно и заменик на командантот на Воено воздухопловство и противвоздушна одбрана (1993 - 1997);
  - Командант на Воено воздухопловство и противвоздушна одбрана (1997 – 2003).

**Brigadier General**
**STOJANOVSKI ZVONKO**

He was born on December 18, 1954, in Kumanovo, the Republic of Macedonia. He is married to his wife Filimena and is the father of two sons Zafir (1978) and Igor (1981).

He completed his primary school in Kumanovo, and graduated from the military secondary school in Mostar, in 1973. In 1976, he graduated from the YNA Military Aviation Academy, and as a member of the ARM, in 1995, he completed the Command and Staff Academy in Skopje. He also graduated Strategic Studies for Defense and Security at the "Marshall Center" in Garmisch-Partenkirchen, Germany.

In 1976, he was promoted as Second Lieutenant, and in 1978, he was promoted to the rank of Lieutenant, and in 1981 to the rank of Captain. In 1985, he was promoted to the rank of Captain 1st Class, and in 1989 to the rank of Major. In 1993, he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel, and in 1998, to the rank of Colonel. In 2001, he was promoted to the rank of Brigadier General.

- Throughout his career he was appointed on duty in several different garrisons of the YNA and the ARM, including: Titograd (1976 - 1977), Mostar (1977), Zemunik (1977-1983), Petrovec (1983-1993) and Skopje (1993-2003). During his service, he performed several duties:
  - Pilot (1977 - 1982);
  - Assistant Commander of Squadron for firing, rocketing and bombing (1982 - 1988);
  - Commander of the Aviation Section (1988 - 1989);
  - Deputy Commander of Squadron, also the assistant engineering piloting in the Squadron (1989 - 1990);
  - Commander of Fighter-Bomber Squadron (1990 - 1992);
  - Commander of Aviation Brigade (1992 - 1993);
  - Chief of Staff, as well as Deputy Commander of the Air Force and Air Defense (1993 - 1997);
  - Commander of the Air Force and Air Defense (1997-2003).

- За својот професионален однос кон службата и целосна посветеност кон задачите и обврските што ги извршувал во текот на својата кариера, постојано добивал пофалби, награди и признанија, а меѓу другото, одликуван е и со два ордени:
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1981 година и
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1987 година.




- Како дел од своето стручно усовршување и надградување, завршил и курс за команданти на баталјони, дивизиони и командири на ескадрила во 1989 година.

- Во својата летачка кариера има налетано повеќе од 6 илјади часови како пилот и пробен пилот на сериски воздухоплови од типовите: „УТВА – 66 и 75”, „ЗЛИН - 242”, „ГАЛЕБ – Н - 60”, „СУПЕР ГАЛЕБ – Н - 62”, „ЈАСТРЕБ – Ј – 21 и НЈ – 21”, „ОРЕЛ – Ј-22, НЈ-22 и СУ-25”.

- Еден е од носителите на формирањето на македонското воено воздухопловство и противвоздушна одбрана.

- For his professional attitude to the military service and full commitment to the tasks and duties performed throughout his career, he consistently received praise, prizes and awards, among other, he is decorated with two medals:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1981;
  - Order of the People's Army with Silver Star in 1987.

- As part of his vocational training and upgrading, he completed a course for Commander of Battalion, Division and Squadron in 1989.

- In his flying career has had performed more than 6 thousand flight hours as a pilot and test pilot of the serial aircraft types "UTVA - 66 and 75," "ZLIN - 242", "GALEB - N - 60", "SUPER GALEB - N – 62" "JASTREB-J-21 and NJ-21" and "OREL-J-22, NJ-22 and SU-25"..

- He is one of the founders of the Macedonian Air Force and Air Defense.

## генерал-потполковник
## СТОЈАНОВСКИ МИРОСЛАВ





Роден е на 10 јули 1959 година во Скопје, Р.Македонија, од мајка Евдокија и татко Душан. Во брак е со сопругата Маргарета, а татко е на две деца, син Ненад (1994) и ќерка Ангела (1996).

Основно образование завршил во 1974 година, а Воена гимназија во 1978 година во Белград, по што продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА и истата ја завршил во 1982 година (3 години во Белград и 1 година во Сараево). Постдипломски студии за командно-штабни должности завршил во Скопје во 1996 година, а завршил и Одбранбен колеџ на НАТО во 1998 година во Рим.

Произведен е во чин пешадиски потпоручник во 1982 година, а во чин поручник е унапреден во 1983 година. Во чин капетан бил унапреден во 1986 година, во чин капетан 1. класа во 1990 година, во чин мајор во 1991 година (вонредно), во чин потполковник во 1994 година (вонредно), а во чин полковник бил унапреден во 1998 година (вонредно). Во 2001 година е унапреден во чин бригаден генерал, а во чин генерал-мајор во 2003 година и во чин генерал-потполковник бил унапреден во 2006 година.

- Во својата кариера како офицер на ЈНА, а подоцна и на АРМ, службувал во неколку различни гарнизони: Белград (1982 - 1992), Скопје (1992 – 2001 и 2003 - 2015), Штип / Куманово (2001 - 2003). Во текот на службата извршувал повеќе должности:
  - Командир на вод на Воена полиција (1982 - 1984);
  - Командир на чета на Воена полиција (1984 - 1989);
  - Командир на противтерористичка чета (1989 - 1990);
  - Заменик-командант на баталјон на Воена полиција (1990 - 1992);
  - Референт за Воена полиција во управата за безбедност на Генералштабот на АРМ (1992 - 1993);
  - Началник на отсек за Воена полиција во управата за безбедност на Генералштабот на АРМ (1993);
  - Самостоен советник за Воена полиција во одделението за управно-штабни работи во управата за безбедност на Генералштабот на АРМ (1993 - 1994);
  - Командант на 6-ти одред (Единица за специјални намени) во Генералштабот на АРМ (1994 - 1999);
  - Упатен во кабинетот на началникот на Генералштабот на АРМ (1999 - 2000);
  - Помошник на началникот на одделението за стратегиско истражување во управата за безбедност на Генералштабот на АРМ (2000);
  - Раководител на катедра за физичко воспитување и спорт во Воена академија на Министерството за одбрана на Р.Македонија (2000 - 2001);
  - Командант на 1. пешадиска бригада „А" во командата на копнената војска на ГШ на АРМ (2001);
  - Командант на силите за борба против тероризам во ГШ на АРМ (2001 - 2003);

## Lieutenant General
## STOJANOVSKI MIROSLAV

He was born on July 10, 1959 in Skopje, Macedonia, to mother Evdokija and father Dushan. He is married with his wife Margareta and is the father of two children, son Nenad (1994) and daughter Angela (1996).

He finished his elementary school in 1974, and in 1978, he completed his secondary education at the Military High School in Belgrade, after which he enrolled at the Military Academy of the YNA Land Forces, graduating in 1982 (3 years in Belgrade and 1 in Sarajevo). He attended and graduated postgraduate command and staff duty studies in Skopje, in1996, and in 1998, he graduated from the NATO Defense College in Rome.

He was promoted in the rank of Infantry Second Lieutenant in 1982, and to the rank of Lieutenant in 1983. In 1986, he was promoted to the rank of Captain, and in 1990, to the rank of Captain 1st Class. In 1991, he was promoted to the rank of Major (early), and in 1994 (early) to the rank of Lieutenant Colonel. In 1998 (early), he was promoted into the rank of Colonel. In 2001, he was promoted to the rank of Brigadier General, and in 2003 to the rank of Major General. He became Lieutenant General in 2006.

- Throughout his career as an officer of the YNA, and later the Army, he was on duty in several different garrisons in Belgrade (1982 - 1992), Skopje (1992 - 2001 and 2003 - 2015), Shtip/Kumanovo (2001-2003). During the service he performed several duties:
  - Commander of the Military Police Platoon (1982 - 1984);
  - Commander of the Military Police Company (1984 - 1989);
  - Commander of Counterterrorist Company (1989 - 1990);
  - Deputy Commander of the Military Police Battalion (1990 - 1992);
  - Military Police Officer in the Security Service of the ARM General Staff (1992 - 1993);
  - Chief of Section of the Military Police in the Security Service of the Arm General Staff (1993);
  - Senior Advisor for in the Military Police Section for administrative and staff operation in the Security Service of the ARM General Staff (1993 - 1994);
  - Commander of the 6th detachment (SOF unit) in the ARM General Staff (1994-1999);
  - Referred to the Office of the ARM Chief of the General Staff (1999 - 2000);
  - Assistant Chief of Section for Strategic Research in the Security Service of the ARM General Staff (2000);
  - Chief of the Department of Physical Education and Sports in the Military Academy of the Ministry of Defense of the Republic of Macedonia (2000 - 2001);
  - Commander of the 1st Infantry Brigade “A” in the command of the Land Forces of the ARM GS (2001);
  - Commander of forces for combating terrorism in the ARM General Staff (2001 - 2003);

- Заменик на началникот на ГШ на АРМ за борбена подготвеност и операции во ГШ на АРМ (2003 - 2005);
- Началник на ГШ на АРМ (2005 - 2011);
- Државен советник на министерот за одбрана на Р.Македонија за стратегиски и одбранбени прашања (2011 - 2015).

- За време на службата добивал бројни награди, признанија и одликувања како потврда за неговите професионални заложби во афирмацијата на армијата како столб на одбраната на државата и неговите активности како висок армиски офицер. Меѓу другото, награден е со Сребрена значка за долгогодишна служба во АРМ, Плакета на АРМ во 2012 година, и Голема плакета на сојузот на борци на Р.Македонија, а одликуван е со Медал за воени заслуги во 1985 година, Медал „Легија на честа” (од Државниот секретар за одбрана на САД) и Медал за почесен член на Националната Гарда на Вермонт.




- Автор е на стручно-специјалистичкиот труд „Употреба на препадните сили на копнената војска на вооружените сили на Р.Грција во агресија на Р.Македонија”, а извршил и комплетен превод и издаваштво за Македонија на книгата „Преземање на одговорност - практичен водич за раководители” од Пери Смит.

- Еден е од одговорните за раководење на процесите поврзани со изработката на документи и прописи од стратегиско значење за системот на одбраната (Закон за одбрана, Закон за служба во армијата, Стратегиски одбранбен преглед, Бела книга во одбраната, Стратегија за одбрана, усвојувањето на концептот на оперативни способности, формирањето на единицата за специјални намени итн.). Бил прв македонски офицер кој командувал со меѓународен баталјон на вежбата „Спасител ‘97”. Исто така, директно е вклучен во реформирањето на АРМ, поточно во формирање, унапредување и организирање на целокупната формациска структура, професионализацијата, изградбата и развојот на подофицерскиот кор, процесите на одлучување за учевство на припадниците на АРМ во мировни мисии итн. Особен придонес има во зацврстувањето на воспоставената соработка со НГШ на армиите на земјите-членки на НАТО и партнерските држави, а особено со Националната Гарда на Вермонт. Активно учествува и во рамките на регионалната воена соработка (А-3, А-5) и е еден од потписниците на балканската иницијатива во формат на началници на ГШ на армиите од регионот (Б-10).

- Учествувал на повеќе научно-стручни конференции со свои трудови.

- Учествувал во воените дејствија на просторите на поранешна Југославија во 1991 година и во конфликтот во Р.Македонија од 2001 година.

- Deputy Chief of the ARM General Staff for combat readiness and operations in the ARM GS (2003 - 2005);
- Chief of the ARM GS (2005 - 2011);
- State Advisor to the Minister of Defense of the Republic of Macedonia for strategic and defense issues (2011 - 2015).

- During his service, he received numerous awards, certificates of recognition and decorations as confirmation of his professional efforts in the promotion of the army as the pillar of the state defense and his activities as a senior army officer. Among other, he was awarded with:

    - Silver Badge for Long Service in the Army;
    - Army Plaque in 2012;
    - Large Plaque at the Veterans of Macedonia;
    - Medal of Military Merit in 1985;
    - Medal "Legion of Honor "(from the Secretary of Defense) and
    - Medal of Honorary Member of the Vermont National Guard.

- Author of expert-specialist paper "The Use of the Assault Forces of the Land Force Structure of the Greek Armed Forces during the aggression of the Republic of Macedonia" and worked on the complete translation and publishing of the book "Taking Responsibility - a practical guide for Executives" by Perry Smith for Macedonia.

- He is also responsible for the management of processes related to the preparation of documents and regulations of strategic importance for the defense system (the Law on Defense, Law on Armed Services, the Strategic Defense Review, the White Paper on Defense, the Defense Strategy, the adoption of the Operational Capabilities Concept, the establishment of the SOF unit, etc.). He was the first Macedonian officer who commanded an international battalion during the international exercise "Rescuer '97". Also, he was directly involved in reforming the ARM, more particularly in establishing, organizing and improving the overall structure formation, professionalization, the construction and development of the NCO corps, the process of deciding on participation of ARM members in peacekeeping missions etc. He has a special contribution in strengthening the cooperation with the Chiefs of Defence and General Staff of the armies of NATO members and partner countries, in particular with the Vermont National Guard. He actively participated in the regional military cooperation (A-3, A-5) and is one of the signatories of the Balkan Initiative in the CHOD format (Chiefs of the General Staffs of the armies from the region (B-10).
- He has presented his research papers on numerous scientific and expert conferences.

- He participated in the military actions in former Yugoslavia in 1991, and the conflict in Macedonia in 2001.

## генерал-мајор
## СТОЈАНОВСКИ СЛАВЕ



Роден е на 1 март 1943 година во с.Издеглавје, Охрид, Р. Македонија. Во брак е со сопругата Верица и татко е на две деца, син Миле и ќерка Славица.

Основно образование завршил во 1959 година, Средно земјоделско училиште во 1963 година, а Воена академија на копнената војска на ЈНА во 1966 година. Командно-штабна академија на копнената војска на ЈНА завршил во 1975 година и Школа за народна одбрана завршил во 1985 година.

Кариерата како армиски офицер ја започнал во 1966 година во чин потпоручник, а во чин поручник е унапреден во 1968 година. Во 1971 година е унапреден во чин капетан, чин капетан 1. класа добил во 1974 година, а по четири години, во 1978 година бил унапреден во чин мајор. Во чин потполковник унапреден е во 1983 година, во чин полковник во 1986 година, а како последно унапредување во кариерата е унапредувањето во чин генерал-мајор, во 1994 година.

- Во својата служба како офицер на ЈНА, работел во повеќе различни гарнизони на ЈНА, и тоа: Пријендор, Пожаревац, Сараево, Косовска Митровица, одново Сараево, Марибор, Загреб, Бихаќ и како последен, гарнизонот Белград, извршувајќи низа значајни должности:
  - Командир на вод (1966 - 1970);
  - Командир на чета (1970 - 1973);
  - Помошник на командантот на баталјон за морално-политичко воспитување (1973 - 1974);
  - Референт за оперативно-наставни работи во полк (1974 - 1975);
  - Командант на баталјон (1975 - 1978);
  - Наставник во Центарот на високи школи на КоВ (1978 - 1981);
  - Началник на штаб на бригада (1981 - 1985);
  - Командант на бригада (1985 - 1987);
  - Началник на штаб на моторизирана дивизија (1987 - 1990);
  - Началник на штаб на Корпус (1990 - 1994);
  - Офицер во Управата на пешадија (1992 - 1994).

**Major General**
**STOJANOVSKI SLAVE**

He was born on March 1st, 1943 in v.Izdeglavje, Ohrid, the Republic of Macedonia. He is married with his wife Verica and is the father of two children, a son and daughter Mile and Slavica.

He finished his elementary education in 1959, and graduated from the secondary agricultural school in 1963. In 1966, he graduated from the YNA Military Academy of the Land Forces. In 1975, he graduated from the YNA Command and Staff Academy of the Land Forces, and completed his education at the National Defense School in 1985.

He began his career as an army officer in 1966, in the rank of Second Lieutenant, and in 1968, he was promoted to the rank of Lieutenant. In 1971, he was promoted to the rank of Captain, and in 1974, to the rank of Captain 1st Class. Four years later, in 1978, he was promoted to the rank of Major, and in 1983, he was promoted to the rank of Lieutenant Colonel. In 1986, he was promoted to the rank of Colonel. His last career advancement is the promotion to the rank of Major General in 1994.

- In his service as a YNA officer, he served in various garrisons of the YNA, namely: Prijedor Pozharevac, Sarajevo, Kosovska Mitrovica, again Sarajevo, Maribor, Zagreb, Bihac and last, the garrison Belgrade, performing many important duties:
  - Platoon Commander (1966 - 1970);
  - Company Commander (1970 - 1973);
  - Assistant Battalion Commander for moral and political education (1973 - 1974);
  - Officer for operational and practical matters in the Regiment (1974 - 1975);
  - Battalion Commander (1975 - 1978);
  - Teacher in the Center of the Senior Land Force Schools (1978 - 1981);
  - Chief of Staff of the Brigade (1981 - 1985);
  - Brigade Commander (1985 - 1987);
  - Chief of Staff of the Motorized Division (1987 - 1990);
  - Chief of Staff of Corps (1990 - 1994);
  - Officer in the Infantry Directorate (1992-1994).

- Во текот на својата кариера добивал бројни пофалби, парични награди и други стимулативни мерки и признанија, а меѓу другото е одликуван и со:
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1971 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1980 година и
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1985 година.




- Пензиониран е во декември 1994 година.

- During his career he received numerous awards, prizes and other incentives and awards, and among other, he was decorated with:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1971;
  - Order of National Army Silver Star in 1980;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1985.
- He retired in December 1994.

**генерал-мајор**
**СТОЈАНОСКИ БОРИС**





Роден е на 27 декември 1941 година во Прилеп, Р.Македонија, од мајка Менка и татко Бошко. Оженет бил и во брак со сопругата Виолета (1946), која е почината, а татко е на две деца, ќерка Биљана (1969) и син Владимир (1974). Денес е во брак со сопругата Даница (1951).

Завршил Гимназија во 1960 година, Воена академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1963 година, а Висока воено-политичка школа на ЈНА во 1975 година. Завршил и Школо за народна одбрана во 1983 година.

Во чин потпоручник бил произведен во 1963 година. Во чин поручник е унапреден во 1966 година, а во чин капетан во 1969 година. Три години подоцна, во 1972 година е унапреден во чин капетан 1. класа, во чин мајор бил унапреден во 1976 година, во чин потполковник во 1980 година, во чин полковник во 1985 година, а во чин генерал-мајор во 1993 година.

- Во својата кариера службувал во четири различни гарнизони на ЈНА и АРМ: Тузла (1963 - 1965), Сараево (1965 - 1982), Велес (1983 - 1986) и Скопје (1986 - 2000), а во текот на службата извршувал повеќе должности:
  - Командир на вод (1963 - 1972);
  - Помошник на командантот за морално-политичко воспитување (1972 - 1973);
  - Референт, а воедно и наставник во органот за политичко-правни работи (1975 - 1977);
  - Секретар на комитетот на конференцијата на СКЈ (1977 - 1980);
  - Помошник на началникот за политичка работа, во центарот за воени школи (1980 - 1982);
  - Командант на Територијална одбрана на Велешката област (1983 - 1986);
  - Помошник на началникот за оперативни работи во Републичкиот штаб за Територијална одбрана (РШТО) во Р.Македонија (1986 - 1988);
  - Застапник на началникот на одделението за оперативно-наставни работи (ОНР) во РШТО на Р.Македонија (1988 - 1989);
  - Командант на Територијална одбрана на град Скопје (1990 - 1992);
  - Командант на 3. Армиски корпус (1992 - 1994);
  - Помошник на началникот на Генералштаб на АРМ за морално, психолошка подготовка (1994 - 1996);
  - Помошник за меѓународна соработка, културни дејности и традиции на началникот на Генералштабот на АРМ (1996 - 2000).

- Во својата кариера честопати добивал признанија за својата служба, бројни пофалби, благодарници, плакети, парични награди и слично, а меѓу другото е одликуван и со: Медал за 20 години ЈНА, Медал за воени заслуги во 1966 година, Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1972 година, Медал за 30 години ЈНА, Медал за 30 години од победата над фашизмот, Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1978 година,

**Major General**
**STOJANOSKI BORIS**

He was born on December 27, 1941 in Prilep, Macedonia, to mother Menka and father Boshko. He was married to Violeta (1946), who is deceased, and has two children, daughter Biljana (1969) and son Vladimir (1974). Today he is married to his second wife Danica (1951).

He graduated from high school in 1960, from the Military Academy of the Land Forces of the YNA in 1963, and he completed the Senior Military and Political School of the YNA in 1975. He completed the National Defense School in 1983.

He was produced in Second Lieutenant in 1963. He was promoted to the rank of Lieutenant in 1966 and to the rank of Captain in 1969. Three years later, in 1972 he was promoted to the rank of Captain first class, to the rank of Major he was promoted in 1976, to the rank of Lieutenant Colonel in 1980, to the rank of Colonel in 1985 and to the rank of Major General in 1993.

- In his career he was on duty in four different garrisons of the YNA and the ARM: Tuzla (1963 - 1965), Sarajevo (1965 - 1982), Veles (1983 - 1986) and Skopje (1986 - 2000), and during the service he performed several duties :
  - Platoon Commander (1963 - 1972);
  - Assistant Commander for moral and legal activities (1972 - 1973);
  - Officer and also a teacher in the Political and Legal Affairs section (1975 - 1977);
  - Secretary of the Conference Committee of CPY (1977 - 1980);
  - Assistant Chief for political affairs in the Military Schools Center (1980 - 1982);
  - Commander of the Territorial Defense of Veles region (1983 - 1986);
  - Assistant Chief of Operations at the Headquarters of the Territorial Defense in R. Macedonia (1986 - 1988);
  - Representative of the Chief of Operations in Republic HQ for Territorial Defense of R. Macedonia (1988 - 1989);
  - Commander of the Territorial Defense of the city of Skopje (1990 - 1992);
  - Commander of the 3rd Army Corps (1992-1994);
  - Assistant Chief of General Staff of the ARM for moral and psychological preparation (1994 - 1996);
  - Assistant to the Chief of General Staff of the ARM for international cooperation, cultural activities and traditions (1996-2000).

Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1984 година, Медал за 40 години ЈНА, Медал на Националната гарда од Вермонт (САД) во 1988 година, Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1990 година, Медал за 50 години ЈНА, плакета на сојузот на борци на Р.Македонија.
.



- Автор е на научно-стручниот труд „Одбрана на големите градови во состав на одбранбената операција на вооружените сили од агресија со радикална цел", труд кој е воедно и тема за испит за добивање на чин генерал.

- По пензионирањето, во 2000-та година, активно се вклучил во повеќе невладини организации и здруженија, како „Сојузот на борците на Македонија (1941 - 1945) и граѓаните продолжувачи", „Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста", „Стручна Асоцијација за заштита од отровни материи - САЗОМ", „НВО Вистина" - Здружение на граѓани почитувачи на природата, екологијата, традициите и спомен обележјата" и „Клубот на генерали на Р.Македонија". Исто така, како дел од неговите активности по пензионирањето, за одбележување е и неговата петнаесет годишна активна работа, заедно со професорот Маријан Димитријевски од Институтот за национална историја, на проекти за воените спомен обележја и градби на територијата на Р.Македонија, почнувајќи од античкиот период, па се до Втората светска војна, како резултат на што, заедно имаат издадено и неколку монографии: „Водич низ историските споменици и спомен обележја од Илинденскиот период (100 години Илинден, 1903 - 2003)", „По трагите на АСНОМ" (музејски споменици, спомен обележја и места каде се движел и престојувал иницијативниот одбор и Президиумот на АСНОМ) - 60 години од Првото заседание на АСНОМ, 1944 – 2004, „Странски воени споменици во Р.Македонија (2011)", како и монографиите „Општина Ѓорче Петров, вчера, денес, утре" и „Општина Радовиш, вчера, денес, утре".

- Автор и ко-автор е и на бројни фељтони, натписи и статии во армиското списание „Одбрана", сегашно „Штит", а учествувал и во повеќе радио и ТВ емисии кои третирале историски теми и теми од областа на одбраната. Исто така, со свои трудови учествувал и на меѓународни конференции во Софија и Белград.

- In his career he often received awards for his service, numerous certificates of recognition, certificates of acknowledgement, plaques, monetary prizes etc., and he was decorated, inter alia, with:
    - Medal for 20 years YNA;
    - Medal of Military Merit in 1966;
    - Order of Military Merit with Silver Swords in 1972;
    - Medal for 30 years YNA;
    - Medal for 30 Years of Victory Over Fascism;
    - Order of National Army Silver Star in 1978;
    - Order of Military Merit with Golden Swords in 1984;
    - Medal for 40 Years YNA;
    - Medal of the National Guard of Vermont (USA) in 1988;
    - Order of the National Army with Golden Star in 1990;
    - Medal for 50 years YNA.

- Author of the scientific and professional paper "Defense of large cities within the defense operation of the armed forces against an aggression with a radical purpose," which was his thesis for obtaining the rank of general.

- After retiring in 2000, he was actively involved in several NGOs and associations, "The Association of Veterans of Macedonia (1941-1945) and Citizens Followers", "The Association of Veterans and Reservists of the Defense and Security Sector", "Expert Association for Protection From Toxic Substances - SAZOM "," NGO "Vistina" - Association of citizens admirers of nature, environment, traditions and memorials "and" Club of Generals. " Furthermore, as part of his activities after the retirement, it is worth to mention his fifteen years of active work, together with Professor Marijan Dimitrijevski from the Institute of National History, on projects for military monuments and buildings on the territory of R. Macedonia, starting from the ancient period up to World War II, as a result of which they published together several monographs: "Guide through the historical monuments and memorials from Ilinden period (100 years Ilinden 1903-2003)", "Following the Footsteps of ASNOM" (museums, memorials and places where the Initiative Board and the ASNOM Presidency traveled and stayed) - 60 years of the first Session of ASNOM, 1944-2004, "Foreign Military Monuments in R. Macedonia (2011)", as well as the monographs "Municipality Gjorche Petrov, Yesterday, Today, Tomorrow" and "Municipality Radovish, Yesterday, Today, Tomorrow".

- He is the author and co-author of a number of features, posts and articles in the army journal "Defense", the current journal "Shield" and has participated in several radio and TV shows that treated historical themes and topics in the field of defense. He has also participated with his works at international conferences in Sofia and Belgrade.

**генерал-полковник**

## ТРАЈЧЕВСКИ ТОМИСЛАВ





Роден е на 7 јули 1935 година во Битола, Р.Македонија. Оженет е и во брак со сопругата Николина (1937), а татко е на едно дете, синот Влатко, роден 1959 година.

Завршил Гимназија (4 класа) во родното место, а Школо за активни офицери на ЈНА завршил во 1953 година. Виша воена академија на копнената војска на ЈНА завршил во 1969 година, а завршил и Ратна школа во 1974 година.

Во чин потпоручник бил произведен во 1953 година. Унапреден е во чин поручник во 1956 година, во чин капетан во 1960 година, во чин капетан 1. класа во 1963 година, во чин мајор во 1969 година, во чин потполковник во 1973 година, во чин полковник во 1978 година, во чин генерал-мајор во 1986 година, а во чин генерал-потполковник во 1990 година и во чин генерал-полковник е унапреден во 1993 година.

Во својата кариера бил на служба во повеќе различни гарнизони: Штип (1953 - 1964, 1969 - 1971 и 1980 - 1986), Битола (1964 - 1969), Скопје (1971 - 1974, 1976 - 1980 и 1986 - 1987), Тетово (1974 - 1976), Книн (1987 - 1991) и гарнизон Скопје од 1991 година, па се до неговото пензионирањево 1993 година, каде извршувал повеќе должности:

- Командир на вод (1955 - 1963);
- Офицер на служба во техничка чета (1963 - 1964);
- Помошник за заднина во дивизион (1964 - 1965);
- Командир на артилериска батерија (1965 - 1967);
- Командант на дивизион (1969 - 1971);
- Командант на артилериски полк (1974 - 1979);
- Началник на отсек за разузнавачки работи (1979 - 1980);
- Началник на штаб, а воедно и заменик командант на дивизија (1980 - 1983);
- Командант на дивизија (1983 - 1986);
- Помошник на командантот за заднина (1986 - 1987);
- Командант на Корпус (1987 - 1991);
- Командант за Територијална одбрана на Р.Македонија (1991 - 1992);
- Советник за воени прашања на Претседателот на Р.Македонија (1992 - 1993).

**Colonel General**
**TRAJCHEVSKI TOMISLAV**

He was born on July 7, 1935 in Bitola, Macedonia. He is married to wife Nikolina (1937) and they have one child, son Vlatko, born in 1959.

He graduated from High School (4 classes) in his native place, and from the School for active YNA officers in 1953. He finished the Senior Military Academy of the Land Forces of the YNA in 1969, and War College in 1974.

He was produced in Second Lieutenant in 1953. He was promoted to rank of Lieutenant in 1956, to the rank of Captain in 1960, to the rank of Captain first class in 1963, to the rank of Major in 1969, to the rank of Lieutenant Colonel in 1973, to the rank of Colonel in 1978, to the rank of Major General in 1986 and to the rank of Lieutenant General in 1990 and he was promoted to the rank of Colonel General in 1993.

- In his career he served in different garrisons Shtip (1953 - 1964, 1969 - 1971 and 1980 - 1986), Bitola (1964 - 1969), Skopje (1971 - 1974, 1976 - 1980 and 1986 - 1987), Tetovo (1974 - 1976), Knin (1987 - 1991) and Skopje garrison from 1991 until his retirement in 1993, where he performed different duties:
  - Platoon Commander (1955 - 1963);
  - Officer serving in a technical company (1963 - 1964);
  - Rear Assistant in Division (1964 - 1965);
  - Artillery Battery Commander (1965 - 1967);
  - Division Commander (1969 - 1971);
  - Artillery Regiment Commander (1974 - 1979);
  - Head of Department for Intelligence Affairs (1979 - 1980);
  - Chief of Staff and also Deputy Division Commander (1980 - 1983);
  - Division Commander (1983 - 1986);
  - Rear Assistant Commander (1986 - 1987);
  - Commander of Corps (1987 - 1991);
  - Commander of Territorial Defense of the Republic of Macedonia (1991 - 1992);
  - Military Advisor to the President of the Re. Macedonia (1992 - 1993).

- Во службата повеќе пати добивал признанија и награди за својата професионалност во извршувањето на офицерската служба, како во ЈНА, така и во АРМ, особено во нејзиното создавање, а меѓу другото е одликуван и со:
  - Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1964 година;
  - Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1970 година;
  - Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1975 година;
  - Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1979 година;
  - Орден на братството и единството со сребрен венец во 1982 година;
  - Орден на Републиката со сребрен венец во 1987 година.



- Како дел од своето стручно усовршување и надградување, завршил и курс за команданти за артилериски дивизиони во 1971 година и курс за служба за АБХО.

- During his service, he repeatedly received awards for the professionalism in the performance of his officer service in the YNA and the ARM, especially for its establishment, and he was decorated, inter alia, with:

  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1964;
  - Order of National Army Silver Star in 1970;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1975;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1979;
  - Order of Brotherhood and Unity With Silver Crown in 1982;
  - Order of the Republic with Silver Crown in 1987.

- As part of his professional development and advancement, he completed a course for Commanders of artillery squadrons in 1971 and an NBC course.

**генерал-мајор**
**ТУМАНОВ СИМЕОН**



Роден е на 19 февруари 1943 година во село Куклиш, Струмичко, Р. Македонија, во многудетно семејство, од мајка Спасена и татко Ѓорѓија. Во долгогодишен брак е со сопругата Надежда и заедно имаат две деца, син Дарко и ќерка Сузана.

Основно образование завршил во 1954 година, а Гимназија завршил во 1962 година, по што продолжил на Воената академија на Копнената војска на ЈНА, насока „пешадија" и истата ја завршил во 1965 година. Командно-штабна академија завршил во 1977 година, а завршил и Школа за оперaтика на копнената војска во 1986 година.



Произведен бил во чин пешадиски потпоручник во 1965 година, а унапреден е во чин поручник во 1968 година. Во чин капетан е унапреден во 1971 година, во чин капетан 1. класа во 1973 година (вонредно), во чин мајор во 1977 година, во чин потполковник во 1981 година (предвремено), во чин полковник во 1986 година и во чин генерал-мајор е унапреден во 1991 година.

- Во својата офицерска кариера службувал во три гарнизони на ЈНА, и тоа: Сараево, Тузла и Белград, каде извршувал повеќе должности:
  - Командир на вод (1965 - 1969);
  - Командир на чета (1969 - 1971);
  - Референт за безбедност во воен округ (1971 - 1972);
  - Оперативец во контраразузнавачка група (1972 - 1977);
  - Началник за безбедност во 4. пешадиска дивизија (1977 - 1980);
  - Помошник на началникот на одделението за безбеднст за 7. армија (1980 - 1985);
  - Началник на одделението за безбеднст во 7. армија (1980 - 1988);
  - Началник на првото одделение на управата за безбедност во Сојузниот Секретаријат за народна одбрана (1988 - 1991);
  - Заменик-началник на управата за безбедност на Сојузниот Секретаријат за народна одбрана (1991 - 1992);
  - Помошник на заменикот-началник на Генералштабот за соработка со мировните сили на ОН (три месеци во 1992).

**Major General**
**TUMANOV SIMEON**

He was born on February 19, 1943 in the village of Kuklish, Strumica, the Republic of Macedonia, in a multiple children family, to mother Spasena and father Gjorgjija. In his long marriage to wife Nadezhda they have two children, son Darko and daughter Suzana.

He finished elementary school he finished in 1954 and graduated from high school in 1962, after which he continued at the Military Academy of the Land Forces of the YNA, infantry department, which he finished in 1965. He completed Command Staff Academy in 1977 and the School of Operations of the Land Army in 1986.

He was produced in an Infantry Lieutenant in 1965 and he was promoted in the rank of Lieutenant in 1968. He was promoted to the rank of Captain in 1971, to the rank of Captain first class in 1973 (early promotion), to the rank of Major in 1977, to the rank of Lieutenant Colonel in 1981 (early promotion) in the rank of Colonel in 1986 and he was promoted to the rank of Major General in 1991.

- During his career, he was an officer in three garrisons of the YNA, namely: Sarajevo, Tuzla and Belgrade, where he performed several duties:
  - Platoon Commander (1965 - 1969);
  - Company Commander (1969 - 1971);
  - Security Officer in a Military District (1971 - 1972);
  - Operative officer in the counterintelligence group (1972 - 1977);
  - Chief of security in the 4th Infantry Division (1977-1980);
  - Assistant Chief of Security Section of the 7th Army (1980-1985);
  - Chief of the Security Section of the 7th Army (1980-1988);
  - Head of the 1st section in the Directorate for Security at the Federal Secretariat for National Defense (1988 - 1991);
  - Deputy Chief of the Security Directorate of the Federal Secretariat for National Defense (1991 - 1992);
  - Assistant Deputy Chief of General Staff of the ARM for cooperation with the UN peacekeeping forces (three months in 1992).

Како признание за неговата служба и професионален однос кон истата, како и постигнатите успеси во извршувањето на задачите и обврските во текот на целата своја кариера добивал бројни стимулативни мерки и признанија, а меѓу другото е одликуван и со:

- Орден за воени заслуги со среберени мечеви во 1969 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1974 година;
- Орден за воени заслуги со златни мечеви во 1979 година;
- Орден на трудот со златен венец во 1984;
- Орден на Народната армија со златна ѕвезда во 1989 година.




Автор е на неколку стручно-специјалистички труда, „Откривање на тајни воени податоци во средствата за јавно информирање" (1977), труд кој воедно е и дипломска работа за КША, „Работа на органите за безбедност во услови на вонредна состојба и непосредно воена опасност" (1986), труд искористен како дипломска тема за Школата за оперетика, „Ангажирање на контраразузнавачки групи на управата за безбедност на Сојузниот Секретаријат за народна одбрана и оперативно-стратегиските групации во војна" (1991), тема за испит за добивање на генералски чин.

- In recognition of his service and professional attitude and his achieved success in the execution of the entrusted tasks and responsibilities throughout his career, he received numerous incentives and awards, and he was decorated, inter alia, with:
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1969;
  - Order of National Army Silver Star in 1974;
  - Order of Military Merit with Golden Swords in 1979;
  - Order of Labor with Golden Wreath 1984;
  - Order of the National Army with Golden Star in 1989.

- He is the author of several expert-specialized works, "Disclosure of secret military information to the mass media" (1977), which was also his diploma thesis at the CSA, "The Work of the security bodies in conditions of emergency and immediate military danger" (1986), a paper which used as his graduation thesis in the Operational School within the Land Forces and "Engaging counterintelligence groups of the Directorate for Security of the Federal Secretariat for National Defense and operational - strategic groups in war "(1991), his thesis for acquiring the general rank.

## генерал-потполковник
## ТУШИ ЗЕХЕДИН





Роден е на 26 јули 1943 година во с.Добовјани, Струга, Р.Македонија, од татко Зини и мајка Нашивере. Оженет е со сопругата Хамида и татко е на две деца, ќерката Сабина и синот Сенад.

Основното осумгодишно образование го завршил во родното место, а средно земјоделско ветеринарно училиште завршил во Битола во 1962 година. Воена академија на Копнената војска на ЈНА завршил во 1966 година и во 1976 година завршил Командно-штабна академија на ЈНА во Белград.

Во чин потпоручник бил произведен во 1966 година, а во чин поручник е унапреден во 1969 година. Во чин капетан во 1972 година, во чин капетан 1. класа во 1975 година, во чин мајор во 1979 година, а пет години подоцна, во 1984 година унапреден е и во чин потполковник. Во чин полковник е унапреден во 1990 година, во чин генерал-мајор во 1995 година и во чин генерал-потполковник во 2003 година.

Во својата кариера службувал во повеќе различни гарнизони на ЈНА, и тоа: Загреб (1966 - 1970), Ново Место (1970 - 1974), Приштина (1974 - 1976 и 1982 - 1986), Велес (1976 - 1981), Скопје (1981 - 1982 и 1986 - 1989) и Титово Ужице (1989 - 1992), а по создавањето на АРМ, својата офицерска служба ја продолжил во гарнизон Скопје од 1992 година, па се до неговото пензионирање во 2003 година. Извршувајќи ја офицерската служба, бил поставен на следниве должности:

- Командир на вод (1966 - 1969);
- Командир на чета (1969 - 1970);
- Командант на баталјон (1970 - 1974);
- Референт за оперативни разузнавачки работи (1974);
- Командант на граничен баталјон (1976 - 1981);
- Оперативец за разузнавачки работи (1981 - 1982);
- Помошник на началникот на штаб за разузнавачки работи (1982 - 1986);
- Командант на школски наставен центар (1986 - 1989);
- Помошник на началникот на штаб за оперативно-наставни работи (1989 - 1991);
- Началник на органот за персонални работи (1991 - 1992);
- Началник на Штаб, а воедно и заменик-командант на Корпус (1992 - 1994);
- Помошник на началникот на Генералштабот на АРМ (1994 - 2000);
- Директор на Генералштабот на АРМ (2000 - 2002);
- Заменик на началникот на Генералштабот на АРМ (2002 - 2003).

**Lieutenant General**
**TUSHI ZEHEDIN**

He was born on July 26, 1943 in v. Dobovjani, Struga, R. Macedonia, to father Zini and mother Nashivere. He is married to wife Hamida and is a father of two children, daughter Sabina and son Senad.

He finished eight years of elementary education at his native place and secondary agricultural veterinary school in Bitola in 1962. He completed Military Academy of Land forces of YNA in 1966 and in 1976 the Command Staff Academy of the YNA in Belgrade.

He was produced in Second Lieutenant in 1966 and he was promoted to the rank of Lieutenant in 1969. He was promoted to the rank of Captain in 1972, to the rank of Captain first class in 1975, to the rank of Major in 1979 and five years later, in 1984 he was promoted to the rank of Lieutenant colonel. He was promoted to Colonel in 1990, to the rank of Major General in 1995 and to the rank of Lieutenant General in 2003.

- During his career, he was on duty in different garrisons of the YNA, Zagreb (1966 - 1970), Novo Mesto (1970 - 1974), Prishtina (1974 - 1976 and 1982 - 1986), Veles (1976 - 1981), Skopje (1981 - 1982 and 1986 - 1989) and Titovo Uzhice (1989 - 1992), and after the establishment of the ARM, he continued his officer service in Skopje garrison from 1992 until his retirement in 2003. Throughout his officer service, he was appointed on the following duties:
  - Platoon Commander (1966 - 1969);
  - Company Commander (1969 - 1970);
  - Battalion Commander (1970 - 1974);
  - Officer for Operational Intelligence Affairs (1974);
  - Border Battalion Commander (1976 - 1981);
  - Operative Officer for Intelligence Affairs (1981 - 1982);
  - Assistant Chief of Staff for Intelligence Affairs (1982 - 1986);
  - Commander of the School Center (1986 - 1989);
  - Assistant Chief of Staff for operational and teaching matters (1989 - 1991);
  - Head of authority for personnel affairs (1991 - 1992);
  - Chief of Staff, as well as Deputy Corps Commander (1992 - 1994);
  - Assistant Chief of General Staff of the ARM (1994 - 2000);
  - Director of the General Staff of the ARM (2000 - 2002);
  - Deputy Chief of General Staff of the ARM (2002-2003).

Во текот на својата служба како армиски офицер повеќепати добивал признанија, пофалби и награди за својата професионална ангажираности посветеност, а покрај тоа, одликуван е со:

- Медал за воени заслуги во 1972 година;
- Орден за воени заслуги со сребрени мечеви во 1977 година;
- Орден на Народната армија со сребрена ѕвезда во 1986 година;
- Орден на Народната армија со ловоров венец во 1988 година.



- During his service as an army officer he received numerous certificates of recognition and awards for his professional commitment and dedication, and he was decorated, inter alia, with:
  - Medal of Military Merit in 1972;
  - Order of Military Merit with Silver Swords in 1977;
  - Order of the People's Army With Silver Star in 1986;
  - Order of the People's Army With Laurel Wreath in 1988.

**генерал-полковник**
**УЗУНОВСКИ ЦВЕТКО - АБАЗ**





Роден е на 24 декември 1912 година во Царев Двор, Преспа, Р. Македонија.

☆ Уште на 12 години заминал да учи занает во Белград. Како занаетчиски работник, во 1934 година се приклучил на синдикалното движење, а во 1937 година станал член на КПЈ. Подоцна е уапсен од полицијата и е осуден на две и пол години затвор, кои ги одлежал во Пожаревац. По излегувањето од затвор, полициските служби го протерале назад во Царев Двор, но таму не останува долго време и одново се враќа во Белград каде се задржал неколку месеци, по што заминал во Шпанија. Таму, од јуни 1937 до 1939 година учествувал во Шпанската национална ослободителна војна, како припадник на Интернационалните бригади. По падот на Шпанската република, Узуновски е заробен и депортиран во концентрационен логор во Франција, каде престојувал до 1941 година, по што, заедно со други југословенски логораши е испратен на работа во нацистичка Германија, одреден да работи во Еспенхајм, во близина на Лајпциг. Од таму, истото лето успеал да побегне и се вратил во Југославија, по што се приклучил на народноослободителната војска (НОВ).

☆ Во НОВ зел учество од септември 1941 година, најпрвин како член на Покраинскиот воен штаб на Македонија, а потоа бил и началник на одделението за заштита на народот (ОЗНА) за Македонија. Кон крајот на мај 1942 година влегува во составот на Привремениот покраински комитет на КПЈ за Македонија. При формирањето на Комунистичката партија на Македонија, во март 1943 година е избран за член на нејзиниот прв Централен комитет. Од пролетта 1943 година е политички комесар на Главниот штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија (НОВ и ПОМ). Избран бил и за делегат на Второто заседание на АВНОЈ, а бил и член на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ.

☆ По војната, бил член на Извршниот совет на Македонија, како и член на Сојуниот извршен совет (СИС), началник на Управата за цивилна заштита во Државниот секретаријат за народна одбрана (ДСНО), прв началник на ОЗН за Македонија и министер за внатрешни работи на НР Македонија (избран на 11 февруари 1946 година). На оваа функција останал до 1953 година, а од август истата година бил началник на Управата за цивилна заштита во Државниот секретаријат за внатрешни работи на Југославија. Од 1963 година е началник и на Управата за народна одбрана во Државниот секретаријат за народна одбрана на Југославија.

Пензиониран е како генерал-полковник на ЈНА.

## Colonel General
## UZUNOVSKI CVETKO - ABAZ

He was born on December 24, 1912 in Carev Dvor, Prespa, Macedonia.

✰ At the age of 12 he went to learn a trade in Belgrade. As a craft worker, in 1934, he joined the labor movement, and in 1937, he became a member of CPY. He was later arrested by police and sentenced to two and a half years in prison, serving in Pozharevac. After release from prison, police forces sent him back to Carev Dvor, where he did not remains for a long time, and returned again to Belgrade. In Belgrade, he stayed for several months, after which he left for Spain. There, from June 1937 to 1939, he participated in the Spanish National Liberation War as a member of the International Brigades. After the fall of the Spanish Republic, Uzunovski was captured and deported to a concentration camp in France, where he stayed until 1941, after which, together with other Yugoslav prisoners he was sent to work in Nazi Germany, in Espenhain, near Leipzig. From there, that summer, he managed to escape and returned to Yugoslavia, after which he joined the National Liberation Army (NLA).

✰ He joined the NLA in September 1941, first as a member of the provincial military headquarters in Macedonia, and then as the Chief of the Section for Protection of the People (OZNA) for Macedonia. In late May 1942, he became a member of the interim provincial committee of CPY for Macedonia. After the formation of the Communist Party of Macedonia, in March 1943, he was elected a member of the first central committee. From the spring of 1943, he was appointed political commissary of the General Staff of the National Liberation Army and Partisan Detachments of Macedonia (NLA and PDM). He was elected Delegate at the Second Session of AVNOJ, and was a member of the Advisory Board of the ASNOM.

